Времето поминува бргу. Во 2006 г. ја објавив мојата втора книга „Уште еднаш за нас“, сакајќи со неа да се поврзам со мојата прва книга „За нас“, која пак ја објавив веднаш по враќањето од Њујорк во 2003 г. Практично со тие две книги, опфатив период од цели десет години, од 1995 г., па се до 2005 г. Книгите ги содржат моите говори во парламентот, кога бев пратеник (1998-2001), како и поважните колумни и интервјуа. Но, книгите содржат и опширни воведи, затоа што сметав дека не е доволно само да се објават говори, интервјуа или мислења во книга. Мојот пристап вклучува и повторно коментирање на текстовите, како и давање на поширока рамка на тоа што било мој став, односно дообјаснување на моите убедувања. Исто така, давав и објаснување на политичките и општествени околности во кои одредени акции настанувале, затоа што, кај нас не постојат доволно материјали кои за своја основа ги имаат хрониките на времето. Токму затоа некои настани многу бргу исчезнуваат од нашиот видокруг, од нашиот интерес и сосема се забораваат. Подоцна, истите имаат импликации врз нашите животи, а ние самите не сме во состојба да имаме аналитички или пак критички однос кон нив, затоа што не располагаме со пишан материјал за нив. Еве, како за пример ќе споменам дека денеска сеуште нема соодветни анализи, коментари или пак согледби од актерите кои учествуваа во војната од 2001 г. Сеуште целата таа година е обвиена со превез на мистика и заговор. Некои сомнителни ликови и ја користат таа година и војната за да ги клеветат политичките неистомисленици.

Septemvri 2009

А, поради усвојувањето на „рамковниот договор“[1] ние 8 години потоа[2] имаме сериозен притисок по повеќе линии во нашата држава.

Зошто хроники?

Секако има уште стотици настани кои на секојдневна основа влијаат врз нашите животи, а кои не се доволно познати, коментирани. Без критички настоена јавност, тие поминуваат без да остават трага. А, јас пак сметам дека еден ангажиран интелектуалец е повикан да ги проследува и коментира настаните во општеството. Да го кажува јавно својот став и со тоа да допринесува да се збогатува лепезата на мислења. Нашето општество е многу силно поделено по линии на партиските штабови и набиена е голема негативна енергија која што ги дели граѓаните. Тие немаат избор и многу често се приклонуваат кон едната од двете доминантни опции, кои сите ги носат во ровови и ги спротивставуваат со јасно поставена стратегија, според која оној кој не е подржувач е непријател... Или си со нас или си наш непријател.

Немајќи намера да се „стопам“ во овој комплот, со задоволство ја прифатив понудата да пишувам редовна колумна во дневниот весник „Утрински“, со што можев слободно да го кажам своето мислење, а не на некој друг. Понудата од Утрински дојде во јуни 2007. Тогаш бев пред крај на магистерските студии по меѓународна политика на правниот факултет. Колумните ми дојдоа како добра можност она што го промислував околу магистратурата, да го претворам во мислења кои би биле блиски или пак интересни за поширокатa јавност...

Втората книга ја затворив со колумната „Македонија и позитивното европско ави“[3]. Во неа ги коментирав комплицираните односи кои нашата држава ги има со ЕУ, како и со НАТО. Така, уште во колумната „Ние во НАТО – мало

[1] Повеќе за Рамковниот договор видо во книгата „За нас“. Македонска книга, Скопје, 2002 или на интернет на следнава адреса: http://zanas.blog.com.mk/

[2] Види го текстот објавен во Дневник на 13 август 2009 со наслов: „Рамковна раселеничка голгота“, стр.3; и текстот објавен во Шпиц истиот ден: „Рамковниот вработи нови 239 лица“, стр.5

[3] Дневник, 10 декември 2005

сутра“[4] ги коментирав нашите аспирации, како и можностите да влеземе во северноатланската алијанса, укажувајки дека тоа тешко ќе се случи во блиска иднина. Како што можете да се уверите, денеска, четири години потоа, сеуште се наоѓаме во чекалницата на НАТО. Исто е и со ЕУ. Процесите се и повеќе од спори, а на мојата генерација и врви животот. Ние веќе дваесет години чекаме да заврши транзицијата и да станеме истовремено дел од цивилизираниот свет. Цело време нешто чекаме, и никако да дочекаме.

Македонија има сериозна опозиција на нејзиното постоење како држава. Пред се мислам на Грција. Ама, тука се и другите соседни држави, кои зависно од своите стратешки потреби и проценки, повеќе или помалку се наш проблем на патот кон Европа. На Балкан, како и преку Македонија се вкрстуваат многу патишта и стратегии кои се глобални и ги инволвираат и големите држави, пред се САД и Русија. Енергетската стратегија за дотур или транзит на гас и нафта од каспискиот регион, како и од Турција и Русија се само дополнителни елементи во големата слија. Со еден збор, станува збор за исклучително важен период (декада) за Македонија, како да се позицираме во однос на сите претходно наведени елементи. Која стратегија да ја примениме, која алијанса да ја преферираме. Односно, како да добиеме најмногу за нас, да ја обезбедиме нашата независност, нашата држава, нашата иднина.

На овие многу сериозни прашања, без разлика која власт е во прашање, немаме сериозни одговори. Нашето општество, нашите политички врхушки, кога се на власт, не преферираат да се занимава сериозно и издржано со стратегии. Многу ретко или воопшто сме без било какви пишани документи. Ако пак има нешто такво, тогаш е зафрлено во мувлосани папки и препуштено на заборав на времето. Еден колумнист треба да ги има предвид овие пречки на патот. Треба да знае дека што и да коментира, веднаш ќе биде класифициран и етикетиран. Ако тоа што го напишал не е по мерка на власта, тогаш доколку се процени дека е штетен за рејтингот може да биде изложен и на шиканирање, а можно е и секакво

[4] Дневник, 3 септември 2005

друго местење. Но, колумнистот мора да биде личност со интегритет и да не ја ведне главата. Над се мора да си ја цени слободата. Слобода да каже што мисли, што смета дека е добро за општеството, за државата, за граѓаните. Ми се чини дека многумина под притисок на полугите на власта, заканите и етикетирањето се откажуваат од изнесување на било какво критичко промислување и стануваат само неми набљудувајќи на процесите околу нив. Дали со тоа стануваат соучесници? Одговорот го препуштам на читателите. Секој има право сам да го формира своето мислење.

Колумнистот мора да се води од своето уверување, од својата способност да проникнува во суштината на општествените процеси, истите да ги разобличува, упростува и да ги препушта на јавноста низ негова призма. Неговото мислење може да биде и погрешно, па сепак мора да опстои на ставот дека има право да го каже. Несмее да дозволи да биде замолчан. Не смее да се конформира. Само тогаш ќе може да каже дека не чувствува неспокој, неисполнетост, односно недоследност на својот интелектуален став. Секако, не е лесно да се промислува. Многу полесно е ништо да не се прави. Да се троши времето за бесполезни работи. Или пак да се прочитуваат мислењата на другите и со шепот или пак анонимно да се коментираат. Хеклери[5] има многу. Посебно на интернет. Некои од нив тоа го прават оти незнаат ништо друго подобро да прават. А, некои од нив тоа го прават по нарачка или пак наредба. Намерите се јасни, да се обесхрабрат тие што мислат поинаку. На колумнистите да им се подметне кукавичко јајце, да се дискредитираат и да се замолчат. Ми се чини дека со развојот на технологијата оваа „хеклерска“ работа стана уште полесна. Цената им падна. Сега за пет пари може да се најде цела армија на негативци кои имаат инспирација плитко и без никаква логика, се да избербатат.

Како и да е, тие си ја вршат својата работа, а колумнистите својата. Нема повлекување пред вакви ситни предизвици. Мислењата мора да се објавуваат.

[5] Хеклер - обид да се исфрли од рамнотежа колумнистот или говорникот, со навредливи коментари или дофрлување како „хеклање“. Ликот кој тоа го прави се нарекува Хеклер. За повеќе види ја мојата колумна во Утрински од 11 јули 2009.

Како што тоа го правев во Дневник до крајот на 2005 г., продолжив да го правам во Утрински од средината на 2007 г. без прекин се до денеска.

Геополитиката и геостратегијата

Едно од главните полиња на мојот интерес подолго време е меѓународната политика, геополитиката и геостратегијата. Посебно ме интересира колективната безбедност, затоа што ова поле е малку познато на нашиве простори, а всушност е основата на меѓународниот поредок. Од Лигата на народите и завршувањето на Првата светска војна овој систем е во примена и има свои специфики. Практично, една од причините за избивањето на Втората светска војна е неговата несовршеност, и пропуштањето истиот систем да се наметне како универзален[6]. Грешката е исправена по Втората светска војна со создавањето на Организацијата на Обединетите Нации (ООН). Од тогаш истиот систем без било какви модификации го држи на свои плеќи меѓународниот поредок, повеќе од 6 децении.

Сметав дека тоа е доволен предизвик за да се зафатам со истажувања, кои потоа (делови) ги преточував во текстови кои ќе ги најдете во оваа книга. Сепак, најповикано институција е МНР да создаде стратегија како ова поле да биде покриено и на соодветен начин искористено за нашите државни интереси. Проблемот на нашата држава лежи во ООН, поточно во Советот за безбедност. Тоа е органот кој треба да донесе нова резолуција за Македонија, по првата која е донесена на 7 април 1993 г.[7] Во нова резолуција би требало да биде исправена неправдата која поради историските околности и ненавременото аплицирање од наша страна - се случила.

Имам впечаток дека во врска со проблемот со името, поширокатa популација е малку упатена. Каде се решенијата? Уште помалку, што треба да се

[6] САД никогаш не станале членка на Лигата на народите.

[7] Усвоена на 3196 состанок на СБ, во која се објаснува дека поради спорот за името привременото име на Македонија ќе биде ФИРОМ, се до негово разрешување под покровителство на ООН.

сработи за да се постигне решение кои би било во наш интерес. Најмалку, пак, се споменува стратегија за ООН, за Советот за безбедност, за државите со право на вето. Несериозниот однос кој постојано го имаме со години му пречи на нормалниот развој на нашето општество. Тоа стана посебно изразено по ветото во Букурешт и нашето останување надвор од НАТО. По тој трагичен настан засилено почна да се чувствува изолираноста, како и резигнацијата на сите страни. Информациите кои јас ги имав говореа дека нашата делегација отпатувала во Букурешт сосема убедена дека ќе дојде до наш прием во НАТО и покрај противењето на Грција и најавите дека ќе биде ставено вето. На сите им беше јасно дека до вето ќе дојде, а ние се надевавме дека американците место нас ќе ја завршат работата, убедени дека Буш може да направи се. Но, за жал не испадна така. Останавме надвор од НАТО, а Грција успеа да наметне своја стратегија на целата алијанса. Она што посебно зачудува што потоа немаше одговорност за никого. Никој не беше крив. Ги збивме нашите редови пред надворешниот непријател и храбро отидовме во предвремени избори. Ова е типичен начин за однесување на неоконзервативците.

Груевски успеа работите да ги преврти во своја корист. Меѓутоа, по самитот во Букурешт ни беа дадени рокови, кои ако ги исполневме, односно постигневме компромисно решение, во 2009 г. ќе станевме заедно со Хрватска и Албанија редовна членка на НАТО и македонското знаме ќе се вееше во Брисел. По мое мислење се загуби значајно време на изборните кампањи и возот замина. Внатрешната борба ни беше поважна од се. Затоа, денеска Хрватска и Албанија се полноправни членки на алијансата, а за нас се помалку се зборува како за држава која наскоро ќе се приклучи. Ова се само дел од нашите маки, проблеми, но пред се стратешки промашувања, затоа што не приоѓавме сериозно и вклучувајки го целиот интелектуален потенцијал на државата. Тој можеше да понуди одговори како да се решат прашањата, како да се лобира по светот, како да се инструментализираат нашите сојузници... Дел од колумните се посветени на оваа тема.

МНР

Нашето Министерството за надворешни работи кое е повикано да даде стручни и стратешки одговори со години, спротивно на очекуваното, се води според личните потреби на министрите, кои истото го користат како туристичка агенција за себе. Да потсетам само дека за да донесеме специјален закон за МНР, како на држава, ни требаа повеќе од петнаесет години. Во меѓувреме министрите со свои наредби и укази си ги тераа работите. Никој од нив не е предизвикан од јавноста, иако постоеле ревизорски извештаи за злоупотреби на парите на граѓаните. Ниту пак официјален државен огран реагирал, онака како што налага законот во такви случаеви...

Во време кога ВМРО ДПМНЕ повторно ја освои власта, никој несакаше да раководи со ова министерство. Зачудуваше што вака стратешки значајно министерство се нудеше буквално во секој коалиционен разговор, како ВМРО да сакаше да се ослободи од тежината која што ја носи истото. Но, и како да се покажуваше дека не постои кадар кој може квалитетно да ја заврши работата. Мене ми беше чуден целиот пристап, затоа што партијата додека беше во опозиција имаше организирана комисија за надворешни работи која работеше на полупрофесионална основа. Комисијата ги следеше сите активности на МНР и даваше свои мислења директно кај Груевски, со што се овозможуваше да се реагира бргу и квалитетно. Не ретко се правеа и прес конференции на кои се коментираше работата на министерството. Дури и беше организирана интерпелација во парламентот за Илинка Митрева, тогашниот министер за надворешни. Се сеќавам, на координациите на пратеничката група на ДПМНЕ, јас и дечките од комисијата бевме повикани од Груевски за да ги подготвиме пратениците за интерпелацијата. Комисијата, поради начинот на кој работевме, за мошне кратко време прибра многу квалитетен кадар. Сите квалитетно образувани, а голем дел на магистерски стутии по меѓународна политика и право. Идеата беше да се создаде тим кој може да ги земе на свој грб работите и после победата да се направи квалитетна реформа на МНР. Ако сме согласни дека е неопходна реформа во Министерството за надворешни работи поради причини за кои досега

во многу наврати јавно е говорено и пишувано, тогаш е потребно да се утврди на кои основи тоа ќе се стори и врз кои принципи. Еден сериозен пристап мора да се потпира на давање одговор што ќе се постигне со најавената реформа. Само на тој начин работата може да добие сериозен и транспарентен лик, со кој во исто време ќе се избегнат приговорите за непринципиелност или, пак, каква било несоодветност.

Приоритетите кои го имавме беа: создавање малобројна, ефикасна и мобилна дипломатија. Оспособена да одговори на најсложените задачи што пред неа ќе ги поставува Владата, Собранието и претседателот на Република Македонија. Потоа, Министерството за надворешни работи преку својата дипломатска мрежа во странство (амбасадите, конзулатите и мисиите), да укажува, сугерира, предлага одлуки и решенија на државните институции врз основа на аналитички антиципирани ставови во врска со развојот на некои процеси што навлегуваат во политичката, економската, културната безбедност на РМ и во други сфери што претставуваат национален интерес на државата. МНР да се ангажира во реализација на приоритетните задачи на државата што се однесуваат на безбедноста на државата, економската експанзија на странските пазари и квалитетно унапредување на соработката со македонските малцинства во соседните земји и македонското иселеништво во дијаспората. Тоа мора да бидат „магистралните“ насоки за дејствување, со цел ефикасно интегрирање во светската заедница на народите, да обезбеди квалитетно унапредување на односите со соседните земји, Европската Унија (со секоја нејзина членка одделно), НАТО и големите сили постојани членки на Советот за безбедност при ООН.

Министерството за надворешни работи со својата дипломатска мрежа, треба да ја потврди финансиската оправданост за своето постоење. Во буџетот на државата да внесува не помалку од средствата што ги расходува за своето одржување. Само на таков начин ќе може да се вклопи во севкупните процеси кои почиваат на принципите на пазарната економија. Соодветно кадровско екипирање на Министерството за надворешни работи и дипломатско-конзуларните

претставништва, кое нема да отстапува од европските и светски стандарди во поглед на патриотизмот, стручноста, професионалноста и високите морални квалитети.

Министерството, а не поединци, да биде сопственик на недвижен имот (објектите во кои се сместени амбасадите и становите на дипломатскиот и административниот персонал во дипломатско-конзуларните претставништва) во странство, кој нечесните дипломати го стекнуваат со средства од државата. Криминалот и корупцијата мора засекогаш да бидат искоренети во МНР. Работната, финансиската и безбедносната дисциплина да се подигне на квалитетно високо рамниште. На тој начин финансискиот ефект на реформирањето на МНР може да резултира со заштеда од 4 милиони долари годишно, односно сегашните вкупни годишни трошоци (преку 12 милиони долари) да ги намали за една третина (на 8 милиони долари). Заштедата не се предвидува со смалување на бројот на вработените и функциите што ги обавува Министерството.

Понатаму, реформирањето мора да обезбеди континуиран процес на едукација на млади кадри и солидна подготовка на сите кадри, кои за потребите на МНР се ангажираат на високи работни места и функции од редовите на Владата и другите научно-образовни и културни институциите на Република Македонија. Оваа реформа мора да резултира и со враќање назад на средства неоправдано потрошени од вработените од буџетот на МНР, за што постои валидна документација. Оваа мерка ќе дестимулира секаква желба за заобиколување на Законот и правилниците и на сите ќе им стави до знаење дека редот и поредокот мора да се почитуваат.

Реформата мора да почне веднаш. Не смее да се губи време. Мора да се изработат амандманите за измена и дополнување на Законот за надворешни работи, со цел да се заостри прашањето за работна, финансиска и безбедносна дисциплина во Министерството и дипломатско-конзуларните претставништва. Веднаш потоа мора да следува изработка на сите подзаконски акти (правилници, уредби, упатства и инструкции) со цел консеквентно имплементирање на Законот

за надворешни работи кој беше усвоен на почетокот на годинава. И на крај, сето ова треба да се одвива со максимална транспарентност. Вака може да се застане на нозе. Се' друго е конформизам и плитко гледање на нештата[8]... Министерувањето на Митрева практично беше погодно за опозиционата ВМРО ДПМНЕ, затоа што таа не направи ништо позитивно и остави широк простор за делување и примена на подготвената реформа. Митрева се покажа како исклучително отпорна министерка на професионални влијанија и доследно до крај ја спушти македонската дипломатија под нивото на секое достоинство. Но, мандаторот Груевски имаше проблем со МНР при составувањето на владата. Сите бегаа од тоа министерство. Зошто? Тоа министерство е толку искомпромитирано од неговиот досегашен министер, што ќе биде ѓаволски тешко да се подигне на нозе. Сосе Министерството, Митрева ја искомпромитира и целата дипломатија, која затоа асоцираше на нешто сосема друго[9].

Меѓутоа, од само на него познати причини Груевски се определи да го донесе од привремената работа во Германија, назад, Антонијо Милошоски. Човек, кој годините додека бевме како партија во опозиција не се појавуваше во партијата. Ниту пак беше дел од екипата за надворешни работи. Уште помалку помагаше да се состават програмите на комисијата. Исто така познато е дека тој ниту имаше искуство во надворешните работи. Со неговото повикување за министер, практично Груевски се определи да постави човек кој е без ниеден ден работно искуство во дипломатијата... Си споменувам кога бев поставен за Генерален конзул на Македонија во САД во 2001 г. дека во општеството се создаде состојба на „делириум тременс“ и невидена хајка. Беа објавени стотина текстови, кои не коренспондираа со реалноста, а чија единствена цел беше дискредитација[10]. За разлика од тогаш, непознатиот Милошоски не предизвика

[8] Ова се делови од колумна која што ја објавив во Дневник, непосредно по доаѓање на ВМРО ДПМНЕ на власт. Види: Дневник, 23 септември 2006 г.

[9] Делови од колумна објавена во Дневник на 19 август 2006 г.

[10] Ги упатувам читателите на популарната интернет платформа scribd.com, каде што на мојата страница http://www.scribd.com/filippetrovski можат да најдат текстови кои погоре се споменати, како дел од организираната хајка. Исто така таму можат да ги прочитаат и колумните кои ги користев во воведот.

поголеми дискусии во општествените кругови. Доаѓањето на власт на Груевски беше добро подготвено, посебно делот на јавното претставување, како и добрите односи со сите печатени и електронски медиуми. Затоа во 2006 г. буквално секое кадровско решение можеше да помине. Без разлика на квалитетот. Како и да е, мојата намера не беше да бидам министер, туку да се докажам како државен секретар. Знаев дека сум ставен на обсервација. Особено по конгресот во Охрид 2003 г. кога како делегат ја одбив принудата да гласам за Груевски...

Сеќавање на Охрид

На јавноста и е малку познато што се се случуваше на тој конгрес на ВМРО во Охрид. Затоа што никој не пишувал досега за тие теми. Но, ете јас чувствувам дека не треба да се препуштат на заборавот на времето некои моменти. Да останат запишани барем на едно место... До ден денешен не е сосема јасно зошто Љубчо Георгиевски, при своето заминување од позицијата претседател на ВМРО за свој наследник го предложи Груевски. Некои сметаат дека тоа било поради планот по некое време тој повторно да се врати на чело на партијата. И токму затоа избрал наследник кој немаше многу силни врски со членството, со комитетите. Познато е дека Груевски како министер цело време работеше на сопствена промоција преку кампањи на министерството за финансии и не беше многу заинтересиран за партиска активност. Тимот со кој денеска владее со Македонија се всушност соработниците од кабинетот кога беше министер за финансии, од шефови на кабинет до секретарки и протокол.

Можеби тоа било внесено во калкулацијата на Георгиевски, дека враќањето во партијата на местото претседател, затоа би било полесно. Но, во Охрид тоа решение на Љубчо за Груевски како претседател, мораше да се наметне. Голем дел од делегатите не беа подготвени да гласаат за релативно непознатиот и во ВМРО не многу популарниот министер. Дури ми се чини дека имаше и огромна опозиција помеѓу делегатите. Ова го велам затоа што присуствував на состаноци на делегатите кои ги организираше противкандидатот Марјан Ѓорчев. На тие

состаноци доаѓаа десетици делегати кои безрезервно го подржуваа Марјан. Стануваше збор за оние тврдокорни вмровци кои бев со партијата и во добро и во лошо. Со огромен стаж и преживеани секакви тортури, затоа што биле членови во ВМРО. Луѓе кои не ја напуштија партијата ниту по падот на изборите во 2002 г. А во Македонија е редовна практика по пад од власт, бившата владеачка партија да го губи рапидно членството. Секако, најснаодливите веднаш се зачленуваат во новата владеачка гарнитура. Примери има безброј[11].

Според подготовките кои Марјан Ѓорчев ги направи пред конгресот реални беа неговите шанси да добие мнозинство на гласањето. Барем тоа е мое мислење. Сепак се прелажавме во една работа, дека конгресот ќе биде слободен, односно дека делегатите ќе можат сами да одлучат кој да изберат за претседател на партијата. За да се воздигне Груевски на тронот се беше направено и се користеа сите можни средства. Од големи пофалби во говорите кои ги даваа делегатите, па се до притисоци и закани. Стекнав мислење дека се наоѓам на конгрес на партија која штотуку победила на избори, за разлика од реалноста дека пред 8-9 месеци ВМРО ги загуби катастрофално изборите. На сите страни фалење за достигнувањата... Со таква атмосфера ја дочекавме вечерта. Потоа, се активираа уште посилно сите можни структури за „пријателско убедување“ на делегатите. И јас бев повикан на разговор кај Георгиевски, некаде по полноќ. Но, не прифатив да отидам затоа што знаев за што станува збор. Меѓутоа како што мене ме повикале, така повикувале и други делегати...

Утредента, пред да се премине на гласање, атмосферата во конференциската сала беше тегобна. Се чувствуваше притисок и тензија. И самиот против кандидат на Груевски кажа дека нема да биде возможно да се победи, после малтретирањата на делегатите целата претходна ноќ. Стана јасно дека во меѓувреме е одработена инсталацијата на Груевски и дека тој ќе биде востоличен за претседател на ДПМНЕ. По секоја цена. Решив и покрај тоа да не правам компромис со мојата одлука да гласам за Ѓорчев. Затоа што сметам дека

[11] За некои од ваквите политичари пишувам и во колумните кои ќе ги прочитате подолу во книгава.

слободниот човек не треба да прави компромис со своите одлуки, посебно ако смета дека таа одлука е исправна. Иако таа може да донесе штета и омаловажување какви што до денеска ги имам, сепак нема поубаво нешто од чувството на слобода. Па нели за тоа се бореа нашите дедовци. Дури и како парола ја имаа „Слобода или смрт“, која носеа во своите души. И гинеа за слобода. За денеска ние се конформираме со таа парола и да ја земаме како нешто што е постигнато, освоено? Може ли да заврши борбата за освојување на слободата? Не сум сигурен. Кон овие прашања ми се чини секој треба да изгради личен однос.

Веднаш по гласањето, со двајца мои пријатели, го напуштив Охрид. Додека возевме кон Скопје им реков дека сојузот на Груевски и Георгиевски ќе трае најмногу една година. Згрешив за еден месец. После единаесет месеци нивните кавги и борбата за превласт во ДПМНЕ стана достапна на јавноста[12]. Во меѓувреме, во лична средба со Груевски јас го прифатив и признав, тоа што беше резултат на гласањето во Охрид. Тој беше изберен за претседател на ДПМНЕ во Охрид. Тоа можеше да се прифати или отфрли. За да донесам конечна одлука отидов да поразговарам со него, дали има место за моја активност во партијата. Груевски рече дека може да работам во комисијата за надворешни работи.

Континуирано набљудување

Иако прифатен, сепак никогаш не ми беше дозволено да се занимавам со позначајни активности во рамките на партијата. Грижливо, со видлива испланираност, чувствував дека секогаш сум држен на пристојна дистанца. Да имам со нешто да се занимавам, но никогаш да бидам активен со нешто што е од значење за партијата. Од оваа дистанца сметам дека играта на Груевски беше добро смислена, заради обезбедување на превласт во членството. Имено, тој не

[12] Прочуената изјава на Груевски за забиен „нож во грб“ од страна на Љубчо Георгиевски, по што започна „чистењето“ на ДПМНЕ од кадри лојални на Георгиевски. Од денешна перспектива сето тоа делува како добро испланирано сценарио.

влегуваше во конфликт со никого непотребно, затоа што на терен се водеше вистинска војна со Георгиевски. Таа 2004 г. беше важно секој можен член да се придобие, за да се сруши митот за Љубчо, односно дека ВМРО неможе да постои без него. Познатите случувања на скопска Панорама, за оние кое се сеќаваат само го потврдуваат ова стојалиште[13]. Тие месеци, кои детално сум ги истражил и обработил, во ВМРО се водеше беспоштедна битка за превласт.

Од позиција, како секретар на партиската комисија ми беше оставено да работам, односно да се залажувам и да си го губам времето во партијата. Секогаш кога ќе имаше некаква кампања бев испраќан по мали населби и далечни села, за да ме оддалечат комплетно од партиската база. Реков, во ред, ако на тој начин треба да се тестира мојата определба кон партијата, на која долги години сум член. Мојата определба да бидам член, постојано да пишувам, да оставам траги се базира на вербата, дека со ангажман работите можат да станат подобри, односно дека може да се допринесе нашето опкружување да се менува на подобро.

Сега да се вратам на 2006 г. Со доаѓањето на власт на ВМРО ДПМНЕ, како што пишував погоре побарав да се имплементира нашата комисиска програма за реформа на МНР. Истата ја работевме долго време и сметавме дека е соодветна за да се промени еднаш засекогаш непрофесионалниот пристап кон обликувањето на македонската надворешна политика. Ова во разговор, отворено и пријателски му го пренесов на Груевски. На мое изненадување тој ми рече дека ме смета за контроверзен и дека незнае што да прави.

Набргу потоа, без да ме известат, дури и дека не сум прифатен, за државен секретар во МНР е поставен човек кој е личен и близок пријател на Антонијо Милошоски. Игор Илиевски се појави во ВМРО на препорака на Груевски, 6 месеци пред изборите. Груевски инсистираше да го „дружиме“ и да го повикаме на состаноци на комисијата за надворешни работи. Ние се обидовме да го дружиме.

[13] Идеата на оваа книга е за прв пат во Македонија да имате во раце интерактивно четиво. Бидејќи не можеме да запишеме се што е поврзано со настаните кои се споменуваат, дополнителни информации ќе поместам на http://www.scribd.com/filippetrovski.

Меѓутоа тој се плашеше да излезе на кафе со нас на улицата Македонија за да не го виделе од МНР, каде што работеше. Игор остана непознаница за нас, се до доаѓање на власт. За потоа да стане државен секретар, а по кавгата со Антонијо да биде оддалечен, но како амбасадор на Македонија во Чешка. Моите информации говорат дека имал силни врски со некои разузнавачи од врвот на ДПМНЕ и тоа било значајно за да го пратат за амбасадор. За жал Македонија ниту знае кој е тој човек, ниту до ден денешен слушнала за некоја негова активност како амбасадор.

Ама, медиумите сега се задоволни со контингентите пари кои им ги исплаќа државата за бесмислените и бескрајните пропагандни кампањи, што никој и не се прашува како стојат работите во МНР, и кој ја претставува Македонија низ светот. Најнов е примерот на назначување на двајца поранешни министри (Перо Стојановски и Ацо Спасеновски) кои по три години владеење, без образложение си дадоа оставки и едноставно си заминаа од ресорите во кои оставија хаос. Како награда за тоа, тие се испратени за амбасадори и македонската јавност, која е успиена од пропагандните кампањи не бранува премногу. Такви примери има редици. Целата дипломатска мрежа е приватизирана и поради семејната и пријателска поврзаност. Истата со ништо не е предизвикана да биде активна и ефикасна.

Токму тоа сакав да го промениме на системски начин, со реформа. Не ми беше дадена можност. Ме оставија во библиотеката. Каде што пак можев на раат да ги анализирам состојбите и да го надградувам знаењето. Цело време работев на магистратурата, која е поврзана со колективната безбедност, со ООН, со примената на меѓународното право по Втората светска војна. Набргу се укажа можност да го искористам знаењето на кое работев неколку години. Имено, веднаш по изборот на новата влада, на Срѓан Керим му беше понудено Македонија да го кандидира пред источноевропската група на држави членки на ООН, за претседател на Генералното собрание на ООН. Позиција која што се ротира секоја година. Позиција која што е врв во дипломатскиот свет и е

престижна како за поединецот што ја има, уште повеќе за државата[14]. Керим од мене побара да го водам тимот кој ќе работи на негов избор во рамките на источноевропската група. Меѓутоа, од МНР, поточно од Антонијо беше блокирана било каква моја активност.

Потоа, откако Керим беше изберен за претседател на ГС, тој сакаше да се приклучам на тимот кој со него ќе патува во Њујорк. Сметаше дека искуството кое како дипломат го имам, надоградено со магистратурата токму на темата „колективната безбедност“ ќе бидат одлична основа за да се зајакне македонскиот тим во ООН. Планирав тоа да знаење да го искористам за да се напишат стотици страници македонска дипломатска историја.

Тоа му го соопштив на Груевски на нашата прва средба откако страна премиер, која ја имавме на 28 декември 2006. Може да се забележи дека 4 месеци тој не ме повика, за да зборуваме за било какви ангажмани. Во меѓувреме се вршеше инсталација по други линии во МНР. Груевски ме праша тогаш, иако беше чудно што повеќе од 4 месеци не бев повикан или пак контактиран за било каков разговор, каков ангажман барам. Му реков дека би можел најмногу да допринесам како дел од тимот на Керим. На тоа одговори дека објективна пречка е Антонијо. Никако неможел да го убеди да ми доделат некаква задача во дипломатијата. Ми стана јасно дека Груевски решил да се крие зад Антонијо. Сега откако стана премиер, ќе започне втор круг на дистанцирање на тие што не му се по мерка.

Разговарав со Керим. Тој рече дека уште еднаш ќе побара од Груевски да бидам дел од тимот кој ќе оди во ООН. Така прашањето дали ќе бидам дел од тимот на македонската дипломатија, се пресели во премиерски кабинет. За да се одлучат што да се прави, некаде по нова година, 2007-та, кај Груевски се сретнаа Антонијо и Керим. Керим уште еднаш потенцирал оти во тимот треба да бидам

[14] Истата од страна на Антонијо Милошоски е наречена „дипломатски Монт Еверест“-„На прашањето зошто за премиерот Никола Груевски бил прифатлив кандидат за претседател на Генералното собрание на ООН, а за Претседател на државата не, Керим одговори дека за тоа треба да се праша министерот за надворешни работи Антонио Милошоски. Тој во Парламентот рече дека со Керим се искачивме на Монт Еверест, а за качување на Кораб не сум добар.Изгледа имаат проблем со надморските височини", потенцираше Керим. – Вест, Број:2579 Четврток 1/22/2009

приклучен, поради тоа што знае дека можам да му помогнам соодветно. На ова Антонијо одговорил дека не доаѓа во предвид таа работа. А Груевски молчел. Не пресекол, како што ми вети при мојата средба со него. Наивно од негова страна, ако поверувал дека се претставил како демократ. Тој знае да диктира и да бара безпоговорно извршување на диктатите.

Неколку недели подоцна, кон средината на јануари, ми се јави по телефон. Беше доцна ноќта. Кога ме поврзаа, беше расположен. Ми вели: „Го убедив Антонијо, може да одиш со Керим во тимот во ООН, но ќе мора во весниците да се пласира информацијата дека твоето одење е по негово инсистирање. Во јасно одвоено црно квадратче. На тој начин нема да има проблем...“

Сватив дека станува збор за местење. Веднаш го контактирав Керим и му кажав дека не сакам да одам по секоја цена со него во ООН. Сакав да помогнам, да научам нешто повеќе. Но, не по секоја цена. Бидејќи намерата на Антонијо и Груевски беше да се оградат од мене. Со тоа и партијата се огради од мене. Истата партија за која што безпоговорно ги избршував задачите и се борев со целата сила да ги освоиме изборите. Груевски бараше начин да не отидам во Њујорк. Се правдаше со ставот на Антонијо, додека истовремено авторитарно владееше на сите полиња и никој во неговото опкружување немаше смелост за ништо да му противречи. Практично, тие двајцата се усогласија по моето прашање и мене ми беше јасно дека тука нема простор за мое делување...

Шест месеци потоа, Груевски повторно ми се јави. Керим веќе беше заминат на служба во Њујорк. Како денес се сеќавам дека беше недела, попладне. Ме праша што правам. Му одговорив дека гледам филм. А што да правам во недела попладне? Додека тој ми рече дека мислеле на мене. Пак? Биле со Гордана заедно во кабинет и решиле да ми понудат да бидам полициски аташе во Брисел. Бев вчудоневиден. Како студент имав полициско досие. Полицијата ми го сецираше животот и ме прогласуваше како опасен за уставниот поредок, поради моите политички ставови. Сега пак, перверзно, требаше да станам дел од таа иста структура и тоа на 35 годишна возраст. Не ми паѓаше на памет. Но, за да не бидам непристоен побарав да се сретнам со Гордана и да

слушнам што таа има да ми каже на таа тема. Средбата ја остваривме веќе утредента во „Кригла“. Таа сметаше дека нејзината понуда за секој полицаец е како „бинго“. Да, се сложив, бинго, но за секој полицаец. Ама јас не сум полицаец[15] и немам намера тоа сега да станувам – беше мојот одговор. Во разговорот и нагласив дека немам намера да се смирам и на работите да гледам како нем набљудувач. Не се согласив како се водат државните работи, а и партиските. Сакав да слушне дека има некој кој мисли спротивно на нивните методи. При тоа посебно го потенцирав кандидирањето и изборот на членови и претседатели на партиските комисии. Потенцирајќи и дека одвај чекам да видам кој ке ме интервјуира и кога[16], за партиската комисија за надворешни работи. Ми се чини дека ја погодив во суетната жичка, затоа што по овој разговор веќе сме немале никаков контакт. Нејсе. Секој има право да се бира со кога како ќе се однесува.

Практично, по оваа средба со Гордана, ми стана јасно дека патиштата со власта на Груевски дефинитивно се разидуваат. Некако во исто време, започнав со пишување на колумни во Утрински. Беше тоа по нивен предлог, за термин во сабота. Прифатив под услов да имам целосна слобода што ќе пишувам. Тоа и го добив. Така времето си ја заврши својата работа. На тие што бараа начин како да се оддалечат од мене, колумниве им дојдоа како крем на тортата. Таканаречените аналитичари кои се врткаат околу Груевски, колумните ги искористија како оправдување да ме напаѓаат и оцрнуваат дека не сум бил партиски послушник, дека работите сум ги опишувал според некои свои гледања.

Не сваќаа дека токму тоа и беше намерата, да ги опишувам и коментирам работите според тоа како ги гледам. Имено, не сметам дека ако некој е член на

[15] Со секоја ограда кон полициските работи, овдека значењето е поврзано со тајните служби, полиции, кои во независна Македонија ми водеа досие. И по секоја цена се трудеа да ме оддалечат од политичкиот процес. Конечно успеаа по доаѓањето на ДПМНЕ на власт во 2006 г. Бидејќи беа одлично инсталирани внатре.

[16] Интервјуто се случи 22 месеци по поднесувањето на кандидатурата за претседател на комисијата за надворешни работие на ВМРО. Ме интервјуираа Влатко Ѓорчев и Љубиша Георгиевски. Првиот всушност цело време молчеше, оставајќи го Љубиша да ја води битката. За ова напишав колумна која се вика „**Фала ти Влатко**“. Истата ќе ја најдете во оваа книга, со датум **01 ноември 2008.** Љубиша не е споменат во колумната поради мои лични обзири. Сепак во книгава го дополнувам настанот поради потреба од прецизност пред историјата.

една партија тој треба да биде 100 проценти усогласен со мислењето на партијата. Затоа што партијата не е апстракција. Мислењето мора од некаде да дојде. Тоа во крајна инстанца е човек, збир на луѓе. А човек може да згреши. Нема безгрешни луѓе. Нелогично е кога мислиш дека нешто е погрешно да го следиш безпоговорно. Но, оние кои немаат свое мислење токму тоа го прават. Следат без поговор. За да се додворат, за да се набутаат во системот, за да ја стекнат наклоноста на владетелот. Не се лутам, затоа што тоа така било од секогаш. Се чини и засекогаш ќе биде така...

Пикадо со големите и малите[17]

Неодамна водев разговор со еден мој колега дипломат, кој кај нас е претставник на една од најголемите и највлијателни европски држави. Ме посети во библиотеката. Зборувавме општо за геополитички прашања, за најновите ривалства меѓу САД и Русија, за нашето приклучување на НАТО, за новата одбранбена стратегија на ЕУ, за можните приоритети на Македонија на надворешнополитички план во иднина… Одненадеж ме праша дали при рака имам карта на светот. Секако, му реков. Ја ставив на маса.

Стоејќи над картата на светот, тој ми раскажа една анегдота. Значењето на кажаното ме мотивираше да барам соодветен начин да го преточам тоа во текст. Имено, тој во своите дипломатски контакти имал средби со руски дипломати. При една од тие средби, во релаксирана атмосфера и, секако, над картата на светот, рускиот дипломат побарал пикадо стреличка. Се оддалечил од картата, нанишанил и без мака ја погодил руската држава. Таа, како што знаеме, е распослана на 12-13-часовни зони. Дури и послаб стрелец не би имал поголеми проблеми таа огромна територија да ја погоди со пикадо. Е, откако го сторил тоа Русинот, го замолил европскиот колега да го стори истото тоа со неговата држава. Мојот соговорник се нашол во незгодна ситуација. Не било лесно да се погоди со пикадо во големата европска, но во светски размери малата држава.

Речиси е невозможно да се погоди со пикадо Македонија како дел од вкупната површина на светот

Тој од оваа средба извлекол поука. Таа поука е во релација со реалистичкото разбирање на меѓународните работи и политика. Односно, дека големината и моќта на државата се многу значајни елементи во меѓународната

[17] Број 2416 сабота, 23 јуни 2007

комуникација и тие влијаат на нејзината позиција. Секако дека не се единствени елементи кои се потребни во меѓународното општење, но, како што реков, се значајни. Намерата на мојот пријател кога ми ја кажуваше оваа случка беше да провери како тоа ќе го доживеам јас кога ќе ја пропушти низ таа вертикала мојата држава. Да додадам, ми рече уште дека за време на три години, колку што престојува во Македонија, прв пат му се случило кога во некоја канцеларија ќе побара карта на светот, неговиот домаќин да ја има.

Поентата му беше дека ако тој има тешкотии да ја пронајде својата држава на картата, ние ќе имаме уште повеќе. И, да, признавам. Признавам дека е речиси невозможно да се погоди со пикадо делот што Македонија како држава го има како дел од вкупната површина на светот. Спомнувајќи дека никој од нас нема во своја близина карта на светот, Да не бев сигурен дека е добронамерен, да не го познавав добро, дури можев и да се навредам. Табиетот наш е многу често таков. Секоја критика, укажување, па и разномислие, ги земаме за зло и нелојалност и веднаш влегуваме во ровови. Но, јас одбрав да не го сторам тоа.

Свесен сум за нашата големина и за нашето значење во светските работи. Мали сме. Немаме битно влијание на големите текови. Имаме ограничени ресурси. Сублимирано, дури е мрачно колку е лошо низ оваа реална призма да им се пријде на работите. А не признаваме. Некако се' ние знаеме. Во се' се разбираме. Хммм… Се замислив. Како да го продолжам разговорот со мојот пријател? Ако сме толку мали и небитни, тогаш зошто воопшто дискутираме и зошто е тој тука?

Големината и моќта на државата се многу значајни елементи во меѓународната комуникација и тие влијаат на нејзината позиција

тој сакаше да ми каже дека премногу сме затворени навнатре и дека димензиите кои се значајни во меѓународното комуницирање често ни бегаат од видокругот.

Речиси истовремено со нашиот разговор, на другата страна на Атлантикот, се одвиваше изборот на Срѓан Керим за претседател на Генералното собрание на ООН. Позиција многу значајна во целокупниот систем на најголемата светска организација. Ако можам да направам

послободен опис, Керим го бираа (и избраа) за претседател на светскиот парламент (описот е приспособен за да биде пошироко разбран). Оваа година правото да го даде претседателот на Генералното собрание на ООН го имаше Источноевропската група. Тоа право секоја година го добива друга група, односно ротира. Така се почитува некаква фер претставеност на државите од целиот свет. Групата која го делегира претседателот претходно внатре се договара и предлага свој кандидат. А гласањето на пленарна седница на Собранието е речиси формалност.

Според она што го знам, а е поврзано со претходно наведените категории од реалполитиката, ние како држава во овој процес на избор во групата држави на која и' припаѓаме, имавме минимални шанси за избор. И ова не е ширење никаков дефетизам. Од Русија на север до Грција на југ, со повеќе од дваесет држави, кои се во разни долгогодишни сојузи кои, како по правило, или не' исклучуваат или не' негираат. Да се потсетиме само на средината на минатата деценија кога самоуверено се кандидиравме за непостојана членка на Советот за безбедност. Бевме во натпревар со Словенија. И загубивме катастрофално со 3 - 4 пати помалку гласови од таа држава. Словенија е држава со сосема друга констелација на односи во меѓународната политика. И, иако со мали шанси за избор, сепак, ја придобивме групата консензуално да не' поддржи. На што се должи тоа? Доживеа ли македонската дипломатија некаков драматичен пресврт? Добивме ли наеднаш на значење во меѓународните односи? Не гледам ништо такво на хоризонтот. Сметам дека имавме среќна и единствена околност - нашиот кандидат да биде личност која може со своите карактеристики да ги анулира недостатоците кои на малите држави им ги носи реалполитиката и со својот настап да ги надмине границите на влијание кои нашата дипломатија ја врамуваат како минорна. Во овој случај акумулираното искуство и огромниот капацитет и личен кредит, за среќа, се ставија во интерес на Македонија.

Колку за пример ќе наведам дека Грција, свесна за значењето на функцијата која би ја добила Македонија, се обиде да ни спротивстави кандидат од Романија или од Украина. Па сепак, на крајот од процедурата, групата имаше

само еден кандидат. Тоа многу кажува. Темата сега само ја начнав. Просторот толку ми дозволува. Ќе продолжам наскоро. Нагласувам дека во прикажувањето користам редукција, црно-бело сликање, егзактен израз и концизни реченици, првенствено поради ограниченоста на просторот.

Уште само да ги поздравам читателите и да ја искористам можноста да ја најавам мојата редовна колумна во „Утрински“.

Не колкаво е кајчето, туку колкави бранови прави[18]

Интерактивниот однос, односно двонасочната комунукација кои ги нудат современите средства за информирање се од голема помош за мене. Најавувам дека ќе ги користам и вградувам во секое наредно мислење. Ова од едноставна причина што не сакам да натурам свој став и да го прогласувам за догматска или идеолошка вистина. Како што и самиот наслов на страницава кажува, станува збор за мислење. И тоа мое лично мислење. Тоа веројатно многу често ќе биде неприфатливо за дел од читателите. За некого пропуштено низ идеолошко, интелектуално или културолошко сито веројатно ќе биде и иритирачко. Со тоа морам да сметам и апсолутно го прифаќам како неопходна компонента на јавниот ангажман. Ова дополнително го потенцирам затоа што секое спротивно очекување и потреба од целосно прифаќање води кон апсолутизам, едноумие, егоцентризам. Токму затоа со големо внимание ги прочитав коментарите кои за претходното мислење ги упатија читателите на веб - страницата на „Утрински“ и на мојот блог (http://filippetrovski.blog.com.mk). Дел од нив ме мотивираат дополнително да пишувам за ставовите кои ги изнесов претходно. Тие ми даваат можност скицата која ја поставив претходно, да почнам да ја сенчам и со тоа полека да ја приближам кон една поопишна, појасна, поблиска слика за начнатата тема.

[18] Број 2422 сабота, 30 јуни 2007

Како најинтересен и пластичен го издвојувам коментарот дека и Јапонија и Швајцарија се многу тешка цел за пикадо на картата на светот, а не се ирелевантни како држави. Точно, се согласувам. Според тој коментар не е важно „колкаво е кајчето, туку колкави бранови прави тоа “. Симболиката е навистина голема и може да се земе како релевантна. Неа ќе се обидам да ја исплетам во приказот на Обединетите нации и значајните органи кои го носат нејзиниот легитимитет, бидејќи тие се во фокусот на интересирањето.

Преку ООН, всушност, е создадена организација која со своето дејствување ќе ја спречува војната. Дадени и' се универзални прерогативи во интерес на сите да го обезбедува мирот. Првпат во историјата на човештвото е објавено дека спречувањето на војната не може да биде индивидуална акција, туку дека за тоа е потребна институционализирана колективна акција. Постигнувањето и одржувањето на мирот станува обврска на сите држави. А оваа колективност го наметнува како неопходен принципот на универзалност. Теориски, односно низ денешна перспектива утописки, се смета дека оваа универзалност ќе ги исклучи спротивставените сојузништва кои се главна карактеристика на принципот на „рамнотежа на силите“, кој се до Првата светска војна е доминантен принцип во меѓународните односи. Можеби најзначајната и најрадикална пресвртница во ова функционирање претставува „централизирањето“ на дејствувањето. Затоа е неопходно да се инсталира нов механизам за управување.

Проблемот со името може единствено да се реши во Советот за безбедност и тоа со нова резолуција

Употребената синтагма „пикадо со големи и мали“ најпластично се огледа во структурата на Советот за безбедност, извршниот орган на ООН, или органот со најмногу овластувања што некогаш ги имал некој меѓународен орган. Не е воопшто претерано да се опише и доживува на ваков начин ова тело. По завршувањето на Втората светска војна, големите сили победнички за себе обезбедиле постојано учество во неговата работа. За нив е резервирано и

правото на вето. Тоа практично значи дека можат да блокираат донесување на секаква одлука којашто пропуштена низ призмата на сопствените државни интереси не е прифатлива. Со самото тоа прокламираната еднаквост на државите е поместена во втор план. (Во нашата парабола можеме да ги замислиме петте постојани членки на СБ повеќе како танкери, отколку како кајчиња. Замислете ги само нивните бранови…)

Уште за време на формирањето на ООН се водени жестоки дебати за прашањата на ветото и постојаното место на овие држави. Многу мали држави се спротивставуваат отворено. Сепак, преовладува повоениот оптимизам и потребата за здружување во интерес на спречување повторна војна од светски размери. Малите држави, во овој случај, на големите им ја овозможуваат оваа огромна супремација, меѓу другото затоа што се смета и дека ова право ќе се практикува со голема одговорност и нема да прерасне во пречка за функционирање на СБ. Искуствата го покажуваат спротивното. Може да се каже дека во структурата на ООН на некој начин е направен маневар и оваа вградена фабричка грешка (без која немало воопшто да се формира организацијата) во СБ е донекаде исправена во ГС. Во овој орган сите држави се еднакви и имаат по еден глас. Надлежностите на ГС во областа на колективната безбедност се блиски и испреплетени со СБ и се стекнува впечаток дека таму каде што ќе се појави застој или ненадминлив проблем, кој не може да се реши од Советот за безбедност, ќе може да се разреши од Генералното собрание, со што тоа добива во значење.

Зошто сево ова го привлекува вниманието? Посебно ако не се наоѓаме во некаква академска, симпозиумска атмосфера и на претходно зададена тема за расправа? Од едноставна причина што сега претседател на Генералното собрание е Македонец, наш дипломат. Преку него сме во можност да се појавиме во меѓународните работи и да ги анулираме неповолните претпоставки за кои веќе пишував. За Македонија е многу значајно како ќе се искористат овие 12 месеци на наше претседателствување со Генералното собрание. Само за

потсетување, ќе кажам дека проблемот со името може единствено да се реши во ООН (не во НАТО, ЕУ, ОБСЕ…). Поточно, во Советот за безбедност и тоа со нова резолуција. Но, со други очи ќе гледаат на нашата држава сега и постојаните и непостојаните членки на ова тело, кога пред нив е сознанието дека оваа самостојна држава (една година) е репрезентирана преку функција која е носител на суверенитетот на целата организација. А, само како предлог, зошто да не се искористи оваа предност, па во наредните месеци да се направи обид за нова резолуција на СБ во врска со името на Македонија? Оваа шанса нема да се повтори потоа долго време.

Морам да признаам дека малку сум зачуден колку ова поминува кај нас како небитна, споредна работа. Не видов никаде оптимизам дека, конечно, сме во позиција да се спомнуваме во меѓународните односи по наши дипломатски достигнувања, по добро одиграна „партија пикадо“, успешно премостување на сите пречки и слично. Не видов ниту најава што сметаме дека можеме сега, во однос на нашите прашања, да постигнеме во ООН. Можеби сум премногу темен?

Рамнотежа на силите[19]

„Рамнотежата на силите“ е лимитирање на посилните држави да доминираат врз послабите

Самитот на НАТО и Партнерството за мир, што успешно се одржа во Охрид, предизвика големо внимание кај целокупната македонска јавност. Не е погрешно да се каже дека еден од клучните надворешно-политички интереси на секој наш државјанин е токму нашето полноправно зачленување во оваа алијанса. Сега, кога како држава го трчаме последниот круг пред влегувањето во најмоќниот воен сојуз, се дебатира околу одредниците за „колективната безбедност“, за нејзината ефикасност, правна и политичка

[19] Број 2428 сабота, 07 јули 2007

применливост, оправданост и издржаност и што значи таа навистина. При какво било спомнување на поимот „колективна безбедност“, првата асоцијација што се појавува во дискусиите кај нас е НАТО. Објаснувањата одат во насока дека со тоа се подразбира безбедност на државите-членки на сојузот или пактот. Повторно, мисловната асоцијација оди директно кон НАТО, иако некои се' уште се сеќаваат и го спомнуваат и Варшавскиот пакт. Ние со објаснувањето на поимите „рамнотежа на силите“ и „колективна безбедност“ ќе одиме на едно поопшто ниво и поширок временски интервал. Предизвик е овие поими да се скицираат затоа што преку нив може генерализирано да се опише во кратки црти и историјата на меѓународните односи и комуницирањето меѓу државите.

Населението било постојано исцрпувано од своите војсководци, кои како метод на своето владеење ја користеле агресијата и силата. Сите ресурси постојано се насочувани кон вооружување и обезбедување на сопствената надмоќ. Континентот бил исправен пред потребата од одговор како да се излезе од континуираната криза, а војната да се ограничи колку што е можно повеќе.

Концептот на средновековно „единство на државите“, со еден центар на контрола, колабира во XVI и XVII век. По него, на историската сцена настапува новиот концепт на рамнотежа на силите, проткаен со raison d’etat (државни интереси), кој го заменува средновековното тежнеење за универзална монархија. Мирот од Вестфалија од 1648 година, значаен момент во историјата на европските народи, никако не може да се заобиколи како значајна точка на пресврт процесот на бавното созревање на Европа. Тој удира темел на еден децентрализиран поредок на суверени и рамноправни држави. Ова е време на појавувањето на независните држави на меѓународната сцена. Тие подоцна прераснуваат во денешниот глобален систем на држави. Практично, мирот од Вестфалија е почеток на нееднаквоста меѓу државите, според големината и моќта што ја имаат реално. Затоа, со воспоставувањето на „рамнотежата на силите“ како принцип за меѓународно општење, главната намера е да се лимитира можноста на посилните држави да доминираат врз послабите држави.

Во меѓународните односи „рамнотежата на силите“ означува и паритет и стабилност во односите со спротивставените сили. Ова е доктрина која се спроведува за да се спречи некоја држава да стане премногу силна и со тоа да го смени балансот во своја корист. Карактеристики на рамнотежата на силите се: создавање систем кој ја регулира употребата на силата, недоверба кон државите (државата) кои имаат најголема сила, настојување да се ограничи агресивниот капацитет и најјакиот во системот, казнување на нарушувачот на балансот и одржувањето на еквилибриумот. Со договорот во Вестфалија светот останува анархичен и не постои наднационален авторитет или светска влада, која би имала можности и овластувања да го одржува мирот. Но, Европа влегува во период на релативен мир, најдолг до тогаш. Тоа дава за право да го оцениме овој принцип како успешен за своето време.

Европа, откако знае за себе, е во војна. Тоа е состојба што трае со векови. Дали се во прашање крстоносните војни или постојаните ривалства меѓу кралствата, провинциите и средновековните владетели, состојбата е воена.

Сепак, примената на моделот на рамнотежа на силите со време ќе ги покаже своите недостатоци. Од едноставна причина што најмоќните држави се во постојана трка за поголема моќ. Тие се стремат да го нарушат воспоставениот баланс во своја корист. Империјалистичката фаза на капитализмот дополнително ги изостругва разликите меѓу државите. Се појавува неопходност од нови територии за експлоатација. Релативниот мир во Европа од XIX век, всушност, е на сметка на беспоштедна борба на државите за колонии на другите континенти. Сепак, колонии нема во неограничен број и за потребите на сите. Кога веќе нема што да се колонизира и светската карта политички е поделена докрај, војна, односно борба за прераспределба на територииите е неминовна. Првата светска војна засекогаш го испраќа во историјата овој модел и неговото применување. Деструкцијата на војната која е во светски размери, чувството на залудноста, ќе доведат до обид за воспоставување нов модел на функционирање на меѓународниот поредок. Бидејќи „рамнотежата на сили“ не успева да го спречи

конфликтот, „милитантниот пацифизам“, кој сега радикално дејствува против војната како средство, се обидува да создаде услови војната на практичен план да биде спречена. Првпат во историјата на човештвото преовладува стојалиштето дека идната војна не може да се спречи со индивидуална акција на државите.

Идејата за заедница на сите држави кои ќе бидат собрани во една институција добива свое оживотворување во формирањето на Лигата на народите. Таа треба да дејствува во име и интерес на мнозинството, за обезбедувањето на мирот. Оваа организација е првата општа политичка заедница, основана по Првата светска војна, како производ на Париската мировна конференција. Меѓу другото, за цел на Лигата е запишано превенирањето на војната низ колективна безбедност. Идеен творец на Лигата е американскиот претседател Вудроу Вилсон. Неговиот план за мир во четиринаесет точки предвидува формирање на асоцијација на држави кои преку заеднички пакт ќе се придржуваат за гаранциите за независност и територијалниот интегритет на другите. Со создавањето на Лигата на меѓународен план се воспоставува нов систем на односи - колективната безбедност. Овој систем подразбира здружување на две или повеќе држави поради заедничка одбрана од земја која се наоѓа надвор од тој сојуз…

Нашата намера е низ примена на историски пристап да ги расчистиме непознатиците и да дојдеме до денешен ден. Го разгледавме принципот на рамнотежа на силите. Временски неговата примена коинцидира со крајот на Првата светска војна. Потоа стапува на сцена сосема нов модел - „колективната безбедност“. Тој до денеска доминира во меѓународните односи. За него во наредниот текст, а потоа и за неговата реформа.

Големата траума[20]

На грбот на Универзитетот од Харвард е втиснат еден збор на латински "веритас" - вистина. Индикативно е тоа што најстарата и највлијателна образовна институција во САД за свој грб го избрала токму овој збор. Често се прашувам што било мотив за да се избере вистината за заштитник (грбот, штитот е симбол за заштита) на универзитетот. Можеби со вистината се штителе, штитат од невистината? Можеби е потцртано дека потрагата по вистина никогаш не престанува (грбот е избран засекогаш!)? Како и да е, за мене е доволна индикација дека за вистината, за своето мислење и став човек треба и вреди да застане пред силните бранови кои се стремат да го скршат. Понекогаш цената може и знае да биде превисока, но тоа не е доволна причина за откажување. Мора да се истрае. Јас се зафатив со скицирање (општо) на меѓународните текови. Мојата намера е да дојдам, низ неколку текстови до обид за позицирање на РМ на светската карта.

Четири трауми на човештвото кои се како раскрсници во историјата

Да се сложиме дека во овој комплициран процес повремено се појавуваат силни трауми кои го изместуваат од инерцијата која се стреми да ја зафати. Инерцијата силно се огледа во мислењата дека "рамнотежата на сили" како концепција е вечна и непроменлива. Определен сум во текстовите да се осврнам на најмалку четири трауми на човештвото кои делуваат како раскрсници во историјата и имаат свое место во филозофската промисла на времето.

Големата траума од Првата светска војна (најголема дотогаш) кај државите и народите кои го сочинуваат светскиот поредок ќе доведе до спознание дека општата војна мора да има свој пандан во општ мир. А тој може да се достигне само како "колективно дело на државите". Последица на разузданото реалистичко толкување на поредокот во овој случај добива своја силна опозиција во здружување, под посебни услови, дотогаш непознати, со цел давање на гаранции

[20] Број 2434 сабота, 14 јули 2007

за политичкиот и територијалниот интегритет на сите држави. Идеалистичкиот пристап во создавањето на Лигата на народите позајмува елементи од Кант и постулатите за "вечен мир" помеѓу државите кои веќе нема да војуваат против себе. Се сметало дека овој систем има предност над претходниот затоа што го унапредува правниот поредок, етичките вредности и на целината и дава морална димензија. Малите држави овој проект го подржале затоа што својата несигурност од големите сили на овој начин ја компензираат.

Така е создаден првиот систем за колективна безбедност, применет од ЛН. Во него, за разлика од претходно, институционализацијата оди кон централизација. А за тоа се потребни принципи и правила, како и механизам за управување. Всушност ова координирање и контролирање на политиката на членовите за остварување на заеднички цели ја прави колективната безбедност основа за појавување на меѓународните организации.

Колективната безбедност всушност треба да ги замени сојузништвата и алијансите кои балансираат меѓусебно. Зборовите на Leon Bourgeois, првиот претседавач на Лигата, New York Times (17 јануари 1920, стр.1) ќе ги коментира како "најамбициозен експеримент што човештвото го направило за да се истрае во вековните стремежи за изградба и негување на ... општите интереси во благотворна клима на мирољубива и мирна меѓународна заедница". Оптимизмот при создавањето на Лигата на народите отвора простор за верување дека човештвото созреало и конечно е во можност да го чува мирот. Пактот на Лигата ја забранува агресијата и утврдува обврска на членките за давање помош на жртвата од страна на сите членки. Ова може да се смета за зародиш на правно дефиниран систем на колективна безбедност. Прогласувањето во Пактот на Лигата дека "секоја војна е нејзина грижа" - е обид

Еколошките проблеми и глобалното затоплување, нуклеарната пролиферација (ширење) и тероризмот, се поголемиот јаз помеѓу богатите и сиромашните се првите три трауми. А најголема траума секако се војните, светски, регионални, локални, внатрешни, граѓански…

за универзалност и поставување на одржувањето на мирот на највисока листа на приоритети. Ова требало да ги одврати државите од употребата на сила, од било какви територијални претензии, и во исто време да ги принуди да го респектираат територијалниот суверенитет на другите држави. Се претпоставувало дека овие мерки ќе се спроведуваат кон сите прекршители без исклучок, и дека сите држави членки ќе реагираат еднакво во сите случаи.

Тоа не бил случај кој заживеал во пракса. Во дваесет годишниот период на постоење, од 1920 до 1940 се смета дека од ЛН се разгледувани околу 30 ситуации и спорови. Позитивните достигнувања главно се на почетокот на нејзиното работење. Во примерите на навремено и брзо реагирање забележани се видливи резултати. Авторитетот на оваа организација е голем кај малите и средни држави. Тие реално имаат поголема потреба од меѓународно тело кое што ќе ги заштитува во ситуации на нарушување на интегритетот и нивната безбедност. Проблемите се појавуваат кога поголемите и влијателни држави треба да се откажат од насилното наметнување на својата волја. Тие држави требало дел од правата, кои што до тогаш во светот се сметале како неприкосновено државни права, да ги пренесат во надлежност на ЛН. Се чини дека периодот помеѓу двете светски војни е период на зреење на потребата на човештвото од доследен систем на колективна безбедност на кој што ќе му се приjде како неопходност во меѓународната политика. Државите се уште не се подготвени да се откажат од своите национални интереси во полза на праведен поредок на глобално ниво.

Затоа ЛН ќе се покаже како неуспешна. Неуниверзалноста на Организацијата била многу значаен проблем. САД никогаш не станале членка, иако идеен творец на ЛН е американскиот претседател Вудро Вилсон. СССР се придружил во 1934, Јапонија ја напуштила во 1931, а Италија во 1937; Германија се приклучила во 1926, а излегла од ЛН во 1933. Листата на членови без овие држави или со нивно половично присуство, доведува до состојба и другите

држави да ја преиспитаат својата лојалност и дали да ги исполнуваат своите обврски кон организацијата.

Иако, поради наброените недостатоци, се наметнува потреба од негативна оценка, крајната оценка за работењето на ЛН не може да биде целосно негативна. Таа со својата активност даде значајни искуства како да се организира нејзината наследничка, ООН. И површно разгледување на Повелбата на ООН, нејзината деталност во членовите кои што ја забрануваат војната и ги утврдуваат овластувањата на органите на ООН да дејствуваат во заштита на светскиот мир, првенствено Советот за безбедност, го докажува ова тврдење. За тоа, наредниот пат.

Компромис, над спротивставените идеологии[21]

По неколкуте објавени мислења досега, веќе можам да кажам каква ќе биде структурата и контурите на наредните. Затоа што ми се значајни мислењата и двонасочната комуникација, ги земам предвид релевантните искази и ги вградувам во содржината на секој нареден текст. Нормално, принуден сум да ги дестилирам, затоа што не гледам секогаш напор и потреба да се совладаат нови димензии, туку понекогаш се чувствуваат и други мотиви, кои секако се легитимни. На читателите не можеш да им го униформираш мислењето и секој таков напор е однапред осуден на неуспех, а е сосема далечен на моето резонирање. Според тоа, концепцијата која се одлучив да ја применам е следнава. Во првите десетина редови на секој нареден текст ќе ги издвојам неделните текови, ќе ги обликувам, можно е и да ги испреплетам со наредните мислења. А, потоа ќе продолжам со намерата која што и претходно сум ја имал. Во случајот, тоа е скицирање на меѓународниот поредок и неговите карактеристики.

[21] Број 2440 сабота, 21 јули 2007

Четирите претходни текста ги работев на истата содржина и со примена на историски пристап полека, полека се доближивме до последната и најзрелата фаза на светските работи и поредок. Секако, напорот е амбициозен и со тоа подложен на широка офанзива и напади од секаков тип.

Каде да се бара раѓањето на ООН? Бруно Сима смета дека оној момент кога станал евидентен колапсот на Лигата на народите започнува потребата од нов правен светски поредок во повоената ситуација. Интересен за нашите проследувања е малку познатиот факт дека ЛН и ООН во своето постоење имаат период на преклопување, односно постојат и двете истовремено. ООН започнува со својата работа во 1945, а ЛН официјално престанува да постои во 1946 година. Овој момент не случајно го нотирам. Од него во наредните текстови ќе извлечам можност за раѓање на нова универзална меѓународна организација…

Светот се' подлабоко навлегува во милитаризација. Значи ли тоа дека ООН не успеа во својата задача?

Двете светски војни што се случија во минатиот век за помалку од три децении ја активираа потрагата по систем, кој функционално ќе го заштитува мирот и ќе одговори како ефикасно да се одвратат државите од агресија и произведување нови судири и војни. Војните, холокаустот, почетокот на нуклеарната ера создадоа клима и политичка волја да се подобри обидот што го имаше човештвото со ЛН. Пред формирањето на ООН, човештвото веќе имаше искуство со практицирање Систем за колективна безбедност. По завршувањето на Втората светска војна беше потребно да се извлечат поуките од промашувањата на претходната организација. И врз основа на тоа да се создадат поиздржани механизми кои ќе бидат функционални и на новата организација ќе и' дадат подобра перспектива за дејствување по прашањата поврзани со одржување на мирот во светот. Новата организација треба да даде одговори како да се формира ефикасен СКБ, во состојба кога е јасно дека се раѓа нов светски поредок. Овој поредок, во својата длабока суштина ја имаше поделеноста на Исток и Запад,

како и поделеноста на политичките и идеолошки уредувања на државите кои што ја извојуваа победата над фашизмот. Веќе пишувавме дека своја прва примена СКБ има во ЛН. Иако несовршен тој повлијаел на СКБ што ќе биде применет по Втората светска војна. Затоа Повелбата и СКБ на ООН треба да се третираат како понатамошно усовршување на методите по кои функционираше ЛН.

Уште во текот на Втората светска војна било јасно дека ако се сака да се формира ефикасна организација, која ќе може да ги надмине слабостите на ЛН, неопходно е да се постигне универзалност на новата организација. Иако на прв поглед еуфоријата во светските работи, по завршувањето на војната, има доминантна улога и јасно е истакната потребата од создавање силна и праведна меѓународна организација, сепак реалполитиката во односите помеѓу државите преовладува и ќе биде вградена во Повелбата на ООН. Новата организација, во тоа време, треба да даде одговор како да се подобри СКБ и со него да се опфатат сите идни загрозувања на мирот и безбедноста. Морала да се поостри мобилноста и подготвеноста да се интервенира таму каде што треба и е потребно и кога треба. Исто така, прецизно да се дефинираат правата и обврските на државите во рамките на Организацијата.

Двете светски војни што се случија во минатиот век за помалку од три децении ја активираа потрагата по систем, кој функционално ќе го заштитува мирот и ќе одговори како ефикасно да се одвратат државите од агресија и произведување нови судири и војни.

Во целиот систем, главниот столб на ООН е Повелбата. Таа е инструмент на конституирање на организацијата, кој што ги уредува правата и обврските на земјите-членки и во исто време ги воспоставува органите и процедурите на ООН. Како меѓународен договор, Повелбата ги кодифицира принципите на меѓународните релации, како што се: еднаквоста на државите, забраната на употреба на сила, основните човекови права и сл. Таа има преамбула и деветнаесет глави. Според неа, ООН е универзална меѓународна организација која ја забранува војната како средство на надворешната политика на државите.

Доминира начелото за мирољубиво решавање на споровите и за колективна акција во случај на загрозување и кршење на меѓународниот мир и безбедност.

Советот за безбедност и Генералното собрание ова го имплементираат. СБ е орган на ООН кој ја носи основната одговорност за одржување на мирот и безбедноста во светот. Затоа е организиран да може да работи континуирано. Додека ГС има свои надлежности во областа на колективната безбедност кои се значително помали. Тоа ќе биде предмет на посебен текст.

Шеесетина години подоцна, во меѓународните односи се' уште карактеристика е употребата на сила и значајно натрупување на воените арсенали. Наместо намален број кризи, соочени сме со се' повеќе нови жаришта. Новите видови на оружја доминираат со потенцијалите на голем број држави. Светот се' подлабоко навлегува во милитаризација на вселената и океаните. Значи ли ова дека ООН не успеаја во својата задача? Ја промашија ли целта? Ова се легитимни прашања на кои треба во најскоро време да одговори самата организација. Во спротивно, само ќе се зголемува процентот на недовербата, кој според една неодамнешна глобална анкета на неделникот „Тајмс“, изнесува поразувачки 69 отсто во корист на изјаснетите за неефикасноста на ООН, наспроти само 12 отсто кои сметале дека ООН е ефикасна организација.

Повиците за реформа на организацијата, на Советот за безбедност и на Системот за колективна безбедност се' повеќе стануваат услов за натамошно преживување. За тоа, наредниот пат.

Реализмот во судир со идеализмот[22]

Иако САД отворено стојат зад независноста на Косово, тие деновиве ја предупредија Приштина да не прогласува независност. На косовските власти им беше дадено на знаење дека не смеат самостојно, едностранo и на своја рака да влезат во тие ризични води. Од своја страна, пак, косовските власти беспоговорно ветија дека ќе се испочитуваат овие насоки на Американците. Иако вршат огромен притисок врз своите сојузници и постојано најавуваат едностранo завршување на овој долг и тензичен процес, за нив и за целиот Балкан – Косово, сепак, ќе ги почитува барањата на својот моќен сојузник. Зошто?

На прв поглед е нејасно зошто надмоќната позиција не се ефектуира во реален политички производ, односно независност. Овој случај, кој трае веќе долго време и се одомаќини во нашите дискусии и животи, погледнато низ призмата на реалполитиката, е затворен, односно завршен. Малкумина денеска проектираат слика во иднина на нашиот полуостров без државата Косово. Дури и најголемите скептици околу ова прашање се согласни дека работата е толку отидена напред што враќање назад едноставно нема!

Малкумина денеска проектираат слика во иднина на нашиот полуостров без државата Косово

Па, сепак, повторно да го потенцирам прашањето зошто Косово не прогласува независност? Зошто САД, кои се, секако, најмоќната воена сила на планетата, не се решаваат унилатерално да го заокружат овој процес? Во последните петнаесетина години „договорните коалиции" што ги воведоа во меѓународните работи значително ги пренасочија светските збиднувања. Особено во кризните региони, односно во добро познатата сфера на нивен интерес (за тоа повеќе во некој нареден текст). Кога се сметаше за неопходност, САД едностранo ги заобиколуваа установените меѓународни механизми и Системот за колективна

[22] Број 2446 сабота, 28 јули 2007

безбедност и по пат на сила ги постигнуваа посакуваните исходи (ова е практика на сите големи сили во историјата). Притоа, не сакам да бидам погрешно разбран, овој текст не е анализа на примената на реалполитичките методи на една суперсила, со ништо не оспорена. Мојата намера е да проследиме и да се потсетиме зошто кога констелацијата на односи околу прашањето на Косово е поволна, се прави чекор наназад. Ќе се вратам на интервенцијата на НАТО во 1999 година, кога и се воспостави денешната состојба на теренот. Тогаш беше заобиколен Советот за безбедност, односно не авторизираше употреба на сила.

Нападите на Југославија започнаа на 24 март таа година. Тие траеја неочекувано долго, се' до 11 јуни. Овој напад отворено ги заобиколи ООН и примената на Системот за колективна безбедност (за овој систем повеќе пишувавме во претходните текстови), како што е втемелен во Повелбата. Знаејќи дека Русија нема да се согласи со интервенцијата и ќе ја блокира секоја одлука во СБ, тој орган едноставно беше заобиколен и САД ја искористија својата доминантна позиција во НАТО за да ги остварат своите надворешнополитички приоритети. Тоа уште тогаш многу ги затегна односите на Русија и САД. На денот на нападот на Југославија, премиерот на Русија, Примаков, во знак на протест, го откажа своето патување во Вашингтон. Само три дена подоцна, руската Дума ги осуди нападите на НАТО. Во текот на април, рускиот претседател Елцин, исто така, ја осуди интервенцијата, предупредувајќи дека Русија може да биде принудена да влезе во војна во Европа. Како шпекулација беше пуштена во оптек информацијата дека нуклеарните потенцијали се ставени во приправност. Сепак, Русија ги следи, исто така, своите надворешнополитички приоритети и се приспособи на своите тогашни можности, кои беа значително помали (поради многу фактори) од денеска.

Нападите се извршија под наметката на меѓународна хуманитарна интервенција. Критичарите на интервенцијата посочуваат дека НАТО е алијанса која е формирана за одбрана на нејзините членки. Во овој случај Југославија не ја идентификуваат како закана за ниедна членка на НАТО (нагласувам дека

апологијата на која било балканска држава која има улога во наведениот случај не е во нашата сфера на интерес). Постојат и други контроверзни прашања, поврзани со нападите. На пример, користењето на бомбите со осиромашен ураниум. А да ја споменеме и медиумската пропаганда која се водеше во светски влијателните медиуми. Клинтон ги споредува настаните во Косово со холокаустот на Евреите во Втората светска војна, истото тоа го прави и Си-Ен-Ен на својата програма. А, американскиот Стејт департмент, како што објави „Њујорк тајмс“, известува дека околу 500.000 Косовци се исчезнати или мртви. Според наше мислење, ова е типичен пример на создавање клима преку медиумите за воено интервенирање. Горенаведените стравотни податоци немаат своја објективна потврда до денеска… Не сум љубител на генерализирање, но, по се', овој случај може да се смести на страната на реализмот во меѓународните односи, односно да заклучиме дека силата и големите победуваат.

Да се потсетиме дека Повелбата на ООН не дозволува воени интервенции во суверени држави. Во неа постојат само неколку исклучоци, кои се исклучиво во надлежност на СБ. Прашањето за оваа воена интервенција беше поставено пред СБ на разгледување од страна Русија, Белорусија и Индија. Резолуцијата е одбиена. Според професорот Шкариќ, примерите на Македонија од 2001 и Косово од 1999 година се пример на трансформацијата на ООН во негативна насока. Од клучна институција установена за колективната безбедност, ООН се претвораат во колатерална штета, губејќи го преку ноќ својството на легитимна институција на меѓународната заедница. Тоа е данокот на реалполитичкиот пристап. На терен е добиена предност, меѓутоа силно настрада меѓународното уредување. За среќа, во последно време, се' посилни се реакциите што ги предизвика примената на овој модел. Тоа резултира со поместување на механизмите повторно кон идеалистичкиот принцип на дејствување, односно кон враќање на дејствување во органите на ООН.

Само поради тоа сега се прави обид да се врати легитимитетот на СБ за ова прашање. Затоа трпеливо се гради ситуација да се убеди Русија да го

прифати со резолуција конечниот статус на Косово. Не оценувам дали е идеален овој модел на решавање на меѓународните проблеми. Напротив, далеку е од идеален, но, сепак, не постои подобар. Ако нема подобар, треба да се користи тој што се има. Уште од времето на формирање на ООН, малите држави ги положуваат своите надежи во организација која ќе ги уредува работите на светско ниво и ќе ги става во одредени канони. Додека тие важат, треба да се применуваат. Ако не се соодветни (за што, исто така, постојат солидни аргументи), треба да се променат.

Точка на прекршување[23]

Минатата недела пишував за тоа дали Косово треба да се решава во рамките на Советот за безбедност или не. Неколкуте закани за применувањето вето и за блокирањето на Резолуцијата од страна на Русија отворија широка расправа за можните решенија на овој голем меѓународен проблем. Притоа, претходниот текст не ја разгледуваше позицијата на Русија и нејзините мотиви, односно зошто таа дејствува како што дејствува. Нашиот главен интерес беше да утврдиме дали е неопходно институционално (во ООН) решение или процесот може да се изведе и надвор од оваа (засега најсоодветна и единствена) рамка.

Зошто Русија, токму сега и токму тука, по прашањето за Косово настапи толку цврсто и ригидно

Иако реал-политиката и нејзините закономерности честопати се посилни и преовладуваат во светските работи (имаат пресудно влијание врз поведението на државите), сепак се определив за институционално решение на косовскиот проблем, кое го овозможуваат токму ООН. Со такво решение, со каков и да е исход што тоа би го донесло, автоматски се обезбедува многу поширок

[23] Број 2451 сабота, 04 август 2007

легитимитет. Барем на теориско ниво, за мене позначаен е идеалистичкиот принцип на меѓународното комуницирање и организирање.

Како што нагласив, Русија и нејзините надворешнополитички манифестации ги оставив за овој текст. Во меѓувреме, ми беше интересна забелешката (неодамна објавена во мислењата на овој весник) дека „на Русија српското губење на Косово и' е важно исто колку и на Арктик губењето на снегот". Оваа формулација е дополнителен мотив за да навлеземе во едно поопстојно разгледување зошто Русија, токму сега и токму тука, по прашањето за Косово настапи толку цврсто и ригидно. Се согласувам со погорната констатација дека Србија не е од пресуден стратегиски интерес на Русија. Тогаш, кој е нејзиниот мотив за ваквото однесување?

По распаѓањето на Варшавскиот пакт (ВП) и Советскиот Сојуз, Русија се сведе на држава која е неорганизирана и неподготвена за новите предизвици. За сметка на нејзините довчерашни сојузници од ВП, сега НАТО јакнеше и рапидно напредуваше кон нејзините граници. Како резултат на тоа, во тој дел од светот денес распоредот на силите е драматично изменет, споредено со почетокот на деведесеттите години на минатиот век и завршувањето на Студената војна. Од Централна Европа, сега границата на која се судираат интересите е на дваесеттиот степен должина, односно потегот од Полска, Словачка, Унгарија, Србија, Косово, Македонија до Грција. На оваа линија 15 години се врши потиснување на Русија на исток, односно назад кон нејзините

државни граници. Внимателното анализирање на картата на светот покажува дека Москва се наоѓа само на неколку стотини километри од дваесеттиот степен должина, па со самото тоа е и можна цел од секаков вид. Да се потсетиме само на намерата на САД за инсталирање ракетни системи во Полска. Зошто е тоа така станува многу појасно кога ќе се погледне распоредот на државите кои граничат со Русија, а се наоѓаат на дваесеттиот степен должина.

Од друга страна, на четириесеттиот степен широчина се наоѓаат средоземноморските држави Албанија, Грција, Турција. По нив, речиси на истата широчина, следуваат Ирак, Иран и Авганистан. А по на исток Кина и Северна Кореја. Ова е просторот на втората линија на притисок врз Русија, овој пат по должина речиси на целата линија. Целта е преку оваа линија таа да се потисне целосно на север. Ако се имаат предвид овие две линии (должина и широчина), а истите тие се погледнат на картата на светот, може да се согледа дека џинот Русија е ставен в ќош и дека нема многу простор за маневрирање. Со ова, стратегијата за воспоставување нови односи во светот и доминирањето со нафтата и со другите ресурси - станува реалност! Како што може да се види, удирањето на блоковите на овие две линии е силно изразено.

Иако отворено се противеше на ова потиснување, Русија сепак не можеше со ништо да го спречи. Државите кои ги набројавме, една по една, од овие сфери потпаѓаа во сферата на влијание на САД. Бжежински го фундира ова во стратегија која “се базира врз распадот на Советскиот Сојуз и претворањето на бившите советски републики во област на отворена и ексклузивна доминација на Америка” (Надвор од контрола, 1993).

Не можејќи со ништо да влијае врз овие раздвижувања, Русија во овој период се посвети на надминувањето на своите внатрешни противречности и на завршувањето на транзицијата. Во тој процес (согласно со теоретските експликации за менталитетот на Русите од страна на Зиновјев), како неизбежна потреба се појави Путин. Всушност, неговите два мандата се конечното

оформување на отпорот на многумина (држави, народи, поединци) против униполарниот свет. Ноќта спроти новиот милениум, неговата администарација го објави документот насловен како “Рускиот концепт за 21 век”, кој ја потенцира мултиполарноста на светот во интерес на стабилноста и безбедноста…

Сега, во 2007 година, процесите (кои погоре ги споменавме) имаат свои доброутврдени траектории. Русија ја заврши и ја стави зад себе (барем такви се манифестациите) својата криза. Затоа влезе многу поотворено во конфронтација по прашањето за Косово. На картата на светот, оваа територија е многу блиску до пресекувањето на дваесеттиот степен должина и четириесеттиот степен широчина, односно до точката на нивното врзување. Ако успеат да го издржат и да го задржат потиснувањето или можеби да предизвикаат контрапотиснување, самите за себе си обезбедуваат дополнителен простор за маневрирање во иднина. Но, за ова се свесни и Американците. Затоа, уште посилно притискаат Косово да стане целосно назависно, со целата негова територија. Така, целосно би останало во ексклузивна зона на нивното влијание. Тука некаде, во близина, сме и ние. И Македонија има своја улога и значење во овој процес. Но, за тоа во некој следен текст.

Крајот на телевизијата?[24]

Во почетокот на осумдесеттите години на минатиот век, на телевизиската сцена се појави МТВ (музичка телевизија, а не нашата национална). Оние што се сеќаваат на тоа време, знаат дека тоа беше прв канал кој целосно емитуваше само музички спотови. И како што тоа обично се случува со секоја новина и со секое излегување надвор од вообичаените догматски канони, по тој повод веднаш се отвори широка и жестока полемика. Тежиштето на бурните дискусии беше дали воопшто е потребно да постои таков тип телевизиски канал. Многумина, а меѓу

[24] Број 2457 сабота, 11 август 2007

нив и познати светски групи и поединци, отворено се спротивставија на видеопрезентирањето на својата уметност. Стојалиштата беа дека со музиката не е спојливо и видеото, кое никако не е битен елемент во креацијата на новото…

Скоро во исто време се појави и песната „Видеото ја уби ѕвездата од радиото“ (Video Killed The Radio Star), како дел од кампањата против новиот тренд. И, според насловот, повеќе од јасно е што сакале да кажат изведувачите и како ја доживувале MTV! Но, и покрај сериозните отпори со кои беше дочекан овој ТВ-канал, тој продолжи да постои. Не само што не беше стопиран туку, напротив, само забрзуваше. За денеска, дваесет и пет години подоцна, да постојат безброј негови локални канали, скоро во сите региони на модерниот свет. Уште позначајно е тоа што денеска веќе се прават ретроспективи и низ документиран пристап се признава револуционерното значење што го оствари MTV целосно врз музиката и врз нејзината појавност. Како за илустрација, групите и музичарите кои тогаш го препознаа моментот и се префрлија на новите широки и побрзи булевари, денеска (голем дел) се музички имиња со глобално влијание и препознатливост.

Тие што ќе ја согледаат предноста на масовното општење, можат да го забрзаат своето движење

Што сакам да кажам со изнесувањето на овој мал дел од поновата музичка историја? Одвреме-навреме се појавуваат револуционерни начини на масовно општење. Тие што бргу ќе ја согледаат нивната предност можат да го забрзаат своето движење во однос на претходната епоха и да останат компетитивни и компатибилни во наредната. Во спротивно, осудени се на останување, подобро кажано, заостанување во трката што не завршува никогаш.

Пред околу две години, во февруари 2005, се појави сајтот YouTube (јутјуб). Неговата диференцијална специфика од стотиците милиони други сајтови беше овозможувањето на секој корисник да подигне свои видеосодржини на Интернет-мрежата. Со едноставно регистрирање, секој заинтересиран добива можност да си отвори свој канал, што ќе го уредува според сопствен терк и вкус. Авторот е во

целосна контрола на сето она што го нуди како содржина. Може да додава, коментира, оформува, дотерува се' што поставил на каналот. Нешто како приватна телевизија, ама без пари. Компаративната предност е тоа што ваквиот канал зрачи дваесет и четири часа, без престанок и без ангажман на други лица, значи без трошоци. Поширокатa публика во Македонија може овие информации да ги оцени како неинтересни, бидејќи бројот на активни Интернет корисници е рекордно мал. За да го задржам вниманието, ќе го изнесам фактот дека оваа веб-страница, по една и пол година од постоењето, го купи „Гугл“ за неверојатни 1,7 милијарди (не милиони!) долари. Ми се чини дека поголема верификација на вредноста од онаа што ја одредува слободниот пазар - нема. Откако се продаде за оваа сума, медиумите дополнително ја зголемија фамата за овој сајт. Интересот ја достигна својата кулминација. Сето ова се случуваше пред помалку од една година.

Тогаш во Македонија започнавме срамежливо да дискутираме за тој сајт и за неговото значење. Веб-страницата за видеата со секакви содржини стана дел од чаршиските муабети. И толку. Кај нас секое чудо трае три дена. Меѓутоа, за мене провокацијата беше повеќе од доволна да почнам да го проучувам овој феномен. Затоа отворив мој канал на YouTube. Од куриозитет сакав да видам како ќе се одвиваат работите. Во почетокот имав мака да се снајдам со форматите за постирање, со големината на клиповите, буквално со се' што ми се испречи на пат. Но, не се предадов. За неколку месеци ги совладав сите пречки, проучив десетина компјутерски програми за правење погодни формати, користев помош од пријатели…

Одвреме-навреме се појавуваат револуционерни начини на масовно општење. Тие што бргу ќе ја согледаат нивната предност можат да го забрзаат своето движење во однос на претходната епоха и да останат компетитивни и компатибилни во наредната. Во спротивно, осудени се на останување, подобро кажано, заостанување во трката што не завршува никогаш.

Денеска статистиките на мојот канал се следниве. Досега подигнав 280 кратки видеоматеријали. Тие се со времетраење од околу 1.500 минути, односно повеќе од 24 часа материјал за гледање. Секако, изборот за тоа што ќе подигнам го правев сам, според сопственото сфаќање на филозофијата на еден ваков пристап. До овој момент, кога го пишувам текстот, моите материјали се погледнати 42.000 пати. Тоа е бројка што далеку ги надминува тиражите на многу ТВ, радио и печатени медиуми. Ми се чини дека наскоро влијанието на ваквите начини на информирање ќе доживее експлозија и бројот на посети ќе се зголемува со геометриска прогресија. Ова го базирам на најавата за компјутеризација и масовна едукација на целокупното население, што Владата го објави. Сега за сега кај нас, сепак, само најмладите (под 25 години) ми се чини дека ги користат услугите и предностите на оваа комуникација. Пред некој ден разговарав со еден мој пријател Македонец кој живее во Њујорк. Ми рече дека таму редовно се гледаат содржините што ги има на каналот и, згора на тоа, дека потоа се отвораат дискусии… Влијанието е огромно.

А и нека не е така. Нека сум погрешил целосно. Јас на овој начин се чувствувам слободно. За мене ова практикување на слободата е вистински еликсир. Едноставно, ги прескокнуваме границите (теснината што ја создава нашата заглавеност на Балканот) и стануваме дел од светот. Со ова не ја завршувам темата за Интернетот и за глобалната слобода. Во наредниот текст ќе продолжам со изложување на сознанијата за борбата на пропагандите и новите фронтови што се отворија за сите со овие нови медиуми. Ќе приближам како ние се справуваме и на кои точки најмногу не' напаѓаат. И уште ќе пишувам за една дебата на Си-Ен-Ен што се одржа помеѓу претседателските кандидати на Демократската партија од САД, која може да се разбере само како показател каде се движат работите со овие трендови.

Нови хоризонти и можности за поединецот[25]

Минатата недела пишував за иднината на телевизијата како медиум во однос на Интеренетот и новите видеоканали кои се појавија и кои секој може сам да ги отвори. Изложив некои мои размислувања на оваа тема, која го окупира мојот интерес подолго време. Споредувајќи ги трендовите, поставив дилема - „дали доаѓа крајот на телевизијата“, таква каква што ја познаваме досега. Но, со тој текст не завршив со пишувањето, односно не ја исцрпев докрај темата и размислите. Дел од нив (поради ограниченоста на просторот) ги оставив за овој пат. Тоа ми даде дополнително време за размислување, дискутирање со разни соговорници, согледување на спротивните позиции и ослушнување на критичките тонови на љубителите на закоравеното и догматско перципирање на нештата.

Ако минатата недела, со еден резервиран, објективно и од дистанца поставен интерес, се прашував за иднината на телевизијата и нејзините најнови пандани на Интернетот, оваа недела сакам да навлезам подлабоко во тезите. Сакам, како обичен восприемач, гледач, но и како единка што е во активна корелација со својата околина, да ги искоментирам (секако според мое видување) состојбите на ова поле кај нас. Во тој контекст, ако ја прифатиме како можна тезата за крајот на телевизијата, тогаш во блиска иднина, во Македонија, луѓето ќе бидат ПОСЛОБОДНИ и ПОВЕДРИ.

Ако се прифати тезата за крајот на телевизијата, тогаш во иднина луѓето ќе бидат послободни и поведри

Своето информирање ќе го базираат и формираат согласно so своите потреби. Моментalно ситуацијата е сосема обратна и ние сме информирани согласно so потребите на другите, односно на тие што имаат моќ (и пари) да ни влезат во главите, но заради нив. Нашите сограѓани самите ќе ги определуваат перспективите и филтрите низ кои информацијата ќе допира до нив. Засега, ситуацијата се' уште не може да се

[25] Број 2463 сабота, 18 август 2007

оцени како задоволителна затоа што масовното користење на Интернет и неговите предности на информирање се во својот зародок. Но, очекувам интересот и волуменот во оваа сфера да растат со геометриска прогресија. Со самото тоа ќе се зголемува слободата на поединецот и процентот на сопственото инволвирање во изборот на информациите. По автоматизам тоа, во исто време, ќе значи и поголема ведрина, па ако сакате и расположение.

Можеби сум нејасен? Мојата позиција ја базирам на денешната состојба, кога се' уште (кај нас) основниот извор на информирање останува телевизијата. Знаејќи го форматот на нашите телевизии (речиси сите), содржината што секојдневно ја емитуваат, како и сконцентрираноста најмногу на вестите, не е тешко да се види нашиот граѓанин како замрачен и затрупан со лоши информации.

Просечниот Македонец секојдневно во периодот од 17 до 24 часот е седнат пред ТВ-екранот и ги гледа сите можни вести. Само што ќе ги изгледа вестите на една програма, го менува каналот, за да продолжи со истите содржини на другата програма. И така цело попладне, додека да започнат вестите во вечерните термини. Не ретко сум се затекнал самиот себе си како си ветувам дека ќе ги погледнам само уште овие вести, надевајќи се на нешто ново. Попусто. Се случува секогаш спротивното на моите надежи. Затекнати сме среде војна на агитација и пропаганда (агитпроп) која секој центар ја води за себе и своите потреби. Токму затоа, полека, полека, и без да сме свесни стануваме жртва на судирањето на блоковите. Луѓето се тотално зомбифицирани и поделени. Целосно наполнети со негативна енергија и свртени секој против секого. На банални теми демне опасноста од избивање на конфликт, на ниво на потсвесното. Потребно ли е тоа по секоја цена?

Имајќи ги предвид овие моменти (со кои секако секој може и да не се согласи) ја базирам својата концепција на слободата потпрена на новите можности за информирање и самомоделирање кои ни ги нудат Интернетот и

видеоканалите. Очекувам приговорите на овие стојалишта да бидат дека Интернетот е недостапен за секого и многу е скап за тенкиот џеб на просечниот Македонец. Тоа, секако, го прифаќам како тажна реалност. На оваа тема треба да поработи државата. Таа по кратка постапка треба да донесе регулатива за целосно либерален пазар. Истовремено, може масовно да го информира граѓанинот и да го насочи неговиот интерес во овој правец. Некои чекори веќе се прават. Да се надеваме дека ќе дадат резултати.

Еве, ќе се изложам на ризик со предлогот што ќе го дадам. Може, на пример, таксата што се плаќа за МТВ да се замени (истите пари) со месечен пакет за пристап на Интернет. Наместо да се фрлаат континуирано и константно парите (огромни средства) во неповрат, секое семејство да добие пакет за Интернет, за своите потреби. Тука ќе застанам со овој предлог, кој е даден само во карикирана форма. Секако дека постои можност за пошироко елаборирање и продлабочување на темата во некоја друга прилика. Ќе се вратам на Интернетот и видеоканалите и на можностите кои ги носат тие.

Новиот глобален тренд многу јасно го согледа и го сфати неговото значење телевизиската мрежа Си-Ен-Ен. Тие пред неколку недели ја организираа првата дебата на претседателските кандидати на Демократската партија, во пресрет на изборите во 2008. Преку Youtube во дебатата секој можеше да го постави своето прашање. Интересно како феномен беше да се проследи дека во тристамилионска држава, секој може да биде во директна врска со можниот иден претседател на САД. Ова дебата е значајна затоа што за во иднина поставува сосема нови стандарди. Сега секој може да контактира, комуницира и пронајде секого. Нема граници. Дури и да не влезе во селекцијата

Просечниот Македонец секојдневно во периодот од 17 до 24 часот е седнат пред ТВ-екранот и ги гледа сите можни вести. Само што ќе ги изгледа вестите на една програма, го менува каналот, за да продолжи со истите содржини на другата програма. И така цело попладне, додека да започнат вестите во вечерните термини.

на прашањата, тој своите прашања може да ги постави на својот канал. Доколку се релевантни, тие ќе ја пронајдат својата публика. Ќе зрачат 24 часа на ден, видливи за секого и во секое време, без каква било цензура. Доаѓа времето на поединецот.

Забрзување[26]

Дваесет години се многу мала отсечка во човековата историја. Не се ни времетраење помеѓу една до друга генерација. Обично се смета дека една генерација трае отприлика 25 до 30 години. А замислете, колку е мала нашата отсечка кога ќе се земат предвид 150 до 200 генерации на нашиот род. Ја користам оваа бројка релативно произволно. Сепак, збирот на годините на сите тие генерации не' враќа назад во историјата околу 4 до 5 илјади години. До почетокот!

Колку што сум запознаен, некаде во тоа време, односно од тоа време сите религии и мистерични организации започнуваат со организирано сметање на времето. Пред тоа или сме се развивале според моделот на еволуцијата презентиран од Дарвин или можеби според некој модел на вселенска панспермија, потпомогнати од некоја надмоќна цивилизација. Навистина, теоретски гледано, во овој случај тешко се наоѓа забелешка на тврдењата на Даникен, уште потешко на мајсторот Артур Кларк. Ако сте поклоници на рамковно размислување, можете да ја прифатите беспоговорно, која било од овие теории и да бидете сигурни дека таа е издржана. Односно, затворена во свој внатрешен систем таа може да биде целосно логична, со потполно одржливи столбови.

Работите се забрзуваат - или сме одбрани да го завладееме просторот и времето или итаме кон крајот на се'

[26] Број 2469 сабота, 25 август 2007

Основната намера со ова мислење, сепак, не е да се претресуваат почетоците и 5-6 илјади години човекова историја. Идејата не е ниту да се обмислуваат големи и долги епохи, иако и тоа е голем предизвик. Намерата ми беше само да се потсетам како беше кога го добив мојот прв компјутер, пред цели дваесет години. Тоа е настанот што е првата котва во мислите, од почетокот на овие редови. Мојот ZX Spectrum. За него штедев со месеци од скромниот џепарлак. Стаса од Германија кога бев на прагот на моето средно образование.

Тогаш компјутерите беа вистинска реткост. Многумина од нас прв пат гледавме компјутер. Формата на Спектрумот (под тоа ги подразбирам сите компјутери) беше толку рудиментарна што не се споредува со денешните. Тој настан ми дојде како освојување на некој тежок и значаен светски врв. Нешто што беше тешко достижно... Секако, го користев претежно за играње. За што друго? Не се ни сеќавам дека тогаш постоеја услужни програми освен, се разбира, видеоигри. Мојот занес беше толку голем што се запишав во гимназија која нудеше експериментално компјутерско образование. Се сеќавам учевме за компјутерските програми Cobol и Fortran. Нив денеска никој не ги спомнува. Како да не постоеле…

Намерата ми беше само да се потсетам како беше кога го добив мојот прв компјутер, пред цели дваесет години. Тоа е настанот што е првата котва во мислите, од почетокот на овие редови. Мојот ZX Spectrum. За него штедев со месеци од скромниот џепарлак. Стаса од Германија кога бев на прагот на моето

Од тогаш поминаа дваесет години. Само дваесет години. Таа отсечка во времето се чини дека е најдинамичната и по своето значење го сублимира остатокот од петте илјади години. Работите толку многу се забрзуваат што или навистина сме одбрани да го завладееме просторот и времето (најновите истражувања на полето на аеронаутиката и медицината го потврдуваат тоа), или незадржливо итаме кон крајот на се', армагедонот (интересно е што коренот на зборот укажува на Македонија - армакедон?!). Низ таа призма, перспективите се

темни. Но, простете, јас не сум склон на песимизам и дефетизам. Напротив. Ако се суди според сите показатели, човештвото созрева и оди напред. Развојот е драматичен.

Основна мотивација за опишување на тој развој е желбата да ги превртам тезите на сиво-темното секојдневје и откажувањето од барање подобра перспектива. Знам, таквото мислење е лесна цел за напаѓање, подложно на критикување, па дури и потсмев. Ама ако, што е малку критика и потсмев (па дури и многу критика и потсмев) во однос на восхитувањето (во еден краток момент на концентрација) што се обидуваме на животот да му дадеме смисла. И во некаков фихтеански занес да застанеме пред природните елементи и појави кои се стремат да не' столчат во дел од секунда. Да застанеме и да кажеме - да, тука сум и не се повлекувам пред патот на усовршувањето, кон усовршувањето, кон тежнеењето за подобро за мене и за сите околу мене, консеквентно истото да се однесува и за целиот свет.

Запаметив еден разговор, пред неколку години, со еден мој драг пријател. Ми рече дека наскоро компјутерите ќе бидат толку малечки што ќе се консумираат наместо таблети. Тие, на клеточно ниво ќе ги поправаат расипаните клетки, односно внатрешноста на телото. Следствено на тоа, животот ќе се продолжел толку долго што ќе сме успеале да избегаме од планетава во бесконечни пространства на слобода. Неверојатно како стојалиште. Зачудувачки. Но, за мене е доволна провокација и секако оправдание за да ја изнесам на увид беше следново мерење. Математички пресметав дека пред дваесет години мојот спектрум имаше меморија (простор за складирање информации) околу 20 илјади пати помалку отколку што денеска има мојот мобилен телефон. Понатаму, мојот мобилен има најмалку 500 пати помалку меморија од мојот денешен компјутер. Математиката е многу проста, само за крајната пресметка помножете 500 со 20 илјади и ќе ја добиете разликата која на тој план се случува за само дваесет години. Згора на тоа, јас при рака ги немам најновите генерации на овие

технологии (во моментов најмалку три генерации понапредни технологии постојат од оние што ги користиме во масовна употреба, и се држат во тајност…).

Да завршам. Токму затоа, не се сомневам ниту во најсмелите теории и претпоставки. Едновремено ги презирам догматските, проконзервативни опструкции на тој пат кои секако се мотивирани од потребата за контрола и држење во темница на популацијата. Јас верувам во нас. Ќе успееме.

П.С. Нивото на теоретизирање е намерно моделирано во категориите на општото.

Слобода за Ирак?[27]

Подолго време претседателот на САД е изложен на огромна критика поради неговата политика за Ирак. Уште од времето на започнувањето на операцијата во 2003 година постојат истите тенденции на опонирање и негирање од присуството во тој дел од светот, а спроведени на тој начин. Да се потсетиме, за да се влезе во судир со тоталитаристичкиот владетел на таа држава, Садам Хусеин, платформата беше оти се подготвува нуклеарно оружје кое може да се искористи во блиска иднина против западната цивилизација. Поттекст беа човековите права и демократијата, односно режимот жестоко се напаѓаше за неговото девијантно однесување кон сопствените граѓани. Истиот тој , ги третираше како поданици и сопственост на државата без никакви права. Општо познато е дека за смирување на Курдите се користени хемиски и биолошки оружја…

Со „условното“ повлекување на САД од Ирак тероризмот ќе добие во замав

Во 2003, кога САД интервенираа во Ирак, се' уште беа свежи сеќавањата на 11-септемвриските напади врз кулите „Близначки“ во Њујорк. Светот беше

[27] Број 2474 сабота, 01 септември 2007

занемен од тие случувања кога неколку илјади луѓе беа жртвувани на олтарот на - по секоја цена екстремизмот и радикализмот! Се сеќавам и Собранието на РМ на 17 септември 2001 донесе Декларација со која се осудија тие напади. Еден од предлагачите на таа Декларација бев и јас. Ние имавме во тоа време некои наши, со тероризам подвлечени, македонски „кули близначки“. Навистина не гледам причина, ниту една, за еден таков чин и никаде не пронаоѓам оправдување. Дури и отворено го осудувам. И тогаш и сега.

Затоа во 2003 интервенцијата имаше многу поголема меѓународна поддршка и голем број држави партиципираа во доброволна коалиција за симнување на Садам, како и „инсталирање“ на демократија. Иако ОН беа заобиколени (тоа е проблем кој заслужува посебна анализа). Велам инсталирање, затоа што денеска, нешто повеќе од 4 години потоа, работите не изгледаат розово. Многу држави под притисок на внатрешното јавно мислење се повлекоа од таа коалиција, а тие што остануваат се' уште се изложени на големи притисоци. Најпластичен е примерот на поранешниот британски премиер Тони Блер, кој од опозицијата па се' до музичарите беше претставуван како мал пес (познат спот на Џорџ Мајкл) на Буш. Не знам дали тоа пријателство и тврдоглаво опстојување во коалицијата беа пресудни за неговото заминување, но сигурен сум дека имаа огромна тежина во тасовите, кога постојано се мереше дали и кога да си замине.

Со овој текст сакам да промислам за две работи. Прво, за тоа дали е успешна борбата против тероризмот на начин на кој од САД се примени во случајот со Ирак и, второ, да го разгледам прашањето на верските судири, кое како нуспроизвод исплива на површина по паѓањето на Хусеин од власт.

Секоја моќна фигура од типот на американскиот претседател, како и претседатели на други големи држави, се наоѓа пред отворена дилема како да се спротивстави на тероризмот. Се поставува прашање дали треба да се дејствува пост-фестум, откако ќе се справуваш со последиците или да се дејствува превентивно и на самиот извор. Претпоставувам дека можеме да се согласиме дека тој дел од светот, на кој можат да се придодадат Сирија, Палестина,

Авганистан, Пакистан, како и Иран, се погодна почва за создавање терористички мрежи. Дел од нив и не се оградуваат од таквиот начин на дејствување, напротив го користат како метод и се заканууваат со ескалација. Во тој контекст особено загрижува изјавата на Махмуд Ахмединеџат, претседателот на Иран, дека очекува крај на „окупацијата“ во Ирак и преземање на контролата по настанувањето на безбедносниот вакуум. Од друга страна, секојдневно слушаме за самоубиствени напади, со голем број жртви, на потегот од Израел, преку Ирак, па се' до Пакистан и Индија. Таму, на тој начин се уредуваат идните односи. Затоа се прашувам дали е можно модерниот свет да се справи со тероризмот од дома и со медуимски акции? Или е потребно да се дејствува таму од каде што извира тој.

Критичарите на Буш не ретко спомнуваат дека за време на Садам барем било мирно во Ирак. Тогаш не доаѓале во преден план религиозните фракциски борби помеѓу сунитите и шиите. А судирите на сунитите и шиитите не се занемарлив проблем. Особено ако се знае дека разликите не се вчерашни, туку имаат своја генеза уште од времето кога починал Мухамед, т.е. 1.300 години наназад, во 632 година од н.е. Просторот не ми дозволува навлегување во подетаљна експликација на разликите и корените на длабоката поделеност помеѓу овие две исламски групи (на тоа ќе посветам посебен текст). Само ќе нотирам дека шиитите се малцинство погледнато глобално, во муслиманскиот свет. Единствено претставуваат мнозинство во Иран и во југозападниот Ирак. Ги има малку и во Авганистан. Додека, пак, сунитите се доминантно мнозинство. Тие се застапени во цела Африка и се протегаат се' до Индонезија, поврзани нераскинливо во една територијална целина. Ирак е најпогодната држава во целиот потег, кој го населува една милијарда луѓе, за судири помеѓу овие две фракции. Продолжувањето на судирите може да доведе до дестабилизација и на околните држави…

Силната меѓународна кампања против Буш е на праг да успее. Но, што ќе се постигне со повлекувањето на САД од Ирак? Заменик-премиерот на Ирак пред некој ден соопшти дека ако тоа се случи во овој момент, радикалите (како што најавува отворено Ахмединеџат) ќе ја преземат контролата врз тековите. Со

„условното“ повлекување на САД од Ирак тероризмот ќе добие во замав. Погрешна е претпоставката дека го предизвикаа САД со својата интервенција.

Повеќе сум склон да верувам дека само го извлекоа на виделина и го забрзаа процесот на она што неминовно надоаѓа и не' чека сите нас. Демонстрацијата на воена надмоќ, од делови на светското мислење, со замена на тези, се претстави како ароганција и неконтролабилност (лабилност!) и на таа линија започна да се гради отпор. На него се возат екстремистите, радикалите. Истите тие, во секој момент можат да ја кренат во воздух секоја европска метропола. Буш е убеден дека може со својата стратегија да ги минимизира влијанијата на екстремистите. Пред воените ветерани во Рено, Невада, тој се повика на минатонеделниот договор помеѓу лидерите на сунитите, шиитите и Курдите, како солидна основа на стратегијата која токму тој тврдоглаво ја спроведува.

Едноставно, не можам да верувам во критиките дека екстремистите биле испровоцирани од американската политика и сега возвраќаат. Светот денеска дефинитивно е со изменет лик. Методите на тие групации и претходно беа исти. Но, со глобализацијата добиваат на знајност. Можат да влезат како информација во сечиј дом. Впрочем, секој од нас си има став за тоа што е подобро: слободен и на праг на демократија Ирак (вклучително религиозните пресметки) или тоталитарен (под водство на Садам) и привидно мирен, каде што луѓето се само бројка на листата на умрените и во лабораториите за експерименти. За мене е поприфатливо првото, со сите огради дека секогаш постојат и други методи и начини како да се спроведе.

Нови цели на терористичката листа[28]

Секој терорист ќе ви каже дека верува во праведна цел. Многумина од нив кога извршуваат самоубиствени напади, заминуваат од овој свет со верба дека одат во рајот. Силината на идеологијата или религиозната затруеност кај нив ја брише јасната перцепција дека прават злосторство.

Денеска е Денот на македонската независност. Сакав со почетокот на ова мислење да го апострофирам тоа. Сметам дека е битно нашите значајни денови да ги истакнуваме во позитивна конотација. Никогаш не е доволно зборување и воспевање на значајните датуми од нашата историја. После се' што не прави нас - нас! Ваквите моменти кои се сублимирање на напорот и желбите, жртвите, надежите и очекувањата на многу генерации кои не дочекале да го видат слободното македонско небо, се наша карактерна посебност. Треба да ги славиме. Треба да се чувствуваме убаво и секако да се чувствуваме привилегирано што токму ние го имавме касметот на нас и нашата генерација да се прекрши слободата и независноста на Македонија.

Ако секогаш имаме на ум дека нашите стари, со нивните жртви и непокор не' задолжиле, тогаш немаме зошто да се плашиме. Ценејќи ја нивната жртва, обезбедуваме иднина за нашите поколенија. Работата е проста, кога можеме да и' помогнеме на татковината, да го сториме тоа. А ако не можеме да помогнеме (објективно, тоа е често така), тогаш барем да не' отежнуваме. Ете, ова е мое кредо за нашата независност, изложено во кратка и симплифицирана форма. Чувствував за потребно да го истакнам на Денот на независноста.

За овој пат имам тема која излегува од славеничкиот момент и загрижува со својата сериозност. Деновиве светските медиуми јавија за фаќање, пресретнување на две терористички групи. Едната во Германија која се состои од

[28] Број 2480 сабота, 08 септември 2007

три члена (се бараат уште десетина други), и другата во Данска од осуммина исламистички милитанти. Кај групите е пронајден хидроген пероксид кој, преработен во експлозив, е еквивалентен на петстотини килограми ТНТ. Информациите велат дека овие две групи се поврзани со Ал Каеда. Значајно, за безбедноста на Европа е да се утврди дали овие групи се поврзани. Ако одговорот е потврден, тогаш тоа се сериозни проблеми за безбедноста на континентот. Исто така, значајно е да се утврди дали се координирани и контролирани, како што е соопштено, од страна на Ал Каеда. Тогаш, ако е така, проблемот е уште посериозен. Досега отворена цел на тероризмот беше англосаксонската коалиција. На врвот, секако, беше и е САД. Од разбирливи причини. Таа држава е на чело на антитерористичката коалиција и својата надворешна политика ја базира врз принципите на спротивставување на тероризмот на територијата каде што се создава. Со други зборови, тие интервенираат во државите кои ги сметаат за спонзори на тероризмот.

Веќе сум пишувал за тоа, најпогодни историско-социолошки и секако религиозно се државите на потегот од Мароко до Индонезија (со нужна ограда дека ставот може да се земе и како генерализирање). Да не бидам погрешно разбран, мојот став не е изграден врз основа на уверувања или лични потреби, туку врз основа на статистиките и терористичките настани, односно, врз основа на тоа кој ги спроведува и каква заднина имаат тие.

Новина во случајот на новите групи поврзани со тероризам е тоа што дел од уапсените се родени и живееле целиот свој живот во наведените европски држави. Дел од нив се конвертирани во ислам. Претпоставувам дека за дел од нив учествувањето во подготовка на терористички напади е некакво противење на државата, некаква склоност кон анархичност, или потреба да се побегне од стегите на поредокот. Но, тоа во исто време за државите што се на удар значи поголема опасност за успех на плановите на терористите. Оти многу потешко е да се откријат кога се „бели” (ова земете го со голема моја ограда дека не ги диференцирам луѓето според антрополошките карактеристики). Тие се веќе дел

од милјето. Зошто се напаѓа Европа? САД се географски најтешко достижната дестинација и се заштитени со два океана кои се огромна пречка. Потоа, САД предничат далеку пред Европа по биометриската контрола на податоците. И, секако, имаат најлесна работа кога станува збор за контрола на границите. Истовремено, Европа е поврзана тесно со делот на светот кој тренира и извезува терористи. Овој дел од светот има многу поголема податливост за размена на материјал и човечки потенцијал што дополнително им ја олеснува работата на таквите намерници. А на Европа и отежнува.

Да потсетам дека Данска учествува со свои трупи во Ирак и во Авганистан. Затоа е, на некој начин логично, што листата на можни држави за напад е проширена и со неа. Исто така, минатата година, предизвикаа големи протести во целиот муслимански свет карикатурите на Мухамед кои беа објавени во еден дански весник. Но, и Македонија учествува со свои војници во тие држави. Отвора ли тоа за нас некои прашања? Дали ако се проширува листата на држави кои Ал Каеда ќе ги напаѓа и ние можеме да се најдеме на таа листа? Ова ме потсети на неодамнешното гранатирање на зградата на владата… Зголемената ризичност за нашата држава (ако ја има) треба од наша страна јасно да се потенцира пред меѓународната антитеристичка коалиција. Тоа може да биде дополнителен мотив за нашите сојузници да ни ги отворат вратите во НАТО.

Неделава што следува навршуваат шест години од најголемиот терористички напад што се случил некогаш. Нападот на кулите „Близначки“ во Њујорк беше пресвртница во дефинирањето на многу нешта во меѓународната политика. Загинаа над 2.800 луѓе, ни криви ни должни. Во статистиките за овој немил настан се спомнуваат и над 400 илјади њујорчани за кои се верува дека страдаат од пост-трауматски стрес.

Секој терорист ќе ви каже дека верува во праведна цел. Многумина од нив кога извршуваат самоубиствени напади, заминуваат од овој свет со верба дека одат во рајот. Силината на идеологијата или религиозната затруеност кај нив ја

брише јасната перцепција дека прават злосторство. Токму во однос на нападите од Њујорк, а подоцна и Лондон и Мадрид, можеме најјасно да го насликаме тероризмот како неприфатлив, иако се повикува или оправдува како борба „за слобода или ослободување" од што и да е. Цивилните жртви, обичните луѓе, кои случајно тој момент се нашле на тоа место, не можат да се оправдаат со никаква цел. Ниту во Њујорк, ниту на кое било друго место.

Заглушувачко молчење[29]

Ќе започнам со немилите настани во Ваксинце. Трагедијата од селото Ваксинце и убиството на командирот на полициската станица предизвика експресна собраниска седница. Настан со таква тежина и безбедносни последици треба да се расправа во телото кое е највисок демократски форум на нацијата. Суштината на собирањето на претставници на народот на едно место е токму таа, да се слушнат сите мислења, посебно оние кои се разликуваат. Понатаму, можните тензии да се издуваат низ вербален натпревар и (колку-толку) културно и достоинствено разменување на зборови. Над се', ваква институција претпоставува пласирање на вистинити и издржани тези, ставови… Во реалноста, сосема е спротивно. Дискусијата за терористичкиот напад врз државата заврши како што заврши. Навистина, не знам како да ја дефинирам или коментирам. Секоја помисла на какво било сумирање за работата на Собранието за тој ден е мачна и речиси невозможна.

Да преминеме на мнозинскиот модел, а секој да се натпреварува во точно утврдена изборна единица и број гласачи

Деновиве се отвори нова дискусија, за легислативата поврзана со изборите. Првпат радикално ќе се смени изгледот на Собранието и бројот на пратеници од осамостојувањето на Република Македонија. Се преминува од 120 пратеници на

[29] Број 2492 сабота, 22 септември 2007

133, што е возможно согласно со Уставот. Политичката прагматичност, од една страна, или политичката опортуност, од друга, на овој нов приод кон работите нема да ги коментирам. Тие не се од најзначаен интерес на овој текст. Нема да ја коментирам ниту расправата која прераснува во расправија со бесконечни дискусии без никаква содржина. Ова од едноставна причина затоа што сметам дека нашиот изборен модел е сосема погрешен и несоодветен на држава која пледира да биде демократска, каде што поединецот ќе го заземе централното место во политичкиот процес.

Моделот што се применува кај нас од изборите 2002 година, според мое мислење, не ја зајакнува позицијата на поединецот и не дозволува да се градат силни личности кои би можеле независно да го носат политичкиот процес. Имено, од таа година Македонија премина кон целосно пропорционален модел при изборот на пратениците. Со таквиот модел се фаворизира доминантната позиција на партиите при изборот на пратениците. Тоа значи дека доволно е да си во добри односи со врвот на која било партија која има добар рејтинг на анкетите и влезот во тој дом да ти е загарантиран. Негативната селекција е дополнително засилена, а зборувам за искуството на нашата држава во неколку изборни циклуси, од комплетната неуреденост на политичкиот простор и немањето демократски закон кој прецизно би ја утврдил процедурата на функционирањето на политичките партии. Има ли некој од нас воопшто идеја како функционираат нашите партии и со колкав демократски капацитет ги опремуваат идните државни функционери? Хипотетички го поставувам прашањето: како можеме да очекуваме да зрачи со морал, интегритет и демократски капацитет личност која морала за да стигне на одредена позиција, да ја практицира максимата - наведната глава сабја не ја сече?! Моите истражувања ме доведуваат до заклучок дека допрва треба да се отвори процедура и да се дискутира отворено во нашето општество како за изборниот модел, така и за донесување закон за партии, кој прецизно би ја уредил демократската поставеност во партиите. Како потврда на моите ставови, ве молам да си го поставите прашањето: на колку пратеници од сегашниот состав им го знаете името. А и малкутемина што им го знаете името, при асоцијација на нив,

какво чувство имате? Позитивно? Се сомневам. Сетете се на колку пратеници се сеќавате од претходните четири состави. Хм,а како би можеле.

Досега во нашата држава секогаш се одеше да се поништи се' од претходно, да се изберат нови и непрепознатливи ликови како би можеле полесно да се контролираат. Форсирањето на овој принцип ја засилува позицијата на врвот на партиите, кои не се оптоварени со никакви правила на игра, а ја ослабнува позиција на поединецот. Тој треба да ја усвои подгрбавеноста за да влезе во игра. Затоа веќе е време да созреат барањата (гласни) од поединецот за свое место во системот, за кој ќе придонесува со интелектуален ангажман, со примена на искуства, консултирани и апсолвирани во макотрпен процес на себеизградување. Нека влезат во партиите и политичките форуми поединци кои подостоинствено можат да го дефинираат целиот простор на политичкото дејствување. Оној што може да победи во својата изборна единица, во своето место на живеење, во својот комшилак затоа што има личен, конкретен, морален и прифатен начин на водење на работите - тој може и на државно ниво да ги помрдне за некој милиметар работите напред. Кога ќе знае дека зад себе ја има довербата на граѓаните, нема да влегува во каков било колективитет, со губење на идентитетот - напротив може секој колектив да го засили со својот интегритет. Консеквентно, и системот може да зајакне и да дејствува интегрирачки, место сегашниот колективистичко-партиски кој дезинтегрира.

Моделот што се применува кај нас од изборите 2002 година, според мое мислење, не ја зајакнува позицијата на поединецот и не дозволува да се градат силни личности кои би можеле независно да го носат политичкиот процес.

Да заклучам, потребно е да преминеме на мнозинскиот изборен модел. Секој да се натпреварува во точно утврдена изборна единица, со усогласени бројки на гласачи низ целата држава. Квотата може да се воведе за нашите иселеници, кои редно е и време е да се вградат во политичкиот процес, што само

може да ги мотивира дополнително за политички активизам во државите во кои живеат моментално.

П.С. Мал повод за ова размислување (но, никако од пресудно значење) беше препукувањето помеѓу Јани Макрадули (колумнистот погоре) и младиот јастреб Александар Николовски. Првиот трипати во својата реплика кон А.Н. на расправата за случајот „Ваксинце“ ме спомнуваше во сосема невистинит и некоректен контекст (што не му е првпат). Додека вториот во контрарепликата изјави дека не сакал за такви личности да коментира. На првиот не му се лутам. Неговиот начин на изјаснување им е препознатлив на сите - барем во тоа е конзистентен. Дискусиите и пишаните мислења намерно ги спушта под секое ниво. Еве, јас сум тука присутен, и ако сака нека повели да полемизираме за протестите кои му се ептен омилена тема. Што се однесува на вториот, само сакам јавно да прашам дали неговото откажување од мене е личен став, што можам да го разберам. Или, пак, со неговиот настап сакаше да соопшти став на повисоко тело. Мислам дека имам право да бидам информиран официјално каков е мојот статус преку пошта или и мејл, а не на парламентарна седница на Собранието на РМ. Заслужувам толку?

Целосна парализа[30]

Не е во право Ермира Мехмети во својата последна колумна, кога пишува дека изворот на конфликтот и нестабилноста во Собранието се провокациите на мнозинството. Коренот е многу подлабок. Длабоко сум уверен дека се работи за целосно промашен изборен модел, кој се' повеќе го дегенерира системот. Таа упорно сака да го прикаже настанот како производ „не на внатреалбански конфликт, туку на ескалација на провокациите од страна на владејачката

Голем дел од вработените во МНР не можат да се наречат професионалци или дипломати од кариера

[30] Број 2498 сабота, 29 септември 2007

гарнитура“. На тој начин, ако и' помине тезата, би успеала огромната негативна енергија што ја создаде тепачката во парламентот да ја дивертира кон нивните политички опоненти. Тоа ми изгледа логично на некој начин, затоа што секогаш за се' во Македонија, во политичките пресметки е виновен оној од другата страна. Ретки се настаните, моментите на признание или пројава на желба низ лична акција и пример работите да се менуваат кон подобро.

(пишував минатата недела за ова) на кандидирање послушници и нереализирани ликови кои се подготвени да сторат се' во име на колективитетот. Притоа, под колективитет ставам знак на еднаквост со партија. Неуредените односи во партиите, законски нерегулираните правила на однесување на сите учесници во политичкиот живот - ете како завршуваат! Мене не ми е чудно. Само чекав да видам на кој начин ќе се манифестира ескалацијата и кога ќе се случи.

Кулминацијата на неприфатливото однесување на пратениците треба да биде доволен сигнал за да се менува пристапот на партиите кон оваа институција. Ова се однесува на сите партии. Тие мора да сфатат и изградат однос кон номинирањето на пратениците како сериозна и одговорна задача. Партиите треба да го сменат принципот на кандидирање послушници и нереализирани ликови кои се подготвени да сторат се' во име на колективитетот.

Ако се изземе тепачката во парламентот, како настан на неделата, значајна беше изјавата на премиерот за прифаќање нашите дипломатско-конзуларни претставништва, амбасадорските позиции да се пополнат со вработени во МНР. Велам вработени со МНР, затоа што тешко можам да се согласам дека станува збор за професионалци, како што сака Бранко Црвенковски да ги прогласи. Сите оние што се и површно упатени во работењето на Министерството знаат како е оформувано тоа во целиот период на независноста на Македонија и со каков

кадар е пополнувано. Голем дел од вработените таму никако не можат да се наречат професионалци или дипломати од кариера. Освен ако, како професионализам, се смета блискоста, партиска или семејна со СДСМ. Од целокупниот персонал на МНР најмалку половина се вработени според принципот што го спомнавме погоре. Работата е уште почиста кога станува збор за амбасордорската листа. На тоа поле, на СДСМ многу ретко му се случуваше да има промашување на принципот за партиски дипломатија.

Состојбата пред една година, во време на промена на власта, беше следна. Околу 17 амбасадори од целокупната амбасадорска листа беа делегирани партиски. Потоа, се спомнуваше бројка на седум амбасадори кои, наводно, биле дипломати од кариера. Притоа, ова беше класично фрлање магла во очи на јавноста, со обид сликата да изгледа избалансирана, а амбасадорската листа да делува колку-толку професионално. Но, во реалноста работите беа малку поинакви. Најмалку четворица од спомнатите седуммина „професионалци“ амбасадори беа блиски до СДСМ. Еве само за пример да ги посочам амбасадорите во Австралија и во Франција. Само оној што навистина сака да се самохипнотизира може да се согласи дека нивните позиции не се во релација со партиски математики и блискост со тогашниот државен врв.

Минатата година, во меѓувреме, настана промена на власта. Тоа само по себе мораше да предизвика промена на составот во македонските дипломатско-конзуларни претставништва. Ми се чини дека дел од спроведувањето на програмата на секоја влада е и репрезентирањето на нејзините позиции во странство. Па, сепак, никаква промена не се случи. Напротив, амбасадорската постава остана речиси негибната, освен во широко познатите и експлоатирани случаи на Јордановски и Спасов. Нивната јавна преписка поврзана со партиските работи во СДСМ предизвика нивна смена. Сосема оправдано. Еднаш испратени на таа позиција, амбасадорите се должни да се занимаваат со претставување на Македонија пред државата- домаќин. Спомнатите двајца не го почитуваа тој принцип и затоа јасно беше дека мораат да ги напуштат своите амбасадорски

позиции. Целиот галиматијас по тој случај го искористи за да се претстави како жртва претседателот на државата Црвенковски. Се сеќавате дека излезе пред јавноста и апострофираше дека тоа било прв и последен случај што ќе го прифател на разрешување амбасадори. Дури, се обиде да биде сожалуван. Познавајќи го нашиот менталитет, не се сомневам дека кај дел од аудиториумот предизвикал симпатија.

За жал, применувањето на методи (кои се научно разработени) за перење мозок и предизвикување емоции од јавното мислење кај нас се злоупотребуваат на големо. По прашањето на македонската дипломатска мрежа тоа предизвика тотално закочување на процесот на обновување и пополнување на празните места. Настаните со Јордановски и Спасов му овозможија на Црвенковски потоа да не и' попушта на владата, поточно да ја блокира секоја нејзина иницијатива за создавање поефикасна дипломатска мрежа (која, како и да гледате, секако ќе биде блиска до неа). Резултатот една година потоа е катастрофа во странство на планот на нашата амбасадорска репрезентираност. И, се лажеме ако сметаме дека тоа не е забележано од државите-домаќини на нашите односни ДКП-а.

Искрено, очекував повеќе од новата постава во МНР. Наместо да се забарикадира во кабинетот на министерот и да се концентрира на патувања во странство, можеа да ја затегнат структурата и да ја направат функционална. Често тие патувања немаат никаков ефект за државните интереси (знам за такви, знам и колку чинеле). Дури и околностите им одеа во прилог, но ако се дејствуваше веднаш и со претходно подготвен список на процесни и структурни реформи во МНР. Законот за надворешни стапи во сила дури на 1 јануари годинава. Вакуумот од четири месеци беше сосема доволен да се инсталира структура која има енергија за реформа (поседувам целосно подготвен документ - концепт за реформа на МНР изработен од дипломати со долгогодишно искуство). Ако се сакаше и ако се знае. Сега за сега не гледам дека е така.

Кратко паметење[31]

Ние сме измачен народ и држава. Постојано откако се осамостоивме се соочуваме со отворени непријателства и посегнување по нашите вредности и идентитет од сите страни. Сите наши соседи имаат на своите маси за планирање по нешто што ги врзува за нашата територија, интегритет, име, историја, културни вредности, традиција… Малото историско задоцнување со формирањето на нашата држава довело до појавување на апетити кон ова парче земја од нашите соседи. Да речеме дека за XIX век и донекаде за половината на минатиот век тоа е можеби разбирливо, со оглед на адолесцентноста на човештвото. Ние, како род, растеме и полека созреваме. Стотици генерации се во прашање. Целиот развој, вклучително и пролеаната крв во безброј војни треба да не' научат на нашите грешки и да ни помогнат да станеме и останеме - зрели! Во таков контекст, длабоко навлезени во XXI век, ние се' уште се мачиме со породилните маки на нашата држава. Нашите комшии здушно ни помагаат да останеме мали и недораснати. Прават се', отворено и затскриено, за да не забават. Имаме проблеми буквално со се' и сешто. На списокот се наоѓа црквата, нашите иселени браќа, името… Тешко е човек да се зафати со објаснување, опишување на проблемите и барање на одговори како да се излезе од бескрајниот лавиринт.

Ми беше многу чудно кога Црвенковски реши да заигра на картата на Керим.

Во овој текст ќе се осврнам на проблемот со името и манифестацијата во меѓународните институции. Првенствено мислам на ООН, затоа што во таа организација сме примени под привременото име БРЈМ. Дополнително треба да се позанимаваме со случувањата таму, затоа што по приемот на Македонија во ООН, на начин со кој е направен преседан во дотогашната практика на прием на нови членки, нашето име во сите други институции, како последица е - БЈРМ.

[31] Број 2504 сабота, 06 октомври 2007

Еден бесмислен приговор од страна на Грција, дека името на државата изразува територијални претензии, е уважен од меѓународната заедница. Со тоа на нашата држава и' е нанесена огромна штета на својот пат на етаблирање како рамноправен субјект на сцената на државите. Сакале или не сакале, принудени сме да се објаснуваме и расправаме за нешто што е дел од нашиот избор и нашите потреби. Безброј ситуации сум имал, во меѓународни контакти и средби, во кои сум требал да појаснувам каква е нашата позиција и зошто имаме право да се викаме Македонија. А реакциите варирале зависно од тоа дали има присутни Грци на таа средба или форум. Кога тие отсуствувале, енормно се зголемувало разбирањето.

> Лично ме храбри дека, конечно, можеби созреваат условите за нова резолуција на Советот за безбедност со која ќе се затвори овој наш проблем засекогаш.

Често се прашувам кои им се вистинските мотиви на нашите соседи по секоја цена да ни го негираат името. Тврдоглавоста сега веќе преминува во дегутантност и, според мое длабоко уверување, е контрапродуктивна. Во ерата на масовните комуникации кога за се' може да се дознае и да се дојде до релевантни податоци (да го нагласам примерот на Мјанмар каде што државата насилно ги скрши протестите и заради тоа имаше комплетна цензура во тамошните медиуми. Па, сепак, преку Интернет се отвори огромна дебата и вистинските снимки допреа до сите заинтересирани, практично во исто време кога и се случуваа) на Грција не и' помага репресијата и притисокот. Нашата вистина е несопирлива. Погледнете ги само материјалите кои ги поставуваат на Интернет македонските младинци кои ентузијастички го соопштуваат својот став без разлика на каква било позиција или став на некаква институција или држава. Од друга страна, навистина не ми пречи ако Грците сакаат да се претставуваат како Македонци или, пак, ако сметаат дека некој дел од таа историја е ексклузивно нивен. Слободата која секој од нас може да ја практицира по овие, а и по секои други прашања, дозволува да веруваме во сопствените идоли, икони, догми, заблуди… Но, сето тоа додека на другиот не му е узурпирано истото право. Како што е во случајот со нас - Македонците.

Седумнаесет години се мачиме и објаснуваме за банални работи. Да бидеме искрени по ова тврдење не смееме да генерализираме во никој случај. Имаше во текот на сите овие години ликови (посебно во политичкиот живот) кои немаа некој посебен ангажман во заложбите да си го одбраниме името. Некои дури и го аминуваа нашиот прием во ООН со референцата. Не помина толку многу време (бреме) за да заборавиме кој ја водеше тогаш државата, кој беше премиер. Токму затоа ми беше многу чудно кога Црвенковски реши да заигра на картата на Керим. Неговата „храбра“ изјава „со или без вашите забелешки, името на мојата земја е и ќе биде Република Македонија“, без малку ќе не' хипнотизираше, вознесеше. Само да немавме паметење. Црвенковски направи огромна грешка со намерата да спечали поени за самопромоција во заштитник на името на нашата држава или, ако сакате, заштитник на кој било национален интерес. Негово легитимно право е да се обиде да направи нешто, но исто така наше легитимно право е да го потсетиме дека имал досега многу можности да биде вака цврст, а да не испадне несериозен.

Се прашувате зошто го критикувам неговиот настап пред Генералното собрание на ООН? Убеден сум дека господинот Црвенковски одамна нема кредибилитет да се претставува како заштитник на македонските национални интереси. Некој ќе рече дека тој само ги повтори зборовите на господин Керим. Точно. Ги повтори зборовите на Керим. Но, помеѓу нив двајца стојат огромни разлики во приодот токму на ова прашање. Лично сум присуствувал на воспоставувањето дипломатски односи на Македонија со две латиноамерикански држави, во времето кога наш амбасадор во ООН беше токму Керим. Станува збор за 2002 година. При воспоставувањето на односите и потпишувањето на протоколите, Керим секогаш инсистираше да биде признаено уставното име на Македонија. Во спротивно, не прифаќаше воспоставување дипломатски односи. Секако, ригидноста на таа позиција ја нивелираше со шарм и искуство, како и со личните познанства. Тие тогаш резултираа со зголемување на бројот на држави кои не' признаваа со нашето уставно име. А деновиве тоа (неговите долги години познати ставови) му дава кредит, кредибилитет, претходно познати и влезени во

целокупната негова дипломатска активност и досие, да ги презентира нив од позиција на претседател на Генералното собрание.

Лично ме храбри дека, конечно, можеби созреваат условите за нова резолуција на Советот за безбедност со која ќе се затвори овој наш проблем засекогаш. Околу можностите во таа насока во некој наредeн текст.

Геноцид(ите)[32]

Во овој текст ќе се осврнам на ерменскиот геноцид и резолуцијата што се усвои во Комитетот за надворешни работи на американскиот Конгрес. Настанот е особено значаен за меѓународните односи во овој дел од светот и со потенцијал да предизвика одредени поместувања на теренот. Сметам дека има одредена тежина и можни импликации и за Македонија дека отвора нови можности за дејствување кога станува збор за македонското прашање (кое како да е забранета тема за сите нас). Нејсе.

Бројките го кажуваат следново. Масакрот врз Ерменците се случува меѓу 1915 и 1917 година. Се претпоставува дека во тој период се убиени или депортирани околу еден и пол милион луѓе од страна на турските авторитети. Самата бројка е застрашувачка. И овој случај се третира како еден од најголемите геноциди во историјата на човештвото. Некои дури нагласуваат дека по холокаустот, ова е најистражуваниот и најдобро документираниот геноцид. До денеска, 22 држави овој геноцид официјално го признаваат. Меѓу нив се и држави кои се влијателни во меѓународните работи: Русија, Франција, Канада, Белгија,

Каква е разликата меѓу убиените/раселените Македонци и Ерменци, зарем нашиот геноцид треба да се премолчи?

[32] Број 2514 сабота, 20 октомври 2007

Италија, Австрија… Сега полека во редот се приклучуваат и САД. Овие факти се нашироко познати и многу добро презентирани на Интернет. Секој заинтересиран може само со еден клик, пишувајќи „ерменскиот геноцид“, да дојде до над сто илјади извори на таа тема. Тешко е да се претпостави дека можеме да придонесеме со нови аргументи во таа дискусија, гледано од наша преспектива.

Па, сепак, некои поуки можат да се извлечат. Она што е уште позначајно, е што низ примерот на тој ужасен геноцид може да се презентира и нашиот геноцид. Многумина ќе останат со прашалници за каков геноцид јас сум се дрзнал да пишувам, но тоа не е доволна причина и да не пишувам. Но, за тоа малку подолу.

Една од тезите што се појави деновиве во македонскиот печат е дека политичарите не можат, односно не треба да стануваат историчари. Со неа до сите нас се праќа порака дека темата „ерменскиот геноцид“ е политизирана, односно дека се извлекува од историскиот контекст и со самото тоа ја губи својата објективност. Понатаму, ова за сите нас носи уште една порака која треба да ја примиме на потсвесно ниво, дека политичарите не ги бидува, дека работите само ги усложнуваат и никако не ги решаваат (иако ова тврдење не е далеку од вистината). Паролата која низ целиот тек на „течни“ размисли се протнува е - дали политичките резолуции и декларации се вистинскиот инструмент за давање историски судови. Притоа, секако, се игра на чувствата на нашиот народ, кој изгорен од „политичките елити“ во последните 62 години нема видено светла и оптимистичка перспектива за себе и за својот пород. Чудно е како ликови кои акумулираат повеќе функции (самопрогласени специјалисти за се' и сешто), без да одат на каков било избор и потврда од јавното мислење, можат вака жонглерски да играат на колективната свест. Уште почудно е како можат својата игра да ја протнуваат на секоја власт и

> Наспроти повиците за пасивност и негативно расположение, наспроти ширењето на дефетизам (доста веќе еднаш!), од меѓународните случувања може да извлечеме и некоја поука. Предлагам активизам.

по потреба да бидат „политички дисиденти“, секогаш и секогаш само за сопствена корист.

Како и да е, ако генерализацијата е насочена кон македонскиот парламент, тогаш е возможна и оправдана. Но, кога е во прашање американскиот Конгрес и ерменскиот геноцид, состојбата е сосема поинаква. Кај нас се можни импровизации. Ги гледаме секој ден. Додека, пак, во американскиот Конгрес работите стојат малку поинаку. Само за поткрепа дека не можеме универзално да одиме во хипрегенерализација, ги наведувам следниве факти поврзани со геноцидот на Ерменците. Имено, повеќе меѓународни реномирани организации имаат направено истражувања за случајот. Меѓу нив се наоѓа и Поткомитетот на Обединетите нации за заштита од дискриминација и за заштита на малцинствата. Годинава 57 Нобелови лауреати потпишаа писмо реафирмирајќи ја ситуацијата како геноцид. Потсетувам дека и европскиот парламент го третира овој проблем како геноцид. Всушност, овој случај е широко и темелно проучен и легитимиран од поширокаата научна заедница како геноцид. Политиката (22 држави кои го препознаваат официјално) само бавно напредува низ геополитичките интереси, поврзани со реалполитичката проекција на сопствените интереси на одредени држави. Затоа, останува по малку чудно што се оспорува легитимитетот на политичарите да се произнесуваат за ова прашање.

Мојата поента во овој текст е дека, Контекстуално сакам да ги поставам следниве прашања. Што станува со МАКЕДОНСКИОТ ГЕНОЦИД на ова поле? Има ли македонски геноцид? Колку Македонци во истиот тој период се убиени и раселени кога се парчеше и делеше македонската територија. Мислам на балканските војни и на 1913 година. Тоа е приближно истото време во истата државна творба - Отоманската Империја. Или можеби грешам? Можеби никогаш и не се случило тоа? На тоа ниво, која е разликата меѓу убиените/раселените Македонци и Ерменци. Зарем нашиот геноцид треба да се премолчи. Ако е така - зошто?

Наместо да се занимава нашата дипломатија со самата себе, со тоа кој каде да се испрати на одмор и длабока сенка, треба да излезе со концепт како да се отвори пред меѓународната заедница, пред стручната светска јавност расправа, дискусија за тоа зошто Македонија е проблем за Грција. Да видиме дали Македонија ја украла грчката историја или станува збор за сосема обратна ситуација. Нека истражат независни институции што велат историските факти за делењето на Македонија. Дајте без страв и жалење да предложиме, како организирана држава, да се прегледаат договорите што ја распарчија природната и неделива македонска територија. Сето тоа без намера да се создаде тензија и ревизија, ами за покој и вечен мир на настраданите, како и за сатисфакција на секоја наша наредна генерација. Со ладна глава. Треба само да се зборува. А дипломатијата треба да го канализира и презентира тоа во смирен и спокоен манир. Можеби резултат нема да има сега и веднаш, но снежната топка ќе се придвижи.

Нова студена војна[33]

Мојата мала провокација во минатонеделното мислење, вградена како предлог за разгледување на македонскиот геноцид, од времето на балканските војни и поделбата на Македонија, предизвика различни чувства и коментари. Намерно го отворив во контекст на ерменскиот геноцид, кој деновиве се појавува како значајна тема во меѓународната политика. Заднината на ерменското прашање е многу слична на македонскиот проблем. Токму затоа сметав дека низ компаративен пристап може да се укаже на тоа како организирани држави и народи работат на прашања поврзани со големи историски трауми.

Лошата позиција на администрацијата на Буш на секаков начин се искористува за промена на балансот

[33] Број 2519 сабота, 27 октомври 2007

Многу често кај нас се користи аргументот дека историјата треба да се остави настрана. Затоа што во неа имало многу ровови и ќе сме паднеле во некој од нив, без надеж да излеземе набргу. Меѓутоа, со колективното амнезирање, се доведуваме во состојба денешните проблеми да не можеме аргументирано да ги втемелиме во нашите позиции. Немајќи на што да се потпреме (а самите доброволно бегаме од историската аргументација), останuваме во неповолна ситуација кога треба да го објаснуваме нашето право да го користиме името Македонија, да имаме наша историја, наш јазик. Ова не е евтин популизам. Немам зошто да пласирам популистички пораки. Иако за многумина е најлесно некое стојалиште да се денунцира со прогласување на тоа за евтин патриотизам или, пак, популизам, уште еднаш во ова мислење ќе кажам - изворот на најиздржаните аргументи за сите наши позиции може да се најдат во историските факти. Ако на меѓународната заедница и' се покаже и докаже дека оваа држава и народ имаат историска премиса за постоење, дека поминале низ голема голгота многу генерации, тогаш полесно ќе се одбрани и нашата позиција за името и презимето, како наша лична карта за идентификација. Во спротивно, заглавуваме во некои наши ровови, упатени сами на себе. Моја обврска е да го кажам моето мислење. И од тоа немам намера да се откажам. Никој не вели дека по тој пат ме очекува само рајска градина.

Една од последиците во овој момент, која има значење за целиот регион, вклучително и нашата држава, е заоструваното на односите помеѓу двата силни сојузника Турција и САД. Моментно лошата позиција на меѓународен план на администрацијата на Буш започнува на секаков можен начин да се искористува за промена на балансот во тој дел од светот.

Дозволете да се навратам на ерменскиот геноцид. Минатата недела ги прикажав активностите што таа држава ги прави за овој настан да го добие местото во светската историја, што тие сметаат дека е соодветно. Но, тоа е само една страница од паричката. Во врска со ова прашање постојат и други перспективи кои истовремено се отвораат. Пред нас, во тој дел од светот (не

толку далеку од нас гледано географски) се распослаа силни меѓудржавни конфронтации, кои се дел од затегнувањето на односите на политички план, при што одлуката на Комисијата за надворешни работи на американскиот Конгрес, препознавајќи го ерменскиот геноцид, ги отвори, поточно ги засили. А тоа може да биде опасно. Имено, Турција во овој период има натрупано над сто илјади војници на границата со Ирак. Курдските бунтовници минатата недела убија над десет турски војници од заседа. Тоа резултираше со рекорден број турски доброволци на пунктовите за мобилизација, кои сакаат да бидат дел од идната пресметка со курдските герилци.

Најавено е турско воено навлегување во територијата на Ирак заради справување со курдските бунтовници. Со оглед на тоа дека операциите во Ирак се под ексклузивна надлежност на САД, овој потег на Турција тешко дека ќе имаше поткрепа ако не се влошеа нагло односите меѓу овие две држави. Изгледа речиси како по терк изработена задача (во рамките на теоријата за светски заговор) отворањето простор за создавање нов голем конфликт. Истовремено, цената на нафтата на светските берзи урива рекорди. Оваа недела беше пробиена неодамна незамисливата цена од деведесет долари за барел.

Дополнително, иранската армија се заканува дека е подготвена да нападне американски воени цели во регионот со 11.000 ракети. Бројката е сериозна и предизвикува внимание. Иран, користејќи ја ослабената позиција на САД, продолжува да работи на своите нуклеарни истражувања. Ако во тој процес успее да дојде до нуклеарна бомба, тогаш речиси е сигурен општ судир во регионот и напад врз Израел. Вака согледана состојбата, базирана на расположливите информации, упатува на зовривање на работите.

Згора на се', Путин го посети Иран. Направи преседан во нивната меѓудржавна комуникација. Прв пат во шеесет години на највисоко ниво е посетен Иран од страна на руски водач. Не верувам дека посетата не е симфонијално планирана и изведена. Се чини дека на овој начин Путин на најјасен начин го

манифестира руското кршење (или обид за кршење) на своето потиснување на четириесеттиот степен хоризонтално. Русија веќе направи обид за прекинување и на дваесеттиот степен вертикално, спротивставувајќи се на прогласувањето на Косово за држава. Досега, како што може да видиме, успева во своите настапи. Деновиве пристигна уште една потврда за тоа. Имено, најавено е преразлгедување на американските планови за инсталирање на ракетниот штит во Полска. А Полска, да потсетам, се наоѓа на истиот степен по вертикала (потиснување!), како и Косово. Можните импликации врз светските работи од овие нови руски манифестации ќе ги разгледаме во некој наредeн текст. Сега ги споменавме во контекст на долевање на понатамошното комплицирање на состојбата во Ирак, Иран и во Турција. Ви личи ли ова на нова студена војна?

За нас[34]

Некои текстови, зависно од својата конкретност, се очекува да бидат дочекани ладно, со негодување или пак денунцирање. Доколку третираат теми кои се поврзани со историски, општествени или пак идеолошки трауми, со сигурност може да се предвиди дочекување „на нож“ од разни заинтересирани, инволвирани, загрижени. И тоа не е воопшто неприфатливо. Согласно со тоа, пред оној што пишува се поставува дилемата како да се пишува и која е доволната оправданост за да се произнесеш за одредено прашање?

Во Македонија малку се пишува и дебатира, нема којзнае каков плурализам на мислења и полемики

Во Македонија малку се пишува и дебатира. На прсти се бројат оние што се произнесуваат за прашањата од животот, политиката и општествените прилики (и неприлики). Често се прашувам зошто е тоа така? Ги прелистувам сите дневни и неделни весници. Нема некој којзнае каков плурализам на мислења, дебати и

[34] Број 2525 сабота, 03 ноември 2007

полемики. Никој со никого не разменува, се разбира, на цивилизиран и културен начин, ставови и позиции. Се чини, дека многумина кои си се мислат за интелектуалци и ангажирани личности, секогаш кога околностите не се наклонети, преминуваат, транзитираат кон маргините. И тоа доброволно. Па затоа, во невреме, имаме сосема нејасен отворен простор, нема патокази, нема идеја, нема дури ни грешење (кој не се обидува не ни греши).

Имајќи ги предвид овие премиси, претпоставки кои треба сам да ги апсолвирам пред да одлучам да пишувам и јавно објавувам одредени мислења, и јас бев во дилема дали воопшто да се нафатам со таа одговорна задача. Можев, наместо тоа, да си седам настрана и преку блогот да фаќам сеир. Кога ми се сака да се идентификувам со име и презиме, а кога не, да си се претставувам со псевдоним. Заштитен со псевдонимот, би можел да коментирам како што сакам, без правила, без лимит и секако без бонтон (како што прават многумина). Кај нас општо правило е да се настапува анонимно. Благопријатно е. Оние, пак, што се носители на јавни функции никаде ги нема. Одговараат и комуницираат кабинетски или мислењата и колумните им ги пишуваат партиските активисти, кои се надеваат преку тоа дека ќе влезат во милост на повисоките структури, ќе напредуваат… Кругот на тој начин е затворен, змијата си го јаде опашот - што е симбол на застој, затвореност, ретроградност. Понекогаш се прашувам кој и зошто не' затвори во оваа кутија од која нема излез. Како да е сето ова еден голем експеримент и некој не' гледа одозгора како се кошкаме и уништуваме.

Има и уште еден тип на колумнисти, односно мислители кои редовно се појавуваат во весниците. Тие се активисти по нарачка. Повеќето од нив пишуваат по автоматизам, со единствена задача да се појават неделата што трае, изминува, и да си додадат плус на календарот. Знаат дека партиските властодршци не ги читаат весниците (бидејќи од преголемата зафатеност со разни преговори и договори, секојдневно се затрупани преку глава), туку само ги

прелистуваат насловите и ги гледаат сликичките. Многу ретко ги читаат и поднасловите, но само ако се ептен во добро расположение. Според тоа, погоре спомнатата категорија колумнисти знае дека за да биде и остане во милост на „врвот“, доволно е само редовно да пишува. Ова по правило мора да е безлично и на небитни теми. Или, пак, ако темите се битни (не сум сигурен што е битна тема во Македонија, бидејќи и за тоа имаме наметнувања според потребите на тесни елити), тогаш ставовите кои се изнесуваат мора да се млаки, рамнодушни, да не бранууваат, по можност да се факти кои на индиректен (ама и директен) начин ја потврдуваат „сложената мисловна конструкција“ на шефот. Во суштина, да не донесат ништо ново. За да не може никој да ги повика на дебата за тие ставови или, пак, да извлече некаква позиција која може да се критикува или кон неа да се гради однос и дискусија.

Како да се снајдеш во ваков процеп. Досега често ми се јавувала потреба да потенцирам, но сега пишувам дека моите мислења не се партиски. Никој не ми наложува за која тема да пишувам. Не подлегнуваат на цензура или претходно одобрување. Иако, и со цензура сум се соочувал. Не знам ни како да го опишам чувството. Тоа е средба, на некој начин, со грдото лице на Левијатан и целата негова машинерија. Едноставно, зачудува колку луѓето се склони и податливи кон инструментализација. Мултипликацијата, бидејќи никој не и' се спротивставува, оди до најситните пори на општественото организирање. Конформизмот победува наспроти активизмот.

Сум зборувал со неколкумина колумнисти на оваа тема. Тие велат, не заморувај се воопшто и не ги читај штапските коментари. Хм… Можеби се во право. Можеби и не треба да ги читам. Да ги игнорирам? Ама нели е тоа на некој начин нивна потврда? Или, пак, ако им одговорам - ги потврдувам?

Кога не му се допаѓа на некого она што го пишувам, веднаш се јавуваат, веќе спомнатите, анонимни коментатори. Сум зборувал со неколкумина колумнисти на оваа тема. Тие велат, не заморувај се воопшто и не ги читај

штапските коментари. Хм… Можеби се во право. Можеби и не треба да ги читам. Да ги игнорирам? Ама нели е тоа на некој начин нивна потврда? Или, пак, ако им одговорам - ги потврдувам? Овие дилеми често се мотив за мислење и премислување. Зошто да не се препуштам на конформизмот. Да си стојам настрана. Да си гледам за себе. Не е ли мојот свет доминантен и најважен? И моето опкружување. Што е тоа што може да биде доволен мотив за јавен ангажман и изложување на сите злонамери?

Еве што е доволен мотив за ангажирање - Македонија. Мојата татковина е мојот свет. Кога е таа во прашање не постои пречка што е непремостлива, не постои предизвик што не е прифатлив. Кредо на сите испишани зборови и на сите мои објавени мислења е - Македонија. Уште пред протестите во 1997 година, кога државата беше раководена тоталитарно и недемократски, кога лепевме плакати и делевме флаери со надеж и младешки занес дека нешто менуваме - една беше нишката што спојува се'. Патриотизмот. Љубовта кон татковината. Тоа е непроменето и денеска и ме мотивира да продолжам. Да не се предавам. Напротив, да се чувствувам посилен. И затоа ќе продолжам. Не застанувам.

П.С. Мислењево не е отпорно на консумирање, коментирање, денунцирање и отфрлање со флоскулата „меланхолија и патетика“. Подготвен сум да го понесам тој ризик.

Значајна мисија[35]

Идната недела се навршуваат 62 години од постоењето на градската библиотека “Браќа Миладиновци”- Скопје. Оваа годишнина е добар повод да проговориме малку за историјатот на библиотеката, но и да споменеме за состојбите во кои се наоѓаат нашите библиотеки генерално, како и да предложиме

[35] Број 2531 сабота, 10 ноември 2007

некои понатамошни чекори кои се можни, а неопходни за развој на овој тип културни институции.

Често пишувам дека ние како држава и народ сме оспорувани по сите можни основи. Дека сме нова нација, создадена со одлука и поради потребите на некој, а за сметка на некој… Аргументите, при тоа, никогаш не се издржани, туку се популистички и за потребите на пропагандата во сопствениот атар, а за оправдување на геноцидот извршен во минатото врз мојот народ. При самото "дрзнување" да споменеме дека врз нас, како народ, е извршен терор од незапаметени димензии веднаш се јавуваат вакви или онакви гласноговорници, подобро кажано трабанти кои со сета сила се обидуваат да не замолкнат, надевајки се дека со тоа ке ја уништат тажната вистина "за нас". Годишнината на градската библиотека јас ја гледам како светло кое ја растура маглата. Имаме 62 години традиција која никој неможе да ја оспори или собори. Таа традиција има пуштено здрав корен во свеста на македонецот кој чита и се надградува секојдневно. Но и кај целата македонска популација.

Годишнината на Градската библиотека „Браќа Миладиновци" ја гледам како светло кое ја растура маглата

Имаме 62 години традиција која никој неможе да ја оспори или собори. Таа традиција има пуштено здрав корен во свеста на македонецот кој чита и се надградува секојдневно. Но и кај целата македонска популација.

Почетниот книжен фонд на Библиотеката изнесувал 3500 книги, од кои 500 книги припаѓале на детската литература. Еден дел од почетниот книжен фонд од Градската библиотека е преземен од остатокот на книжниот фонд на Јавната библиотека на град Скопје (која работела во Скопје од 1935 до 1940 година како режимска библиотека на српскиот окупатор во Вардарска Македонија), а дел бил подарок од граѓаните на Скопје.

Почетните години на работењето забележан е скромен пораст на книжниот фонд. Со определувањето на Градската библиотека за буџетска установа во 1955

година се обезбедува траен финансиски извор кој е од особено значење за водење на квалитетна набавна политика. Така, по изминат десет годишен период, односно во 1956 год., книжниот фонд е зголемен на околу 30.000 книги и 131 наслов на весници и списанија.

Значаен период од работата на Библиотеката е периодот од 1953 до крајот на 1955 год., кога сите библиотеки во Скопје се под заедничка управа, односно сите се под управата на Градската библиотека. Градската библиотека се грижи за набавката и обработката на книжниот фонд и неговото донесување до библиотечните клонови низ градот, за кадарот, за отворањето на нови библиотечни клонови и за сите други потреби.

Од страна на Собранието на град Скопје, во 1962 год. Библиотеката, е определена за матична библиотека на подрачјето на град Скопје. Оваа функција Библиотеката ќе ја врши се до 1974 год., односно до интеграцијата на самостојните библиотеки во Скопје. Градската библиотека се спојува со другите самостојни библиотеки на општините на град Скопје, односно со библиотеките „Цветан Димов“, „Страшо Пинџур“ и „Другарче“, а новоформираната установа се формира под името Библиотека „Браќа Миладиновци“.

Градската библиотека во Скопје е формирана меѓу првите културно-просветни установи во градот, во година, веднаш по ослободувањето на градот од окупаторите. Во месец март е донесена одлука за формирање народна библиотека, а во ноември истата година, по извршените подготовки, Библиотеката е пуштена во употреба...

Интеграцијата ја затекнува Градската библиотека во новата зграда на ул. „Партизанска“ со 2600 м^2. Библиотеката најнапред е сместена во дел од зградата на ОУ „Гоце Делчев“, во близина на плоштадот „Слобода“ со 200 м^2. Во земјотресот Библиотеката е оштетена и истата е преместена во монтажна барака, зад „Универзална сала“ , на 520 м^2, и во неа останува до 1973 год. При крајот на 1973 год. Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ е преселена во новата библиотечна зграда на ул. „Партизански одреди“, во 2600 м^2, наменски изградена

за Градската библиотека. Понатаму со текот на времето се развива широка мрежа од подрачни библиотеки, во градските и селските населби, а одреден број селски населби се посетуваат со подвижен книжен фонд -БИБЛИОБУС.

Книжните фондови во Библиотеката бележат перманентен годишен пораст. Во 1978 год. вкупниот книжен фонд на Библиотеката изнесувал 510.147 книги, 387 наслови на списанија и 138 наслови весници. Овој позитивен тренд Библиотеката успева да го одржи се до 1992 год. кога поради промените во општествено-политичкиот систем доаѓа до поместување на системот на финансирање на културно-образовните институции. Така, прирастот е незначителен и во 1993 год. книжниот фонд изнесува 848.449 книги.

Денес книжниот фонд на Градската библиотека изнесува околу 1.500.000 книги, публикации и друг вид библиотечен материјал. Целокупниот книжен фонд на Библиотеката централизирано, стручно се обработува и се доставува до мрежата од подрачни библиотеки. Ваквиот организиран пристап овозможува рационално и економично работење, а исто така и единственост во стручната организираност на библиотечните каталози. Развојот на дејностите на Библиотеката, ширењето на мрежата и збогатувањето на книжните фондови е соодветно поткрепувано од стручно оспособен библиотекарски кадар.

Библиотеката, денес, извршува библиографско-информативна дејност ја развива и ја унапредува библиотечната продукција во градот, набавува, истражува, собира, стручно обработува, информира, презентира, популаризира и дава на користење библиотечен материјал.

Овој текст беше мала реминисценција на нашата традиција во областа на библиотекарството. Идната недела ке продолжам со поновите трендови, можностите кои ги нудат глобалните средства за комуницирање, како и за тоа како ние се прилагодуваме кон тоа. Ке дадеме и предлози за унапредување на библиотекарството во Македонија, кое секако би било во интерес на граѓанството. Честита годишнина!

Убави годишнини, тешки времиња[36]

Пред некој ден ја одбележивме годишнината на Градската библиотека „Браќа Миладиновци“. Беше тоа убав настан. Се потсетивме на настаните кои ја одбележаа годината што помина. Истовремено ја овековечивме нашата соработка со над 20 разни културни институции, доделувајќи благодарници. Тоа е една убава форма на комуникација која, според мене, го подигнува нивото на културата и цивилизираноста едно скалило повисоко. Ќе се согласите, во моментов, во нашата држава тоа е повеќе од потребно. Само мало загледување кон политичката арена го препотврдува тврдењево. Но, тоа во ова мислење не е предмет на интерес.

> Со моето доаѓање во библиотеката, пред две години, прво се зафатив да ја скенирам состојбата поврзана со имотноправните состојби, како и да утврдам во каква состојба се објектите во кои работиме и даваме услуги на граѓаните. Да потсетам, по последните локални избори, првпат оваа дејност, односно библиотеките преминаа во надлежност на Градот Скопје.

Минатата недела најавив дека ќе дадам мислење за тоа каква е состојбата на нашите библиотеки и што е неопходно да се направи за да се поместат работите нанапред. Оваа е значајна новина затоа што претходно сите библиотеки беа во надлежност на државата и со тоа подалеку од едно децентрализирано и ефикасно управување. Преминувајќи под надлежност на градот Скопје, всушност, направен е чекор својствен и вообичаен насекаде во цивилизирана Европа. Услугите на оваа јавна установа се приближени до граѓаните во средината во којашто живеат и работат. Мислам дека на законодавецот тоа му била идејата и намерата.

Сепак, реализацијата на замисленото не се одвива секогаш според планот. Во меѓувреме, се покажаа на видело слабостите на законот поврзани со библиотеките. Иако децентрализирани, библиотеките ги добиваат

[36] Број 2537 сабота, 17 ноември 2007

централизирано средствата за плати на вработените. И секое вработување или зголемување на бројот на вработени е поврзано со потпис на министерот за финансии. Тоа практично значи дека е скоро невозможно да се разреши проблемот на вработувањата во целата структура на библиотеките во Скопје. А станува збор за 21 библиотечен клон и една подвижна библиотека - библиобус. Бројкава не случајно ја изнесувам. Имено, пред десетина години во оваа сложена структура работеле околу 130 вработени. Текот на времето го прави своето и дел од нив заминуваат во пензија. Денеска бројката на вработени е 86, што е намалување изразено во проценти од околу 35 отсто. Обемот на работа е значајно зголемен, а бројот на вработени е драстично намален. Се согласувам дека секогаш работниот потенцијал и ефективните работни часови можат да компензираат намалување на број на вработени. Тоа е платформа која е легитимна. Навистина и треба да се работи во таа насока. Ама секое затегање на ременот е можно само до одреден степен, потоа станува контрапродуктивно. Ние се наоѓаме на граница од преминување во таа контрапродуктивност.

Две години праќам писма до министрите за финансии. На претходниот и на сегашниот. Постојано барам да се одобрат вработувања. Тие би придонеле за подобар квалитет на услугите и за повеќе задоволни граѓани на Скопје, се разбира, оние кои се заинтересирани за ваков тип услуги. Со последното писмо барам најмалку 5 вработувања кои би послужиле да се зајакнат одредени активности, кои се неопходни за нормално работење. Во интерес на вистината, досега ми беше одговорено само еднаш позитивно, од сегашниот министер. За тоа сум повеќе од благодарен. Сепак, тоа не е доволно и затоа се' додека сум во библиотеката ќе праќам писма и ќе барам да се одобруваат нови вработувања. Потајно се надевам дека и овој текст можеби ќе придонесе да се промени односот кон Градската библиотека и ќе се одговори позитивно на барањето. Ми останува да се надевам (dum spiro spero).

Има уште еден аспект на библиотечните работи што сакам да го допрам со овој текст. Имено, за наредната година е најавено намалување на буџетот на

институциите од областа на културата. Обемот на намалувањето е околу 15 отсто, односно враќање на состојбата од 2005 година. Да појаснам, со овие пари се плаќа се', од режиските трошоци, преку одржување на објектите, па до програмските активности, промоции и купување книги. А во овие две години, ќе се согласите, доста се покачени, процентуално, сите режиски трошоци. Од друга страна, буџетот на државата за идната година, како што видовме неделава, е проектиран на рекордно високо ниво. Затоа не гледам логика да се намалува или враќа на ниво од 2005 година буџетот на културните институции во Скопје. За да нема недоразбирање, да појаснам, иако институциите од областа на културата се децентрализирани, тие практично целосно се во надлежност и зависат од централната власт. Тоа го вклучува и буџетот на институциите.

Државниот буџет во одредени раздели секогаш останува неискористен, поседува планирани резерви и затоа предлагам да се направат нови пресметки и да им се овозможи на повеќе институции од областа на културата да имаат повеќе можност да се занимаваат со основната дејност за која постојат, наместо да се грижат цело време дали ќе успеат да го платат парното греење или дали ќе имаат пари за купување дрва за огрев.

П.С. Иако беше појаснето дека пишувањата на еден наш колумнист не се поврзани со Градската библиотека, поради димензијата на хроничност, истакнувам дека библиотеката не прима или добива никакви партиско-комесарски директиви за купување книги.

Вистината за уставното име на Македонија[37]

Подолго време најавувам и се подготвувам да прокоментирам околу нашето уставно име и состојбата која како држава и народ не' измачува речиси една и пол деценија. Ние како нација сме ставени во специфична состојба пред Обединетите

[37] Број 2543 сабота, 24 ноември 2007

нации, но и сите други меѓународни организации. Наместо име имаме референца (поради национална гордост не сакам ниту да ја спомнувам - ја знаете!). Ќе се согласите сето тоа, процедурата, меѓународната состојба и притисок коишто ги трпиме секојдневно изгледаат фрустрирачки. Наместо да се занимаваме со напредок на државата, нејзино етаблирање, продлабочување на соработката со државите кои ни се наклонети, ние цело време енергијата ја растураме на докажување дека имаме право да се викаме, како што се викаме. Состојбата е апсурдна од секаков можен агол. Токму затоа многу држави, администрации, народи и интересни групации го имаат надминато овој наш проблем со едноставното препознавање и признавање на нашето право - да се викаме како што сакаме.

Македонија, за да го затвори ова прашање, својот активизам треба да го насочи кон Британија и Франција

Деновиве во „Утрински“ излезе во 4 продолженија фељтон на тема „уставното име на Македонија“. Авторот Никовски, кој е дипломат, се обидува да одговори на тоа како и со што сме се соочиле на меѓународното етаблирање на државата, поврзано со проблемите за името и со нашиот јужен сосед Грција. Притоа. тој употребува еден амалгамски метод на презентирање на букетот проблеми, според принципот на избирање на цветот кој во моментот најубаво мириса или ни се гледа како најшарен. Површно се допрени принципите и теоријата на меѓународните односи, како функционираат тие и кои се можните магистрали од теориската подлога и познатите искуства. Секако, легитимен е изборот на приодот при пишувањето на секој од нас. Особено кога станува збор за ваква тема и тоа е многу потребно да се пишува, објаснува и доближува до поширокатa јавност. Сите ние сме посебно заинтересирани да дознаеме малку повеќе од личностите како Никовски, кои во процесот на меѓународното етаблирање на Македонија имале историска можност да учествуваат и придонесуваат од поблиску.

Ова болно прашање до ден-денешен не е доволно разјаснето на македонската јавност. Колку пати по два месеца поминаа оттогаш? Ме интересира ,всушност, што се случило навистина и зошто не се публикува материјал за создавање историска граѓа? Затоа на овој фељтон му пријдов со голема сериозност и компаративно анализирање на фактите (дел од нив се во архивите на македонското МНР) во споредба со изнесените тврдења.

Во тој контекст не е коректно да се изјавува дека авторот на фељтонот никогаш не дозволувал да се спомнува референцата, кога тој комуницирал со неговите соодветни колеги. Тоа е најблаго речено некоректно презентирање на настаните. Можеби е потребата за нова вистина. Ако е така, може да биде делумно оправдано, но само додека при обидот за перење на вината не се инволвираат држави со насочување на прстот кон нив. Во тој случај самите си ја переме одговорноста, а обвинуваме конкретна држава, значаен сојузник и евентуален поддржувач на нашите идни чекори. Станува збор за Германија.

Посебно објавата (со целосна одговорност) на тогашниот претседател Глигоров дека референцата е привремена и ќе се користи само два месеца. Всушност, сосема подруг процес се случил во тоа време, при приемот на Македонија во ООН. Процесот е целосно скриен од јавноста и таа е намерно дезавуирана, односно упатена да се надева дека навистина станува збор за период од два месеца до освојувањето на нашето неотуѓиво право за користење на уставното име во меѓународната комуникација.

Никовски бара од Германија „силна поддршка како надомест за огромната штета што ни ја има нанесено”?! Тој го наведува податокот дека германскиот министер за надворешни работи, Геншер, спречил признавање на Македонија и со тоа го урнал извештајот на Бадинтеровата комисија? Повторно прашалник. Дали е тоа сосема така? Упатените знаат дека Германија не кумува на референцата, односно дека таа не е нејзина измислица. Напротив, во интерес на вистината, референцата е измислена во Британија. Ексклузивен кум, според тоа, е Британија. А, случајно или не, тогаш во таа држава

македонски амбасадор беше токму господинот Никовски. Интересна коинциденција. Проценете сами. Сепак, ова непобитно покажува дека вистината намерно се искривува. Потребите за тоа не ми се јасни докрај. Можеби Никовски сака да и' контрира на сегашната влада, затоа што кружат некои мислења во јавноста (не сум убеден!) дека нејзините експоненти се блиски со некои германски политички кругови. Симпатичен е неговиот занес и вдахновеност, па затоа може да не ја земаме за сериозна грешката и инсистирањето да му се укаже на Бон како стојат работите. Всушност, Берлин е веќе 10 години престолнина на Германија.

Да се вратам на улогата на Германија која се инструментализира во овој случај. Не е јасно зошто Никовски пропушта да нотира дека Бадинтеровата комисија која го предложи признавањето на Македонија ја раководи Германец. Станува збор за Роман Херцог кој, во својство на претседател на германскиот Уставен суд, го потпишува извештајот и со тоа на нашата држава и' дава неопходна потпора да се бори за свое меѓународно етаблирање. На почетокот на деведесеттите Германија не беше активна во меѓународната политика како што е денеска. Разбирливо. Обединувањето беше се' уште свежо. Погрешно е да се смета дека таа тогаш можела да се наметне како доминантна држава во Советот за безбедност на ООН. Знаеме дека таа не е негова постојана членка. За разлика од Британија.

Денеска Македонија за да го затвори ова болно прашање треба својот активизам да го насочи кон Британија и Франција. Тие две држави, постојани членки на Советот за безбедност, го држат клучот за уставното име на Република Македонија. Другите три постојани членки не' признаа онака како што уставно се нарекуваме. Потребна ни е нова резолуција во СБ. Секако, Германија може само да ни помогне, но ако е инволвирана и правилно, ни е одработена ситуацијата. Ќе продолжам во идниот текст (поради ограниченоста на просторот) со уште некои аспекти поврзани со ООН, нашето претседавање со Генералното собрание, а во однос на изнесените тези во фељтонот на Никовски.

Вистината за уставното име на Македонија (2)[38]

Бројот на коментарите што ги добив минатата недела во врска со текстот во „Утрински“ ме изненади позитивно. Повеќе пати досега сум коментирал дека нема дебата во нашето општество, дека се' поминува без некое поголемо бранување. Како да сме нација која нема рефлекс или пак интерес, која полека изумира. Се извинувам, можеби зборовите се претешки, но јас го прифаќам ризикот со таквото пишување да се изложам на отворена критика. Пак ќе потсетам, тоа е ризикот што мора да се прифати. За мене е привилегија тоа што можам да придонесувам во постулирањето и моделирање на дебатниот простор кај нас.

Во Македонија созрева свеста за потребата за јасно искристализирани државни интереси

Вистината за уставното име на Македонија е неопходно да е достапна на поширокиот народен круг. Така ќе зајакнува животната супстанција на нашата нација. Веќе пишував минатата сабота дека кај нас оваа тема е табу, тајна, недостапна и нејасна. Секој нагаѓа како, всушност, нам ни се случи оваа историска неправда. Тоа е нормална појава кога се соочуваме со недостаток на информации и кога целиот предмет намерно се мистифицира. Наша обврска, колку и да е несимпатично тоа, а за некои и болно, е да ја растеруваме маглата и да ги демистифицираме моментите кои се втемелени во бетонирањето на референцата на нашиот грб. Гордо ја носиме таа тежина и немаме намера да се предадеме. Знаеме дека на крај од овој процес ќе победиме и неправдините ќе бидат исправени. Секако, за процесот да се истера докрај и правилно, мора да го инволвира целокупниот неискомпромитиран интелектуален и дипломатски потенцијал на Македонија. Бидејќи тој не е голем, напротив, се сведува на малкумина чисти души, па затоа е потребно да се подигне рампата со знакот „Стоп“ на петтата колона во нашите редови.

[38] Број 2549 сабота, 01 декември 2007

Погодувате, јас и во овој текст ќе се осврнам на фељтонот на Никовски, кој излезе во „Утрински“ во 4 продолженија. Ги апсолвиравме аспектите на погрешното замешување на некои држави и пренасочувањето на надворешнополитичкиот интерес во непродуктивна насока. Ако се прифати како платформа токму таа констелација на односите, во кои евентуално би играла Македонија, ќе изгубиме дополнително време. Не ли беа доста 15 години тапкање во место? Потребни ли се нови 15 за да се задоволат суетите на некои продадени души, неуспешни дипломати кои во претходна Југославија дотуркале само до трет секретар во амбасадите? Напротив! Треба јасно и гласно да им се порача дека пораката што сакаат да ја испратат е неприфатлива, дека во Македонија созрева свеста за потребите на државата со јасно искристализирани државни интереси, и е дојдено времето кога ќе се раскрсти со импровизацијата.

Вистината за уставното име на Македонија е неопходно да е достапна на поширокиот народен круг. Така ќе зајакнува животната супстанција на нашата нација.

Секој нагаѓа како, всушност, нам ни се случи оваа историска неправда. Тоа е нормална појава кога се соочуваме со недостаток на информации и кога целиот предмет намерно се мистифицира. Наша обврска, колку и да е несимпатично тоа, а за некои и болно, е да ја растеруваме маглата и да ги демистифицираме моментите кои се втемелени во бетонирањето на референцата на нашиот грб.

Господинот Никовски, како и некои други ликови, неактивни учесници во борбата за името на Македонија во минатите 15 години, во еден дел од својот фељтон ја коментира постапката на Керим во ООН. Лесно уочлива е намерата овој потег, кој според него „дигнал голема прашина“, да се омаловажи и претстави како небитен. За мене е спорно објаснувањето дека тоа е потег што морало да се случи и дека тоа е нешто сосема нормално. Тој објаснува дека нашата земја (т.е. тогашните наши претставници) ја прифатиле референцата премолчено, бидејќи друг излез немало. Наводно, „премолчено прифатиле да им се обраќаат со референцата, но (тука се употребени големи букви - веројатно за да се засили

дејството - во Интернет-заедницата големи букви се користат кога некој вика, односно зборува гласно; заб. моја) никој никогаш не прифатил и ние сами да ја користиме“. Хм… Не сум сигурен дека е баш така. Можеби Никовски сака така да биде. Само како мала илустрација, спротивно од тврдењата на тие и такви квазизастапници на македонската кауза, деновиве пред нас беше презентиран проблемот на македонската Царина со декларациите на стоката што се увезува во Македонија. Голем дел од неа на декларациите се води со референцата.

Можеби пасивноста во некои филозофии дава плод, меѓутоа пасивноста и неизградениот став (кој не се изградува со еден фељтон) по 15 години даваат резултат на терен, каков што го видовме во примерот со Царината. И не само во таа област. Во сите. А тоа на обичниот народ, кој нема дипломатски пасош како Никовски и кој дреме пред амбасадата на Грција за една обична виза, за уште пообичен викенд (често исполнет со опасности и омаловажувања) му е дојдено преку глава. Народот чувствува инстинктивна потреба да се престане со омаловажувањето и истовремено да добие претставници кои соодветно на неговите исконски определби и модерни манифестирања - ќе работат во негов интерес. Затоа може да се каже дека не се дигна прашина по настапот на Керим пред Генералното собрание на ООН. Луѓето, напротив, се одушевија од гестот. Уште ќе додадам дека не е точно тврдењето на Никовски дека Керим бил обврзан да го користи уставното име на Македонија бидејќи бил „претставник на Република Македонија“. Дали е во прашање зла намера или незнаење, не знам. Што и да е, не е добро. Со ова се создава нервоза и немир кај граѓанството и, секако, за сопствени потреби се пренасочува вистината.

Бидејќи гледам дека е потребно тоа, да појаснам дека Керим е кандидиран од Република Македонија. Меѓутоа, тој е претставник на источноевропската група држави. Да се добие консензус во оваа група (кој Керим го имаше) е потребно да се биде повеќе од искусен и инволвиран во меѓународните влијателни дипломатски кругови. Групите што предлагаат претседател на Генералното собрание секоја година се ротираат. Ги има само 5. Практично, на тој начин може

да се случи да поминат повеќе од 100 години пред некоја држава да ја има привилегијата да кандидира и потоа да добие консензус нејзин кандидат да претседава во ГС на ООН. Веќе кога претставникот е избран на таа позиција, тој е должен да ги почитува правилата за работа на таа организација. Тоа практично значи дека и Керим е обврзан да ја користи референцата. Но, за наша среќа, тој пред Генералното собрание го искористи уставното име на Република Македонија и тоа го образложи како потреба на нашата држава и народ од кои не можеме да отстапиме. Затоа немаше никаква реакција на настапот од која било држава, освен од Грција, што беше очекувано.

Пост фестум, како последица токму на ангажманот на Керим и зголемената присутност на Македонија во влијателните меѓународни кругови, веќе се случија неколку признавања на државата со уставното име. Процесот ќе продолжи и во иднина. Ама не може и не смее да се покрива со пасивност и неактивност. Активизмот е наша диференција, специфика и е недозволиво да се денунцира, како потреба и за покривање на некои наши бивши неуспешни дипломати.

Продуцирање конфликти[39]

Неколку недели наназад со особено интересирање ја следам кампањата што се води против скопскиот градоначалник. Таа е производ на подолгорочни напори на одредени структури со цел да се дезавуира јавноста. И не ми е чудно што таква кампања се води. Сепак, како и да гледаме на работите, Скопје е главен град на Македонија и со самото тоа е извор на влијание во целокупниот политички систем. Самиот градоначалник, според државниот протокол, е четврти човек во државата. Високото место во државната хиерархија, секако, е многу провокативно за да биде предизвик за освојување.

[39] Број 2561 сабота, 15 декември 2007

Свесен дека сум дел од градската администрација, долго време се мислев дали да пишувам на оваа „жешка“ тема, бидејќи лесно е да бидам, намерно, погрешно протолкуван. Има кај нас многу толкувачи кои душа даваат за да ја пренасочат секогаш јавноста во, за нив, потребни насоки на мислење. Лесно е да се денунцира мислењето со еден приговор дека е изнудено или нарачано и дека е за сопствени потреби. Значи, темата која предизвикува интересирање во целата наша држава (инволвирани се медиуми кои ја покриваат целата држава) за мене е, на некој начин, неблагодарна. И затоа и' приоѓам со голема сериозност и внимателност. Ако сакаме да го заслужиме и оправдаме своето општествено и јавно работење, мораме да им приоѓаме сериозно на сите теми без исклучок и да немаме обзир за тоа дека нема да бидеме правилно разбрани или, пак, за потребите на некаква пропаганда - критикувани! Имам и две компаративни предности во целата ситуација. Прво, како дел од градската администрација имам можност да се уверам во практичната применливост/неприменливост на децентрализацијата на терен. Второ, во градската администрација сум дојден како предлог на ВМРО. Да потсетам, таа партија го поддржа изборот на градоначалникот и како коалициски партнер има свои претставници во градската администрација. Меѓутоа, тоа се познати моменти и нема да навлегувам во повеќе детали.



За потребите на овој текст јас направив истражување и сметав дека не е на одмет да се потсетиме малку на некои детали. Сакам да потсетам на процесот на не толку далечната децентрализација на Скопје и на Македонија. Целиот процес беше, во најмала рака, контроверзен и спроведен за политичките потреби на

Скопје како територија е тешко да се догледа, а не пак да се организира квалитетно

тогашната коалиција на власт. Секој и површно упатен, се сеќава дека тогашната опозиција го објаснуваше тој процес како погубен за Македонија, кој ќе заврши со големи последици за македонското население во западниот дел на државата. Отидовме и на референдум. Се собраа 150.000 потписи за да се спречи таквата децентрализација. Лично учествував во кампањата за тој референдум и чувствувам дека бев на нивото на историската одговорност која се исправи пред мене како лојален граѓанин на оваа држава. Објаснував дека едно се малцинските права и нивното подигнување на повисоко ниво, а сосема друго е создавањето услови за кантонизирање на татковината.

Еден ден пред референдумот, ноември 2004, се случи една од најголемите придобивки за Македонија од целиот процес на демократизирање на свеста на народот. САД го признаа нашето уставно име - Република Македонија (Колин Пауел, тогашен државен секретар тоа јавно го призна, поврзувајќи го признавањето со референдумскиот притисок). Така, ни дадоа до знаење дека сметаат на нас како на стратегиски партнер во овој дел од светот. Референдумот беше неуспешен, но свеста за стратегискиот интерес беше родена. Се надевав дека таа свест, тоа сознание за нашите макотрпно постигнати и достигнати вредности нема така лесно да го менуваме за некакво лажно, лично и краткотрајно задоволство - на кого било!

Иако децентрализацијата како трајна жртва ги зеде Кичево и Струга, не помалку настрада и градот Скопје. Не знае само оној што не сака да знае дека денеска главниот град е комплот на полурални средини со целосно рурални средини. Наместо да се развива со темпо кое го налага урбаниот ек, тоа забавува и се задушува врз барањата да се урбанизираат средините кои се по неколку десетици километри далеку од центарот на Градот.

Беглото погледнување на картата на градот покажува дека Скопје граничи со Србија (Косово), на запад со Јегуновце и Желино (кои се во близина на

Тетово), на југ со Сопиште и Студеничани, а на исток со Илинден, Липково (кое е во близина на Куманово) и Арачиново. Повеќе од јасно е дека оваа територија е тешко да се догледа, а не пак да се организира квалитетно.

Од една страна, градот е неприродно раширен од Куманово до Тетово (надежите беа положени во уверувањето дека токму неприродно внесената а албанска заедница во градот ќе го одработи третиот мандат на Пенов), а истовремено се бара брз развој. Притоа, децентрализацијата е во својот зародок и допрва ги покажува сите свои недостатоци. Како пример ќе наведам дека Скопје има 55 до 60 пати помал буџет од Загреб. Од друга страна, демографски со таквата децентрализација се направи неприроден рез и дисбаланс кој рефлектира врз целата држава. Убеден сум дека политичките последици и нестабилност на државата до ден денешен илуминираат и од ова политикантство кое немаше никаква врска со урбаноста, градењето на препознатлива метропола и зачувувањето на интересите на граѓаните на Скопје.

Денеска, на прв поглед се стекнува мислење дека ова продуцирање конфликти има врска со Владата. Но, не е така, иако Владата јасно не се огради од целата драма. И, треба да го стори тоа. Зашто, во случајот, со напаѓањето на нејзиниот избор - се напаѓа и таа! А во заднината стои една личност, групација и политички партии кои имаат интерес да се произведува нестабилност по секоја цена. Истите тие беа закоренети во градот подолго време како бебе на дојката на својата мајка. Сметаат на подлегнување на еуфоријата - за да поентираат. Провидно.

Помеѓу Грција и Косово[40]

Прашањето за независноста на Косово деновиве се најде пред Советот за безбедност на ООН. Долгогодишниот процес на промовирање на таа територија во независна држава со тоа влегува во својата завршна фаза. Надежите на спонзорите на таквиот процес се дека СБ ќе успее да усвои резолуција и со тоа ќе го заокружи процесот, онака како што одамна се предвидува. Притоа, не случајно се инсистира на резолуција. Таа дава легитимност и целиот процес ќе го стави во магистрали кои се универзално важечки во меѓународната комуникација по Втората светска војна. Ако СБ успее да донесе резолуција по ова прашање, на некој начин ќе го покрие она што се случи во 1999 година и интервенцијата на НАТО врз Југославија, со тоа и врз Косово. Процесот ќе го врати во рамката на вообичаените меѓународни стандарди и правила. Во 1999, се сеќавате, беше заобиколена предвидената практика да се добие директно овластување токму од СБ, бидејќи се работеше за безбедносно прашање. А, тие прашања се многу прецизно регулирани во главата 7 на Повелбата на ООН.

Не смееме да се коцкаме со нашата безбедност ниту ние ниту Грција

На извесен начин, решавањето на прашањето на Косово, со обидот во СБ, ги свртува меѓународните работи кон идеалистичкиот принцип и праведното поведение на државите. Органот што е задолжен и овластен да ги регулира безбедносните прашања сега дискутира токму за едно такво прашање. И се обидува да постигне договор, консензус. Самата помисла дека такво нешто воопшто може да се случи или очекува, ги намалува тензиите и на хаотичниот свет во кој денеска живееме и му дава една поинаква димензија. Надежта за поправеден свет добива свое отелотворение во некаква меѓународна институција.

Но, токму во моментите кога некакво решение (каков било исход не е прејудициран или антиципиран за потребите на овој текст) може да се насети,

[40] Број 2567 сабота, 22 декември 2007

опозицијата на донесувањето резолуција за независност на Косово во СБ е повеќе од силна. Правото на вето кое го има Русија, на работите им дава сосема нова тежина и процесот дополнително го усложнува. Без нејзина согласност не може да се затвори процесот во Советот за безбедност. Србија сега, по ова прашање, повторно има стратегиски партнер кој, да потсетам, во 1999 го немаше. Резолутното однесување на Русија толку многу ги усложни работите што веќе се слушаат гласови за фазно подготвено и спроведено признавање на Косово од ЕУ, кандидатските држави (меѓу кои и Македонија), како и некои (главно религиозно здружени) други.

Заканите се дека ако процесот не се деблокира во блиска иднина во рамките на СБ, тогаш можно е негово повторно заобиколување. Сметам дека тоа би било вистинска катастрофа за ООН, како и за меѓународната сцена. Зошто? Имено, рејтингот на оваа институција, која на свои плеќи го држи целокупниот меѓународен систем веќе 62 години (и истовремено спречува глобални судири), е на многу ниско ниво и веќе многумина сметаат дека е дојдено време за реформа или пак нејзино укинување. Ако продолжи практикување на нејзино заобиколување, тогаш зошто таа воопшто и постои? Од друга страна, што ќе прават помалите држави ако нема таква меѓународна организација која ги обединува во орган каде што имаат сите рамноправност, еднакво право на глас (Генералното собрание)? Меѓу тие држави спаѓа и Македонија.

Ниту најмалку не мислам дека треба да се менува нашиот стратегиски избор, нашите евроатлански аспирации и стратегиското партнерство со САД. Истовремено, тоа не значи дека не смееме да имаме став и однос по прашања кои забрзано го менуваат глобалниот светски поредок. Сосема спротивно на тоа, мораме да инсистираме на одржување на правилата, наспроти нивното заобиколување. Засега немаме избор кој може да биде контратег на ова размислување.

Моето размислување многу лесно може да се замени, измеша со некакво проруско или проправославно навивање. Затоа, морам да бидам внимателен да

не ме разберат погрешно. Ниту најмалку не мислам дека треба да се менува нашиот стратегиски избор, нашите евроатлански аспирации и стратегиското партнерство со САД. Истовремено, тоа не значи дека не смееме да имаме став и однос по прашања кои забрзано го менуваат глобалниот светски поредок. Сосема спротивно на тоа, мораме да инсистираме на одржување на правилата, наспроти нивното заобиколување. Засега немаме избор кој може да биде контратег на ова размислување. И во НАТО и во ЕУ има држава (Грција) која се заканува со вето да го спречи нашето напредување. Таа држава многу вешто долго време опониираше на процесот на етаблирање на Косово. Преку својот сателит Кипар (јужниот дел на островот), кој е член на Унијата, само дополнително си го зголемува бројот на гласови по кое било прашање поврзано со нивните стратегиски интереси. Притоа, тие се пазарат, уценуваат, се закануваат, се' во интерес на ширењето (и зацврстувањето) на големогрчката идеја. Противењето во случајот со Косово, како што видовме, не било случајно. Имало своја длабока заднина. Македонското прашање! Се противеа јасно, до точка на топење, за по попуштањето да добијат отстапки. Токму поради тоа сега притисокот врз Македонија е многукратно поголем за забрзано изнаоѓање решение кое би и' одговарало на Грција. На тој притисок се придружија и држави и фактори кои никако не ги очекувавме.

Така, лека полека, прашањето на Косово (не)очекувано се пресели во нашиот двор. Иако, од петни жили ние се трудиме да се одлепиме од него - тоа никако да ни успее. Ќе биде голема неправда ако бидеме колатерална штета на целата разврска. Ми се чини дека поведенијата на околните држави, како и на поголемите играчи моравме да ги предвидиме порано. За да бидеме поподготвени. Секако дека правото на вето на Грција е атомска бомба. Ама сега ли го сфативме и дознавме тоа? Во пет до дванаесет. Како граѓанин на оваа држава, како човек кој тука ја гледа својата иднина, морам јавно да се прашувам како ние ќе се справиме со предизвиците. Постојано не најавуваат и објавуваат дека сме однапред вкалкулирани во пакетот на држави кои едвај чекаат да го признаат Косово. Во ред. Што ќе добиеме за возврат, јавно прашувам, за да чујат

странските претставници во Скопје и ова прашање да го проследат во нивните држави? Мора да им се стави јасно до знаење на нашите партнери дека не смееме да се коцкаме со нашата безбедност, ниту ние ниту Грција. По дипломатските канали треба да се испрати пораката дека Македонија не смее да биде блокирана од Грција при приемот во НАТО по никоја цена. Овој пат, при признавањето на Косово многу значи гласот на Македонија. Ако тоа можат да го прават другите држави, можеме и ние да побараме да ни се прифатат нашите стратегиски определби. Посебно затоа што се оправдани и од нив (името, НАТО и ЕУ) не можеме да отстапиме.

(Не)реални очекувања[41]

Обично на крајот од годината, или на почетокот од наредната се сумираат настаните, параметрите, показателите и врз основа на нив се скицира наредниот период. Во ова време (околу празниците) сите сме расположени за изразување на своите желби и за нагласување на очекувањата. Често очекувањата и желбите тогаш ни се многу поголеми од можностите или од она што навистина може да го очекуваме. Ми се чини дека колку повеќе тонеме или ни се стеснуваат можностите, толку повеќе се зголемуваат очекувањата.

Од импровизации и егонадмудрувања не забележавме дека целта од реална се оддалечи кон недофат

Па, така, и јас сакам да си ги изразам очекувањата токму во овој период. Секако, на прво место во желбите, потребите и очекувањата ги ставам ЕУ и НАТО. Ова сигурно личи на приклучување на хорот од без малку два милиона гласови. Сите сакаме да сме дел од овие две организации. А зошто? Многумина немаат точен одговор на тоа прашање. Дел од нив сметаат дека едноставно така треба. Уште поголем дел сметаат дека ако бидеме дел од цивилизираната Европа и Америка ќе живееме подобро. Дефинитивно, мислата е проектирана дека животот со

[41] Број 2578 сабота, 05 јануари 2008

самото тоа автоматски ќе стане уживање, а Македонија рај на планетава. Само еден мал дел од луѓето ќе дадат релевантен одговор зошто ЕУ и НАТО заслужуваат сите наши надежи да бидат положени врз нив (внимавајте: не нивните врз нас, туку нашите врз нив). Релевантен во смисла на познавање на институционалното уредување, на правата, но и на обврските коишто со приклучувањето на тоа друштво неизбежно доаѓаат. Не се даваат прегледи за што, всушност, станува збор, нема исцртана јасна рамка. На некој начин сите влеговме во еден автореферентен систем на исчекување на подоброто утре кое со сигурност ќе го донесе нашата интеграција. Како влеговме во лавиринтот и каде е излезот веќе никој не се сеќава…

Оваа стапица може да биде погубна. И болна. Цел народ е стимулиран да очекува дека без малку од утре се' ќе биде лесно. Тоа подобро утре денеска не' олабавува и забавува, а инстинктот за преживување го отапува. Ќе си дозволам да направам една споредба која знам дека ќе биде дочекана „на нож“. Идеалот што се замислува и од повеќето посакува е некаква „комунистичка Европа“, каде што секој ќе има се' и никој ништо нема да работи. Токму затоа ми се чини дека огромниот дел на нашето граѓанство толку многу сака да оди во Европа, без јасна слика што претставува таа навистина. Копнежот по Југославија и времето на кредитите кои не се враќаа, одморите за без пари во работничките одморалишта, кога сите беа еднакви во немањето избор, ама еднакви, како што гледам и повеќе од многу им недостасува на голем дел од нашите луѓе. Па сега, свесно, но и несвесно, идеалот на таа Југославија е заменет со идеалот на Европа (која се очекува да биде иста). Но, што ќе се случи ако идеалот не биде тоа?

Мала паралела, чинам нема да биде излишна. Хрватска преговара со ЕУ за полноправно членство уште од октомври 2005. Предвидувањата се дека некаде во 2009 треба да ги затвори сите поглавја. Тоа се вкупно 3 - 4 години преговори. Ние се' уште немаме датум за започнување на преговорите. Ако (оптимистички гледано) го добиеме датумот оваа, 2008, ќе започнеме да преговараме во 2009 година. Според ова што го знаеме како искуство на сличните држави, ќе бидат

потребни најмалку 4 години преговарање, ако капацитетот ни е на исто ниво како на Хрватска. Тоа не' носи во 2013 година како време кога би ги заокружиле со сите поглавја. Потоа ќе следува ратификацијата во парламентите на сите држави (под претпоставка Грција да не не' блокира или одолжува со години). Уште некоја година ќе одземе и тој процес. Значи, оптимистичка е варијантата за 2015 година за наше влегување во ЕУ. За песимистичка варијанта не сакам ниту да пишувам. Додадете само десетина години на 2015. Дотогаш мојата генерација ќе има десетина (дваесетина) години повеќе. И илјадници надежи помалку. Ние не сме вечни. Знае ли Европа за тоа? Знае ли колку надежи, желби дотогаш ќе пропаднат… Не сакам да ширам дефетизам, но подобро ми е реално да знам што ме чека, отколку секоја наредна година да ми носи по едно ново разочарување.

Тие малкумина коишто знаат, од кои еден дел е должен да знае, затоа што се вработени во државните институции кои работат на нашето приближување, недоволно се трудат да објаснат што не' чека во ЕУ и во НАТО. Не се објаснува со разбирливи зборови целиот процес.

Многу слична е состојбата и со прашањето за нашето членство во НАТО. Воопшто, од никого не се разјаснува и потенцира дека Алијансата е потребна за да се осигура стратегиското партнерство со НАТО и САД по прашањето на безбедноста и интегритетот на Македонија. На таканаречените политички елити престиж им е да имаат уста полна со замаглени и неразбирливи платформи, потпрени на воздух по ова прашање. Во практиката се' е поинаку. Кога треба да изразат единство кое би се рефлектирало врз целиот народ - тоа не го прават. Загубивме цела година во импровизации и егонадмудрувања. Без да забележиме дека целта од реална се оддалечи кон недофат. Цела среќа е во целиот процес што не сме ние пресудниот фактор и што нашиот влез (за кој сум без малку сигурен дека ќе се случи) ќе се должи на геостратегиската позиција на Македонија, за жал. Овој дел од светот полека преминува во ново поле за судири (за тоа ќе пишувам повеќе во некој нареден текст) и ако ЗАСТУДИ, ЗАЛАДИ, нема да се изненадам Скопје да стане некоја нова Казабланка или повоен Берлин. Очекувам во скора иднина

големи тектонски поместувања по територииите кои ние ги владееме или пак со нив граничиме.

Од овие мисли ми се разбиструва сликата и исчезнува славеничкото расположение. Сакам очекувањата да се реални. Посакувам сите инволвирани во политичкиот процес да соберат сила, да се надминат и реално да се поместиме напред. Барем за малку. Се надевам дека ова што го очекуваме не е многу.

Партиските избори во САД како повод[42]

Минатата недела се забревта изборната машина во САД. Веќе се одржаа партиските избори за кандидат за претседател на САД во две сојузни држави. Тие донесоа интересна индикација за тоа каков е можниот исход од претседателските избори на крајот на годината. Со оглед на тоа дека САД се наш избран стратегиски партнер, сметам дека не е излишно да се промислува за тоа какви се таму изборите, кои се специфичностите на изборниот процес, како и за можните консеквенции од сето тоа за Македонија. Да се потсетиме дека извршната одлука на претседателот Буш со која се признава уставното име на Македонија, донесена во првите часови на неговиот втор мандат, предизвика редица признавања и од други држави блиски на САД. Тоа во минатиов период само ја зацврсти нашата позиција во борбата за зачувувањето на нашето слободно избрано име, го зголеми бројот на држави кои на некој начин го следеа јасно испратениот сигнал.

Во Македонија има негативна селекција - недемократска процедура на внатрепартиски избор

Во САД постои многу интересен начин на водењето на процедурата за избор на претседател на државата. Сосема е различен од Македонија. Немаат двојство на функциите како кај нас и наместо претседател на државата и премиер,

[42] Број 2583 сабота, 12 јануари 2008

имаат само претседател кој, всушност, ги обединува по своите овластувања овие две позиции, односно е репрезент на извршната власт. За нас е можеби непрактично или чудно да се има само една фигура на чело на државата со огромни овластувања. Ние живееме во еден привид на демократија и во општонародното разбирање на политичкиот процес се форсира сфаќањето дека е подобро власта да се дели за да не се концентрира во еден центар на моќ. Можеби, со оглед на зрелоста на политичките практиканти, и не е така лоша идејата! Но, секако дека постојат и други начини, поефикасни, позрели или, ако сакате, попрактични и поевтини. Дури и така моќна и богата држава, каква што е САД, има систем кој не ги дуплира изборните циклуси и наедно политичката моќ.

Се поставува прашањето, опасно ли е да се има таков политички систем, со толку голема политичка и секаква друга моќ, концентрирани во една личност? Не може ли на тој начин да се измолкне од контрола се' и да се најдеме на работ на нуклеарен холокауст? Јасно е дека креаторите на тој систем се занимавале со неговата применливост и контролабилност. Познатата примена на балансирање на моќта меѓу Конгресот, Врховниот суд и претседателот нуди одговор дека ништо не е превидено, и со оглед на тоа дека е функционален повеќе од двесте години, е издржан.

Пирамидата не е остра. Иако изборите се кон крајот на годинава, тие веќе почнаа меѓу декларираното партиско членство на двете најголеми партии. Тукушто завршените избори во двете сојузни држава (Ајова и Њу Хемпшир) се круна на повеќемесечните напори на партиските кандидати да ја стекнат поддршката на гласачите од партиите по односните држави. А за да се валоризира тоа, напорите се доведуваат до бесвест и до совршенство. Едноставно, ништо не се препушта на случајност. Тимовите кои работат на промоцијата и убедувањето на гласачите се огромни, безбројни. Еден од републиканските кандидати (Мекејн - http://www.johnmccain.com) ми остави впечаток, бидејќи целата своја кампања, предвидувањата (досега точни) и програмата ги постави на Интернет. Без малку и од Македонија можеме да ја

следиме кампањата како да сме таму… Инволвираноста на јавноста, односно гласачите притоа, создава можност за активизам, активен придонес, како и за слушање на гласот на поединецот. Секојдневно на безброј Интернет-страници и блогови можат да се видат илјадници коментари за текот на процедурата, како и да се самообјави мислењето на секој. Интересот на американските гласачи за тоа е огромен. Одењето кај Барак Обама (еден од кандидатите) на конвенција, еден од нив го објаснува со зборовите:„Сакам да го видам идниот претседател на САД во живо“.

Има ли некаква паралела сето ова со Македонија? Лично сметам дека треба да бараме паралели или да се стремиме кон некакво приближување на системите. Не во смисла на имитирање, туку како прифаќање на политичката култура и можноста за влијание врз системот. Онаа реформа што нам ни е потребна е секако - демократизирањето на изборниот процес внатре во партиите. И секако ширењето на демократската основа. Ќе биде голем успех ако еден ден постигнеме внатрепартиска селекција на кадрите кои ќе се занимаваат со јавни функции преку гласање од страна на целокупното членство. Кога секој ќе стекне реално право на глас, низ загарантирана процедура, ќе знае дека макар и малку неговиот глас е мериторен и самото тоа ќе дејствува мотивирачки врз него да ја вложи својата енергија. Во спротивно, се' уште ќе останеме заробеници на тесните партиски групи (ова се однесува на сите партии) кои сами за себе одлучуваат. Затоа и не е чудно што често решенијата се промашени, несоодветни. Како по правило изборот паѓа врз послушниците кои немаат интерес да се спротивстават на никаква одлука, решение, тенденција, па макар таа да е и видливо ступидна (глупава).

Од друга страна, посебно важно е да се согледа дека, за функцијата претседател на САД, да биде што повеќе фундирана на демократска основа, изборниот процес е растегнат и поткрепен на многу голема основа.

Немите учесници и еднократни пропатувачи во политичкиот живот на Македонија со ништо не придонесуваат за негово подобрување. Тоа е

последицата на негативната селекција, односно недемократската процедура на внатрепартиски избор. Ниедна особина која што американскиот систем ја потенцира т.е. активизмот, интелектуализмот, ораторството, харизмата, моралниот кодекс, па и теоријата на мандат, затоа кај нас не може да биде валидна. Со оваа мала опсервација сакав малку да го разбудам интересот за прашањето на реформа, или ако сакате, ремонт на политичкиот систем и политичката свест… Има аспекти кои ќе морам да ги оставам за понатаму поради ограниченият простор.

Ритуалот на чистењето[43]

Во 2000 година донесовме Закон за отворање на досиејата водени од страна на тајните служби од 1945 година наваму, а со политичка мотивираност. Со тоа овозможивме да почне процесот на расчистување со претходниот тоталитарен систем и истовремено да се подотворат вратите за послободно размислување и настапување на поединецот во политичкиот и во општествениот живот. Не беше тоа којзнае каков потег. Беше тоа најнормална и очекувана работа, ако се знае што се' направи претходниот систем кој по својата филозофија ниту најмалку немаше прерогативи на демократија. Таквото уредување, главно, поддржувано и одржувано од медиокритети, морало да изнаоѓа брутални методи да го задуши секое поинакво размислување и да се обиде да потрае колку што е можно повеќе. Истите методи биле применувани во сите комунистички држави по Втората светска војна. А сето тоа само ја потврдува фаличноста на тој систем генерално и оправданото напуштање на тој тип државно уредување во корист на демократијата. Ниту Македонија не се разликувала многу од сите држави кои биле под истиот јарем. Се' било како по правило исто!

Никој никому нема да му враќа. Лустрацијата, всушност, значи само прочистување

[43] Број 2589 сабота, 19 јануари 2008

Ние сме имале само еден дополнителен проблем. Какво било размислување за отцепување на Македонија од Југославија, каков било обид за автономија, самостојност или, пак, споменување на македонското прашање, е драконски казнувано. Сите појави на тој дух се организирано толчени и целокупниот генетички потенцијал низ времето е опасно доведен во прашање. Само за момент да ве потсетам на масовните ликвидации во речиси секој македонски град на сите заинтересирани борбата за ослободување да се продолжи на југ наместо на далечниот север во Срем… До ден денешен многу од тие случаи се' уште се кријат од јавноста.

Притоа, бескрупулозноста на ликвидациите ми создава едно чувство на гадост и при самата помисла на методите, но и на егзекуторите. Такви херои имало многу. Мачени, шиканирани, тортурирани, психички и физички, секојдневно сотрувани, тие сепак живееле со идеалот на независна и демократска Македонија. Голем дел во тие години го дале и животот. А еден дел од тие луѓе и ден денес се живи и се' уште го немаат добиено заслуженото извинување од својата држава, ниту пак каква било рехабилитација.

Она што зачудува е дека, сепак, процесот на обезглавување на македонскиот народ непречено се одвивал се' до прогласувањето на независноста. Но, за жал, и потоа. Постојат докази дека се одвивал најмалку до 1998 година, до првото преземање на власта од македонската десница. И авторот на овие редови има свое „досие“ од истите служби, процесуиран како „македонски екстремист“… Сепак, тоа не е најважно во овој случај. Многу поважно е дека целокупната арматура од претходниот систем, со благослов на префарбаните комунисти, непречено продолжува да функционира и да ги

Како што минувало времето, а цивилизацијата напредувала, ништо не се менувало во обидите да се сотре мислата за независна македонска држава. Човекот во меѓувреме стапнал и на Месечината, додека УДБ-а се' уште се справувала со сите кои се дрзнуваат да дејствуваат во интерес на македонска национална мисла.

извршува своите валкани задачи и по 1990. Таа продолжува да уништува редица граѓани, валкајќи го нивниот углед, подметнувајќи (и за ова постојат докази), омаловажувајќи и во спрега со купени или проиграни новинари, исмевајќи ги и со тоа прохибирајќи ги во сите нивни обиди за промена на системот и свеста на Македонецот.

Денеска обидот за лустрација, односно за расчистување со нашето навистина темно минато, се одвива премногу килаво. Никако да се разврзе јазолот. Еве гледам, еден весник деновиве објави наслов „Кодошите не им се омилена тема на пратениците“. А како ќе им бидат, кога според сите показатели и меѓу самите пратеници има кодоши, соработници на службите, односно такви коишто треба да бидат лустрирани. Можеби затоа веќе една година нема никаква новина на тоа поле. Исто така, во сите пори на општествениот живот се инфилтрирани погореспомнатите медиократети кои своето место го одработувале со поткажување, измислување приказни за други, оцрнување. Ако не директно, тогаш нивниот пород. И тој, служејќи се со истите методи, денеска е дел од сите партии и секогаш се наоѓа на власт. Така, постојано успева да ги заштити или подзатскрие тие што треба да се лустрираат, со надеж дека некако ќе се забошоти овој процес.

Моја лична мотивација е токму ова забошотување да не се случи. Подготвен сум секогаш да потсетувам дека не сме завршиле. И да се разбереме, токму затоа насловот на текстов е внимателно избран. Никој никого нема да му враќа или не дај боже да користи бруталност. Лустрацијата, всушност, значи само ПРОЧИСТУВАЊЕ. Тоа е и латинското и старогрчкото значење на терминот. Да појаснам, и во поново време користењето на терминот се поврзува со различни источноевропски држави кои со овој процес се определиле да го лимитираат учеството во јавниот живот на поранешните комунисти, а посебно кодошите и соработниците на тајните полиции. Ова е процес од кој не „куртули“ речиси ниедна посткомунистичка држава.

Но, мајсторите на создавање магла намерно играат на недоволната упатеност на поширокатa јавност и на емоциите дека сега тие се жртви. Истовремено, колективното енергетско тело на нацијата го врзуваат во референтна јамка (змијата што си го јаде опашот/ѓаволовиот круг), свесно вртејќи не' во круг. Не! Не се тие жртви. Жртви се се' уште истите луѓе, Македонци, патриоти кои немаат никаква сатисфакција што ја одржаа жива мислата за независна Македонија и на крајот успеаја да не' разбудат. Во нивна чест, а и за Македонија, вреди да потсетуваме постојано дека цивилизираниот свет не' очекува чисти.

Откако заврши војната[44]

Имајќи ги предвид сите можни (и невозможни) приговори коишто сум ги имал во изминативе десет години, свесно и постојано одбегнувам да пишувам за македонско - албанските релации, проблеми, соживот, национализам и екстремизам… Знам дека се' ќе биде дочекано на нож и анатемисано, и уште повеќе, искористено како дел од оправданијата за понатамошно претставување на некои прашања како клучни, ненадминати. Имено, од страна на албанскиот корпус многу вешто се користи позицијата на малцинство во нашето општество. Состојбата во државава по дефиниција постојано е претставувана како тешка, невозможна, феудална, без никакви права и слободи. Поплаките се секојдневни и се однесуваат на се' и сешто. Тие со време, а за време на независната македонска држава, т.е. во овие 17 години, ескалираа и со војна за „човекови права“ во 2001 година. Наводниците во претходната реченица се ставени намерно. Бидејќи јас не верувам дека тоа беше оправдана војна и не верувам дека состојбата со правата на Албанците во Македонија беше толку

Сега, откако заврши војната, ако сме собрале сила, мора и треба да се гради македонска нација

[44] Број 2595 сабота, 26 јануари 2008

драматична што мораше да се подобрува со воен конфликт и жртвување на човечки животи. Меѓутоа, како што реков, вешто беше искористена обландата за нарушени човекови права и постоењето на еден голем диктатор во регионов (Милошевиќ) за кај меѓународните влијателни кругови да се наметне потреба за комплетно, целосно, наддржавно, регионално решавање на албанското прашање.

Ќе започнам со протестите од 1997. Тогаш како студенти протестиравме поради демонтажата на образовниот систем. Укажавме дека таа е поради политички комбинаторики и за потребите на власта. Не бевме разбрани, прифатени или уважени. Напротив. Фрлаа дрвја и камења по нас. Со целата сила. И од македонскиот и од албанскиот блок. Тајните служби не заведуваа и обработуваа како македонски

По извесно време, набљудувајќи ги настаните во моето директно опкружување решив на направам една кратка перспектива, сплетена со ретроспектива. Добро е да се препроизнесуваме за прашањата кои што сакале/не сакале се дел од нашата живејачка. Со тоа им даваме нов квалитет и провeруваме до каде сме… Ќе започнам со протестите од 1997. Тогаш како студенти протестиравме поради демонтажата на образовниот систем. Укажавме дека таа е поради политички комбинаторики и за потребите на власта. Не бевме разбрани, прифатени или уважени. Напротив. Фрлаа дрвја и камења по нас. Со целата сила. И од македонскиот и од албанскиот блок. Тајните служби не заведуваа и обработуваа како македонски екстремисти… И секако, што е манир на сите досегашни власти, си го истераа проектот докрај. Дали згрешиме што протестиравме? Прв пат ја кажувам оваа размисла јавно. А ја процесуирам долго време. Дали навистина згрешивме што протестиравме? Нашите чисти и патриотски заложби - ги злоупотребија. Сите. Ги ставија како еден од преттекстите за немање права. Не' нарекоа фашисти.

Десет години потоа се поставува прашањето кој беше во право. Нека си одговори секој сам за себе. Не пледирам на универзално важечки одговор.

Намерата ми е друга. Ако 1997 беше индикација и увертира за 2001 (како што многумина сакаат да претстават) и ако ние во 1997 бевме фашисти, што беа настаните во 2001 и како да се карактеризираат тогашните протагонисти? Без намера да генерализирам, само ќе се задржам на кратко на четирите хашки случаи. Деновиве нивното враќање во рацете на македонското судство и обвинителство се опишува како жежок костен, а за политичарите нова главоболка. Се најавува влошување на меѓуетничките односи, нова нервоза и непријатност за сите. Иако раскаран, албанскиот блок по прашање на хашките случаи е единствен дека тие треба и мора да се подведат под законот за амнестија. Како карта за поддршка, односно зголемување на притисокот се закануваат со нови меѓуетнички тензии во државава, како и влошување на безбедносната состојба. Сето тоа, како што гледам, поминува. И кај нашата јавност и кај странските набљудувачи. На тоа јавниот обвинител одговара дека ќе анализираат дали да гонат или би се откажале од понатамошно гонење. Читам и не ми се верува. Како ли само се чувствуваат градежните работници на ГП „Мавровo“ на чии грбови се изрежани имиња и симболи на тогашните господари на војната? Да не ги спомнувам исчезнатите и никогаш не пронајдени Македонци. Грозно е да се оправдува и подведува под амнестија еден ваков sверски чин. Конечно, секогаш како изговор се наведува дека во моментов се наоѓаме во исклучително сензитивен период! Ако е така, јас се прашувам - кога веќе еднаш нема да бидеме во сензитивен период?

Десет години потоа се поставува прашањето кој беше во право. Нека си одговори секој сам за себе. Не пледирам на универзално важечки одговор. Намерата ми е друга. Ако 1997 беше индикација и увертира за 2001 (како што многумина сакаат да претстават) и ако ние во 1997 бевме фашисти, што беа настаните во 2001 и како да се карактеризираат тогашните протагонисти?

Мислам дека е време сите заедно да ги погледнеме низ ист визир овие настани. Да се напушти практиката на племенско бранење на она што не се брани. Во спротивно, сите јавно прокламирани ставови за една заедничка држава,

паѓаат во вода. Не е доволно само да се каже дека ќе се почитуваат институциите на системот, дека сите сме за почитување на правото и законите. Напротив, во вакви ситуации мора да се инсистира токму на тие принципи. Партиите од албанскиот политички блок треба да се оградат и да ги исклучат од политичкиот процес токму тие што извршија злосторства против човештвото, против своите сограѓани, против Македонија. Така ќе пораснат, ќе станат посериозни и ќе покажат дека навистина ја сакаат оваа држава како своја. И мене, а и многумина како мене ќе не' растоварат дека ова не е само некоја преодна фаза за отцепување, присоединување на некоја друга држава. Ова го пишувам врз основа на најсвежите изјави што доаѓаат од страна на владејачката партија на Косово, која се закани дека наскоро ќе организира референдум за присоединување кон Албанија. Некако познато ми звучи оваа теза, како да сум ја слушнал и кај нас.

Сега, откако заврши војната, ако сме собрале сила да се надминеме себеси, да се преиспитаме, да признаеме, да се повлечеме чекор назад, мора и треба да се гради македонска нација. Да застанат сите жители на Македонија под исто знаме, химна и грб. Тоа да биде престиж. За секој. Утопија оваа идеја - не е!

Раѓањето на евроскептицизмот[45]

Вчудовиден сум од политиката и однесувањето на ЕУ кон Македонија. Поточно, изненаден сум од бескрупулозноста во спроведувањето на нејзината агенда (распоред) на Балканот (модерно кажано: Југоисточна Европа!). Додека едни држави за неа, за нив, се привилегирани, други се стават во втор план и со самото тоа им се загрозува правото на природно припаѓање на континентот. Последните потези што ги направи ЕУ со Србија само докажуваат дека Европа не е воопшто заинтересирана

Фуере, Рен, Баросо и Солана знаат дека со укинување на визниот режим за Македонија нема да пропадне ЕУ

[45] Број 2601 сабота, 02 февруари 2008

да биде праведен и етичен партнер на Македонија. За да не се разбереме погрешно, воопшто не им завидувам на Србите. Ним душата им знае. За добивањето на овие „бенефиции“, односно за забрзаната постапка и тоа како ќе платат. Ниту на нив ова не им е прередување на балканскиот котел, напротив добиваат „данајски подарок“. Но, секој за себе во оваа драма попозната како „европеизирање на Европа“.

Веќе сум пишувал повеќе пати за феноменот на Европа и што значи тој за повеќето од нас. Како за потсетување, пренесувам неколку редови од 10 декември 2005, спроти добивањето на кандидатскиот статус на Република Македонија, кој, да потсетам, поради противењето на Франција, практично беше изнуден со огромен притисок на други држави. „Од распаѓањето на поранешна Југославија наваму, дури и најповршно гледано, односите меѓу Македонија и Европската унија може да се оценат како контроверзни. Во почетокот на нашето осамостојување ЕУ дејствуваше кон нас под диктат на Грција, толерирајќи ги нејзините економски и трговски притисоци кои имаа за цел да не' фрлат на колена, игнорирајќи ги препораките на сопствената Бадинтерова комисија за тоа кои поранешни југословенски држави заслужуваат меѓународно признавање и прифаќање. Тоа беа времиња кога европските граници беа за нас комплетно затворени (освен можеби за нашите превозници на нафта од Солунското пристаниште) и кога единствено можевме да се надеваме на европски донации само за хуманитарни цели, наменети за тогашните босански бегалци кои ги примивме или по некое ќебе или лекови пред истекот на нивниот рок за нашите социјално загрозени слоеви“. Со минувањето на годините работите малку се сменија.

„Од распаѓањето на поранешна Југославија наваму, дури и најповршно гледано, односите меѓу Македонија и Европската унија може да се оценат како контроверзни.

Понатаму, нашето успешно справување со косовската криза во 1999 година не придонесе за наше изземање од западнобалканското друштво, што сигурно ќе

претставуваше силен демотивирачки фактор за иницијаторите и инспираторите на воената криза во 2001. Исполнувањето на Рамковниот договор, кој ги финишираше воените дејства, стана клучен политички критериум преку кој официјален Брисел ги оценуваше нашите евроинтеграциски капацитети.

Тажно, ама вистинито. Со најновите настани можам само да констатирам дека контоверзниот однос кон нас, по многу поминати години, продолжува. Притоа, не се води сметка за нас, нашите потреби и можности. Не се плаши ли Европа дека може и во Македонија, со својот однос, да разбуди игнорантство, конзервативизам, скептицизам, како и да придонесе за антиевропски чувства на граѓаните. Оваа опасност е реална. Една група граѓани од Македонија гледа на Европа како на спас и излез од кризата. Нереално, постојано се подгрева лажна надеж дека влезот во Унијата автоматски значи благосостојба и завршување на сите проблеми. Не гледам дека е таква еуфоријата и по приемот, кога ќе ги слушам изјавите на граѓаните на Бугарија и на Романија. Напротив, многумина се жалат дека финансиската состојба им е уште повеќе влошена и се изложени на забрзано осиромашување.

Од друга страна, има граѓани во државава на кои им е преку глава од бесконечниот процес на наше приближување. Полека, полека, Оли Рен преминува во негативен лик. И самиот придонесува за тоа. Постојаниот надмен однос и третирањето на нашата држава како предмет, остануваат незабележани за нашиот интелектуален потенцијал. Реакциите се, очекувано, негативни. Слично е и со имиџот на Фуере. Не е коректно од негова страна да не навива за Македонија. Секако, тој мора да ја застапува Унијата тука и да ги пренесува нејзините ставови, но треба да се залага и за промена на овој жесток третман што ги отежнува постојано работите. Зошто тој да не биде наш лобист, поддржувач и помагач? Навистина е чудно што Фуере не гледа никаква дискриминација на Македонија по одлуката на Брисел да и овозможи на Србија побрз пристап кон ЕУ.

Си мислам дека можеби нашето гостопримство, нашата љубезност и бескрајната надалеку чуена трпеливост им ја поматува сликата за нас. Можеби си мислат дека што и да направат кај нас ќе има неенергичен одговор. Институциите на државата, како и опозицијата, на некој начин се принудени да бидат толерантни, да не приговараат и да прифаќаат се'. Но, не и граѓаните. Опасно се приближуваме кон точката кога ќе започне рапидно опаѓање на сеграѓанскиот консензус за пристапување кон Унијата. Секако, ако се продолжи со ова одолжување, со поставување и препоставување нови и понови услови за се' и сешто. Одговорните во ЕУ треба да знаат дека и самите ќе бидат виновни за резултатите. Не е Србија прва држава која добива концесии во регионов. Вакви упади се случуваа и претходно. За голем дел од нив сме си виновни и самите ние. Виновни се и политичките елити кои со години не созреваа на прашањето за државните приоритети. Но, кажувам гласно, за се' најмногу страда граѓанинот на Македонија. Во тоа име, како поединец, барам да се земат предвид сите можни олеснувања и за мојата држава, од страна на Унијата да се даде зелено светло за преговори и, секако, веднаш да се укине визниот режим. И Фуере, и Рен, и Баросо, и Солана знаат дека тоа не е некоја голема концесија и дека со таквиот чин со сигурност нема да пропадне ЕУ.

Македонската култура во офанзива[46]

Пред неколку месеци се обнароди идејата за издавање на 60 тома македонска книжевност. Според моето скромно мислење, тоа е добра идеја. Зашто сметам никогаш не е доволно од книги. Наши или од странски автори, сеедно. Во време кога книгата е скапа, а животниот стандард на нашите граѓани низок, секоја акција за популаризација на книгата, секоја поддршка од државните институции е добредојдена. Посебно ако се согласиме дека основниот фундамент, најважниот постулат при формирањето на нацијата и свеста за

[46] Број 2607 сабота, 09 февруари 2008

припадност е литературата, тогаш секоја популаризација и поддршка на и за македонската книжевност дополнително добива на тежина.

Во Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ во Скопје веднаш потоа се водеше дебата на трибина која се обиде да укаже на можните недоследности кои би ги донел процесот, како и да понуди дополнителни размисли со цел подобро да се одработи темата. На трибината учествуваа еминентни личности од државава од односната област. Речиси целиот материјал се наоѓа на Интернет и може да се погледне во форма на видеозапис. Патем, Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ - Скопје дел од своите активности ги снима и ги објавува на Интернет. Со тоа им дава можност на сите заинтересирани да се запознаат и да проследат каков е животот на една ваква градска институција од областа на културата. Насоката е двонасочна, односно и ние можеме да чуеме, да прочитаме што е тоа што нашите пријатели го сметаат за потребно, што е тоа што треба да се подобри и приближи на корисниците. Со тоа оваа институција е прва во Македонија која својата работа ја прави достапна на Интернет… Да се вратам на трибината. Секој заинтересиран читател, на http://youtube.com/watch?v=jdSt4nW13Eo може да проследи повеќе. Нема да навлегувам во оваа прилика во мислењата на учесниците, оти тоа е посебна тема. Во меѓувреме, има новини на околу државната помош за поттик на творештвото. Имено, пред некој ден, свечено беше објавено дека наместо 60, ќе се објават 130 тома на македонската книжевност. Ако претходната бројка беше голема, последнава е навистина восхитувачка. Најавени се над 30.000 илјади страници од сите жанрови. Ќе бидат опфатени писатели од сите генерации и од сите заедници.

Државата треба да се промовира во активен насочувач на трендовите кои би ја надградувале младината - во насока на повеќе учење и читање

Значајно за овој проект е што како негов фундамент се поставува и поттикот за идните генерации писатели за создавањето ново творештво. Исто така, најавено е дека антологии од сите жанрови ќе се преведат на 7 јазици,

најупотребуваните на глобално ниво. Видлива е намерата да се пробијат бариерите на нашите граници и на нашиот јазик, кој е употребуван од мал број луѓе, погледнато во светски рамки. И ова сметам дека е за пофалба. Една од основните наши усилби треба да биде токму тоа, да се промовира македонската култура (на нашата нација, значи на сите) на глобално ниво. Со тоа рамноправно би застанале до многу значајни култури и цивилизации. Навистина сметам дека имаме со што да се гордееме и пофалиме.

Триесетина наслови, ретки и одамна веќе тешко достапни, се поставени на сајтот www.gbiblsk.edu.mk. Тие се бесплатни и ние ги охрабруваме сите библиофили да одат на сајтот и да си ги „соберат“ за себе. Нека ги умножуваат, распространуваат, препраќаат на секој нивен, наш сограѓанин... Ќе долеваат супстанција во македонската нација, а таа ќе зацврстува и ќе се развива.

Она што ние како институција од оваа област го предлагаме е да се издадат сите овие томови и во електронска форма и да се направи државен напор за нивно промовирање на Интернет. Постојат безброј сервери и платформи кои поддржуваат, промовираат и бесплатно нудат книги на сите јазици. Тука е нашата шанса. Би можеле по ова собирање и подготовка за печат веќе без трошок да ги имаме овие погодни дигитални формати, за нивно пласирање на сите страни. Така ќе им помогнеме и на нашите браќа- иселеници кои имаат тешкотии да дојдат до изворна литература во класична форма. Сега, со еден клик се надминуваат сите бариери.

Библиотеката „Браќа Миладиновци“ во Скопје тоа веќе го прави со своите дигитализирани материјали. Не е ова идеализам, туку сосема реално очекување. Упорната работа секогаш доведува до саканите резултати.

Ние предложивме да се размислува за селекција и на аудиоматеријали. Од овие 130 тома македонска книжевност, сосема е извесно дека Здружението на слепи лица веќе има дел во аудиоформат. Треба да се поразговара со нив, како

партнер на државно ниво, и да се договори размена и умножување на веќе снимените материјали. Неопходно е да се помогне на таа група на луѓе, но истовремено и ќе се заштити нивната огромна аудиобиблиотека, која заслужува респект. Но, таа, поради недостиг од пари и соодветна заштита, може секој нареден ден да биде оштетена и загубена. Аудиоматеријалите имаат своја примена и во други ситуации. Тие се, исто така, лесно преносливи и не бараат дополнителни трошоци за пласирање насекаде. Можат да се подигнат на секој сајт, сервер, а и да се ископираат на цедиња, дискови (секако зборуваме за материјали за кои државата ќе поседува авторски права). Да се слушаат за време на патување, спортување, социјализирање… Наместо да се труе младината со турбофолк и музика со сомнителни вредности и намени, може да се упатува на консумирање на книгите и литературата и на ваков начин.

Ми се чини дека токму тоа е улогата на државата, да се промовира во активен насочувач на трендовите кои би ја надградувале младината, но и целиот интелектуален потенцијал - во насока на повеќе учење и читање. Секој таков напор е за респект. Затоа, со нетрпение го очекувам 24 мај, Денот на словенските просветители, за кога е најавена промоцијата на првите десет тома.

Како сега со Србија?[47]

Што го мотивира српскиот гласач да гласа за радикалите? Најновите глобални поместувања што ги предизвика Русија се дел од одговорот

Неодамнешната победа на Тадиќ на претседателските избори во Србија, иако еуфорично прославена, не е ниту најмалку убедлива, ниту пак добар повод за славење. Дури, можеме да ја наречеме пирова. Таа сама по себе создава нови проблеми на српската политичка сцена. Имено, иако поддржан отворено од западните сили, комбинирани со сите можни поддржувачи однатре, тој едвај оствари стотина

[47] Број 2613 сабота, 16 февруари 2008

илјади гласа предност пред радикалот Николиќ. Се лаже оној што мисли дека радикалите се поразени. Обединувајќи зад себе половина од активното гласачко тело, се' повеќе добива во сила екстремната варијанта на српската политика (српските радикали и Шешељ ја негираат македонската држава и нација). Внимателните набљудувачи ќе се согласат дека како минува времето таа се' повеќе добива поддршка во Србија. Ќе се прашате зошто е тоа така? Како е можно српскиот народ да гласа за партија која директно се спротивставува на европската политика, на НАТО, како и на САД, и чиј лидер се наоѓа на хашката обвинителна клупа? На прв поглед изгледа налудничаво да се спротивставиш на тие институции, од кои дел беа вмешани и во интервенцијата од 1999 г. Што го мотивира обичниот српски гласач да гласа за радикалите и покрај се'?

Но, десетина години подоцна, и по два мандата на Путин, состојбата е сосема поинаква. Новооткриената акумулирана енергетска моќ ја поврати некогашната сила во речиси идентичен квантум. Секоја сила бара верификација. Затоа Русија, преку Косово, Србија и со подигнувањето на нова железна завеса сака да стави до знаење дека тука некаде на македонската северна граница (кон Србија) во иднина ќе се прекршуваат интересите и ќе се жртвуваат пионите од глобалната шаховска табла. Изразувајќи го гласно своето противење за признавањето на Косово, заканувајќи се со вето во Советот за безбедност, Русија само конзистентно ја игра улогата на нова суперсила. Истовремено, на Србија јасно и' стави до знаење, со серија мерки, дека своето влијание на Балканот ќе го остварува потиснувајќи ги на запад и југ обидите за пенетрација кон нејзините граници. Ова и не е некоја голема новела. Историски се познати империјалните амбиции на Русија. Познати се и нејзините интервенции на Балканот. Поупатените го знаат и ставот на царска Русија која дваесет години работела на растурање на ВМРО (за ова во друга прилика повеќе). Во овој текст ќе го скицираме однесувањето на Србија по изборите, како и можните последици за Македонија.

Очигледно е дека политиката на северниот сосед ќе ја прифати улогата на истурен играч на Балканот. И тоа ми е донекаде логично и очекувано. Имено, секој

во оваа битка на големите сили и интереси на овие простори, историски и денеска бара да има свој заштитник. А низ историјата малку се менуваат сојузите и припадноста. Според таа логика, нема ништо спорно ако Србија се определи Русија да и' биде патрон. Веројатно, тоа е и еден од мотивите на милионите српски гласачи да поддржат радикална варијанта. Легитимно право. Демократски е остварено. Сепак, тоа за нас, за Македонија, е алармантно. При евентуално доаѓање на радикалната партија на власт во Србија, односите меѓу нашите две држави сигурно би се влошиле. Потсетувам на ставот што таа партија го има за нас, и тој е повеќе пати јавно истакнуван.

Поради сето ова кај нас е потребно сериозно да се анализира целиот натамошен развој на настаните. Секако, потребни се одговори за секој случај. Не се само радикалите радикални кога е во прашање Македонија. Радикални се речиси сите политички сили. Посебно во чувствителниот момент на очекуваното појавување на државата Косово на меѓународната политичка сцена. Се разбира, Македонија треба да работи на градење пријателски односи и зацврстување на довербата. Ама и да ги брани и своите позиции и интереси. Истовремено, кај нас треба да се јакне свеста за нашето стратегиско поврзување, за нашите партнери. Тие не се нови. Ни најмалку. Некои кај нас сметаат дека Македонија е тазе држава која сега создава партнерства и стратегиски позиции. Ех колку само Македонци лежеле во затвор по Втората светска војна затоа што сакале да ја обединат Македонија под патронат на САД (види „Зборник на политички затвореници од 1945-1990“).

Најновите глобални поместувања, кои промислено ги предизвика Русија, се дел од одговорот. Таа во 1999 година при интервенцијата на НАТО во Косово не можеше да одговори организирано. Тогаш балансот (кој таа го посакува во глобални рамки) беше изместен спротивно на нејзините интереси.

Во време кога сите случувања се тензични, кога се редефинираат односите на Балканот, нашата држава најмалку што може да направи за да ги заштити

своите интереси е да постави солидни амбасадори во соседните држави. Солидни во смисла на нивна јасна патриотска припадност. Пред некој ден бев изненаден дека сослушувањето во Собранието, токму на амбасадорот кој се упатува на работа во Белград, било затворено за јавноста. Тој самиот побарал, а пратениците му излегле во пресрет, надлежната комисија да заседава зад затворени врати. За да не биде ова само изолиран случај, потпретседателот на Собранието Зашов (се' уште не се затворени контроверзиите од времето кога беше амбасадор) побарал тоа да биде постојана практика и во иднина. Така, на јавноста и' се скратени информациите што планира таму да работи именуваниот амбасадор. Пратениците, на тој начин, уште еднаш покажаа дека не им е блиска демократијата и не им се многу потребни граѓаните по завршувањето на изборите. Или, во прашање е заштитување на односниот амбасадор кој, според мои информации, во своите „тези“ за работа во Белград напишал дека радикалот Николиќ треба да победи во Србија и дека тоа ќе ја гарантира стабилноста на Македонија?! Застрашувачката информација оди на линија на моите информации од Белград дека именувањето на амбасадорот се коментирало како враќање на нивниот кадар назад (инаку своевремено вработен во југословенското МНР!). Ако е ова точно, каква порака праќа Македонија? Има ли кормилар Министерството за надворешни работи?

П.С. На сето ова мудро се насмевнува Б.Ц. кој за амбасадори, всушност, успеа да ги наметне сите негови кадри.

Додека спиеме[48]

И површна анализа на балканските состојби, од последните неколку недели, покажува дека работите со огромна брзина зовриваат. Апологетите на независноста за Косово тврдеа дека со завршувањето на процесот се' ќе биде релаксирано и ќе ни тргне на подобро. Единствената пречка за нормална

[48] Број 2625 сабота, 01 март 2008

живејачка на овие простори тие ја гледаа во незавршениот процес на создавање втора албанска држава. Еве сега тоа е завршен процес (иако Србите одамна го загубија Косово). Зад нас е и тој бауч. Нормално, затоа што наголемо се трубеше цело време за смирување на страстите, сите ние сега сме во очекување навистина и така да биде. Ако не е голема работа создавањето на државата Косово, тогаш би требало да можеме да продолжиме понатаму со живејачката, да градиме квалитетни односи помеѓу себе, да напредуваме…

Меѓутоа, тоа ми личи како намерно затворање на очите пред грдата реалност. Реалноста, сепак, покажува нешто сосема друго, од наменски кажаните пароли на апологетите на независноста. Наместо таа да се доживува како квалитет што спојува, (како таква постојано е претставувана!) таа се доживува како момент на надмоќност, како победа која сега допрва ќе треба да се валоризира со нови и нови освојувања територии. Навистина, не можам на ниеден друг начин да го разберам прославувањето со рафали и сликите од Скопје, каде што поекстремно се прославуваше независноста, дури и од самото Косово. Сликите со „калашниковите“ в раце на македонските Албанци го свртеа целиот свет. Како каква ја претставија тие нашата перспектива? Кој се' уште верува дека потоа следува смирување на страстите и градење на соживот?

Надмоќноста која се манифестира сега, доживува кулминација. Албанците веќе се прогласуваат за клучен геополитички фактор за стабилноста на Балканот

Надмоќноста која се манифестира сега, доживува кулминација. Според неа, Албанците веќе се прогласуваат за клучен геополитички фактор за стабилноста на Балканот. Новостекнатата сигурност веќе може да се забележи речиси кај сите коментатори во Македонија, кои се од албанската заедница. Едни бараат безусловно и брзо признавање на Косово. Други бараат приклучување на Албанците во преговорите за името (етнизирајќи го насилно проблемот), додека трети безусловно сакаат македонски имот да подаруваат за амбасади на се' уште непризнаената држава. Сето тоа се случува во нашиот двор. А на насилно

поставениот споменик на Скендер-бег (на кој нема напишано име на македонски, бидејќи за тоа немало пари) се вее американско знаме… Ме поздравува секој ден кога одам на работа.

За мене е многу индикативно што дел од насоките како да не се однесува на државниот врв, но и сите жители на Македонија се даваат отворено во текстовите на промоторите на албанската политичка мисла. Како што спомнав, наместо задоволство и стивнување на страстите - ние веќе добиваме инструкции што да се преферира и дека мораат да се стават во преден план интересите на албанската заедница од нашата држава, пред се' друго.

Така, од самитот на НАТО, прашањето за името, до односите со соседите, прашања кои немаат никаква друга основа освен политичка - се прави обид да се поместат во сферата на етничките проблеми. Односно, пресуден фактор во решавањето мора да станат Албанците. Триумфализмот така е и повеќе од видлив, а на сите ни се соопштува, или вака или никако!

Во целата ситуација на испревртени вредности, создадена е таква клима што и ако посакаш да пишуваш или размислуваш различно на темава - автоматски те прогласуваат за националист, радикал или узурпирач на човекови права. Апсолутно, во моментов, се' изгледа како наштиман хор „за да не се сетат“ Македонците што се случува навистина.

Ако во моментов го оценувам или карактеризирам тој национализам, сигурно ќе се најдам во опасност да бидам обвинет за популизам од македонска страна. Ќе ме денунцираат дека ширам дефетизам, за кој сега нема ниту место, ниту потреба. Цело време ќе ме замолчуваат, а нас ќе не' успиваат… Затоа, јас читам што мислат по ова прашање аналитичарите кои доаѓаат од државите што го спонзорираа процесот на создавање на државата Косово. Потешко е да се приговара за македонски национализам кон нив… Некои од нив предвидуваат дека Македонија може да ја снема од картите, како последица на поривот за

обединување на Албанците, кои само што добија потврда дека насила, во XXI век, ќе може да се создаваат држави.

Какви само големи последици ова ќе има за воспоставените норми на меѓународното право, не се ни осмелувам да помислам. Допрва сите аспекти ќе испливаат на површина. Целосно се дезавуира системот на признавање и етаблирање на државите преку системот на Обединетите нации. Низ таа призма, кога Косово за својата независност побара и доби спонзори надвор од оваа организација, и сето тоа не изгледа така проблематично, тогаш зошто Македонија направи се' за да се зачлени во ООН, па дури и се согласи да го смени името, односно да влезе во членство со привремената референца. Ако тој систем на меѓународно уредување се става ад-акта, тогаш зошто воопшто преговараме со Грција за името, под покровителство на ООН? Тоа, секако, може да се разгледа поопстојно во посебно мислење и Македонија, како посебно заинтересирана членка, во врска со која е направен преседан при приемот, да подготви свој одговор за понатамошно дејствување и преговарање во рамките на ООН...

Многумина одбираат да спијат, да си бидат во земјата на слатките соништа. Во меѓувреме, картата на голема Албанија полека се исцртува и станува реалност.

Може да има само еден[49]

Последниве месеци се изнаслушавме и прочитавме безброј мислења и коментари за тоа кој е Медведев, новиот претседател на Русија. Сите се занимаваат со тоа да одговорат дали е тој клон на Путин, дали може да излезе од неговата сенка за време на мандатот или, всушност, претставува само едно преодно решение за Путин по некое време да се врати на власт. Имено, гласиштата се дека Путин намерно избрал лик кој не може да се изгради во силен

[49] Број 2631 сабота, 08 март 2008

лидер, што би значело негово полесно седнување во тронот кога ќе дојде време. Во овој текст нема да навлегувам во детали кои имаат геополитичка конотација и во тоа дали и како ќе се одрази Путиновиот избор врз светската политика. Овој пат ме интересира нешто друго, намерното избирање слаби наследници од страна на менторите за да можат во погоден момент да ги симнат од тронот и да се вратат на власт. Затоа што оваа појава никако не е исклучок кој не е забележан и на други места, како и во Македонија.

Политиката е како опиум. Кој ја пробал тешко се откажува од неа. Ретки се примерите на луѓето кои собрале сила или пронашле други интереси откако се фатиле со врвната политика. Тоа е најверојатно така затоа што моќта која ја носи политичката функција е тешко надминлива или заменлива од која било друга професија. Од друга страна,

Суетата која секојдневно се храни од разни подлизурковци и апаратчици, ретко кој ја совладал. Секој (речиси секој) сака да му кажуваат секое сабајле колку е убав, паметен и незаменлив (симболиката на лошата кралица од Снежана и седумте џуџиња). А токму тоа се прерогативите на врвната политика. Таму и најисфрустрираните, најобичните, медиокритетите можат да се доберат до пофалби и уста полни со славопојки на секојдневна основа.

Дозволете мала илустрација. Кога бев пратеник телефонот секојдневно ми ѕвонеше неколку стотици пати. Еднаш забележав 16 влегувања од прва во втора линија и обратно без престанок. Сите некако беа цело време тука. Напати и јас сум се занесувал дека којзнае колку сум битен… Ех, тешко е да се признае дека сето тоа е само привид од луѓе кои се тука за сите властодршци, кои наоѓаат начин да бидат длабоко вовлечени во секоја гарнитура. Луѓе кои утредента по изборните резултати веќе вадат членски книшки во победничката партија (затоа секоја од партиите се фали со нови членства кога ќе се добере до власта). Ако јас го имам тоа искуство, какво ли само искуство имаат нашите претседатели, премиери, претседатели на партии? Верувам дека расте вовлекувањето правопропорционално со секоја повисока позиција. А тоа создава сериозен проблем за објективно јасно расудување за

сопственото место во системот и реалните можности за подобрување на што било, односно придонесот е тешко да се измери со објективно оценување.

Веројатно затоа е дополнително потешко да се симнеш од тронот. Но, правилата кои ги наметнува западната демократија, каде што се ограничува правото на реизбор само два пати, за автократите се несимпатични. Така, мораат да се измислуваат начини како да се создаде привид на демократичност, а всушност да се изигра системот. Изигрувањето може да не го видат само слепите. Дури и во самата Русија, како и насекаде во светот сите водечки журнали се прашуваат до кога ќе трае двоецот Путин - Медведев. Притоа, ги споредуваат како две марионети кои заедно ги движат конците на двоглавиот орел - грбот на руската држава. Речиси сите мислења се дека двоецот нема да живее многу долго во хармонија. Телото со две орелски глави е функционално само кога е грб на држава. Во реалноста едно тело со две глави е нефункционално и, побргу или подоцна, создава проблеми, така што сосема е извесно дека Медведев наскоро ќе се обиде да излезе од сенката на својот ментор. Тоа ќе значи развластување на Путин и судир на врвот.

Црвенковски со сила го постави Бучковски за лидер на СДСМ. Се сеќавате каква порака испратија првите негови соработници кога прошетаа помеѓу делегатите на конгресот на СДСМ, рамо до рамо со Бучковски. И тој самиот колку беше само горд. Ама, кога посака да води своја политика, тоа Бранко не можеше да го поднесе.

Всушност, за Македонија и за сите нас, во нашата самозатвореност и тешка изолација не е ни многу битно како стојат работите меѓу Путин и Медведев. Тешко дека релациите меѓу нив двајца можат да имаат влијание на македонската политика (затоа што ниту тие, ниту ние имаме некои посебни меѓусебни односи), а и на обичниот Македонец. Сепак, постои една паралела која може да се направи со нас, за да стане темата поблиска. Ќе наведам два примера од нашиот политички живот, кои по дефиниција ни се поблиски (бидејќи ние сме крајно политизирана нација), а се дел од нашето милје. Секако, се однесуваат на конструкциите кои ги прават партиските лидери за да го задржат политичкото и

партиското влијание по секоја цена и по детронизирањето. Математиките не секогаш излегуваат на крај како што се планира и очекува. Првиот пример е поврзан со Бранко Црвенковски и Владо Бучковски. (сметајќи дека тој мора се' уште да го има приматот во партијата и државата) и направи се' да го симне Бучко. Дури и направи премолчен сојуз со ВМРО-ДПМНЕ само за да не победи Бучко. Не застана се' додека не го елиминира сосема неговиот протеже. Затоа што е моќен и втемелен во целокупниот систем на Република Македонија, тој успеа без некои големи проблеми да го уништи Бучковски целосно. Тој сега веќе е без политичка иднина.

Вториот пример го имаме во ВМРО, меѓу Георгиевски и Груевски. Слично како во првиот пример, за да се изврши смената интервенираше партискиот претседател. Мораше да биде така како што сака Георгиевски. Неговата математика беше да го постави релативно невтемелениот во партиската база Груевски за да може да го симне кога ќе посака, односно кога ќе процени дека дошло време да се враќа на сцената. Георгиевски не беше Бранко. Немаше тој доволно години на власт за да биде неприкосновено силен и да спроведе секаков план што ќе го замисли. Исто како во претходниот пример, протежето посака да дејствува независно. Дојде до судир. Телото мораше да има една глава. Георгиевски отпадна.

Антимакедонизам[50]

Со уништувањето на државата Македонија, во Европа ќе се отвори македонското прашање во неколку држави истовремено

Сериозни и тешки времиња се пред нас. Ова се навистина денови на искушение за Македонија. За да не бидам погрешно разбран, ќе започнам со вовед што ја објаснува нашата мирољубива и добрососедска позиција во спорот со Грција. Имено, од првиот ден кога влегов во Градската библиотека „Браќа Миладиновци“, ја продолжив претходно започнатата соработка со една невладина организација од Грција. Само минатата

[50] Број 2637 сабота, 15 март 2008

година заедно изведовме курсеви за изучување на грчкиот јазик и обука за употреба на компјутери за повеќе од 200 заинтересирани граѓани. Курсевите беа целосно бесплатни и, според мое мислење, беа целосно успешни. Тие им дадоа можност на нашите граѓани да се стекнат со знаења кои, се надевам, подоцна во кариерата можат да им бидат корисни. Библиотеката ги овозможи сите услови наставата да се одвива непречено. Пред претставниците од Грција, како и пред курсистите, секогаш велев дека треба да ја оставиме политиката во нејзините ровови, каде што разликите тешко се премостуваат. Истакнував дека наша работа во областа на културата е да создаваме мостови меѓу двете држави, односно да ја градиме довербата на наш микроплан. Убеден сум дека со секое доаѓање колегите од југот се чувствуваа како дома во Македонија. Ова не случајно го потенцирам.

Наспроти моето, односно нашето меѓусебно искуство, кое во библиотеката на секојдневна основа го развивавме, стои грчката официјална државна политика. Таа политика сериозно се заканува да ја запре со вето Македонија на патот кон НАТО. Истовремено, на регионот да му донесе непотребна и опасна нестабилност. Повеќе пати досега во моите текстови сум ја исцртувал новата граница на влијание меѓу двете доминантни држави на овој дел од светот. Секојдневно се' поочигледна станува поделбата на сфери на влијание кои ги апострофираат САД и Русија. Сите показатели, се' што прават Американците во Македонија, покажуваат дека тие ја сакаат нашата држава во НАТО и во сферата на нивното влијание. Тоа е добро, затоа што преку влезот во Алијансата ги решаваме безбедносните предизвици и прв пат ќе бидеме на пат да

Сите показатели, се' што прават Американците во Македонија, покажуваат дека тие ја сакаат нашата држава во НАТО и во сферата на нивното влијание. Тоа е добро, затоа што преку влезот во Алијансата ги решаваме безбедносните предизвици и прв пат ќе бидеме на пат да станеме атрактивни за капиталот кој со тоа по автоматизам доаѓа

Потоа, неминовно доаѓа зачленувањето во ЕУ. Ќе биде, односно беше тоа одлична перспектива за оваа држава и нација, како и за целиот регион.

станеме атрактивни за капиталот кој со тоа по автоматизам доаѓа. Потсетувам и на документите (јасното изјаснување како Македонци!) на македонските емигранти во САД од крајот на 19 век (6.800) кои ги објави Павле Воскопулос. Убеден сум дека објавувањето во овој момент е помогнато од соодветните служби на САД. Полека ќе преминуваше од несигурно, неатрактивно место во опозитот на сето тоа. Не гледам кој не би го посакувал тоа!?

Само оној кој со целиов случај можеби сака да скрие/покрие некоја непријатна вистина? И малите деца знаат дека сите приговори за недобрососедско однесување (најновото маневрирање за да се покрие небулозното барање за промена на името на Македонија) се невистинити. Еве, нека биде илустрација и нашата соработка во библиотеката. Тогаш што сакаат да покријат? Да не се лажеме, олкава патрдија не се крева за ништо. Едноставно е. Сакаат да го покријат непријатниот факт за македонскиот геноцид, кој во неколку наврати се има случувано во минатиот век на територијата на Егејска Македонија. Можеме да ги нагласиме 1913 и потоа, како и по завршувањето на Втората светска војна. Македонскиот геноцид е со толкави димензии што најверојатно го надминува и ерменскиот (веќе пишував за тоа), кој истражувачите, упатените, го прогласуваат за втор најголем во историјата на човештвото поради бројката од еден до еден и половина милион жртви. Само што за нашиот геноцид не се зборува. Не се истражува, не се дискутира во научната јавност. Едноставно е табу-тема. Па, сепак, сведоштва и живи очевидци и ден-денеска постојат. Тие и тоа како можат да кажат како било тоа во окупираните делови од провинцијата Македонија. После се', сите се сеќаваме дека до 1989 година во Грција беше дури и забранета употребата на името Македонија или се' што асоцира на тоа. Кој ги менуваше со закон топонимите, имињата на сите населени места во Егејска Македонија? Беше ли тоа Република Македонија или Грција? Кој го забрануваше и драконски го санкционираше користењето на македонскиот јазик? Да не се враќаме 2000 години наназад во тешко изведливи и објасниви полемики кој е кој. Дајте да ги прегледаме фактите за минатиот век.

Лицемерно е да се тврди од страна на Грција дека ние не сме биле добри соседи во една таква констелација на односи. Исто така, лицемерно е од Европа (која знае за погоре наведените факти) да не' принудува да го менуваме името, заземајќи ја страната на јужниот сосед. Треба да знаат дека со тоа стануваат соучесници во геноцидот кој некој сосила се обидува да го продолжи и во денешен ден. Моите информации говорат дека сега Грците на сојузниците во НАТО им објаснуваат оти не е потребно да се прими Македонија во Алијансата. Тоа немало да предизвика нестабилност на регионот, бидејќи нашата држава ќе била опкружена со три држави-членки на НАТО - Албанија, Бугарија и Грција.

Ова е најновата конструкција која нашиот „добар сосед“ ни ја пакува оти не сме ние „подобар сосед“. Европа немо гледа, како по обичај, а тоа не се санкционира од јавното мислење. Добриот сосед бил подолго време во НАТО. Па што? Ајде сега поради тоа уништете ја Македонија.

Една работа не и' е кажана јавно, јасно и гласно на Европа. Со уништувањето на државата Македонија, за Европа ќе се отвори огромен проблем, многу поголем и од курдскиот или, пак, босанскиот. Ќе се отвори македонското прашање во неколку држави истовремено. Ќе биде стимулирано, ако не' остават без држава, директно од нив. Да ги потсетам Европејците дека тоа македонско прашање ја тресеше Европа во почетокот на минатиот век многу силно и тоа во тој период се' уште не беше созреано поради историските околности. Меѓутоа, сто години подоцна, Европа, верувајте, нема да сака да се соочи со отворање на ова прашање во неколку држави истовремено, многу посилно од кога било.

Саркози како парадигма[51]

Повеќе пати досега сум пишувал за значењето на Франција, кога е во прашање нашиот спор со Грција, билатерално, како и во однос на ООН. Имено, не е чудно што Грција голем дел од својата енергија во овој период, а и во текот на целиот спор ја концетрираше токму во комуникацијата со Франција. Тие многу добро знаат дека Франција е член на Советот за безбедност со право на вето.

Исто така знаат (што некои македонски медиуми намеро го превидуваат кога ја палат страста за наше судирање со целиот свет) дека за да се реши еднаш за секогаш и конечно спорот со името, целата процедура повторно ќе помине низ СБ, кој ќе мора да донесе нова резолуција за Македонија. И најзначајното за Грција (а вредно за сите нивни напори) е тоа што Франција за цело време на спорот ја подржува безусловно грчката позиција. Секоја држава, која има ваков влијателен пријател во светската политика, треба да направи се да го одржи и унапредува тоа пријателство. Знаејќи ги овие прости аксиоми, политиката на јужниот сосед ги користи како моќни алатки за остварување на своите интереси. Уште повеќе затоа што Македонија со уставното име ја призна три од петте држави, постојани членки на СБ. Останувајќи една од последните две држави кај кои е клучот за спорот, Франција добива на значење дополнително овие денови. Имајќи ги предвид овие неколку моменти не ме зачуди што Саркози, исто така, застана на страна на Грција. Напротив, се друго повеќе ќе ме зачудеше.

Иако е познат како елоквентен, силен и праведен политичар, Саркози има и историја на предизвикување разни инциденти

Но, во Македонија предизвика бура од негодувања изјавата на Саркози која што тој ја даде во врска со спорот за името, настапувајќи недипломатски и

[51] Број 2643 сабота, 22 март 2008

недржавнички. Така, ставајки се отворено на страната на Грција, тој навреди чувста на неколку милиони македонци низ целиот свет, како и целата македонска нација. Уште полошо и трагикомично, тој како еден од аргументите за својата подршка го наведе објавувањето на книгата „Саркози од Солун“?! На ова реагираа македонските блогери на единствениот можен начин (види слика). Бидејки насилното уривање на идентитетот на еден мирољубив и напатен народ тој го смести во рамките на една книга, и ако на тој начин се добива неговата наклонетост – треба да биде известен дека и од наша страна можно е да му се посветат редови од повеке писатели, журналисти и блогери. Само да каже што може да ја задоволи неговата суета.

Иако тој на француската политичка сцена е познат како елоквентен, силен, одлучен и праведен политичар, (пречекан во времето на избор од десетици илјади воодушевени подржувачи) реалноста покажува нешто сосема поинаку. Саркози има сериозна историја на предизвикување разни инциденти. кој зборовите на Саркози ги опиша како потсетување на некои „други поминати времиња“. Листата тука не завршува. На еден аграрен саем (февруари 2008) тој влезе во дуел со еден присутен, кој замислете несакал да се поздрави со него, нарекувајки го „простак“ и наредувајки му да си замине... Секако крем де ла крем на неприфатливото ексцентично однесување за еден десничарски и конзервативен политичар е женењето поранешната топ манекенка Карла Бруни (позната по многубројните врски со музичари, богаташи и политичари). Нејзиното

Големите студентски демонстрации (2005) на некој начин добија на жестокост по неговите неодмерени изјави. Потоа, минатата година и во Сенегал одржа зачудувачки нетактичен говор. Навредувајки ги жителите на Африка, со реферирање дека тие всушност и никогаш на влегле во историскиот процес и прогрес поради нивниот начин на живот. Нарекувајки ги сите жители на африка „Селјаци“ успеа да предизвика реакции од целокупната интелектуална елита на континентов, па дури и на претседателот на Африканската Унија

станување прва дама на Франција дефинитивно го урниса внимателно градениот лик на сериозен политичар и државник.

Последните локални избори тоа целосно го потврдуваат. За помалку од година дена (функцијата ја презеде во мај минатата година) тој и неговата политика се поразени во повеќето градови во Франција. Посебно значајно за неговата опозиција е што сега го контролира Париз, како и Лион, Тулуз, Стразбург, Каен... Во Македонија нема некоја особена традиција на пратење на овие поместувања кај поголемите европски држави, така што ризикувам да преминам во тривијалност. Па сепак, ќе се задржам уште малку на темата. Сметам дека за нас е интересно да се знае дека однесувањето на Саркози веќе по првите десет месеци владеење е санкционирано драконски од гласачите во Франција.

На нашите пријатели французи кои својата држава ја изградија на слободарски принципи, сакам да им порачам дека ова чувство на горчина што го имаме сепак нема да се генерализира. Не би било во интерес на двете држави да се создаде омраза и зла крв кај граѓаните. Јас самиот бев дел од парламентарна делегација која го посети францускиот парламент во 2000-та година. Бевме поздравени (за прв пат во историјата на односите помеѓу нашите две држави) со прекинување на седницата на францускиот парламет, во присуство и на францускиот премиер и со пренос во живо до нацијата. Добивме бронзени медали од парламентот во знак на препознавање на значајноста на моментот... Тогаш, тоа можеше да биде раѓање на една добра перспектива. На создавање на соработка која ќе не направи Еднакви. Оти ние само тоа бараме – еднаквост. Ги бараме истите права за кои во Франција се дигале револуции. Се надевам дека сега веќе не е време да се креваат револуции, оти човештвото треба да се учи на своите грешки и да напредува преку апсолвирање на темите.

Слободата која ја имам како критичар, коментатор сепак не е истата како и на официјалните државни органи. Тие би требало веќе еднаш да создадат подолготрајна и издржана стратегија како со Франција понатаму. Знае ли некој од вас кој ни е Амбасадор во Франција? Знае ли што тој и дали воопшто нешто

направил? Време е текстовите од ваков тип, каде што може да се покажат емоции, да се користи козерија и сите други стилски средства да ни се препуштат на нас коментаторите. Државата несмее да реагира како коментатор. А таква беше нашата реакција по настапот на Саркози. Нема фајде од врачување на ноти отпосле. Дури имаат и конта ефект. Дали навистина мисли некој дека сега Саркози ќе се повлече од кажаното? Сигурно нема. Но, ако настапувавме 15 години наназад пријателски кај него (и кај Сеголен и десетици други), додека сеуште беше градоначалник во дедесетите. Не треба повеќе, само подготвеност на нашите дипломати да ја соопштуваат вистината, наместо да не известуваат за тоа што се случило во Франција. Колку да се знае, веста доаѓа, со посредство на маскомуникацијата, побргу од писмата...

Нато – сега и веднаш![52]

Неверојатна е тензијата која што деновиве лебди во воздух. Претстојниот самит на НАТО во Букурешт, во целиот регион создаде една тешка атмосфера на исчекување. Апсолутна непознаница е што на крајот навистина ќе се случи. Разврската и нејзиното очекување веќе се дел од нашите животи, домови, најобични дискусии... Денеска, како за пример, присуствував на расправија помеѓу двајца пријатели кои имаа поделени мислења околу нашиот можен став по последниот предлог на медијаторот Нимиц. Инаку овие двајца никогаш ги немав досега видено да бидат нервозни, агресивни или нетолерантни по прашања од областа на политиката и историјата во меѓусебните дискусии. Но, денеска небеше така. Еден од нив едноставно стана и си замина, неотстапувајки од неговите ставови.

Предлогот на Нимиц е повеќе и од добар за нас. Ни дава можност да изиграме стратегиски и да влеземе во НАТО

[52] Број 2649 сабота, 29 март 2008

Истото се случува и на политичката сцена. Таа е стресена до корен. Скоро сите наши актери ми делуваат некако збунети. Како да ги изненади и начека неспремни притисокот од страна на Грција. Ги гледам секојдневно на вести (веке ми се вселија дома) и неможам да видам стаменост, силина и стратегичност, не гледам јасен став и изградена стратегија како ке се справиме со ова небиднина што сака да ни застане на пат. Пробав да се присетам како всушност ја дочекавме оваа последна и најјака офанзива на грците. Трагав по некаков пишан текст, мислење, документ или платформа на било кој државен орган. И не ја најдов. По петнаесет години исцрпувачко спорење со Грција, ние не успеавме да предвидиме што не чека пред самитот на НАТО во Букурешт. Никој не спомна ниту збор како понатака. Наивно ни се нудеше тезата дека времето работи за нас, дека над 120 држави не признале под уставното име, што само по себе имплицирало дека работите се развиваат во наша корист. Сепак, наместо лесно пристапување во НАТО нашиот пат стана и повеќе од трнлив. Практично, јас Грција ја разбирам. Таа е заплеткана во своите шовинистички разбирања на историјата. Секој поупатен ке се сложи дека заплеткувањето е толку силно што и нивната влада по ова прашање виси на конец. Сега, во ова игра на нерви, најважно е да не се загуби разумот и да се одигра патријата до крај трезвено и без грешки.

Пред нас е многу значаен историски момент. Букурешт не смее да се претвори во можност за втора поделба на Македонија (првпат во 1913 Македонија е поделена на три дела според договорот од тој град). Симболиката е и повеке од јасна и повикува на трезвеност. Ние мораме да направиме се до почетокот на самитот да бидеме конструктивни и да и покажеме на западната и НАТО јавност (која поради тензијата што ја создаде Грција ги врти своите очи навака) дека за нас оваа алијанса нема алтернатива. Мораме да бидеме итри и во овој момент да ја изведеме Грција и нејзините „фикс идеи“ за сопственост врз историјата на ледина. За да ги видат сите. Така, кај многу од членките ке се разбистри маглата која што со години тие планирано, стратешки ја создаваат. Ако идната недела, и покрај инсистирањето на американскиот претседател Буш за влез во НАТО на целата јадранска група, Грција се обиде да стави вето, тоа, убеден сум ќе биде

спречено со сите можни средства што ги има на располагање американската политика. Ама за тоа да се случи нашиот одговор на последниот предлог на Нимиц мора да биде таков што нема да остави сомнеж дека сме зрел кандидат за членство кој ја заслужува подршката на сите држави членки. Потребно е да оставиме впечаток на зрела држава која што знае што сака и каде ја гледа својата иднина. Дозволете само да потсетам дека НАТО е предворје на Европската унија, односно дека сите држави кои во последните проширувања влегоа во ЕУ, прво поминуваа низ безбедносната стабилизација на НАТО.

Ова неслучајно го споменувам. Затоа што проструија информации дека можеме ние и во некој иден круг на проширување да влеземе. Или пак да бараме алтернатива на НАТО. Било кој што ке се реши на оваа варијанта мора да биде свесен дека може да предизвика катастрофа од несогледиви последици за Македонија и македонците како народ. Како што сега стојат работите, проширување на НАТО може да нема долги години или децении. Просто е видлив напорот на Русија, преку стимулирање на Грција (западните аналитичари често Грција ја нарекуваат руски тројански коњ во Европа) и македонскиот проблем да најави дека нема и во иднина да се согласува со поместувањето на алијансата кон нејзините граници. А ако согласно покажаните намери, продолжи јакнењето на Русија глобално, таа дефинитивно може на оваа точка да предизвика замрзнување на геополитичкиот распоред. Односно да нема ширење на овие простори на НАТО веќе никогаш! Од таа перспектива, ќе можат веќе утре (по потреба) да се активираат плановите за создавање на Голема албанија кон необезбедената и останата надвор од НАТО Македонија.

Истото се случува и на политичката сцена. Таа е стресена до корен. Скоро сите наши актери ми делуваат некако збунети. Како да ги изненади и начека неспремни притисокот од страна на Грција. Ги гледам секојдневно на вести (веке ми се вселија дома) и неможам да видам стаменост, силина и стратегичност, не гледам јасен став и изградена стратегија како ке се справиме со ова небиднина што сака да ни застане на пат.

Сите знаат дека албанците ја имаат изработено својата агенда со американците. И немаме право да им се лутиме ниту на албанците, ниту на американците. Тие работат на своите интереси и зацртани агенди, како и впрочем сите други држави и народи. Не се ништо ново ниту интересите на големите држави на овие простори. Нашите судбини се поврзани неразделиво со токму тие интереси. Откако постојат државите на Балкан, од деветнаесетиот век, тука се и интересите на големите држави. Ние имаме две можности, да го разбереме тоа и да најдеме модус вивенди, или да се изолираме од сите и да пробаме нов модел досега за жал непознат. Свесен сум дека ова се драматични претпоставки, ама подобро е јас да погрешам во еден текст, отколку нашето државно водство во спорот.

На што работиме ние? Каде е нашата агенда? Па, ако се познати начините на лобирање, ако е познато дека интерес и пријателство се гради, зошто и ние да не го правиме само истото. Само истото. Ништо повеке. Да градиме. Стратешкиот партнер наш (САД) не спасува по секоја цена. Предлогот кој што всушност го даде Нимиц и повеке е од добар за нас. Тој ни дава можност да одиграме стратешки и да влеземе во НАТО (бидејки е врзан со поканата). Го признава нашето уставно име. Го преведува и на англиски, со што го прави името препознатливо. Дозволува во билатералната комуникација да си го користиме уставното име, кое не се менува, и не го негира нашиот идентитет. Секако им дава за право и на грците. Не е без отстапки и од наша страна (менување на имиња на аеродромите). Но, како поинаку? Не гледам начин да се заобиколи Грција која стои на нашиот пат кон алијансата.

Се што ке дојде потоа е предмет на анализа, стратегија и спроведување на тактика. Мораме веќе еднаш и ние да применуваме вештини од арсеналот на дипломатијата. И колку да се знае, јас за мојот идентитет се борам и ќе се борам секогаш и секаде колку што можам повеќе и што можам погласно (оние што пратат интернет тоа добро го знаат). Тоа право неможе да ми го одземе никој. Ама како државјанин на членка на НАТО ќе имам на располагање дополнителни можности за гласност.

Ах тој Букурешт[53]

Грција и официјално ни стави вето за влез во НАТО на самитот во Букурешт. Се повторува нашата тажна историја. Ехото од пред 95 години кога и официјално е поделена Македонија, како бумеранг повторно се враќа. Не ми оди во глава дека ова е случајно. Како да се пишува мислење во ваква ситуација? Ако минатата недела сите беа напрегнати и тензични до максимум, сега емоциите се променети е преовладува огромно разочарување. И тоа кај сите. Тоа дури се заканува да премине во чувство кое ке ја замагли реалната перпектива, водејќи не кон погрешни потези. Секако дека грците сега тоа и го очекуваат за да можат да ја оправдаат својата ступидна одлука пред другите држави.

Треба да продолжи продлабочувањето на стратегиските односи со САД и со НАТО, да се искористи моментот за офанзива и лобирање

Јас во овој текст решив да дадам една кратка ретроспектива на случувањата од интернетот, блоговите и коментарите од оваа сфера од мината недела. Тие секако можат да бидат интересна и прецизна индикација на општото чувство, на јавното мислење или ако сакате на однесувањето кое некој го проектира или насочува. Апсолутно сум убеден дека покажаното однесување на интернет е дел од општото размислување, односно дека рефлектира како мисли дел од нашата популација. Ако е така, тогаш тоа информира за општествената порака по прашањето на ветото на Грција (ми иде да ги напишам со мала буква) и можното однесување во деновиве што се пред нас. Мислењето од претходната недела ми донесе серија на коментари на мојот блог. Очекувано. Мислам дека беа околу 200. Можеби и нешто повеќе, ако се додадат коментарите на веб страната на Утрински, како и неколкуте македонски форуми на кои редовно ги преобјавувам текстовите од саботното мислење.

[53] Број 2655 сабота, 05 април 2008

Бидејќи беше видливо и минатата недела дека јужните соседи ни „кројат капа“ за на самитот во Букурешт, сметав дека на таа итроштина мора да и се одговори со мудра одлука која ќе ги изведе на ледина, пред сите сојузници во алијансата, како и пред целата европска јавност. Затоа, помеѓу другото, сосема оправдано беше на последниот предлог на Нимиц да му се даде зелено светло. Сеуште стојам зад тоа. Другите детали ги наведов во претходното мислење...

По тој повод реакциите беа мешани, од тотално отфрлање до разумно подржување. Најнормално е да се појават различни размислувања. Неразумно е да се очекува едно и исто размислување. Бидејќи многу ми значеше да чујам каков е пулсот со огромно внимание ги прочитав мислењата на интернет посетителите на форумите. Така сватив дека всушност многу малку во изминатите петнаесет години е направено за да се упати јавноста во суштината на спорот. Никој, апсолутно никој не го споменува Глигоров и Малески од далечната 1992 година и пропуштањето на златната шанса за зачленување на Македонија во ООН под уставното име. Како да бега од диоптријата фактот дека случајно или намерно не е поднесено барање за прием во организацијата неколку месеци. Истовремено Глигоров правел планови како да ја спаси смалената Југославија. Интересно е што неговата епохална лага, која за нас е салто мортале, не е предмет на интензивен интерес на јавност. Уште повеќе, скоро никој не ги споменува двата месеци рок на употреба на референцата која „ке се користи само во ООН“. Страшно. Поразувачки факт е дека Словенија, Хрватска и БиХ (сите примени на 22 мај 1992, месец дена пред лисабонската декларација) токму во тој период побарале членство и биле примени во ООН. Индикативно е што овие факти и бегаат на поширокатa заинтересирана јавност. Всушност, како некој да сака да биде така. Првите сидра се пуштаат кај времената спогодба од 1995 година. Таа се третира како камен на сопнување и се смета дека ако грците не ја почитуваат ние треба да ги напуштиме преговорите. Еден од најраспространетите митови и урбани легенди е дека со тоа автоматски нашето име останува Македонија и е неспорно. Што е огромна грешка!

Овие драматични мигови, кога оправдано на интернет бројот на навредите кон грците е зголемен за стопати, треба да се трага по одговор кој ке ни обезбеди стабилност и иднина. Најлесно ми е мене сега да отидам анонимно на некој форум и да изнакажам се. Прашањето сепак е што да се прави? Грците знаејки ги сите погоре изнесени информации за обврзаноста на преговарање, секако дека ликуваат. Ете и тие се појавуваат по форумите нарекувајки не „Република Вето“. Ни се смеат. Мислат дека победиле.

За жал нашето име и во оваа ситуација останува (во ООН, а како дериват на тоа и во другите меѓународни организации) БЈРМ. Името е сосема независно од ветото на Грција и времената спогодба. При нашиот прием во Обединетите нации (8 април 1993) е нагласено дека тоа ќе се користи се додека не се разреши спорот со Грција. Практично, врзани сме да го решиме спорот или референцата може да ни остане „име“ двеста години. Верувајте и мене ме боли оваа вистина. Ама како да побегнам?

Кај нас пак разочарувањето се заканува да премине во генерализирање. Расне рапидно антинатовското и антиамериканското расположение (процентот дефинитивно ќе се зголеми во наредниот период, прашање е само колку). Токму тоа треба да се избегне. Сега кога и повеке од јасно е кој ја злоупотреби целата алијанса за своите ниски и неприфатливи потреби, треба да се продолжи со забрзано негување на стратешките односи со САД и НАТО. Државниот врв несмее да остави никаков сомнеж по прашање на овие приоритети. Напротив, треба да се искористи овој момент за голема офанзива и лобирање. Еве Караманлис, знаејки дека имиџот на Грција е веќе силно нарушен, не повикува на повторни преговори. Грците во Букурешт го искористија својот најголем џокер. Овојпат ние сме на потег. Нема потреба од брзање. Не сме во НАТО, а алијансата е напукната целосно поради грците. Нека работи за нас малку новата реалност. И Русија сега ликува. Преку грбот на Македонија се прекрши планот на Буш за понатамошно ширење на НАТО кон исток. Знаејки дека овие работи не се наивни и случајни, сега навистина треба да го зајакнеме нашиот притисок за разјаснување на работите. Под итно е потребна

дипломатска турнеја по Европа, САД, како и Балкан. Дипломатскиот потенцијал мора по секоја цена да се зајакне со искусни и докажани дипломати кои веќе подолго време се тргнати настрана поради игнорантскиот однос на МНР.

Крајно време е да се престане со импровизации и да се започне со реформа на оваа значајно министерство кое требаше сите овие процеси да ги дочека многу, многу поспремно. Во неговиот состав треба да има препознатливи, добро упатени и поврзани луѓе кои на ниедна средба нема да заминуваат со било каков комплекс. Државниот врв, претседателот и премиерот, по ладниот туш во Букурешт, се надевам ке разберат дека нема веќе простор за „пазар“ за амбасадори или на било кое друго ниво. Нема веќе изговори за надмудрувања. Нека го претресат уште еднаш целиот состав што не претставува надвор од Македонија. Многу работи веднаш ќе им се разјаснат. Активизам е неопходен.

Без концепт[54]

Настаните секоја недела се одвиваат со огромна брзина. Практично е невозможно да се сумираат и да се даде заокружено мислење. Токму затоа и многу од нив, а кои сметам дека се значајни, остануваат надвор од мислењата. Едноставно просторот е претесен за се да се најде во едно неделно мислење...

Оваа недела посебно внимание предизвикува распуштањето на парламентот и одењето на предвремени избори. Како што се зовриени страстите, по Букурешт и грчкото вето, изборите може да ни дојдат како шлагворт на се. Секако дека една од основните премиси на занимавањето со политика на секој поединец или партија е намерата да се дојде на власт и преку неа да се остваруваат одредени намери, програми, интереси... Значи и повеќе од нормално е секогаш, било да се работи за партија на власт, било да е опозиција да се демнее момент на слабост на другиот за да се направи обид за освојување мандат. И јас ја разбирам политиката низ оваа призма. А верувам и повекето

[54] Број 2661 сабота, 12 април 2008

учесници во политичкиот живот во нашата држава. Во овој случај дури е можна и генерализација која важи универзално. Секогаш и во секоја држава каде што постои партиски систем, партиите се обидуваат да дојдат на власт или ако се веќе на власт – да останат! Не гледам причина зошто да се разликува Македонија по ова прашање.

Па сепак, пред да го кажам моето мислење, ќе разгледам уште некои елементи кои ми се чини дека имаат значајно влијание врз системот и нивното влијание или игнорирање би имало значајни последици по квалитетот на политичката сцена, уште повеќе врз животот на граѓаните на нашата држава. Го издвојувам како посебно значаен сигналот кој на властите во Скопје го даде амбасадорката Нуланд. Таа, да потсетам, изјави дека кај нас доаѓа испратена од претседателот Буш и шефот за надв. работи Рајс. На тој начин, потенцираше дека нејзините ставови се всушност ставови на највисокиот државен врв на САД. Колку што се сеќавам деновиве по самитот на НАТО во Букурешт, кај нас имаше експлозија на одобрување на нашето партнерство со САД, како и инстинктивно поотворено приклонување кон нашиот најголем сојузник во светот. Во моменти кога бевме изложени на понижување од Грција, а во неможност да се браниме сами, бидејќи не сме сеуште дел од тоа друштво, нашето отсуство се обиде да го компензира Буш во борба со европскиот „тројански коњ“ во НАТО. Истото големо залагање беше повторено и во Загреб, каде што нашата држава беше третирана како дел од НАТО, со најјасни можни пораки до алијансата од страна на Буш. Секако заради хроничната димензија на текстот ќе го спомен и Даниел Фрид, високо рангираниот американски дипломат, кој неделава во своја изјава за спорот ги промовираше македонскиот јазик и нација цврсто и недвосмислено, при обидот за негирање од грчка страна. При тоа тој изјавата ја даде со јасни зборови неоставајќи простор за двосмисленост, што е честа карактеристика на дипломатскиот јазик...

Храбро ќе одиме на избори, додека на вистинското поле за борба

Ова стратешко партнерство за нас доаѓа како нов почеток во меѓународните работи. Одсекогаш сме биле монета за поткусурување. А кумови на тоа секогаш биле мокните европски сојузници на нашите балкански комшии (што е резултат на одредени историски околности). Сега за прв пат се појави, роди можност да се усојузиме со моќна држава (во овој случај најмоќната) на нашиот пат кон изборување меѓународно признавање и етаблирање како држава еднаква на другите. Но, не смееме ова партнерство да го земеме здраво за готово, или ако сакате, како еднаш засекогаш дадено и гарантирано. Имам чувство дека ние подршката на американците ја сметаме како зададена и неменлива. Уште повеќе ми делува дека стратегиската алијанса ја сметаме како изградена работа во која нема потреба да вложуваме дополнителен напор. Или, што е најлошата варијанта, играме двојна игра која се надеваме дека нема да биде прочитана.

Ги избравме ли САД за наш стратешки и прв партнер? Или не? Ако не, тогаш кој? Франција? Русија? Британија? Или можеби Германија? Добар ли ни е изборот на стратешки партнер? Ако да, тогаш зошто. Ако не, тогаш кого ќе избереме и зошто. Треба ли да формираме институт, совет или комисија за надворешни работи за некој сериозно да ја свати упатената и заинтересираната јавност по овие прашања? Или сите ќе се игнорираат во бесконечност, ако не ги поминале долгите главоведнечки партиски чекалници. Наместо слободен и креативен дух се форсира полтронство и безличност.

Често повторувам дека сакам да видам државна стратегија по важни надворешно политички прашања на хартија. Сакам да можам да консултирам материјал кој дозволува анализа, произнесување, доградба... Такво нешто за жал – нема! Нема ниту најава. Се прашувам што прават тие таканаречени тинк-танкови, институти, невладини организации кои цело време нешто анализираат во затворени кругови за ситни пари, ама без видлив резултат. Еве во моментов во целото македонско општество е нагласен нашиот сојуз со САД по одредени безбедносни прашања. И што? Што ќе се прави од тука па натака? Задоволни ли сме со тоа што претставникот на Буш во Скопје ни дојде на гости? Си поразговаравме со неа и таа си замина.

Задоволни ли сме од нејзините пораки? Сега што? Навистина нашата надворешно политичка стратегија е тера инкогнита. Како за нас, заинтересираната јавност, така се чини и за главните играчи во тој ресор. Ги избравме ли САД за наш стратешки и прв партнер? Или не? Ако не, тогаш кој? Франција? Русија? Британија? Или можеби Германија? Добар ли ни е изборот на стратешки партнер? Ако да, тогаш зошто. Ако не, тогаш кого ќе избереме и зошто. Треба ли да формираме институт, совет или комисија за надворешни работи за некој сериозно да ја свати упатената и заинтересираната јавност по овие прашања? Или сите ќе се игнорираат во бесконечност, ако не ги поминале долгите главоведнечки партиски чекалници. Наместо слободен и креативен дух се форсира полтронство и безличност. Верувајте ова не е дигресија. Напротив, во период кога требаше да се радуваме за фаќање чекор со цивилизираниот и организиран свет, ние сме во ногдаун од кој никако да застанеме на нозе. Се е тоа резултат токму на дегенерираноста на целокупниот систем, кој и да сака неможе да даде други резултати.

Лично, ако ме прашувате мене, јас сакам избори. Тие се можност за нови луѓе. Сигурен сум дека треба нови луѓе. Досегашниве, сите (позиција и опозиција) не покажаа ништо. Не ги ни знаеме повеќето од нив. Кои се всушност тие луѓе што во македонскиот парламент одлучуваа за квалитетот на нашиот живот? Колку закони донесоа? Колку од тие закони се квалитетни и ќе потраат некое време, пред повторно да се менуваат во бесконечно долгите и непродуктивни сесии? Нема валидни информации. Претпоставките за избори, теориски, се тука. Ама не сум сигурен дека моментов, кога од нашиот стратегиски партнер стигнуваат јасни пораки за брзо решавање и затворање еднаш засекогаш на прашањата кои што не кочат во нашите меѓународни интергации, е среќно изберен. Се плашам дека самите ќе им дадеме аргумент на грците, како и на радикалните структури внатре државата да се обидат да го зафатат политичкиот простор со свои верзии. Можеби ви звучи ова нелогично кога е напишано од мене. По патриотските и националистички прашања јас сум на „домашен терен“. Одозгора на тоа, од тврдото разбирање на државното уредување до ден денешен не сум се откажал.

Сето тоа, вкупом, всушност ме мотивира да пишувам дека во овие пресудни времиња, кога требаше да се затворат стратешките безбедносни прашања, ние ќе се повлечеме, без преземање на одговорност. Храбро ќе одиме на избори, додека на вистинското поле за борба ќе нема никој.

Патриоти и предавници[55]

Најпрвин да им се извинам на читателите за минатонеделното отсуство на мое мислење. Навистина поради непредвидени обврски не бев во можност да предадам текст во „Утрински“. Истовремено му се извинувам и на „Утрински“ поради тоа. Она што, сепак, на некој начин е олеснителна околност е тоа што дел од текстовите, размислите и ставовите можам да ги објавам и ги објавувам на блогот, односно на Интернет. Би сакал да ги потсетам читателите дека редовната колумна ја преобјавувам на мојот блог (види адреса подолу). Тоа драстично ми ги олеснува работите и ми дава можност да прочитам одговори, ставови, да добијам и друга перспектива околу мислењата. Практично, вебот два точка нула е она за што верувам дека копнееле генерации мислители, активисти, интелектуалци… Преку овој начин на комуникација се' е на дофат, можете да комуницирате двонасочно со секого, како и да добиете повратно мислење. Ова особено го користам на мојот блог. Мене ми е значајно да го слушнам одзивот на активностите. Така што, иако не бев во можност да го пратам мислењето од минатата недела во „Утрински“, скицираните текстови се подигнати во Интернетот и со позаинтересираните веќе имавме интересна дебата.

Пратениците сакаа да бидат хумани со туѓи пари, башка што навистина не сум сигурен дека ќе ги донираа платите. Ако сакаат да бидат хумани, можат да издвојат од сопствените џебови

[55] Број 2672 сабота, 26 април 2008

Моја намера за претходната недела беше да коментирам околу платите на распуштените пратеници. За тоа прашање се подигна целокупната јавност со јасен став дека е против. Имаше бура негодувања и за небулозните најави дека платите ќе биле дадени во хуманитарни цели!? Сметав дека таа најава мора да се коментира и да се отфрли како неприфатлива. Лесно е да бидеш хуман со туѓи пари. Башка што навистина не сум сигурен дека ќе беа донирани. Знаете, партикулата „ќе" означува идно време на глаголот, во случајот на Македонија - ЛАЖАМ! Или грешам? Ми се чини дека упатените ќе се согласат дека најкористените фрази во македонската политика ја содржат токму оваа комбинација, што за жал никогаш не се препроверува, преанализира и, ако сакате, е безболна во смисла на вистинитост за оние што ја користат. Сметам дека ако пратениците сакаат да бидат хумани, можат да издвојат од сопствениот џеб. Но, истовремено сум сигурен дека тој филм нема да го гледам. Најнакрај, завршувајќи со оваа сага (бидејќи сакам да пишувам за уште еден интересен настан), со оваа македонска мелодрама, да кажам дека во Дебар Маало, шетајќи, ми се обрати една жена. Нејзините зборови беа: „Немој да не' критикуваш толку многу нас пратениците". Се збунив затоа што првпат во мојот животот ја видов. А таа одлучува во полн капацитет за мојот и вашиот… Знаете што сакам да кажам, нели!? Добро е што реакцијата и притисокот беа толку силни што Собранието се произнесе дека нема законска основа за плати на пратениците кога не работат. Пропаднаа ветувањата, од деновите пред распуштањето...

Во едно демократско општество секако дека треба да се обидеме да дадеме одговори на овие прашања. Да седнеме на маса и да ги дадеме своите предлози и, ако е потребно, да расправаме на таа маса, но потоа да излеземе оттаму со некакви насоки, усогласена позиција. Досега во Македонија такво нешто не видов. Некако кај нас се сведува на ЕПП, на договорени пораки кои произлегуваат од нејасни извори. Дебатата во Македонија е еднаква речиси на нула.

Неочекувано еден друг настан се наметна како потребно да се коментира. Имено, пред некој ден добив покана од Фондацијата Отворено општество -

Македонија („Сорос“) да учествувам на нивната трибина: „Дилемите на Македонија пред и по Букурешт“. Предлозите за размислување на темата што тие ги имаа наведено во поканата мене ми се видоа значајни за нас. Секако дека секој еден од нас деновиве промислува на тема како да се зачува уставното име на државата, дали спорот со Грција е билатерален или веќе станува збор за сериозен меѓународен проблем? Исто така, во целиот процес можеби е и најзначајно дали и како да се (ќе се) зачува идентитетот. Во таа насока се постави и дилемата за патриотизмот, односно кој и како и, секако, колку има право на патриотизмот, итн. Имајќи предвид дека од страна на НАТО се поставија и некои рокови за започнувањето на преговорите, секако дека треба да се размислува и на тоа дали воопшто до 9 јули ќе ги започнеме преговорите за полноправно членство во Алијансата.

Овие дилеми се сериозни. Прашалниците се големи. А одговори нема. Па, според тоа, во едно демократско општество секако дека треба да се обидеме да дадеме одговори на овие прашања. Да седнеме на маса и да ги дадеме своите предлози и, ако е потребно, да расправаме на таа маса, но потоа да излеземе оттаму со некакви насоки, усогласена позиција. Досега во Македонија такво нешто не видов. Некако кај нас се сведува на ЕПП, на договорени пораки кои произлегуваат од нејасни извори. Дебатата во Македонија е еднаква речиси на нула. Затоа ми се виде згодно да видам што мислат другите, како и да кажам што мислам јас. Сега тука е интересен превратот што го направија некои сомнителни активисти, секако, по нарачка и за да им се додворат на своите господари. Слушам, тие што учествувале во дебатата биле предавници!? Е како тоа? Баш не ми е јасно. Мене ми се чини дека тие што бегаат од дебата се тоа. Имено, уредно беа поканети повеќе претставници на цела една структура, ама не дојдоа. Нивни проблем. Јас дојдов. И кажав мое мислење. Уште повеќе што не некој начин се чувствував осамено. Немаше многу многу десничари. Напротив, на трибината учествуваа двајца колумнисти кои ме нарекувале фашист (Гелевски и Милчин). Знам дека и сега го мислат тоа. Нивно право.

Тоа мене уште повеќе ме мотивираше да дојдам и да кажам што мислам за Македонија и за мојата иднина на овие територии. Секој ангажиран поединец, патриот, има сериозна обврска да го стори тоа. Да не бега од дебата. Наместо тоа, се прогласуваат предавници и патриоти. Секој секого го оценува паушално. Платениците по медиумите ептен лесно оценуваат, етикетираат и отвораат нови рани. Сакам да кажам, не се чувствувам како предавник. Ниту најмалку. Туку сосема спротивното. Она што го кажав, за среќа, е снимено и може да се слушне на веб-страницата на „Сорос“. Зборовите постојат, неуништливи се. Повелете, консултирајте ги

Со тоа се враќам во почетокот на текстот. Убавината на Интернетот и неговите предности во информирањето се неспорни и многу бргу ќе станат доминантни при изборот на информирањето на секој поединец. Ќе падне многу скоро во вода потребата од користење мегафони кои припросто, намерно симплифицирано, го замајуваат народот за ситни пари.

Македонија чувана како Тајван[56]

Во Македонија секој настан минува некако набрзина и ја губи својата актуелност. Ми се чини дека не постои случување кое подолго време било во фокусот на нашето внимание, односно имало свое влијание врз нас. Без разлика колку и да е тоа значаен настан, случка за нашите животи или иднина. Често размислувам дали е ова добра особина на македонската нација, дали всушност ние сме развиле механизам за да се заштитуваме од стрес и притоа сме станале многу издржливи? Оти подложеноста на стрес од секојдневните (политички) настани кај нас е огромна. Многумина живеат само да се движат низ таа колотечина, препуштајки се целосно на матрицата. Ако сме развиле

Нашиот длабок сон продолжува. Не добивме покана за НАТО. Часовникот отчукува. Каде одиме?

[56] Број 2676 сабота, 03 мај 2008

механизам, се прашувам каков е тој? Или пак можеби одговорот треба да се бара сосема на друга страна. Можеби сосема сме го загубиле инстинктот за преживување, па затоа сосема сме се предале на она што ке ни го донесе утрешнината, без разлика што и да е? Несакам да верувам дека геноцидот кој систематски се вршел во текот на целиот минат век, конечно резултира во Македонија со една нација која нема пулс, нема очекувања и ништо не ја мотивира или демотивира...

Овој краток вовед го давам како некаква филозофска поткрепа на ова мислење, но нагласувам дека подолго време размислувам што ни се случува. Просто не ми е јасно како може најлошиот исход од работите нон-стоп да е нашата реалност. Не сме дел од Европа, не сме член на НАТО, немаме перспектива, немаме кон што да се свртиме. Настаните на Балкан, околу нас се случуваат по лесно предвидлив тек, па сепак постојано не одминуваат можностите. Постојано некаде доцниме. Немаме слободно движење. Го имаме и Косово како проблем на главата. Неговиот притисок си го игнорираме, како да не постои. Таа неподнослива леснотија на постоење, нашето спиење (за кое пишував цело едно мислење, лесно може да се пронајде на сајтот на Утрински или на мојот блог) мене ме загрижува. Ми звонат прашалници во главата како ке се одвиваат процесите кои се исправени пред иднината на мојата држава? Не ми е јасно како ке одговориме и со кој капацитет, на сите наши идни предизвици. Сигурен сум дека ако замижиме проблемите нема да исчезнат. Секако можеби ке ни е поубаво со тоа игнорирање, но тоа нема да ја смени реалноста. Се извинувам за песимистичкото приоѓање на ова мислење, и се надевам дека грешам. Убаво би било да ме демантира реалноста. Подобро едно погрешно мислење оваа сабота отколку пропуштени шанси за целата нација во скора иднина.

Еден од главните мотиви за вакво долго филозофско воведување во текст е галиматијасот со најавениот договор за воено-техничка соработка со САД. Истиот на големи врата во нашите животи влезе, помпезно најавен, како одговор на Македонија заради ветото во Букурешт. На некој начин таа најава дека САД ке не

заштитат безбедносно, го амортизираше сериозниот удар што во Букурешт сите ние го доживеавме од грчкото вето. Односно, според мое мислење токму затоа и беше протната информацијата за сите нас, за да се сврти вниманието, односно да се пронајде нова насока во моменти кога можностите се сведоа на безизлез. Тогаш се пушти во оптек размислувањето дека ветото е ништо, затоа што Македонија ќе добие привилегиран статус од нашите стратешки партнери САД. Се инсистираше дека Буш никако нема да дозволи да биде поразен од Грците и затоа ова е на некој начин и добро што се случува. Ние како јавност бевме доведени во состојба да помислиме дека Македонија има централно политичко значење за САД, дека е најважната безбедносна алка во регионов и дека нема зошто да се грижиме бидејќи иднината е сигурна и безбедна. Сите се секаваме дека се споменуваа Израел и Тајван. Порачано ни беше, преку тие пораки, дека Македонија побарала и секако и било најавено дека ке добие такви договори од областа на безбедноста како овие две држави?! Зошто прашалник? Затоа што не сум сигурен дека јавноста беше известена коректно дали е тоа воопшто возможно. Имено, американскиот систем функционира по точно утрвдени правила и се знае што може, а што неможе да се случи. Да не се разбереме погрешно, јас сакам Македонија да е заштитена како Тајван или пак Израел. Нема подобра гаранција за безбедноста ако имаме таков договор со САД.

Еве како пример ке го земам Тајван, бидејќи за двете држави немам простор да прикажам. Таа држава со САД за воена соработка има закон кој двајца републикански претставници во конгресот го поставиле пред соодветниот комитет, со акумулирана двопартиска подршка. Тој е изгласан во 2000 со резултат 341 за и 70 против. Слободно преведен законот се вика „Акт за чување на безбедноста на Тајван“. Во него се наведува дека помеѓу двете држави постои педесет годишна традиција на соработка и дека (што е најважно) мирот и безбедноста на Тајван се од од политички, безбедносен и економски интерес на САД. Упростено ова кажува дека секој безбедносен или било каков друг притисок врз Тајван ќе се третира како проблем на САД. А зад овој закон стои Конгресот на САД. Пак ке повторам, би сакал за Македонија да постои ваков закон во

американскиот конгрес. Но, дали е тоа возможно? Се чини дека јавното мислење е намерно дезинформирано во случајот на Македонија.

Ние прочитавме информација дека Нели мислите дека да му лупнеме на Буш во фаца дека сакаме да бидеме третирани како Тајван е во најмала рака несериозно? Оти и рамката и историските елементи не се ни најмалку исти. Или можеби целата конструкција се направи за домашни потреби. Демек, еве ние на Буш храбро, гласно и јасно му кажавме дека сакаме да се наредиме со Тајван и Израел. И тој, бидејќи е фрустриран од грците ке направи се за да ни излезе во пресрет. Ама времето минува а ние немаме договор. Барем немаме таков договор, каков што помпезно се најавуваше. Дополнително на тоа, неделава амбасадорката Миловановиќ соопшти дека при престојната посета на министерот за надворешни на Вашингтон не очекува да биде потпишан никаков договор. Сега, кога оваа изјава е и ден потоа, препотврдена, нам како на заинтересирана јавност ни е нејасно што всушност се случува на релација САД-Македонија? Навистина не ми е јасно како мислиме да прогураме сериозен закон од ваков вид во американскиот конгрес, дури и кога администрацијата на Буш би се согласила на тоа? Чул ли некој од вас за сенатори и претставници од конгресот кои искрено и активно се залагаат за Македонија и нашите интереси. Можеби некој чул за било каква резолуција или декларација која поминала, а се однесува на нашите државни интереси? Јас не. Да ги оставиме настрана протоколарните посети кај нас од страна на понекој конгресмен годишно... Дури и на ова поле, компарирано со другите држави сме со

Министерот за надворешни барал директно од Буш да добиеме гаранции како Тајван. На ова тој се намрштил. Бидејќи не му било јасно од каде доаѓаат безбедносните предизвици. Што се случило во разговорот понатаму останува да претпоставуваме. Од проста причина што јавноста не е информирана што се случувало, и ако сакате, како се случувало. Јавноста исто така незнае зошто е барано да се аплицира тајванската безбедносна рамка, а не некој издржан и возможен протокол од страна на САД.

слаб просек. Зошто? Има ли рецепт за соработката со САД да биде по наш терк? Има. Познати се каноните на моќта во Вашингтон. Но, ние не ги користиме. Додека скоро сите околни нации, посебно албанците и грците и тоа како суверено владеат со лоби просторот во Конгесот.

Додека трае нашиот длабок сон едно е сигурно. Не добивме покана за членство во НАТО. Хрватска и Албанија добија покани. Времето врви. Часовникот отчукува. Каде одиме?

Што добивме со вашингтонската декларација?[57]

Минатата недела пишував за потпишувањето на договор помеѓу РМ и САД, кое тогаш беше сеуште во најава. Слободно промислував за тоа какви се можностите да го добиеме тоа што од Буш го побаравме во Букурешт. Секако, пошироката јавност се беше запознала со намерите на Македонија преку она што до нас како штура информација се пушта. Ние нас како држава од САД побаравме да ни даде, додели безбедносен договор кој ке е сличен на оној што го има Тајван или Израел. Легитимно беше од наша страна да бараме безбедносни гаранции за кои нашата надворешна политика има наслушнато дека ги имаат и други држави. Нашето си го сторивме, односно баравме. Но, често само да се бара, поставуваат прашања, во меѓународната политика не е доволно. Односите помеѓу државите, нивната комуникација во многу се одвиваат по точно утврдени канони, практика од која што, познавачите ке се сложат, се отстапува само во екстремни ситуации и кога се засегнати интересите на сите страни.

Мораме да ја користиме технологијата на лобирање. Малку јавно, а повеќе тајно. Треба да ги преораме Конгресот, Пентагон, Белата куќа

Македонската јавност ги изнесе во текот на оваа недела своите размислувања на тема што да се побара од САД во овој период и како до тоа да

[57] Број 2682 сабота, 10 мај 2008

се стигне. Ми се чини дека притисокот на јавноста и малку ја размрда дипломатијата која се до средата се однесуваше активистички, навестувајки ни дека се преговараат детали кои ќе се содржат во договорот што ќе се потпише во Вашингтон. Си реков, ајде да почекам да видам каков ќе биде исходот на одењето во американскиот главен град на нашиот министер. Можеби се збунила амбасадорката Миловановиќ и нивната тукашна амбасада која двапати потврдуваше дека не се очекуваат спектакуларни поместувања на добрите и на високо ниво пријателски односи на нашите две држави. Значи, на наше задоволство САД јавно и јасно ни потенцираа дека сметаат оти нашата меѓудржавна соработка е на високо и пријателско ниво. Меѓутоа, по Букурешт се чини како ние сеуште не сме сигурни по кој пат да тргнеме, и секако сето тоа е висливо и во однесувањето на нашата дипломатија. Во оваа констелација на односи, кога на нас ни кажаа како стојат работите со приемот во НАТО, кога Шефер при својата посета го кажа датумот до кој треба да го фатиме приклучокот за полноправно членство во таа алијанса (9 јули), малку изнасилено делува пумпањето на значењето на потпишаната декларација за стратешко разбирање и соработка со САД.

Да не се разбереме погрешно, јас се радувам на нашето пријателство со Америка, како и со секоја друга цивилизирана држава. Но, ајде да го прегледаме аналитички насловот на потпишаната декларација и да sирнеме малку и во нејзината содржина, како и да се потсетиме на изјавата на Кондолиза Рајс дадена при потпишувањето. Прво, според декларацијата ние потпишавме стратешко партнерство со нив. Потсетете ме, немавме ли и досега такво партнерство? Со договорот САД декларираат дека го подржуваат територијалниот интегритет и сувереитетот на Македонија. Та, го немавме ли тоа досега од САД? Читањето на целиот текст (објавен е интегрално кај нас) остава едно чувство на дипломатска куртоазија и општост во која нема ништо ново. Посебно не од она што ние од Америка го бараме. Меѓутоа колку луѓе ке го прочитаат договорот и изворно ке се информираат? Малкумина. По старата добро утврдена шема, за договорот ке се јават секакви можни аналитичари, инстуирани новинари и на јавноста ке и

сервираат нова вистина. Еден слој се затпурува со нов. До утре веќе не знаеме што било ден претходно...

Па така, прочитавме дека овој договор имал три нивоа. Зајакнувањето на трговијата и економијата, безбедносниот сектор и доближувањето на општественото ниво на двете држави. Искрено, кога го читав договорот и коментарот на договорот, кој и е сервиран на македонската јавност, се прашував кој тоа договор од новинарот и се презентира на публиката. Едно со друго скоро и да нема допирна точка. Одозгора на тоа, некако се избегнуваат критички и објективни анализирања на истиот. И како шлагворт, круна на влечењето за нос, доаѓа оценката на министерот дека овој договор ќе важи и за сите други администрации, иако се потпишува во последните месеци од владеењето на Буш. Се сложувам дека ке важи. Нема зошто да не важи. Толку е општ и платформски, што во најмала рака не носи скоро никаква облигација за САД.

Е сега, мене ме интересира што стана со нашето барање за станеме сојузник како Тајван или Израел? Го ставаме ли тоа адакта? Беше ли тоа само слој за употреба од пред некоја недела? Се задоволивме ли со ова што го добивме во Вашингтон неделава? Судејќи според новинарите бранители – да! Сметам дека одговорот од наша страна треба да биде сосема поинаков. Не треба и не смееме да сме задоволни. Постојат начини како се работи во Вашингтон. Повеќе пати сум укажувал на политичарите кои се денеска на власт дека има методологија која може за Македонија во Вашингтон да донесе успех, сум им напишал многу страници со текст... Каде ли само завршија тие страници? Ги чита ли некој?

Еве да ја земеме како мала илустрација Грција. Таа е еден од најголемите непријатели на САД во цивилизираниот свет. Заедно со Србија, ќе се сложите тоа се држави во кои е најизразена омразата кон САД. Секојдневни се протестите, заканите, нападите на официјални лица, амбасадата и конзулатите на САД во Грција, па сепак Грција нема некои забележителни санкции за возврат. Нема изолација, нема премостување, заобиколување. Покрај се што Грција прави тука

на Балканот, како зулум, таа сепак поминува со изјава од Рајс дека САД е нивен добар пријател. Уште повеќе што при тоа Рајс изјави дека се надева дека спорот за името ќе биде наскоро, односно многу бргу решен и со тоа нашата држава ке биде членка на НАТО. Што всушност тоа значи? Со Грција мора да се постигне договор. Ќе нагласам пак, да не се разбереме погрешно, нити ги мирисам грците, нити им идам на одмор, нити им барам виза, ама како да се ослободиме од нив за да влеземе во НАТО?

Има ли некој кој ке ми даде рационален одговор и притоа да ги оставиме настрана несериозните обвинувања за предавништво и патриотизам. Како да влеземе во НАТО без договор со грците? Друга работа е ако ги менуваме приоритетите. Да седнеме и да дебатираме. Да видиме дали има некое друго возможно решение. Ќе дебатираме, иако лично сум убеден дека за нас нема друг пат, освен НАТО и ЕУ. Тоа е цивилизираниот свет. Таму нас ни е местото. Многу повеќе отколку на Грција. Па сепак патот води низ Атина. Тоа и Рајс ни го кажува. Друга работа е ако не ни се слуша.

Да резимирам. Од САД треба да бараме повеке од оваа декларација. За да добиеме повеќе наредните години (кои се плашам дека ги немаме на располагање) мораме да ја користиме технологијата на лобирање. Малку јавно и многу повеќе тајно. Треба да ги преораме Конгресот, Пентагон, Белата куќа и сите околни административни згради. Секој нивен службеник, а ги има многу треба да бега кога ке не види пред очи од интезитетот на средбите кои веќе ги имал. Во интерес на мојот народ и држава подготвен сум постојано на ова да потсетувам. Нема друга алтернатива.

Зелената завеса[58]

Терминот „зелената завеса“ во последно време се користи за означување на новата студена војна. Таа се одвива далеку од нашата домашна сфера на интерес, а географски е многу блиску до Македонија. Мене ме заинтересира и натера да го пишувам овој текст информацијата од домашните печатени медиуми дека во Скопје постои келија (организирана структура) на Ал каеда. Името, таква ќелија наводно функционира во нашиот главен град и за осум години испрала четири ипол милиони евра, замаскирана како издавачка куќа. Известени сме дека целата операција била откриена кога е направен сомнителен трансфер на пари кон Македонија, од организација која е на црната листа на ООН, како дел од Ал каеда. Одозгора на ова сме информирани и дека одредено хуманитарно здружение работело на промена на уставниот поредок со цел воспоставување на шеријат како државно уредување на Македонија .

Таа се поставува далеку од нашата домашна сфера на интерес, но географски е многу блиску до Македонија

Оваа информација се појави во нашите весници пред една недела. Потоа настапи молк. Дали е намерен или случаен незнам. Но, морам да кажам дека е загрижувачки ако навистина во Македонија постојат келии на Ал каеда. Уште позагрижувачки е што овој настан помина без некоја поголема реакција, како од државата, така и од јавноста. Спротивно на ова, сметам дека на оваа тенденција, ако е вистинита треба да и се посвети сериозно внимание, и секако да се растолкува колкава е опасноста за нашата држава во овие моменти. И ако на нас ни поминал површно и скоро без дискусија овој настан, повеке од сигурен сум дека тој од странските претставници е нотиран со голема сериозност. Тоа, со сигурност тврдам, ќе доведе до корегирање на односот кон Македонија и не би ме зачудило премолчено да предизвика дополнително одложување на симнувањето на шенгенските бариери. Секако тоа нема да се соопшти јавно, но претпоставете каква ќе биде реакцијата на секоја држава која има кон нас визен режим, кога ќе

[58] Број 2688 сабота, 17 мај 2008

биде информирана дека кај може да има ќелии на терористичката и надалеку позната Ал каеда, која денеска е голема опасност и за Европа.

Сега да се вратам на „зелената завеса“ или Втората студена војна. Деновиве, Буш е во официјална посета на Израел по повод 60 години од формирањето на таа држава. Во говорите кои таму ги одржа тој го обвини Иран за подржување и планирање на палестинските милитанти против Израел. Исто така, го спомена користењето на Хезболах за дестабилизирање на Либанската влада, како и наоружување на шиитската милиција во Ирак. Иран притоа беше дефиниран како светски водечка држава која спонзорира тероризам. Одозгора на се, Иран веќе подолго време по секоја цена, го форсира нуклерното истражување кое може да се искористи во воени цели. Познато е дека Иран е и во одлични врски со Сирија за која исто така се тврди дека тајно гради нуклеарен реактор, со помош на Северна Кореја. Таа држава во Либан отворено се меша во внатрешните работи со давањето помош на терористичкиот Хезболах и всушност претставува спроведувач на пратките со воена опрема од Иран. Загрижува што Ахмединеџад, претседателот на Иран, во среда изјави, веројатно поради прославувањето на годишнината, дека Израел умира и повика луѓето од блискиот исток кога ќе им се пружи шанса да го уништат. Ретко во модерниот свет се слушаат поагресивни државни изјави од овие. Токму поради тоа американската политика се обидува да го изолира Иран преку подршката и военото присуство во Ирак. Оправдание за ова свое воено дејствување администрацијата на Буш пронајде во трагичните септемвриски напади на Њујорк. За потсетување, како одговор на ова, прво беше нападнат талибанскиот режим во Авганистан, за веднаш потоа да биде симнат од власт и Садам хусеин во Ирак.

> Всушност ова е зародишот, почетокот на новата студена војна на блискиот исток. Обидот на САД да ги изолираат и разграничат сојузниците на Ирак симболички се споредува со спуштањето на железната завеса, овојпат наречена зелена завеса. Но, за несреќа, интервенциите во Ирак и Авганистан од власт ги симнаа владеачките структури кои долго време го држеа во баланс целиот регион, стоејќи спротивставени на Иран.

Со нивното отстранување, всушност се отстрани најголемиот проблем за експанзијата на влијанието на Иран врз целиот регион и веќе се нсетува неговото излегување на брегот на средоземното море. Оваа стратешка грешка доцна ја согледа администрацијата на Буш и можеби ова е најголемо промашување во областа на безбедноста во последните два мандати. Сега, кога се наоѓаат во безизлез тие мораат да го одржуваат своето присуство во Ирак по секоја цена. Тешко е да се замисли што би се случило со безбедноста на тој регион ако САД одлучат да се повлечат. Прв секако на удар би бил Израел. Потоа под терет на силниот бран секако би се нашла и Турција, во која се забележува извесно свртување кон радикалниот ислам.

Голем проблем е и јасното цртање на зелената завеса. Ако за железната завеса се знаеше точно каде и е границата во Европа, односно кои држави се зад неа, сега завесата мора да минува низ државни територии кои се населени со спротивставени религиозни групи. Примената на мерки мора да биде прецизна и внимателна, затоа што во целиот регион доминира население кое може да се почувствува загрозено и да реагира со радикализација. Ако тоа се случи во опасност ќе се доведе балансот во целиот блискоисточен регион. Можното вовлекување на Турција, на кое се работи, ке ги отвори портите за продирање и на Балкан. Поради ова САД се принудени да бидат присутни во Ирак и несмеат да се повлекуваат. Загрижувачки се најавите за унилатерално повлекување доколку во Белата куќа влезе Обама.

Македонија не е толку далеку од овие случувања. Рефлексиите се чувствуваат кај нас (ќелија на Ал каеда во Скопје). Но, не гледам некоја посебна заинтересираност или пак изградена државна политика. Многу ме зачуди кога не видов никој од државниот врв на 60 годишнината од формирањето на Израел. Хрватскиот претседател Месиќ, на пример, беше таму. Симболиката на подршка на таа држава, која е формирана по Холокаустот е и повеќе од значајна и сметам дека треба јасно да се изрази. Особено затоа што во балканските премрежија и ние бараме сојузници и партнери кои ќе го разберат нашиот проблем.

Нови безбедносни предизвици за регионов[59]

Што значи повикот на албанскиот премиер Бериша до Скопје, Тирана и Приштина за заедничко славење на Призренската лига

Од објавувањето дека постои келија на Ал каеда во Скопје, поминаа две недели. Информацијата дојде од Министерството за внатрешни работи, од висок функционер, затоа ја третирам со голема сериозност. Интересирајки се што ќе се случи со таа келија и какви импликации тоа може да има врз нашиот секојдневен живот, јас минатава недела секојдневно ги листав весниците за да најдам информација кои се наредните чекори што ке се преземат во интерес на безбедноста на државата. Бидејќи сметам дека неможе да се третира несериозно една ваква информација за делување на таква келија со години на наша територија. Мојот зголемен интерес по ова прашање ме доведе до пронаоѓање на неколку информации поврзани со темата, кои сметам дека треба да бидат аналитички изложени. Ова од проста причина што кога информациите се дадени кратко и одделно може да поминат незабележано и да не предизвикаат некој посебен интерес на јавноста. Но, кога ќе се имаат предвид парчињата објавени како кратки информации во повеке весници и кога истите ќе се состават во една слика, работите добиваат сосема друга димензија.

Отпосле, многу е лесно да се биде „генерал кој се знае“. Еве до што успеав да дојдам во минатите седум дена, а е лиферувано како слободно достапна информација.

Прво, што не е директно поврзано со Ал каеда, но ценам е дополнителна опасност за безбедноста на Македонија е повикот на албанскиот премиер Сали Бериша до Скопје, Тирана и Приштина за заедничко славење на призренската лига. Да потсетам, Призренска лига е проект од деветнаесетиот век за

[59] Број 2694 сабота, 24 мај 2008

обединување на сите делови во кои живеат албанците, односно за создавање на Голема Албанија. За да се случи тоа, во овој случај треба да се освојат делови од македонската територија. Тоа овој проект го реди до истите големо државни проекти на другите наши соседи. Загрижува што повикот се случува сега кога Албанија е веке поканета да се придружи на НАТО алијансата. Не верувам дека Бериша незнае за што зборува и какви чувста, реакции тоа ке предизвика кај македонците и албанците. Ако е дадена наменски изјавата, тогаш се прашувам која и е намената? Истиот тој Бериша, пред само неколку месеци, воочи на прогласувањето на независноста на Косово, убедуваше дека тој чин нема да предизвика никакви последици по околните држави. Исто така јавно се оградуваше од проектот „Голема Албанија“. Се чини дека во случајов тој итро чекал развој на настаните за да настапи со објава за наредната фаза.

Второ, деновиве, повеќе весници информираа дека Ал каеда го сели своето оружје од Босна во Хрватска. Наведено е дека во прашање се големи количества на оружје и експлозив, кои со влегувањето на Хрватска во Европската унија ќе можат да се транспортираат лесно по цела Европа. Терористичката закана за западот со ова станува и повеке од изгледна и можна. Весниците споменуваат и извесен македонец како дел од овие операции. Досега на се ова не пристигна ниту демант, ниту имаше било какво објаснување. И ако го прифатиме како вистинито, тогаш практично ќе зборуваме за најмалку три држави на Балкан кои имаат ќелии на Ал каеда. Одозгора на тоа е и Албанија, за која повеке пати досега се појавуваа информации дека имала посети од високи функционери на Ал каеда. Па дури се споменуваше дека во средината на деведесетите таму бил и Осама бин Ладен лично. Некаде во тоа време се случи слом на државата и беа украдени големи

> Сметам дека наша одговорност е да укажуваме на можните опасности за општеството кои во тоа наше трагање по информации ги откриваме. Повеќе пати досега сум нагласувал дека е подобро да се погреши во еден ваков текст, отколку да се случат сериозни проблеми во нашата држава, за која немаме алтернатива, а интелектуалната јавност да не не предупреди, читајки ги знаците.

количини на оружје. Дел од тоа оружје подоцна се појави во Косово во1999, а дел во Македонија во 2001. Дали сите овие настани се случајност?

Трето, паралелно со овие две безбедносни закани за Македонија и регионов се појави уште една. Уредник на еден албански весник Чело Хоџа, кој е близок до Бериша (повторно истата личност) најава дестабилизација на Македонија од страна на Албанија доколку нашата држава не се придржува целосно кон Охридскиот договор. Тој објаснува дека дека Албанија сега е доволно силна дури и да ја подели нашата држава и истовремено бара при процесот на демаркацијата никакви остапки кон нас да не се прават. На Македонија од Хоџа и се најавува „Боснизација“ доколку инсистира на земјиштето кои наводно Србија со договорот за демаркација од 2001 година намерно ни го доделила. Истовремено и на Косово му се сугерира јавно, да не „попушта“ кога се во прашање албанските интереси. Дополнително загрижува и споменувањето на договорите од Јалта и Потсдам, во контекст на ново прераспределување на интересите помеѓу големите сили. За огромното значење на оваа по мое мислење неслучајна најава повеќе во некој нареден текст. Сега само да споменам дека ако се остварат заканите, всушност ќе се одредат новите зони на интерес помеѓу големите сили. Ако се повтори, односно договори нов распоред на територии прашање е каде ќе биде Македонија, односно во чија сфера на интерес? Така што, јас не би ги земал овие изјави како нешто што е пуста желба на некој радикал од Албанија. Се чини дека позицирањето има своја темелна стратешка разработка и точно предвидени чекори... Можеби дури и е стимулирана од некои моќни политички центри за да ни се даде сигнал како стојат работите. Не сум сигурен дека разбираме што се случува. Како да не ја гледаме големата слика. Или пак, ако не е стимулирана, што е исто така можно, тогаш е јавно и јасно искажување на недвосмилена болја од овдешните сојузници на тие центри дека ќе ја заложат и Македонија за да го потврдат својот курс. Сетете се само како беше пречекан Буш во Тирана.

Контурите на една стратешка усогласеност па прашањата на приренската лига и во Македонија можат да се насетат. Доволно е да поминете деновиве од

кај Мавровка, безмалку во центарот на Скопје. Со недели се веат албански знамиња. На реакциите на јавноста, одговорот беше дека тие се дел од фолклорот. И останаа да се веат. Никому ништо. Си велам - да, дел се од фолклорот како и што пукањето по планините беше свадбарска веселба, и нападите со бомби во 2001 на полициските пунктови, всушност телефонирање со мобилки.

Како да стигнеме дома?[60]

Минатa недела се случи значаен настан за целото човештво. На Марс, успешно слета вселенското летало „Феникс“. Тоа е таму упатено за да изврши најмалку деведесет дневно истражување на површината на планетата во потрага по можни ресурси за живеење. Се очекува евентуално и да се откријат траги од живот, во области покриени со смрзната вода, слични како Гренланд и Аљаска. Вознесува и самата помисла дека ние како човештво сме способни да создадеме механичка направа која ќе е во можност да помине околу 700 милиони километри (колку што има до Марс), истата да ја спуштиме на површина на планетата, целосно со далечинско управување и притоа да се совладаат сите очекувани и неочекувани пречки. Бескрајни се можностите во периодот додека ова вселенско летало да дојде до крајната дестинација, да се направи грешка и целата мисија да заврши со неуспех. А само една математичка операција која во процесот на подготвување на мисијата би била погрешна, во големото вселенско пространство со сигурност би довела до целосно промашување на Марс и местото за слетување. Како за пример за сложеноста на процесот ќе наведам дека леталото по навлегувањето во атмосферата мораше да биде програмирано да ја намали својата брзина од 19.000 километри на час, на 8 километри на час во временска рамка од само 7

Од една страна сме храбри и ја истражуваме вселената, а од друга, здушно работиме на уништување на нашата планета.

[60] Број 2700 сабота, 31 мај 2008

минути. Воодушевен сум од бескрајната способност на човечкиот ум, кој овој процес го совладал и направил да наликува на нешто просто и обично. Додека во позадина на целиот процес реално стојат илјадници брилијантни човечки умови кои имаат за цел да го унапредат животот на нашата раса. Притоа работат како еден. Целиот тим, а за тоа малку се знае не се состои само од американци. Инволвирани со свои тимови во оваа мисија се и Канадската вселенска агенција, Универзитетот Нојшател од Швајцарија, Универзитетот од Копенхаген, Макс Планк институтот од Германија, како и финскиот метеоролошки институт... И многу други. Нели дава за право оваа мисија да се гордееме што сме дел од човештвото? Мисијата на „Феникс“ докажува дека може да се делува без оградите на посебните нации кога е во прашање повисок интерес на целото човештво.

Намерата на ова мислење не е да навлегува во полето на популарната фикција. Па сепак, сакам да се запрашам Многу прашања ми се мотаат низ главата. Во овој случај, кога се почести се огромни природни катастрофи на нашата планета, се прашувам дали не е ова нужно истражување. Од една страна сме храбри и ја истражуваме вселената, обединувајки ги најквалитетните умови на човештвото, а од друга страна, едновремено, здушно работиме на уништување на оваа наша планета. Сите наши активности тука на планетава се поврзани со нејзино исцрпување и забрзано уништување. Ми се чини дека во оваа фаза на развојот на човештвото, иако е тоа развој, сепак ние (свесно) ја оштетуваме нашата околина толку многу што не е навистина јасно дали е воопшто можно нејзино заздравување во иднина. Индустријализацијата, трошењето на фосилни горива, за да можеме да имаме квалитетен живот имаат своја многу скапа цена. Можно е да дојдеме во состојба кога нема да можеме да

Зошто имаме потреба да отидеме на Марс? Која е таа движечка сила која не мотивира да ги преземаме овие подвизи? Дали е ова само надмудрување со природата која не направила многу мали во еден бесконечно голем простор? Или пак како минува времето оваа мисија и сите претходни (историјата на нашето истражување на Марс е 40 годишна) се само една фаза во нашето трагање по нов дом?

се вратиме наназад, и да сакаме, подготвени од се што досега го имаме, да се откажеме.

Да потсетам само на катастрофалниот земјотрес во Кина, како и на циклонот во Мијанмар. Тоа се две приподни непогоди кои се случија овој месец а однесоа над 150.000 човечки животи. Очигледно сината планета има свој механизам за саморегулација кој се справува со нас. А кога таа се справува на ваков начин, последиците се огромни. Загрижува тоа што според статистиките зачестуваат и се со поразорни последици катастрофите во последно време. Можеби е време овие предупредувања да се сватат сериозно!

Група на воени ветерани од САД се понудиле како доброволци да ја основаат првата колонија надвор од нашата планета. Таа се појави веднаш по веста дека слета вселенското летало на Марс. Колку храбро ми звучи тоа.

Се прашувам дали е воопшто можно да се врати назад процесот на уништување на нашата планета? Логиката на модерните општества и воопшто на лагодниот живот се потпира на големо трошење на ресурси за комодитет. Сето тоа е на штета на планетата. Дојдени сме во фаза кога е тешко од тие стекнати лагодности да се откажеме. Можеме ли на пример да го замислиме животот еден ден без струја или без компјутер? Како воопшто би го напишал овој текст без компјутер или струја? Е ама дел од енергијата која се создава за да биде потрошена во овој скоро безначаен процес од апсект на потрошувачка на енергија е на штета на планетава. Така, лека полека навлегуваме во еден затворен процес. Не сум сигурен дека е воопшто можно од него и да се излезе. Како да се пробиваат бариерите кон подобар живот, а тоа истовремено да не е на штета на нашата иднина и планетава?

Незнам дали ја запазивте информацијата дека И предизвикува во исто време. Ние ќе мораме да се иселиме од оваа планета во догледно време. Толку ја загадивме што не ни се пишува добро. Но, дали е возможно да се иселиме? На ова прашање сеуште нема издржан одговор. Нашите тела се обликувани како

последица на земјината тежина. Во нејзино отсуство, надвор од атмосферата ситуацијата рапидно се менува. Кога не постои привлекувањето на тежината, коските набргу омекнуваат. Затоа и постои лимит кој е безбеден за одењето на астронаутите надвор од атмосферата. Не е поголем од една година (а само за патување до марс во една насока се потребни скоро 2 години). По тој временски период здравјето веќе се доведува во прашање. Така што, големо прашање е дали воопшто некогаш ќе можеме да отидеме од тука. Можеби атмосферата е затвор за душите?! Можеби сега важечкиот научнен модел не е единствениот во кој треба да се загледуваме кога ја бараме суштината на животот? Се насетува божјата промисла.

Последна етапа од походот кон Белата куќа[61]

Неделава заврши 18 месеци долгите внатрепатриски избори за претседателски кандидат во САД. Досега пишував неколку пати за овој несекојдневен исцрпувачки и трнлив пат низ кој мораа да минат некои од кандидатите. Најавив дека ова пишување има за цел да ја приближи сликата на тој процес, воедно и да не заинтересира за случувањата во САД, кои се наш декларирaн политички и воен партнер. Исто така, бидејќи тамошната демократија е малку позрела и долговечна, сакам да откријам кои се спецификите кои можеби би можеле да го збогатат во иднина македонскиот политички процес, односно да допринесат за негово унапредување и приближување на граѓаните.

Кампањата во САД е поука за нас - дека изборите се процедура која треба да се заврши на нормален начин, без никакви инциденти

Иако процесот на кандидирање е сосема поинаков од оној кој ние го имаме кај нас, секако дека концептуално тој во себе носи квалитет кој е пожелно да посакаме да го освоиме во иднина давајќи му поголема улога на гласачот со

[61] Број 2706 сабота, 07 јуни 2008

зголемувањето на изборот, односно инволвирајќи го како активен учесник во процесот при прелиминарниот избор. Со тоа се зголемува интересот за процесот на обичниот граѓанин и можноста самиот со својата активност да се обиде да промени нешто. Најважно од се, со неговата инволвираност, расне кредибилитетот на системот. Практично, легитимноста на целиот процес во многу се зголемува токму со тој активизам и секако дека една таква процедура би требало да е нешто кон што се стреми секоја демократска држава. А на кандидатот му дава доволно простор да се претстави кој е и за што се залага. За многумина пред 17 месеци непознатиот сенатор Обама, денеска е веке јасно дефиниран политички лик кој предизвикува воодушевување. Забележано беше дури и дека овие избори предизвикаа неверојатен интерес во Европа која веќе типува отворено на победата на Обама.

Долготрајноста и жестокоста на внатрепартиската борба доведоа до сериозно исцрпување на Демократската партија. Иако последните месеци се насетуваше дека ќе победи Обама, Хилари никако не попушташе. Таа постојано нагласуваше дека борбата ќе трае се до освојувањето на последниот кандидат кој е потребен за да се добие кандидатурата на националната конвенција на партијата. Иако губеше полека, таа успеваше да ги добие некои сојузни држави, со што ја одржуваше својата кампања.

Но, за да дојде до кандидатурата на демократската партија Обама мораше добро да се помачи. Против себе ја имаше моќната Хилари Клинтон. Поранешната прва дама на Белата куќа. Таа пред година ипол беше фаворитот во трката. Затоа што е позната како жена на поранешен претседател, потоа сенатор во Конгресот, реизбрана во 2006 со огромна подршка... Сите сметаа дека тоа е еден политички и професионален пат кој е внимателно граден, кој не дозволува непредвидени грешки. Се сеќавам дека во Њујорк уште во 2002 се говореше дека по истекот на вториот мандат на Буш таа со сигурност ќе се кандидира. Тоа беше пред 6 години. Од тоа може да се забележи дека станува збор за внимателно планиран и антиципиран процес долги години наназад. Сепак,

победи Обама, кој успеа со својата харизма и пасионирана активност да ја достигне и надмине Хилари во период од година ипол.

Детерминираноста, последниве месеци, делуваше толку силна што некои аналитичари започнаа да се прашуваат како воопшто ќе заврши овој процес внатре во Демократската партија. Особено затоа што Хилари инсистираше да вклучат како делегати на конвенцијата две големи сојузни држави кои претходно беа суспендирани. Имено, поради својата непослушност, а во врска со датумот на кој ги изведоа внатрепартиските избори, две држави од националниот комитет беа казнети со тоа што нема да бидат претставени на националниот избор. Една од нив е државата Флорида, која и пред 8 години беше инволвирана во изборна контроверза... Клинтонова инсистираше да се прифатат овие две држави. Така ја доби нивната наклонетост. Затоа на Сиенен можевме да проследиме дебата на лидерите на таа партија како да се надмине тој проблем. Интересно ми беше да видам дека партиските активисти од двата табори беа присутни внатре на тој состанок и вршеа притисок, секако на цивилизиран начин, во интерес на нивните кандидати. Уште поинтересно беше да се види сето тоа во живо на глобалниот телевизиски сервис. Ова покажа дека јавноста која што е заинтересирана има право и можност да ги гледа директно одлуките на една од партиите и самостојно да оформи став дали се што се случува треба да биде подржано или не!

Нејсе, Обама сепак и покрај сите притисоци успеа да си ја обезбеди кандидатурата. Но, како што реков, во меѓувреме партијата се подели на речиси идентични половини. За него претставува сериозен проблем тоа што добар дел од подржувачите на Хилари, иако демократи, сега се подготвени да го дадат својот глас за кандидатот на Републиканската партија Меккејн. Истражувањата покажуваат дека во овој момент Обама и Меккејн се изедначени, иако републиканската партија поради двата мандата на Буш е многу непопуларна. Меккејн успеа да го искористи просторот од неколку месеци, колку што има откако победи во републиканскиот табор, за да се одвои од Буш, како и да ја конципира стратегијата како сериозен и искусен претседателски кандидат. Мојата поента е,

дека сега ако сака полесно да ги помине изборите, Обама мора да ја земе за потпретседателски кандидат Хилари. Таквата комбинација сите аналитичари, без исклучок ја сметаат за добитна. Ама, прашање е како да се надмине огромната негативна енергија која само довчера меѓу нив се насобираше?

Оваа лекција од американскиот систем, која Обама ќе мора да ја научи е добра и за нас, иако сме од оваа страна на океанот. Мораме да се учиме на толеранција, компромис и соработка со неистомислениците од нашите редови. Обама секако ќе мора, затоа што американскиот политички систем почива на баланс и контрола. Неговите творци овие компоненти намерно ги вградиле знаејќи дека човекот е склон кон заграбување на целата власт за себе, што всушност би го суспендирало системот. Првата сериозна лекција за Обама, ако сака да стане претседател на САД, е да започне да ја дели својата власт со довчерашниот лут противник Хилари. И несамо тоа, туку ќе мора самиот да собере сила и да ја покани.

Уште еден момент ми остави голем впечаток деновиве. Иако веќе фронтот за расправа помеѓу двата партиски кандидати е отворен и тие обилно се напаѓаат, дојде едне интересен предлог од кандидатот Меккејн. Имено, бидејќи во САД се води голема дебата за заштедување на енергетските ресурси (предмет интересен за да се издвои во посебно мислење) тој му предложи на Обама да патуваат заедно во текот на кампањата с со еден авион. Со тоа би заштедиле доста енергенси и на кампањата би и дале сосема поинаков, би рекол поцивилизиран и смирен тек. Ако се во состојба кандидатите заеднички да патуваат, секако дека нивото на агресија е симнато на пристојно ниско ниво, што на гласачите им праќа порака дека изборите се една процедура која треба да се заврши на нормален начин без никакви инциденти. Еве предлог за нашите лидери за во иднина. Нека пробаат дел од овие елементи да вградат во своето делување во иднина. Сигурен сум дека потоа нема да имаме мртви на изборите...

Нафтени шокови и последици[62]

Цените на бензините вртоглаво растат. По не знам кој пат годинава се случи нивно зголемување. Секое наредно поскапување на нашите пумпи по автоматизам значи намалување на животниот стандард на нашите граѓани. Се' погласни се барањата да се направи нешто од државата на овој план, односно да се интервенира во делот на давачките кои од литар бензин одат во буџетот. Што се случува навистина со цената на нафтата на глобален план? Како ќе се развиваат работите во иднина и што можеме да очекуваме навистина од овие ценовни шокови? Треба да се има некаква можност сето ова што надоаѓа како лавина да го предвидиме и да се подготвиме...

Кога се проучуваат графиконите кои покажуваат како растела цената на нафтата за барел, интересно е да се види дека имало периоди кога навистина зголемувањето било брзо и интензивно. Но, имало и периоди кога цената се намалувала. На пример, цената за барел речиси е идентична во периодот на средината на седумдесеттите и потоа во текот на целата осма декада на минатиот век, како и до половината на деветтата. Практично, околу 25 години. Во споменатиот период цената на нафтата за барел осцилирала, одела горе и долу, но на крајот на денот била со некаква слична вредност.

Ситуацијата драматично се менува од крајот на деведесеттите. Во 1999 барелот чини напати и под дваесет долари барел. Потоа започнува да расне. Некои аналитичари велат дека растот се должи на слабиот долар, некои сметаат дека на тој начин се балансира намалувањето на вредноста на црното злато во однос на инфлацијата, додека трети сметаат дека цената се формира исклучиво врз принципот на понудата и побарувачката. Исто така, како фактори што влијаат врз наглото зголемување на цената се наведуваат и политичките и геостратегиски нарушувања во процесот на

Со мало намалување на данокот ќе се помогне да се заштитат бизнисите на фирмите и домашните буџети на македонските граѓани

[62] Број 2711 сабота, 14 јуни 2008

вадењето и доставувањето до корисниците низ светот. Навистина ова се моменти со кои треба да се смета сериозно кога се бара одговорот на што се должи брзиот раст на цената. Согласно со пресметаната инфлација и сите околности поврзани со вредноста на доларот, цената на барелот би требало да биде најмногу 100 долари. До овој пред неколку години незамислив плафон се приближивме и го надминавме во почетокот на годината. Тоа претставуваше петкратно зголемување на цената на нафтата само за осум години. Дури и ако ги префатиме сите наброени мислења за порастот на цената, останува загриженоста дека не е возможно да се следи овој раст со никакво зголемување на платите или, пак, создавање нова вредност.

Пробивањето на психолошката бариера од 100 долари се очекуваше да предизвика стабилизирање на цената за подолго време. Навистина оваа цена остава без здив. Но, се случи токму обратното. Цената продолжи да расте вртоглаво соборувајќи рекорди без малку секојдневно. Деновиве достигнува неверојатни 140 долари барел. Во оваа ситуација нормално е да се постави прашањето, ако предвидувањата за горна граница од 100 долари беа погрешни, тогаш која цена треба да се очекува? Она што се најавува е застрашувачко за целиот свет. Надградените предвидувања сега гледаат 250 долари за барел во наредната година. Тоа ќе биде стопроцентно покачување во рамките на една година, но гледано низ перспективата на последната деценија ќе значи покачување на цената за неверојатни 1.200 проценти.

Расположливите информации укажуваат дека САД, кои до неодамна беа најголеми потрошувачи, веќе не се наоѓаат на првото место во светот. Брзорастечките азиски економии Индија и Кина трошат најмногу нафта, со најави за понатамошно зголемување на потрошувачката. Истовремено, наспроти постојаното зголемување на побарувачката на светско ниво, опаѓа понудата. Ова е секако еден од најзначајните фактори кои укажуваат дека цената ќе расте. Имено, се текот на времето се намалуваат нафтените извори и можноста за нивно експлоатирање. Резервите кои моментно преостануваат на располагање се се'

потешки за црпење и процесот на вадењето на нафтата станува се' поскап. Не е познато дали воопшто е можно овие две компоненти да воспостават еквилибриум кој ќе биде во корист на потрошувачите и во можност да ги задоволи потребите на човештвото.

Од друга страна, некои аналитичари тврдат дека побарувачката и понудата во никој случај не можат да доведат до олку големо зголемување за олку краток период. Тие сметаат дека во прашање се финансиски шпекулации на оние кои од ова прават огромни профити. Интересен е податокот дека побарувачката што се јавува на светските берзи, според генералниот секретар на ОПЕК, Абдула ал Бадри, ја надминува реалната светска потреба за 15 пати...

Македонија во овој период е пред сериозна крстосница. Значајно ќе биде да се дадат одговори каде одиме кога е во прашање енергетската стратегија. Таа веќе се одразува врз бизнисите и конкурентноста на пазарот. Додека низ цела Европа се случуваат жестоки протести на превозниците, во кои има и човечки жртви, кај нас се најавуваат банкроти и напуштања на превозот. Истовремено, во првиот квартал државата наплатила 32 процента повеќе данок од нафтените деривати. Без ниту едно поскапување до крајот на годината, а ако се задржи наплатата со исто темпо во наредните квартали, тоа ќе значи дека секој од нас до крајот на годината ќе треба да издвои дополнителни 1.000 денари за овие даноци. Познато ми е дека секоја држава тешко се откажува од приливот на средствата. Тоа без малку е дефиниција на државата. Но, во овој случај сметам дека со мало намалување на данокот секако дека ќе се помогне да се заштитат бизнисите на фирмите и домашните буџети на македонските граѓани, а приливот нема да настрада ниту најмалку.

Ирското НЕ и последиците за Европа и Македонија[63]

Пред сериозна раскрсница и исрпувачка дебата се наоѓа Европската Унија по референдумското НЕ на Ирска. Внимателно ги следев минатава недела сите текстови кои што во Македонија се појавија како одглас од ирскиот рефрендум. Се обидов да следам што е можно повеќе мислења и од меѓународниот печат. Сето тоа од проста причина што овој потег треба да се свати сериозно и да се има одговорот што да се прави во иднина. Македонија вложува сериозни напори да и се приклучи на унијата и затоа потреси со ваков интензитет треба да добијат соодветен коментар и објаснување и пред македонската јавност.

Имам впечаток дека кај нас воопшто нема некој поголем интерес за тоа што се случи навистина во Ирска

Имам впечаток дека кај нас воопшто нема некој поголем интерес што навистина во Ирска се случи. Исто така мислам дека уште помалку се знае што всушност донесува како новина Лисабонскиот договор, кој ирските граѓани го одбија на референдум. Информациите кои до нас доаѓаат можеби ненамерно го формираат и одржуваат јавниот интерес по оваа тема на едно површно и неинволвирачко ниво. Имено, од десетината кратки и телеграфски текстови кои се појавија во македонските дневни весници, неможе да се издвои ниту еден кој не е општ или пак што не содржи штуро пренесени (преведени) информации од меѓународните новински агенции. Скоро невозможно е да се дојде до квалитетно, издржано и јасно мислење кое може да помогне да се разберат работите подобро. Нема ниту посериозни коментари од страна на државните институции. Па оттаму и не зачудува дека ирското референдумско не во Македонија останува неразбрано, далечно и слободно ќе речам – неважно. Иронично, но и ирските гласачи (голем процент), кои се определиле да гласаат против Лисабонскиот договор, објаснуваат дека истиот не го разбираат.

[63] Број 2717 сабота, 21 јуни 2008

Ова се сериозни прашања, кое заслужуваат одговор, затоа што не е прв пат да и се случи силен удар на Европа и евроинтеграциите и покрај сите притисоци кои што се вршат врз јавното мислење во државите членки. Обиди за реформа на ЕУ се одвиваат уште од 2001 година. Да потсетиме дека во 2005 Франција и Холандија, исто така на референдум, го отфрлија драфтот на европскиот устав – документ кој беше многу поамбициозен од сегашниот. Значи, ако прифатиме дека се појавува нов застој во интегративните процеси, сега веќе станува збор за безмалку една цела деценија...

За што всушност станува збор? Дали ќе има одредени реперкусии по македонските евроинтеграции ова референдумско изјаснување на ирците? Ќе не успори ли нас и нашите евроинтеграции? Уште поважно, какво е значењето за иднината на ЕУ и што може да се очекува?

Значајно за нас е да се издвојат некои податоци, кои би ни помогнале да се исцртаат контурите на една слика која е јасна. Всушност, Лисабонскиот договор е одговор на обидот да се дојде до европски устав, кој беше пак одбиен на референдумско изјаснување во Франција и Холандија во 2005. Тогаш ЕУ се најде во непријатна ситуација и цели две години се наоѓаше во еден процес на „контемплирање“ како да се продолжи понатака. Промислувањето го прогласи за завршено Германија е нејзината енергична канцеларка Меркел. Во текот на 2007, кога таа држава претседаваше со унијата (се сеќавате нашите надежи беа големи во текот на претседавањето на Германија за добивање датум за преговори) се дојде до заклучок дека е потребен нов договор за надминување на кризата во унијата. Договор кој би се донел до почетокот на 2009. Практично, лисабонскиот договор е обид да се надмине кризата од 2005, да се упростат работите, да се намали обемот на отфрлениот устав на Европа, да се удоброволат државите дека нивните овластувања не се намалуваат премногу... Исто така се предвидува да се формира функција Претседател на унијата, со две и пол годишен мандат, наместо ротирањето на 6 месеци, како досега. Предвидено е и да се има министер за надворешни работи (висок претставник), кој би го зајакнал присуството на унијата во меѓународните

работи. Договорот предвидува и намалување на бројот на комесарите, со што сите држави не би имале по еден комесар по клуч. А се менува и начинот на гласање. Всушност со тоа би си изгласувале одлуките со квалификувано мнозинство, наместо досегашната едногласност (вето), која често се злоупотребува. Делот на гласањето е посебно значаен за Македонија, која сега, според сегашниот модел може да добие вето од непријателски настроени држави. Додека со изменетиот начин на гласање работите квалитетно би се промениле, на некој начин во корист на нашето интегрирање... Во спротивно, ако работите останат вакви, може да застане процесот на прием на нови членки во унијата. Сегашната правна рамка, имено, на унијата е ограничена на функционалност за досегашните 27 држави членки. Една од значајните карактеристики на лисабонскиот договор е дефинирање токму на рамката за понатамошно проширување.

Интересно е што во повеќето држави, политичките водства побараа да се продолжи со процесот на ратификација. Веќе се слушаат и гласови за изолирање на „неважната“ Ирска која се дрзнала со своите помалку од милион гласови да ја држи во шах 500 милионската Европа. Често се споменува и формирање на некаков внатрешен круг на држави кои сакаат забрзан процес на интергирање, и оставање надвор на скептичните држави. Иако од ова се огради Германија и Франција сепак разногласието делува и повеќе од силно. Истовремено, европската јавност, претставена од обичните граѓани, на интернетот им дава огромна подршка на ирските гласачи кои им покажале на европските бирократи што значи да се почитува сопствената независност и да се заштитиш од огромното политичко чудовиште...

Се поставува прашањето дали ирскиот референдум ја покажа кршливоста на ЕУ, односно невозможноста да се создаде европска држава со свој претседател и министер за надворешни работи? Деновиве по референдумот, кога страстите се разбрануваа, на Македонија и се праќа порака дека не треба да биде многу загрижена. Објаснувањето е дека Македонија сега за сега е далеку од

конечното интергрирање, што е доволна временска рамка да се средат работите во унијата. Ни се советува дека треба да се искористи овој период за инстуционална и системска реформа, за исполнување на поставените задачи од Брисел... Лека полека, некако како на задна врата се здоми и условот да се решат разликите со Грција. Сакале, несакале, таа успеа да го наметне тоа прашање како приоритет.

Унијата нема план Б. Ниту Македонија нема план Б. Мораме да продолжиме со реформите. Ама се плашам дека додека да го изодиме патот до Брисел (5-10 години) од прекрасната идеа може да останат само остатоци. Да не бидам погрешно разберен, ЕУ ќе најде модус вивенди и за овој проблем. На огромната бирократија која од тоа живее - тоа и е интерес. Сигурен сум дека наскоро ќе се продолжи процесот со некои нови решенија. Ќе има исклучоци, отстапки, ветувања за разни држави, согласно нивните потреби. Но, уште посигурен сум дека паралелно ќе тече и процесот на отуѓување од обичните луѓе низ цела Европа. Многумина велат дека рапидно осиромашуваат по воведувањето на еврото. Секојдневно им опаѓа стандардот. Во нив гневот расне. Допрва треба да се види што ќе надвладее. Обичниот човек или Левијатан.

Од Словенија до Либан[64]

Наместо Словенија како пример, односно локомотива, полека не' вртат кон конфликтниот Блиски Исток и не' закачуваат на Либан

Во ова мислење морам да означам еден датум со кој лично сум поврзан. Имено, деновиве (26 јуни) Словенија прослави годишнина од својата независност. Таа во 1991 прогласи независност и отцепување од Југославија. Со тој чин стана првата република од тогашните 6 која дефинитивно тргна на патот на посебноста, самостојноста. Ме потсети на овие времиња и моменти на

[64] Број 2723 сабота, 28 јуни 2008

кои сум бил своевременик токму ТВ Словенија, канал кој кај нас може да се види како услуга од кабловските оператори. Во доцните вечерни часови на овој канал можат да се видат вестите и документарните материјали кои се правени токму во периодот 1989 – 91. Сметам дека тоа е правиот начин да се премавме краткото паметење и луѓето на Словенија да се потсетат на кој начин се стекнувала независноста од тогашна Југославија.

Истовремено кога Словенија прогласуваше независност, мојата генерација се наоѓаше на отслужување на воениот рок, кој тогаш, за разлика од сега, беше задолжителен и незаобиколив. Јас бев дел од падобранските единици стационирани во Ниш. Дента кога Словенија ја објави својата намера за напуштање на федерацијата, целата моја бригада по кратка постапка, со авиони беше префрлена на аеродромот во Церклье, под полна воена опрема. Ни беше дадено објаснување дека започнува војна и дека правилата на нашето однесување мора да бидат во склад со таа наредба. Што се се случи тогаш и таму не е предмет на овој текст. Намерата е сосема подруга.

Мојата генерација не беше многу упатена во политика, како што е тоа случај например денеска. Одозгора на тоа тогаш отслужувањето на воениот рок доаѓаше веднаш по завршувањето на средното образование... Бевме доволно возрасни за да не знаеме што навистина се случува со Југославија и нејзините републики. Но, на една работа сосема јасно се сеќавам, додека Словенија се одделуваше, подготвена насилно да дојде до својата независност, па дури и да се конфронтира со тогаш моќната ЈНА, во Македонија тогаш многу поспоро се акцептираше новата реалност. Додека првите јасно ја гледаа својата иднина како независна држава, кај нас се правеа платформи за некакви скратени федерации. Визијата по секоја цена ни беше да се најдеме, останеме во тогаш веќе мртвата држава. Наскоро, ЈНА се претвори во орудие за остварување на големосрпската политика. Наскоро таа стана средство преку кое Милошевиќ ќе се обиде да ја направи Голема Србија.

По патот на Словенија истовремено движеше и Хрватска. Се плашам дека ако ги оценам како прогресивни овие државни стратегии, ќе бидам обвинет за типично вмровско размислување, провакво, проонакво... Оти првата политичка структура уште од тоа време која во овие процеси виде потреба од примена во Македонија беше токму ВМРО. Ама ќе си дозволам да ги оценам за позитивни, не поради мојот политички склоп, туку поради резултатот кој поради имањето на таквата визија денес го имаат тие две држави. На сите ние познато дека Словенија одамна целосно е интегрирана во НАТО и ЕУ. Хрватска е веќе интегрирана во НАТО и во поодминатата фаза на преговори со ЕУ. Имањето на визија што се сака од својата држава, за кратко време кај овие две држави покажа значителни резултати. Некој ќе рече дека тие имале подобра историска перспектива одсекогаш, или пак дека имале полагодно опкружување. Да потсетам дека до 1995 Хрватска имаше окупирана територија, и тоа значителен процент, па сепак со јасна концепција успеа да ја заврши консолидацијата и да ги остави тие времиња зад себе. Како никогаш да не биле.

Нашата државна позиција денеска, по сите сцили и харидби, е дополнително ослабена од самиот факт, дека немаме создадено нација која ќе се идентификува со државноста. Некохерентноста, останувањето без визија подолго време, допринесе да се консолидираат и внатре во државата елементи кои ќе работат на создавање и реализација на друга реалност.

Додека ние се мислевме, некои возови неповратно заминаа. Историските шанси беа пропуштени. Огромна, непроценливо голема грешка беше направена со ненавременото барање за прием во ООН. Во меѓувреме шовинистичка Грција се консолидираше и започна со својот план да се запре меѓународното етаблирање на Македонија. Една Босна, која се сеќавате какви се не хорори од војната преживеа, имаше посериозен приод кон своето меѓународно етаблирање од нас. Затоа денеска некои од државите, кои некогаш навидум беа еднакви составни делови на иста федерација, се многу напред, а некои со сеуште во расчекор.

Балкан е мал по територија, помал од еден Тексас, например. А во таа територија има 10 држави. Скоро секоја од нив претендира да биде поголема. Нашите соседи се исто така историски оптеретени со потребата од поголеми држави, односно територијално проширување. Особено ако е можно проширување на територијата на Македонија. Ненавремената консолидација на нацијата и приоритетите доведе денеска сите да шепкааат, да зборуваат и озборуваат, да се прашуваат дали Македонија воопшто ќе опстои... Така доаѓам полека до вториот повод за пишувањето на овој текст. Имено. Бидејќи не се упативме по јасно утврдениот пат на кој тргнаа некои поранешни републики (од федерацијата) се отвориј прашања, или подобро кажано се појавија повторно и другите опции на иста тема. Имено, доколку не се успева со интеграцијата во евроатланските структури, каде ќе се оди? Многу интересен одговор на ова прашање деновиве прочитав во еден дневен македонски весник. Насловот е повеќе од индикативен – „спремни за либански модел?“. Во него, некои аналитичари, бараат да се „зацементира“ бинационалноста на Македонија, инаку заканата од федерализација ќе излезе од сенка. Па се тврди дека: „либанскиот модел би функционирал одлично... бидејќи работите веќе сами природно се придвижуваа во таа насока„. Хм. Ајде да видиме накратко што е тоа „либански модел“ и како е дојдено до него.

Накратко, Либан беше во граѓанска војна во периодот од 1975 до 90-та. Војната е предизвикана поради брзото демографско менување на нацијата, како и непосредното соседство, односно Сирија и Израел, како и дејствувањето на палестинската ослободителна организација. Како елементи кои се значајни за отпочнувањето на граѓанската војна се наведуваат појавата на арапскиот национализам, палестинските милитанти, исламскиот фундаментализам... Повеќе од 100.000 жртви се забележани во оваа војна. Исто толку осакатени и онеспособени за нормален живот. За да се заврши крвавиот конфликт донесен е документ (попознат како „договор од Таиф“) со кој е легализирано трансферирањето на власта од христијанската популација кон муслиманската. Интересно, на терористичкиот Хезболах му е дозволено да остане вооружен,

затоа што е движење на отпорот... Секако примерот на Либан има свои специфики кои е тешко да се сместат во ваков текст. Единствено се надевам дека погорните редови се доволна провокација за натамошни истражувања на заинтересираните...

Ми останува само уште да се запрашам, што ли значи за Македонија најавата за либанизација? Бидејќи најавата (да не речам заканата) е упатена од аналитичар кој има свое влијание во интелектуалните кругови на албанците, ја сметам за сериозна. Досега сите показатели, однесувањето на тие елити, се совпаѓаат горе долу со рамката на Либан. Прашувам – значи ли ова фундаментализација на приодот кон решавањето на државните проблеми? Ќе ги решаваат ли проблемите на сила, ако неможат поинаку овие структури. Со примерот на Либан ли ја оправдуваат војната од 2001? Наместо Словенија како пример, односно локомотива, полека не вртат кон конфликтниот „блиски Исток“, и не закачуваат на локомотивата Либан.

Парадигмата Филип Рикер[65]

Новонаименуваниот американски амбасадор во Македонија, Филип Рикер се најде неочекувано во жижата на интересот на домашната јавност последнава недела. Имено, беше објавена информација дека при неговото конгресно сослушување му биле поставено некои „незгодни “ прашања од страна на прогрчки сенатори. Исто така се објави дека заради некои некови промакедонски ставови ќе се доведе во прашање конгресната подршка за него, што би го довело во прашање и неговото враќање во Скопје. Велам враќање затоа што Рикер веќе беше во служба во Скопје во периодот 1997-99, како дипломат задолжен за односи со јавноста. Лично го познавам од тоа време.

Рикер не е емотивен или субјективен, тој е само добар познавач на македонските работи. Самото тоа за Грција е проблем.

[65] Број 2729 сабота, 05 јули 2008

Тој е човекот кој ме испрати во 1998 година во Вашингтон да го проучувам американскиот политички модел и искуствата на нивната демократија. Од тој период се секавам дека се обидуваше да создаде пријатели во Македонија. Младите политичари ги праќаше на програми во САД за да создаде мостови на пријателство и линкови кои можат да бидат корисни за двете држави. Рикер го паметам како нормален човек. Рационален, прагматичен и активен. Исполнителен, какви што се впрочем сите американски дипломати. Тие доаѓаат на состанок со вас со однапред подготвени прашања. Работат напорно да ја оправдаат својата плата. Неможам да кажам дека се емотивни, дека се заљубиле во македонската историја и митови, па затоа безрезервно не подржуваат. Ниту Рикер не е емотивен или пак субјективен. Тој не е македонски подржувач или лобист. Рикер е само добар познавач на македонските работи. Самото тоа за грците е проблем, бидејќи нивната концепција се базира на лаги и сокривање на вистината. Сакаат да креираат нова вистина. Сакаат да ја прогласаат за вистина нивната лага. Затоа секој кој и малку отстапува од нивната рамка за нив е проблем. Затоа и Рикер за нив е проблем. Ги знае работите. Не е десет илјади километри далеку од епицентарот, не е подложен на лажење и хипнотизирање, не е лесен за кршење и заплашување (работел и во американската амбасада во Багдат). Неговите извештаи ќе бидат реални. Со самото тоа за Грција неговото работење ќе биде проблем.

Грците се подготвени да одат докрај и да делуваат на сите полиња каде што можат. Ангажирањето на неколкумина сенатори кои би ја закочиле постапката за назначување на амбасадор во Македонија покажува дека веќе не се ни бираат средства и се сака да се покаже големината на влијанието на грчкото лоби во САД. Заканата е реална. Алармантно е тоа што иако секој сенатор може да вложи приговор, сепак тоа го сторил Менендез кој важи за силен грчки лобист.

За нас ова е појава која е интересна и заслужува внимание, како и барање на одговори што во ваквата ситуација може да преземе државата Македонија. Индикативно е што е доведено во прашање поставувањето на амбасадорот на

САД во Македонија поради спорот што го имаме со Грција. Тоа покажува неколку работи. Дополнително, што тоа е направено во последен момент не оставајки соодветен простор за да се дадат одговори од страна на Рикер и Стејт департментот. Значи очигледна е намерата САД да се остават без свој амбасадор кај нас, со што би се ограничило нивното влијание врз проблемот во овие клучи моменти кога на некој начин кулминира притисокот врз Македонија. Истовремено би се ослабнала и нашата позиција за еден проверен пријател кој би можел да има свое влијание во формирањето на мислењето на Вашингтон за тоа како се одвиваат работите во Македонија.

Сегашната амбасадорка Миловановиќ веќе е назначена на нова позиција и е подготвена за заминување. Наскоро и се очекува да замине. Така Македонија може да дојде во ситуација да остане без американски амбасадор во моменти кога е круцијално да се има секојдневна стратешка размена на позициии, договарање и консултирање за понатамошните чекори за разрешување на спорот. Сите ние сме секојдневно сведоци во последно време на варварското однесување на Францускиот претседател и ригидниот став на Франција кон нас и нашиот проблем. Таа држава зазеде отворено антимакедонски позиции. А во следниве 6 месеци претседава со ЕУ. Во Европа и ЕУ драстично ни е стеснет просторот за делување. Блокадата на Рикер така добива значително на тежина и покажува дека не е случаен потег на грчката држава. Одолговлекувањето со сигурност се смета за голема предност на Грција, бидејки се очекува наскоро по изборите во америка да се промени и односот кон македонското прашање и на Стејт департментот. Со евентуалното доаѓање во Белата куќа на Обама Грција ќе добие свој лобист и во извршната власт на САД. Тоа досега не беше случај. Да потсетам дека првата извршна одлука на Буш во вториот мандат беше токму признавањето на уставното име на Македонија, чекор на највисоко можно пријателство (кое ми се чини не беше доволно свесно кај нас разбрано и секако не беше соодветно искористено). Тоа во светски размери, во последниве години за нас носеше голем баланс, давајки ни можност да се браниме и да ја презентираме нашата вистина. Но, се чини на овој период му доаѓа крај. Што потоа, односно по

изборот на новиот претседател на САД засега кај нас останува непознаница. Некои аналитичари велат дека американската администрација била гломазна и консистентна, дека тешко ги менувала своите приоритети што на нас ни остава простор да не бидеме загрижени многу за нашето стратешко пријателство со САД. Јас не мислам дека е така. Напротив, сметам дека на тоа стратешко пријателство треба да се работи секојдневно и со многу сериозен државен приод.

Истовремено малку го проучував сенаторот Менендез. Сакав да дознам со каков човек си имаме работа. Да видам кој е тој сенатор со толку изразени прогрчки ставови. Мислев да не е можеби по потекло грк, иако презимето не индицира такво нешто. Дознав дека тој всушност е син на кубански емигрант. Прашалници ми се појавија, господи, каква поврзаност има овој сенатор со македонското прашање?! Па, ми текна – го плаќаат. Платен е (финансирана му е кампањата или нешто слично). Доволно е да се знаат овие работи за да може да се делува. За нас има уште една погодност во случајот на Менендез. Тој е од државата Њуџерси. А таму има голема македонска заедница. Всушност, сега таа заедница треба да покаже колку е организирана и да го затрупа Менендез со писма, пораки, рекламни билборди во кои ќе му ја објасни состојбата. Тие треба неговата канцеларија да ја држат под опсата со пароли и протести, за да му покажат дека постоиме и немаме намера да исчезнеме. Преку нивната активност ќе и покажат и на пошироката јавност во Њуџерси дека на македонците треба да се смета сериозно и во иднина кога ќе се вршат било какви избори. Нашите браќа од таа американска држава сега се на испит. Мораат да станат политички активисти. Немаат избор. Дури и да се помалубројни од грчката емиграција, тие со дополнителен активизам и пријателски настап можат да придобијат гласови и од другите етнички заедници.

Деновиве внимателно следев дали ќе се појави реакција или било каква најава како ќе одговориме на намерата на грците да го блокираат Рикер. Не успеав да дојдам до било каква реакција.

Во оној момент кога ќе станат блок кој е поважен од, да речеме грчкиот, тогаш и Менендез, како и секој друг сенатор или претставник во администрацијата ќе гледа поинаку и на нив, но и на македонското прашање. Затоа ми се чини дека обидот за блокирање на Рикер можеме да го третираме како парадигматичен, и секако да го искористиме како пресфртен момент во политичкото организирање во пресрет на конечното решавање на проблемот со името.

За Јохан, Перикле и македонските херои[66]

Петок, ептен рано наутро е. Поголемиот дел од работните луѓе сеуште не се разбудиле за да одат на работа. Мојот пеесети текст за утрински, по ред, го пишувам на тема која што не ми е дефинирана докрај во смислол на скица, но ми е длабоко врежана во главата како една од најголемите македонски трауми. Намерно почекав овојпат до последниот момент за да можам да имам што повеќе информации и за да се самотестирам каква ќе ми биде реакцијата. Иако потребното го имам веќе во четвртокот навечер, сепак, почекав да видам какво ќе ми биде чувството ова утро. Како што велат старите, утрото е попаметно од вечерта.

Мислам дека добро го познавам Јохан. Бевме во шаторот тој далечен март 1997. Заедно го уривавме тоталитаризмот и сонувавме за демократска Македонија.

Во мојата работна соба, десно, над главата ми стои врамена една слика од студентските протести 1997. Времето кога мојата генерација гласно кажа што може да и се случи на Македонија доколку не си го чува уставот и доколку не прави големи напори да создаде македонска нација од сите жители на македонија... На сликата се двајца мои другари. Мои соборци од времето на шаторот. Еден од нив, е Јохан Тарчуловски. Човекот кој доби 12 години од хашкиот трибунал заради тоа што во 2001 година ја бранеше Македонија. Ја

[66] Број 2735 сабота, 12 јули 2008

гледам сликата и си велам дали е можно сето ова да се случува. Се прашувам дали воопшто имам право да пишувам, да коментирам. Животот е непредвидлива категорија. По само 11 години се разделија екстремно патиштата на мојата генерација. Сега што и да се каже е премногу неважно, посебно за Јохан, кој уште години нема да е со нас.

Мислам дека го познавам Јохан. Бевме во шаторот тој далечен март 1997, петнаесет дена заедно. Заедно го рушевме тоталитаризмот, заедно сонувавме за унитарна, демократска Македонија. Заедно прикажувавме за иднината која сакаме да ја имаме во нашата држава. Провидението ни даде можност во тој наш шатор на демократијата да се запознаваме, да се зближуваме. Орвеловата 1984 ние всушност ја живеевме таа 1997. Притиснати од сите страни, ги збивавме нашите редови, застанувајки еден до друг, недозволувајки никој да не раздели. Нашата намера беше да го стресеме системот со силата на убедувањето, со демонстрирањето кауза, со личната жртва. Од Китановска, Мирослав, Гоце, па се до Јохан сите дишевме како еден. За Македонија. Оние што влегоа во шаторот, што беа тука поради нешто друго, бргу заминуваа... исчезнуваа. Некои од нив денеска од лукративни причини веќе и не споменуваат дека биле дел од таа дружина. Но, не и Јохан. Тој беше тука цело време.

Наредната епизода дојде многу бргу. Во 2001 Македонија беше нападната од терористи и мораше да се брани. Сите имаа избор, да учествуваат во одбраната или да гледаат сеир. Многумина од лагодна далечина, надвор од границите на Македонија го следеа развојот на настаните. Дел од нив се потсмеваа на нашите повици да се прогласи воена состојба и да се расчисти со напаѓачите од Косово со се што ни е на располагање. А како поинаку да се постапува кога е нападната татковината? Јохан беше повторно тука. Не беше на плажа. Не беше на планина. Беше во првите борбени редови, беше на фронт. Каде можеше еден таков маж да биде? Беше каде што му е местото. Каде што бевме сите.

Додека траеше војната, во парламентот пред мене во раце ја имав беседата на Перикле кажана пред атињаните за загинатите борци. Тегобна беше атмосферата, кога со денови се убедувавме треба или нетреба да се прогласи воена состојба. Фрустрираше тоа што очигледно беше дека има договор помеѓу некои структури за насилно симнување, дури и по пат на војна на тогашната влада. Сите што ја бранеа Македонија во тоа време беа исмевани за нивните напори, беа прогласувани за криминалци, беа ставани на столбот на срамот. Како да правеа нешто што не е во „мода“ да се прави. Се чудев како е тоа воопшто можно. А на фронтовите секојдневно се гинеше. Загинаа стотина големи македонци... Затоа сакав во парламентот да прочитам делови од беседата на Перикле. За да видам каква ке биде реакцијата на тие што божем беа за мир, а зад грб ги буцкаа терористите да напаѓаат, радувајки му се на надоаѓачкиот 15-ти септември. Да се потсетиме на зборовите. Перикле вели за неговите соборци: „За татковината, овие јунаци во херојски бој загинаа и не дозволија татковината никој да им ја одзеде, и затоа со право се очекува од овие што преживеаја дека исто како нив ке ги поднесат сите напори и опасности... Сакам да покажам дека ние ги славиме нашите јунаци, над чии што гробови сега стоиме. Смртта на овие јунаци ја докажува нивната храброст и не е значајно дали прв пат им дошла таква сила или само повторно си ја потврдувале храброста своја.

Перикле вели за неговите соборци: „За татковината, овие јунаци во херојски бој загинаа и не дозволија татковината никој да им ја одзеде, и затоа со право се очекува од овие што преживеаја дека исто како нив ке ги поднесат сите напори и опасности... Сакам да покажам дека ние ги славиме нашите јунаци, над чии што гробови сега стоиме. Смртта на овие јунаци ја докажува нивната храброст и не е значајно дали прв пат им дошла таква сила или само повторно си ја потврдувале храброста своја.

Нивно право е (на овие јунаци) да дури и ако биле лоши, за добро да им се зема нивната храброст, покажана во војна за татковината. Со својата храброст, јунаштво тие го избришаа споменот за своите маани и тие на општото добро му допринесоа повеќе, отколку, како поединци што можеби наштетиле. Меѓу нив

немаше ниту еден, кој што можеби одеше за богатство или со некаква надеж дека со тоа можеби ќе се ослободат од сиромаштијата, туку одеа кон опасноста. Над се одмаздата над непријателот им беше помила, и смртта ја сметаа за најубав потфат. Неа и опасноста и со тоа се ова за нив беше најдобар потфат и тежнееја кон добро. Неизвесноста ја претворија во надеж и гледајќи се самите себе си сметаа дека единствено во себе можат фа веруваат. И затоа што сакаа да се борат и загинат, попрво отколку да се спасуваат со повлекување, за себе обезбедија СПОМЕН ЗА СИТЕ ВРЕМИЊА. ЈУНАЧКИ ИЗЛЕГОА НА МЕГДАН И ВО ЕДЕН КРАТОК И ПРЕСУДЕН МОМЕНТ НА ВРВОТ НА СВОЈАТА СЛАВА, БЕЗ ТРОШКА СТРАВ, ГО НАПУШТИЈА ОВОЈ СВЕТ.

Ете такви се покажаа овие јунаци, достојни на својата татковина. На ова огледувајте се, и знаејќи дека среќата е во СЛОБОДАТА, а СЛОБОДАТА во ХРАБРОСТА, не подзастанувајте пред воените опасности. Затоа што оние кои што бедно живеат, и без надеж за подобра иднина, немаат повеќе причини да ја загубат својата глава од тие што во својот живот можат да имаат промена со која што би загубиле најмногу. Та, гордиот човек повеќе го боли напријатноста до која ке дојде со својот кукавичлук, отколку СМРТТА, која стига во трен, без болка, а после јуначка борба и среде заедничка надеж.“ – цитатот е опсежен, но многу корисен, за нас денеска.

Нивно право е (на овие јунаци) да дури и ако биле лоши, за добро да им се зема нивната храброст, покажана во војна за татковината. Со својата храброст, јунаштво тие го избришаа споменот за своите маани и тие на општото добро му допринесоа повеќе, отколку, како поединци што можеби наштетиле. Меѓу нив немаше ниту еден, кој што можеби одеше за богатство или со некаква надеж дека со тоа можеби ќе се ослободат од сиромаштијата, туку одеа кон опасноста.

Си спомнувате ли на 2001, на лавовите, на Љубе Бошковски, на Вејце, Карпалак, Бриони... Го паметите ли Љуботен и загинувањето на македонските војници? Непријатни се овие прашања. Некои од нас сакаат да ги заборавиме

нашите жртви. Во овие 7 години од конфликтот очигледни се намерите да се протнат работите на поинаков начин од тоа какви навистина беа. Многумина работат на тоа. Но, видливо е дека нема сеуште едно објективно гледање на конфликтот, нема солидно објаснување, па ако сакате и нема финале.

Сонцето веќе убаво изгреа. Сум се заборавил од пишување. Погледнав наназад. Премногу редови... Избришав десетина, дваесетина... Препрочитувам, се надевам дека сум ја запазил мислата... А во позадина, по некоја чудна синхронизираност на природата оди песната на Дајар Стреитс – brothers in arms…

Долга и студена зима[67]

Неделава можеби најзначајна и истовремено најзагрижувачка вест е поскапувањето на парното греење за цели 60 проценти. Размислував подолго време како да се коментира оваа вест, поточно како да се дочека. Што да се пишува кога е во прашање парното како основен ресурс на нормалното градско живеење? Ми се чини дека како што стареам, и како се повеке доаѓам во допир со режиските обврски на живеачката, се повеќе ги разбирам загрижените лица на сограѓаните кога ќе се спомене било какво поскапување.

Очекував поскапувањето на парното да предизвика реакција и поголема дискусија на тема каде одиме со енергијата

Не е лесно секој месец да ја имаш обврката да мораш да отидеш и да ја платиш секоја режиска сметка. Обичната живеачка во главниот град одамна стана голем луксуз. Скоро апсурдно е да се медитира на оваа тема, затоа што како се замислуваш излегуваат сокриени трошоци, непланирани давачки, дополнителни сокриени зголемувања, малечки букви на сметките кои ти наплаќаат нешто што воопшто не ти е јасно што значи... Пред некое време кај нас на влезот, а забележав и на други влезови, имаше соопштение од топлификација на кое аналитички тие објавуваат колкав е процентот на наплата од нашата зграда. Ако

[67] Број 2747 сабота, 26 јули 2008

не се лажам наплатата беше под 70 проценти. Ова беше значи пред времето на ова најново големо поскапување. Нискиот процент на наплата од тоа време индицира дека граѓаните и со 60 проценти пониски сметки се соочувале со проблеми при плаќањето. Инаку не гледам зошто не би плаќале редовно, кога Топлификација е ревносна и за секое задоцнување си засметува и камата. Никој не би одел намерно против својот буџет.

Заради потребите на ова мислење повторно ги прегледав сите објавени текстови по весниците. Сакав да добијам една посеопфатна слика за тоа што ке се прави. Ме интересираше првичната реакција на граѓаните, но и на тие што известуваат. Секако дека кога ќе те начека маката, бараш начин да ја решиш, а со животот да си продолжиш понатака. Што може да биде соодветно решение при волку големо поскапување на парното? Како ќе се грееме оваа зима? Ќе биде ли ова долга и ладна зима? Во светот, на пример, одамна се инклинира кон обновливата енергија, која истовремено е и многу поефтина. Не само што се интензивни дискусиите како до ефикасно користење на енергијата, туку целата потреба од ефикасно искористување е потпрена на солидна научна основа. За разлика од тоа во Македонија не се зборува за користење и усвојување на нови видови на енергија, кои би го олесниле животот, како на пример нуклеарната, термалната, сончевата, ветрената, воденатa... Очекував дека ова поскапување ќе предизвика реакција и поголема дискусија на тема каде одиме со искористувањето на енергијата, како и да се насочиме кон барање на одговори како да се справиме со постојаниот недостаток од ефтина енергија. Мислев дека во весниците ќе наидам на предлози како да се надмине проблемот со

Не е лесно секој месец да ја имаш обврката да мораш да отидеш и да ја платиш секоја режиска сметка. Обичната живеачка во главниот град одамна стана голем луксуз. Скоро апсурдно е да се медитира на оваа тема, затоа што како се замислуваш излегуваат сокриени трошоци, непланирани давачки, дополнителни сокриени зголемувања, малечки букви на сметките кои ти наплаќаат нешто што воопшто не ти е јасно што значи...

поскапувањето на парното греење. Секогаш е интересно да се набљудува и анализира првичната реакција. Таа го отсликува рефлексот, но и нивото на подготвеноста за надминување на проблемот. Во нашиот случај станува збор за реакција која издава гола борба за преживување, и скоро никаква реакција на државата.

Многумина деновиве најавуваат дека ќе се откажаат од греењето со парното. Иако тоа е еден од најефикасните и најелегатните, секако најурбан модел, многумина ќе го напуштат. Едноставно домашниот буџет нема да им дозволи да го користат. Парното од овој момент станува луксуз за повеќето семејства во Скопје. Страшно. Длабоко завлезени во дваесет и првиот век, во ера на почетно освојување на планетата Марс, ние полека полека се враќаме кон деветнаесетиот век. Велам деветнаесетиот затоа што напуштањето на парното греење, во недостаток на други поефтини можности нас единствено не води кон греење на струја и дрва.

Информациите говорат дека луѓето уште сега започнаа да купуваат дрва. Итроштината е сега во тоа да се испревари скоро сигурното поскапување на дрвата, кои согласно зголемената побарувачка, ќе одат нагоре со цената. Употребувањето на дрвата може да доведе до заштеда на цели 200 евра по сезона. Тоа е една просечна плата во Македонија денес. Или тоа или користење на парното кое сега за просечно голем стан во Скопје, така како што пресметале експертите, ќе биде околу 620 евра. На ваков начин наместо да работат 3 цели месеци во годината за топлификација, скопјани би заштедиле една плата и за загревање би работеле само 2 месеци од годината... Немаат крај овие тегобни пресметки. Одозгора на се една од информациите ја споменува реалната можност да има наскоро и ново поскапување на парното.

Ги мозгав сите овие параметри за да видам како да се поставиме ние дома пред престојната зима. Одеднаш останав зашеметен. Ми текна на сметките за парно што минатата зима ги имаше Градската библиотека Браќа Миладиновци. Ако и можев нешто да смислам, да се обидам да премостам за дома, во случајот

на библиотеката апсолутно ме фаќа паника. Ние уште минатата сезона се соочивме со сериозни проблеми. Ке се сложите кога ќе пристигне од Топлификација сметка за изминатиот месец тешка 400.000 денари дека е проблем. Ние во библиотеката имавме оваа година буџет замрзнат во 2006, а сметките за парно и тоа како се одмрзнаа во сезоната што беше зад нас. Целата зима мака мачевме да разбереме, да научиме кој е тој принцип што е применет за да се зголемат сметките без да има поскапување. Имавме и вонреден состанок сите институции од областа на културата од Скопје, затоа што истиот проблем се повтори и кај некои од нив. Од немајкаде пишувавме писма, баравме намалување на цената за овие јавни установи, баравме да се ни објаснат како ја пресметуваат цената според калориметрите, за кои подоцна дознавме дека всушност сме ги немаме. Наместо со програмски активности огромен дел од креативната енергија се потроши на решавање на овие проблеми... И се израдував на пролетта, затоа што донесе месеци без сметки за парно.

Но сега полека наближува новата грејна сезона. Сметките ќе бидат за 60 проценти повисоки. Како ќе се платат сега 650.000 денари месечно, наместо досегашните огромни 400.000? Буџетот е ист, не е ребалансиран. А и нема од каде тоа да го стори локалната самоуправа. Затоа си реков, да го упатам ова мислење на централната власт, која треба да има предвид дека со проблемот на големото поскапување на парното веќе од октомври, ноември ќе се соочат библиотеките, музеите, школите, градинките, болниците... Можеби не ќе беше лошо претходниот ребаланс на буџетот да ги има во предвид, односно да ги предвидеше токму овие движења во сферата на потрошувачката на енергијата. Убеден сум дека се прераспределија пари на раздели и по министерства кои не се толку итни и значајни како кога станува збор за овој проблем. Ако ништо друго, во некој наредeн ребаланс, по некој месец одсега, апелирам да се имаат во предвид зимските потреби на нашите институции. Оти поинаку нема да бидеме во можност да функционираме нормално.

Би сакал да видам дебата во нашето општество што ја чека во иднина Македонија од аспект на потрошувачка на сите видови енергија. Потребни се предвидувања како ќе се справуваме со постојаниот недостаток, како и со постојаниот раст на цените на ресурсите што моментно доминанто ги користиме.

Патувања[68]

Неделава ми го привлече вниманието информацијата дека се подготвува првото вселенско летало за туристи. Настанот е најавен како нова ера во туризмот. Имено, дознавме дека комерцијална компанија е во завршна фаза на изработување на вселенското летало кое ќе биде во можност да пренесува туристи и на тој начин за прв пат ќе ја направи достапна вселената на обичните луѓе. Она што е посебно интересно е што првите туристи однапред веќе платиле огромни суми за да бидат ставени со предимство на листите. Тука некаде се и хотелите Хилтон со најава за нов бизнис план во вселената.

Додека некои ја чекаат својата вселенска одисеја, ние се молиме на Господ да добиеме виза, барем на неколку дена, да го прескокнеме шенгенскиот ѕид

Отсекогаш сум се воодушевувал на бесконечните човечки можности и потребата да се освојува непознатото. Има нешто што е длабоко вкоренето во колективното несвесно, а што не тера да го истражуваме непознатото и далечното, и истовремено да го освојуваме. Има нешто во нас што е божествено, нешто што не потсетува на дамнешните роднини, на одамна заборавеното наследство. Всушност негледам друга иднина за нас како род од единствено можната да се напушти родната планета и да се бараат други светови. Можеби Орион... За тоа веќе сум пишувал. Мотивот за ова мислење е подруг. Го избрав вселенскиот туризам како лајтмотив за почетокот на текстот за да дополнително ја потенцирам разликата во димензии на нашата живеачка, односно да го нагласам

[68] Број 2752 петок, 01 август 2008

расчекорот на нашата живеачка со светските трендови. Секако дека читателите се тие кои што ќе ја дадат оценката дали се погодени паралелите, односно дали се прифатливи тезите кои ќе ги изложам.

Ќе се сложите дека во светов сега се зборува за реализирањена вселенската Одисеја како нешто што излегува надвор од рамките на научната фантастика и пишувањата на Артур Кларк. Но, каде сме ние? Каде е Македонија? Имаме ли некаков содржател со овие трендови? Единствено што е содржател со претходново е дека и во Македонија има една одисеја. Одисејата со шенген визите. Да, да ова е наслов на текст кој се појави неделава и кој всушност ја отсликува нашата сурова реалност. Веќе не ми е мило, ниту пак е соодветно компаративно да зборуваме за Европа, односно ЕУ која има своја внатрешна безграничност. Сега веќе човештвото успева да се ослободи од границите на овој свет и дури да ја победи гравитацијата. Она што за нас е намерно направено недостижно, одамна за другите е апсолвирана тема на која што не се навраќаат.

Затоа се решив уште еднаш да се осврнам на шенгенските бариери кои за нас се како затворски ѕидови. На нашиот пат кон Европа ни беше најавено, па ако сакате ветено дека бариерите ќе започнат да паѓаат, со што овој бесконечен процес би се олеснил барем малку. Според предвидената динамика либерализацијата на визниот режим започна на 1 јануари оваа година. Меѓутоа како што стојат работите либерализацијата започна само на хартија. Седум месеци подоцна оние малку групи на луѓе кои што требаше да имаат олеснување при добивање на виза зборуваат, сведочат дека не забележуваат никакво олеснување кога се малтретираат пред амбасадите на европските држави. Всушност, како што стојат работите, нема промена во теркот на малтретирањето при секое аплицирање за виза. Како ништо да не се променило. И навистина затоа секое аплицирање може да се спореди со Одисеја. Мене ме чуди зошто работите некако одат без некоја поголема реакција. Се обидувам да најдам одговор зошто јавноста не е пожестока и зошто не се испрати посилна порака

дека не се согласуваме со вобичаената тортура при добивањето на виза. Она што уште повеќе збунува е голема подршка (во исто време) за интегрирањето во ЕУ.

Значи, од една страна имаме огромно тормозење, маргинализирање и неесапење за живи од страна на Унијата, а од друга страна имаме трпение, нереагирање, шепкање како наш одговор на се што ни се прави. Имаме неприменување на договорот, бесконечно оддолжување на примената на прописите, шенгенски бариери, нељубезен однос при секој контакт. А од наша страна имаме подршка на евроинтеграциите и ЕУ највисока споредено со сите европски држави... Нешто не е во ред. Имајќи предвид дека статистичките истражувања се земаат сериозно во предвид, можеби европските држави сметаат дека можат да го задржат сегашниот диксриминаторски однос кон нас – бидејќи тоа проаѓа (се сеќавате на децата што ги тераа да играат пред амбасадата на една држава за да докажеле дека навистина знаат да играат!). Навистина, по се што ни се случува, на нашата голгота кон ЕУ, ќе го споменам само односот на моментниот преседавач Франција – немам објаснување зошто не се забележува ниту 1 процент зголемување на евроскептицизмот. Можеби ние навистина незнаеме што навистина таму не чека? Сигурен сум дека тоа не е островот Утопија.

Контроверзноста на Европа не е нова работа кога станува збор за Македонија. Односот е таков каков што е, подолго време. Дел од вината за таквата релација, комуникација секако лежи и во нас. Понекогаш, кога разменувам мислења со моите пријатели го споменувам „Летачкиот циркус на Монти Пајтон“.

Контроверзноста на Европа не е нова работа кога станува збор за Македонија. Односот е таков каков што е, подолго време. Дел од вината за таквата релација, комуникација секако лежи и во нас. Понекогаш, кога разменувам мислења со моите пријатели го споменувам „Летачкиот циркус на Монти Пајтон“. Најверојатно е неразбирливо на прво читање, но состојбата на постојан расчекор

неможам да ја објаснам поинаку. Ми останува единствено се да си објаснам со хуморот на Монти Пајтон за да ми биде полесно и посватливо.

Ова не го кажувам туку така. Пред мене имам еден новинарски текст кој ја велича нашата дипломатија. Известени сме дека е постигнат голем успех, бидејќи дадена е скоро цела страна на почетокот од весникот, каде обично се изложуваат битните вести. Тоа по автоматизам треба да укаже на важноста на самата информација. Имено, сме потпишале како држава спогодба за олеснување на визниот режим со Норвешка. Добро, не звучи лошо. Спогодба си е спогодба. Ама, по првичната занесеност, се запрашувам кој патува деновиве во Норвешка? Размислувам, па почнувам да се распрашувам, дали воопшто знам некој што патува, ќе патува или патувал во Норвешка? Тешко ми оди, навистина знам малку луѓе што имаат воопшто некаков контакт со Норвешка. Да се разбереме, немам намера да го намалувам огромниот успех на нашата дипломатија, туку да укажам дека пред очите ни се случува една грда појава на перење на мозокот. Ни се продаваат убави слики во недостаток на вистински информации кои нешто значат за нашите животи. Тоа се прави на еден безобразен и бескрупулозен начин, без никаква етичност и на плебсот му се создава илузија дека нешто се случува. Поткрепа на ова е уште позначајната информација дека по овој значаен успех се очекува истата спогодба да се склучи и со Исланд. Да ви кажам искрено одвај чекам. Сакам виза за Исланд. Ако не се лажам, патувањето во центарот на земјата Жил Верн го започнува токму во Исланд. Ќе има што да се види.

Секој со своите проблеми. Додека некои туристи чекаат да полетаат кон својата лична вселенска одисеја, ние се молиме на Господ да добиеме виза за да го прескокнеме барем на некој ден Шенгенскиот sид.

Мечкин камен, Питу Гули и Љубе Бошковски[69]

Во нашата држава, иако е среде лето, врие од политички случувања и препукувања. На сите страни нови и нови моменти. Просто неможам да ги опфатам со мислите, а не пак со еден текст. Од сите страни се фатени заседи, и кој ке се најде на отворено (во политичка смисла на пишаното) може лесно да настрада. Модерни се писмата и кореспонденцијата на „отворено“. Со еден збор миљето што ме опкружува дава можност и motivacija за пишување. Нема проблем ниеден коментатор со инспирацијата во ваквата констелација на односи. Текстовите со леснотија ќе се породат.

Ниту еден нареден Илинден не смее да биде точка на поделба на комити и партизани. Зошто да не не' спојуваат овие големи настани од нашата историја

Но, си велам, не е потребно дополнително загревање на температурата, кога е во прашање политички живот во државата. Во ова мислење сакам да пишувам за Мечкин камен и неговото значење во колективното сеќавање на нашата нација. Повод за тоа е што минатата недела, на Илинден сите ние го одбележавме тој ден. Како и секоја година повеќето македонци го одбележуваат Илинден секој на свој начин. Секако дека слободата на поединецот се огледа и во тоа тој да може да се определи на каков начин ќе се однесува кон државните празници. Сепак, голем дел од македонците секоја година се определуваат да го одбележат Илинден токму на Мечкин камен. Тоа ме мотивираше да размислувам посконцентрирано за да дојдам до соодветен одговор што тој празник претставува за нас, и секако да си дадам одговор што тој ден значи и за мене.

[69] Број 2758 сабота, 09 август 2008

Сите добро знаеме дека Мечкин камен е всушност местото на кое загина Питу Гули со својата дружина несакајки да се повлече пред налетите на турците. Значи, Мечкин камен е тесно поврзан и со сеќавањето на Питу Гули. Кога пишуваме за него или пак мислиме на она со што не задолжил, всушност мислиме на синоним за бестрашност, непокор, целосна предаденост на македонското револуционерно дело и потребата да се освои и живее слободата. Преданијата за него кажуваат дека долго пред Илинденското во стание бил активен како војвода и борец. Да споменеме само дека уште во 1885 на само 20 години возраст тој бил суден од турската власт и одлежал 7 години робија во мала азија. Цели три и пол месеци траело патувањето од Солун до затворот. Меѓутоа тоа што го доживеал не го скршило ниту пак смирило. Веднаш по доаѓањето во Крушево тој повторно започнал да создава револуционерна мрежа. Од тука до крајот приказната, легендата ни е на сите многу позната. Питу одбил да се повлече пред налетите на многу пати побројниот и подобро вооруженият непријател. Сите негови комити загинале во име на идеалот за слобода. Загинал и тој. Но, како што стојат работите, загинал само физички, затоа што духот на таа борба е сеуште со нас. Тој дух ние и денеска го славиме. Го одбележуваме, и на некој начин несвесно сме го прифатиле како дел од нашата живеачка и наследство, како дел од нашиот иден завет да не се откажеме од крваво стекнуваната слобода.

Со својата жртва тој всушност станува камел темелник на кој сите ние му се поклонуваме секоја година. Навистина прославата, одбележувањето се случува на Мечкин камен, а би можела да се случува само малку подолу во градот. Симболиката на тој начин кажува многу. Сурфав по интернетот за да проверам дали и колку ова што го пишувам е интересно како

Мечкин камен е тесно поврзан и со сеќавањето на Питу Гули. Кога пишуваме за него или пак мислиме на она со што не задолжил, всушност мислиме на синоним за бестрашност, непокор, целосна предаденост на македонското револуционерно дело и потребата да се освои и живее слободата. Преданијата за него кажуваат дека долго пред Илинденското во стание бил активен како војвода и борец.

тема, односно дали можат да се најдат корисни и информативни текстови за Мечкин камен и за Питу Гули. За жал, не постојат многу сајтови или потрали кои ќе говорат низ зборови, преданија, сеќавања или слики и видео материјали за овие многу значајни два моменти, елементи на нашата државност. Мислам непотребно е да потенцирам што тоа значи во ова време на технолошка револуција кога на нетот има информации буквално за се.

Бидејќи јас моите текстови ги објавувам на блог, како и на неколку форуми и платформи, решив да навлезам, односно да продолжам со моето лично доживување на македонскиот непокор и исконската борба за слобода и сопствена држава низ призмата на голготата на Питу Гули на Мечкин камен, за да го зголемам пишаниот материјал кој го фали овој наш камен темелник. Ќе издвојам неколку сопствени доживелици од тоа место. Се сеќавам и сакам да ја споменам 1999 година и одбележувањето на Илинден. Тогаш бев претседател на подмладокот на ВМРО. Добивме задача да ја запоседнеме, освоиме патеката по која што сите делегации минуваат на патот кон споменикот каде што се положуваат цвеќињата и венците. Уплашени од 1997 кога Глогоров беше исплукан токму на таа патека, ние требаше да ја спречиме конкурентската партија да го стори истото, со тоа што ќе стигнеме први на местото. За таа цел се качивме горе вечерта на 1 август и кампувавме со шатори. Една илјада младинци се дружевме ноќта таму каде што се удирани темелите на македонската држава. Утредента, ненаспани и измрцварени, бевме први на патеката, со илјадници знамиња. Од денешна перспектива, десетина години подоцна можам да кажам дека тоа е искуство кое што ќе ни остане во сеќавање до крајот на животот. Ја гледам фотографијата, додека пишувам, направена тој ден на Мечкин камен и

Некои други нации прават фетиш од многу понебитни настани. Прославуваат и си прикажуваат за настани од нивната историја правејќи ги точка на пресврт, врз што ја потпираат својата идеологија и филозофија, па ако сакате и идентитет. Ние како да созреваме многу поспоро. Наместо да го цениме она што го имаме и да возвеличуваме до небото, сеуште имаме свои различни места на кои го славиме еден те ист ден.

сваќам дека ние сме како генерација сме, низ една глупаво и непотребно партиско ривалство, си изградиле личен однос кон овој настан, кој што ќе не прати до крајот на животот.Подобро кажано, сме направиле хвалоспев и пофалба каков што навистина заслужиле хероите од 1903. Откако филтерот на времето ги прочистил сите неважни влијанија, останува херојската епопеја и ние како ја одбележуваме.

Некои други нации прават фетиш од многу понебитни настани. Прославуваат и си прикажуваат за настани од нивната историја правејќи ги точка на пресврт, врз што ја потпираат својата идеологија и филозофија, па ако сакате и идентитет. Ние како да созреваме многу поспоро. Наместо да го цениме она што го имаме и да возвеличуваме до небото, сеуште имаме свои различни места на кои го славиме еден те ист ден. Да, да мислам на Пелинце. Местото што всушност треба да го замени манастирот Прохор Пчињски, бидејќи сме во неможност да одиме и таму на лице место да го одбележуваме (тоа е приказна за друг пат). Велам во ред е да се прославува и на други места. Но идеолошката компонента мора да се симне. Несмее ниту еден нареден Илинден да биде точка на поделба на комити и партизани. Зошто да не не спојуваат овие настани, кога очигледно дека партизаните во Прохор Пчињски со огромна симболика го избрале токму Илинден, денот на кревањето на претходното востание. Пораката тие јасно ја пратиле. Ние полека ја разбираме. Ама имам надеж дека ќе ја разбереме. Ми се чини дека зрее здрава мисла.

Нашата епоха создаде нови херои. А создавањето не зависи од нас, дали сакаме или не. Не е тоа нешто што може да се исценира, лажира. Хероите се раѓаат во трауматични времиња, кога треба да се бранат вредностите кои што се стекнати со крв. Народот, неговиот непогрешлив инстинкт ги препознава. Оваа година на Мечкин камен бев со Љубе Бошковски. Да му се поклониме на Питу и неговите комити. Народот кога го забележа Љубе реагираше без било каква задршка следејќи ги своите чувства. Ме воздигна енормната количина на чиста енергија. Сите до еден покажаа дека херој на оваа генерација е токму тој. Покажаа дека неговата лична голгота и ослободување се препознаени како

катарза на целата нација која сеуште трага по своето духовно обединување и ослободување.

И додека се туркавме, да бидеме поблиску едни до други, како да не гледаше од зад првото дрво Питу... Тука сме.

Рамковен договор[70]

Долго време размислував на кој начин да ја насликам композицијата што ја замислив како текст за оваа недела. Имав на располагање можност за реалистичен приод кој би можел најпластично да го приближи чувството кое сакам да го приближам, но носи опасност да биде нападнат жестоко како поттикнување на национализам. Или едноставно текстот да биде денунциран како несоодветен во овој момент кога нашите надворешни политички прилики се и повеке од комплицирани. Секако дека сега постојат голем број на денунцијанти и цензори кои едвај чекаат да дадат ваква или онаква „експертска“ оценка и проценка. И самиот сватив дека немам намера некого да провоцирам, туку, ако е можно, да понудам еден поинаков агол на гледање, колку да си ја раширите перспективата. Верувам дека имаме слободно право да мислиме, промислуваме и пишуваме.

Како би изгледала една фикција во 2014 година ако Македонците се кренат на бунт во северниот дел на Грција

Значи, решив на темата да пишувам со јасна назнака дека е во прашање мисловна конструција. Конструкција која е всушност фикција. Подолу ќе го објаснам подетално мотивот. ...Замислете дека македонското малцинство кое го има во Егејска Македонија (ова не е фикција) во 2014 година започнало вооружен бунт за ослободување на окупираниот дел на Грција. Нивниот начин на борба е герилски, структурно организиран и потпомогнат од Република Македонија. Помошта се состои од воена и медцинска опрема, логистика како и во голем број

[70] **Број 2764 сабота, 16 август 2008**

доброволци. Дури некои од доброволците се дел од воените структури на македонската армија. Секако за ова не се труби додека се водат воените акции, но како факт постои. Раководството на герилците, кои од страна на Грција и меѓународната заедница се окарактеризирани како терористи, редовно тајно ја преминува границата кон Македонија и во мир ги планира наредните акции, како и односот со заинтересираната јавност. Намерата е да се создаде мит за непобедливост, не оставајќи им можност на грчките безбедносни сили по ниедна акција да имаат потврда дека воопшто некој од побунетите македонци загинал во конфликтот. Се одбира сигурниот и проверен метод на напаѓање на далеку посилните и поопремени грчки сили, преку заседи, поставување на мини, како и со снајпери.

Македонското малцинство кое го има во Егејска Македонија (ова не е фикција) во 2014 година започнало вооружен бунт за ослободување на окупираниот дел на Грција. Нивниот начин на борба е герилски, структурно организиран и потпомогнат од Република Македонија. Помошта се состои од воена и медцинска опрема, логистика како и во голем број доброволци. Дури некои од доброволците се дел од воените структури на македонската армија.

Грчката страна поради внатрешната разединетост не е во можност да го разреши конфликтот во своја корист. Едни предлагаат да се прогласи воена состојба, додека други сметаат дека е далеку подобро тоа лето да се искористи за сончање на Крит и Родос. По неколку месеци сериозни борби бунтовниците ослободуваат голем број на планински села. По патиштата во тие предели непречен е протокот на потребштините за се подобро организирање на борбата. Меѓународната заедница полека полека започнува да го менува односот и дефинирањето, односно именувањето на бунтовниците од терористи во борци за човекови права. Тоа им оди во прилог на бунтовниците и е олеснето од фактот што децении наназад македонската дијаспора, која што е активна, поврзана и која што располата со нелимитирани износи на црни пари (стекнати со трговија најчесто со дрога) истите ги вложува во каузата. Таа е посветена да ја објаснува

тешката положба на македонското малцинство во Грција, кое често е третирано на нехуман и sверски начин. Се објаснува на меѓународниот фактор дека всушност тие се цело време надвор од системот, немаат вработувања во државната грчка администрација. Дека имаат само право на образование на македонски јазик до завршување на средното образование, а потоа се препуштени само на грчките факултети и на јазикот кој не го разбираат. Во текот на конфликтот, по сила на некој чудесен пресврт, меѓународната заедница започнува да гледа со симпатии кон борбата за права и слободи на поробените македонци.

Притисокот кон грчката држава да ги даде бараните, добро изрекламирани (адвертајзирани) права, секој ден станува се поголем. Најпосле големите сили се определуваат за сигурен пристап. Тие испраќаат свои претставициПреговорите се мачни. Тие трајат неколку недели во голема тајност, наспроти огромниот интерес на поширокатa јавност. Најпосле измачени, испиени во лицата, лидерите на грчката и македонската страна соопштуваат дека е постигнат договор. Помпезно е најавено дека договорот ќе ги стави настрана сите непријателства а на државата ќе и донесе мир и просперитет. Меѓународната заедница за да му даде тежина на своето инволвирање организира собирање на неколку стотици парчиња оружје од бунтовниците. Со тоа се исцртува ореолот на една чесна и по можност со долгорочни последици акција во интерес на државата Грција.

Америка го испраќа Нердју, а Франција во името на Европа го испраќа Неотар. И така, додека да се соземе грчката страна започнуваат преговорите во Солун (кои подоцна би биле познати како солунски). Иако на Грција не и е мило да преговара, бидејки смета дека може да ги порази терористите (како што таа ги нарекува) таа сепак мора да попушти пред силниот меѓународен притисок.

Преку средствата за јавно информирање се дознава дека мирот нема цена. Па токму затоа на борците на човекови права им се дава правото на правична застапеност во институциите на грчката држава.

Пред се сето тоа се овозможува со промена на Уставот на Грција, со внесување на македонското малцинство како составен и формирачки фактор на државата во неговата преамбула. Сепак предлогот на Неотар и Нердју да се запише дека македонците се народ некои грчки националистички пратеници го одбиваат, па мора да се примени еден таканаречен лексички трик за успивање на истите, како и на поширокатa домашна јавност, та затоа се искористува кованицата „дел од народ“. Така всушност сите се задоволни, а најмногу меѓународните претставници дека си ја оправдале дневницата. Меѓу другите новини во тој историски договор за мир секако треба да се издвои и внесувањето на македонскиот јазик во службена употреба во грчкиот парламент, на пленарните седници, со ограда дека некоја година потоа тоа ќе се случи на сите можни нивоа на администрацијата. Врвот на мировните достигнувања е сепак одземањето на ексклузивноста на грчката православна црква. Па така, сега таа се изедначува со македонската православна црква. И сето тоа е санкционирано во грчкиот Устав, а изгласано од грчките пратеници. Секако дека несмее да се испушти од предвид дека се е тоа во интерес на мирот и стабилноста на Грција и поширокиот регион.

Минуваат неколку години. Да земеме произволно, на пример 7. Грчките медиуми на денот на потпишувањето на договорот, во таа 2021 година, ја известуваат јавноста дека од политичкото практицирање во тие години тој договор може да се оцени како еден од најуспешните договори во регионот, кој гради држава, а не разградува.

Сепак Нердју и Неотар не се наивни. Тие знаат дека мора да биде сигурна нивната работа и долго откако ќе си заминат. Затоа во уставот се цементира и амандман дека за законите кои ја засегаат македонската култура, јазик, образование, личните документи и симболите мора да гласаат и најмалку половина од македонските пратеници. А било каков спор да го решава комитет за односи помеѓу македонците и грците. Сигурно си е сигурно. Не е штетно и тоа да си се запише. Со тоа, практично, ако македонците сакаат можат да го блокираат

грчкиот парламент во секое време без никаква грижа, затоа што се си е запишано во уставот на Грција.

Минуваат неколку години. Да земеме произволно, на пример 7. Грчките медиуми на денот на потпишувањето на договорот, во таа 2021 година, ја известуваат јавноста дека од политичкото практицирање во тие години тој договор може да се оцени како еден од најуспешните договори во регионот, кој гради држава, а не разградува. Некои од провладините медиуми ќе одат дотаму што воопшто нема ниту да го споменуваат договорот на тој ден, бидејќи процесот е апсолвиран. Сепак, по внимателно прегледување на најситните детали, во сите весници кои излегле од тој ден, ќе биде фер да се констатира дека дел од нив ги споменале грчките внатрешно раселени лица (термин измислен специјално за внатрешно грчка употреба со намера засекогаш да го избрише од сеќавањето терминот БЕГАЛЕЦ) кои за жал неможеле да се вратат дома од некоректните македонци. Тие македонците постојано ги викале да се вратат раселените грци, но во практика тоа не го мислеле. Кога ќе се разбеснеле во селата каде што се мнозинство, знаеле и да убијат по некој грк. Па потоа повторно ги викале да се вратат назад „внатрешно раселените“, со голема и силна искреност. Се на се, грчката држава била успешен пример сметале експертите, домашни и странски...

Драги читатели, ова беше успешниот македонски пример од 2001-та година, фикциски преместен во Грција во 2014 година. Повторувам дека се работи за фикција, но потпрена на некои широко познати и препознатливи елементи. Мотив ми беше да дадам мој мал допринес во ширењето на позитивната енергија за најпозитивната разрешница на еден напад на суверена и независна држава од страна на протекторат на Обединетите нации.

Перспективите по грузискиот конфликт[71]

Краткотрајната петдневна војна во Грузија, поради Јужна Осетија, наеднаш промени многу работи во меѓународната политика. Велам наеднаш затоа што такво е интересирањето на светските медиуми нагло порасна ставајќи ја војната во преден план и со тоа се анимираше максимално светската јавност. Меѓутоа колку и да изгледа нереално, новиот распоред на сили, видлив по овој конфликт, долго пред тоа беше јасно најавен. Имено, она што Русија го направи во Грузија не е нешто неочекувано или пак акција која што можеме да ја оцениме како случајна.

Воената супериорност на Русија во конфликтот во Грузија ги збуни сите специјалисти од таа сфера. Руската армија се покажа како премногу силна и несопирлива

На 27 октомври минатата година во исто вакво мислење, во ценетиот Утрински, пишував за тоа дека политичките состојби во светот наликуваат на Нова студена војна. Тогаш значаен момент кој укажуваше на воспоставување на нови релации беше посетата на Путин на Иран. И тоа за прв пат по шеесетина години. Со неа тој се обиде да ја помести хоризонталата на потиснување на Русија понајуг. Тогашната анализа ја правев во врска со моментни настани поврзани со Турција, Иран и Ирак. Од тогаш помина безмалку една година. Во Русија дојде и до смена на државниот врв. Но, се чини дека таа промена ниту најмалку не влијаеше врз квалитетот на продорот, пробивањето на линиите на потиснување кои се вршат од страна на таа држава. Напротив, се чини дека можеме да се согласиме со светските аналитичари дека Русија во ликот на Медведев доби континуитет на политиката на Путин. А тоа просто значи дека полека полека на светската сцена навистина се враќа продолжение на студената војна, ако се согласиме дека во двата мандати на Путин руската армија и геостратешки позиции се консолидираа. Во овој случај нагласувам дека моето пишување не е врз принципот на инертност, или пак следење на главниот терк по

[71] **Број 2770 сабота, 23 август 2008**

кој што известувањето за конфликтот се одвива. Ги следев сите моменти и внимателно ги собирав елементите, деловите на мозаикот. Тие покажуваат дека навистина на сцената доаѓа нова фаза во меѓународните односи, која што може зад нас да го остави периодот од скоро две децении на релативна стабилност во односите помеѓу САД и Русија, односно период во кој имаше доминација на само една супер сила. Притоа сакам да ги направам сите огради, бидејќи овој текст нема намера да навива за некој, ниту пак да избира страна. Намерата е да ги приближиме работите, да ги анализираме и да дадеме повторно мислење што може да се очекува во поблиска иднина. Исто така да се толкува перспективата на нашата држава во контекст на овие настани.

Воената супериорност на Русија во конфликтот во Грузија ги збуни сите специјалисти од таа сфера. Се зборуваше за подготвување на грузиската одбрана од страна на израелски и американски офицери. Тие со своето знаење требаше да и донесат на малата кафкаска држава некаква предност или пак баланс на теренот. Но, ништо од тоа. Руската армија се покажа како премногу силна и несопирлива. Сега наместо било каков баланс на теренот, со брзина на светлината се рашири стравот низ регионот дека и други држава можат да се најдат во иста состојба. Алармот звони особено силно во Украина. Оваа држава се простира на многу стратешка позиција и е од големо значење за НАТО, но и за Русија. Кога ова го пишувам, мислам на влијание и припаѓање во сфера на интерес. Да потсетам дека НАТО на последниот самит во Букурешт се услогласи

Мислам на влијание и припаѓање во сфера на интерес. Да потсетам дека НАТО на последниот самит во Букурешт се услогласи во врска со идните приоритети кои ги вклучуваат токму Украина и Грузија. На интернет страницата на алијансата може да се најдат опширни информации за соработката на Грузија, како и за суштината на разговорите, кои се водат во насока на нејзино брзо интегрирање во полноправно членство. Тоа јасно ја отсликува стратешката определба за брзо интегрирање на Грузија. Ширењето на алијансата кон Русија од поодамна е видливо и истото предизвикува нервоза кај таа држава.

во врска со идните приоритети кои ги вклучуваат токму Украина и Грузија. На интернет страницата на алијансата може да се најдат опширни информации за соработката на Грузија, како и за суштината на разговорите, кои се водат во насока на нејзино брзо интегрирање во полноправно членство. Тоа јасно ја отсликува стратешката определба за брзо интегрирање на Грузија. Ширењето на алијансата кон Русија од поодамна е видливо и истото предизвикува нервоза кај таа држава. По интегрирањето на трите балтички држави, евентуалното доаѓање на НАТО и на јужните, односно југозападните граници на Русија, кај оваа држава предизвикува отворено нетрпение. Особено што со ширењето доаѓа и воениот притисок и распоредувањето на противракетниот штит. Ќе потсетам дека во последната година алијансата водеше интензивни и исцрпувачки преговори со Полска за распоредување на противракетниот штит во таа држава. Се до пред некој ден постоеше впечаток дека Полска тактизира со потпишувањето, иако е традиционален и верен европски сојузник на САД. Меѓутоа наглото ширење на стравот од повампирувањето на советската империја се чини дека ги забрза и олесни работите. Така, деновиве беше потпишан договорот за инсталирање на противракетниот штит. Со тоа ракетите на НАТО, кои е нагласено дека служат во одбрамбени цели ќе се најдат на само 180 километи од руска територија. Иронично е што ова се случува по кратка постапка, скоро панично, по руската интервенција во Грузија. Се до пред тоа потпишувањето на договорот одеше бавно. Сега пред налетот на силата, шаховските полиња побргу и поедноставно се распоредуваат. Всушност заоструваньето на работите го стеснува изборот и инволвираните држави се ставени пред избор кој мораат да го направат. Полека се исцртува новите линии на поделба кои ќе не навратат на Европа пред 1990...

Во прилог на тезата за забрзано распоредување на полињата говори и мислењето на Горбачов, кој всушност дава една силна апологија на чекорите што неговата држава ги презеде во Грузија, манифестирајќи му на НАТО една силна подготвеност да се прифатат предизвиците кои од тоа може да се родат. Притоа јасно се става на знаење дека било какво присуство или воена помош на Грузија ќе се причина за нова криза. Горбачов порачува дека ривалот доколку продолжи

со истата политика треба да смета на најлошото. Заканите за изолирање на Русија, евентуалното бркање од Г-8, како и суспендирањето на Советот помеѓу НАТО и Русија јасно се оценети како празни закани. Реал политиката се враќа на сцената на голема врата. Вака директни зборови од поранешен претседател на СССР може само да значат дека русите ја измериле и оцениле способноста за интервенција на САД, како и НАТО и дека се сигурни во тоа што го прават.

Откако ја заврши задачата (демонстрацијата на сила) руската војска полека се повлекува. Сепак таа, со јасно видлива намера, не ги почитуваше роковите кои беа вградени во потпишаниот договор со европската унија. Истовремено, постојано се блокира работата на Советот за безбедност на ООН. Правото на Вето во овој случај Русија го искористи ефектно. Со тоа го блокираше овој орган кој во вакви случаеви е овластен да донесе резолуција, односно да предложи мерки за надминување на кризата. Русите се познати по својата дипломатска виртуозност во СБ. Практично тие се свесни дека светската организација неможе да донесе никаков акт против нив со содржина која што не им одговара. Новела е само одлуката да започне користењето на овие механизми решително и пред очите на светската јавност. Исто како во времето на студената војна.

Каде е Македонија во целава ситуација? Реално е да се очекува дека реперкусиите од последните настани ќе се почувствуваат и кај нас. Мое мислење е дека НАТО ќе изврши дополнителен притисок да се отстранат пречките за наше полноправно членство. На овие балкански простори исто така се води притаена битка за распоредување на фигурите. Откако Грција му забоде нож на стратегискиот интерес на НАТО зад себе да го остави овој регион како интегриран и обезбеден, дополнително е отворена можноста за нов распоред на силите. За НАТО, ако потрае, оваа состојба е погубна. Кредибилитетот на целата алијанса е силно доведен во прашање. Јадранската група е осакатена, а Грузија е распарчена територијално. Прекршувањето на балансот ќе биде токму на овие две точки. Би било мудро со тајна дипломатија некои од овие елементи да им се предочат на сојузниците и да се побара поцврсто да ги преземат работите во свои

раце. Повеќе во нивен интерес, отколку во наш. Оти ако тука се тресе подлогата, можат и тие да паднат.

Нови елементи за заладување на односите помеѓу исток и запад[72]

Не се надевав, да бидам искрен, дека по само една недела од последното мислење на тема повторно ќе се навратам на Грузискиот конфликт и новите перспективи во меѓународните односи. Меѓутоа според развојот на настаните, заклучив дека може да се направи уште една анализа на новите елементи. Сметам дека последиците кои исто така можат да се насетат се значајни и далекусежно ќе влијаат на релациите помеѓу истокот и западот. Во исто време, значајно е и за македонските прилики будно да се следи развојот на настаните, како би можеле и ние да имаме релевантен одговор во рамките на нашата државна политика. Ви звучи можеби оптимистички, но јас навистина сметам дека ние како држава треба да имаме релевантни, проверени, измерени и широко дебарирани позиции кога се во прашање нашите интереси.

Со еден релативно мал воен потег Русија ги врати на голема врата сите свои намери да биде признаена како суперсила

Неочекувано бргу Русија ги призна Јужна Осетија и Абхазија. Со тоа конфликтот и неговите перспективи експресно бргу ги искачи на едно ниво повисоко. Односно игрите ги префрли на полето на политиката. Години наназад на ова поле Русија играше дефанзивно, несигурно и не премногу гласно. Сето тоа, како стил кој западњаците го познаваа и на кој се беа навикнале, од последната недела, преку признавањето на двете републики, радикално се напушта во корист на нова политика... Се сеќавам на Харвард, 1999 година, при еден неврзан муабет со еден од советниците на Клинтон, за црноморската флота на Русија, тој се изјасни како за старо железо. А знаеме дека истата таа флота е една од главните причини за членството на Турција во НАТО. Долго време никој не беше спомнал

[72] **Број 2775 сабота, 30 август 2008**

ништо за оваа флота. Тоа сега се промени. Еднаш потценуваната флота, сега се споменува како закана. Токму на оваа точка се во конфликтот се замеша Украина која прогласи ограничување на движењето на црноморската флота, односно дека Русија ќе мора да побара специјална дозвола при впловувањето во Севастопол. Интересно. Доколку навистина работите се такви како во деведесетите, можеби и ќе беше возможно да се ограничи движењето на бродовите. Можеби и Русија воопшто немаше да ризикува да влезе во непријателство со НАТО, ЕУ, Г-8, и други. Но, тоа сега не е случај. Напротив, на акцијата на Украина се одговори со известување дека командант на црноморската флота е претседателот на руската федерација и дека за него не важат украинските закони. Ја разбирам Украина и нивната активност. Тие граничат со овој џин. И бараат спас. Сакаат да го обезбедат, заштитат својот демократски развој. Тоа сигурно го имаат истакнато на НАТО сојузниците. Убеден сум и дека имаат добиено одредени гаранции за да бидат поопуштени при конфронтирањето со Русија. Ама убеден сум дека и Грузија ги имала тие гаранции, па сега веќе не е унитарна држава, туку е распарчена на неколку делови со слаби изгледи да ги врати работите наназад.

Неочекувано бргу Русија ги призна Јужна Осетија и Абхазија. Со тоа конфликтот и неговите перспективи експресно бргу ги искачи на едно ниво повисоко. Односно игрите ги префрли на полето на политиката. Години наназад на ова поле Русија играше дефанзивно, несигурно и не премногу гласно. Сето тоа, како стил кој западњаците го познаваа и на кој се беа навикнале, од последната недела, преку признавањето на двете републики, радикално се напушта во корист на нова политика...

Ова покажува дека треба многу внимателно да се игра оваа партија шах. Посебно ако е во игра сопствена територија. Има уште неколку елементи кои покажуваат со сигурност дека русите прават потези кои внимателно ги испланирале. Сигурно знаеле дека запад ќе одговори со притисок на признавањето. Веќе пишував дека интервенцијата извонредно елоквентно, од позиција на руски интерес ја правдаше Горбачов. Тој беше на некој начин

претходница на супер тешката категорија. Тој беше, како што сега може да се види само една фаза на добро промислена стратегија. Сега работите ги презеде во свои раце Медведев. Ако Горбачов беше некаква поблага варијанта на одговор, која може, по потреба, да се отфрли или заобиколи, оваа недела работите влегуваат во многу посериозна фаза.

Рускиот претседател јасно и гласно порача дека Русија не стравува од ништо. Дури и од нова студена војна. Досега кованицата „студена војна“ ја користеа аналитичари или дипломати и политичари од понизок ранг. Со неа сакаа да потсетат на претходната студена војна, но и сламежливо да предвидат или заплашат дека е можна нова фаза. Почетокот не беше формален, ниту пак сигурен. Постоеше шанса да се избегне заострување на односите со самото завршување на конфликтот и негово таканаречено замрзнување на одреден период. Се чинеше дека на тој начин односите исток – запад имаа шанса да се стабилизираат. Можеби тоа ќе и одговараше и на Москва. Покажа заби, покажа нова сила, нова концепција и тоа е доста. Да, сето тоа можеше да остане на тоа ниво до признавањето. Сега е поинаку. Одбивањето на заканите директно од Медведев значи дека силата е измерена и Москва знае кој прераспоред на светската моќ сака да го постигне. Истовремено, се оди чекор понапред, па Русија најави и прекинување на соработката во некои области со НАТО и што е позначајно се одложува посетата на Шефер, како и учеството на руски војници на вежбите на алијансата. И Путин го игра својот дел од сценариото за големото враќање на руската моќ, па јавно се изјасни против членство во Светската трговска организација, со изјава дека не гледа никакви предности од евентуалното членство. Францускиот министер за надворешни

Рускиот претседател јасно и гласно порача дека Русија не стравува од ништо. Дури и од нова студена војна. Досега кованицата „студена војна“ ја користеа аналитичари или дипломати и политичари од понизок ранг. Со неа сакаа да потсетат на претходната студена војна, но и сламежливо да предвидат или заплашат дека е можна нова фаза. Почетокот не беше формален, ниту пак сигурен.

работи, Кушнер по повод најновите настани, во име на ЕУ изјави дека санкциите како опција се на маса. При тоа тој нагласи дека зборува во име на 27 држави. Информацијата е пошироко позната. Малку е познато дека истовремено Русија за своите активности доби подршка од Кина, Казахстан, Киргистан, Таџикистан и Узбекистан. Ова се држави од таканаречената Група за соработка од Шангај. Истата е основана во 2001 година со намера да се балансира влијанието на НАТО во централно азискиот регион. Релативно непознатата на овие простори, организацијата, очекувам да добие на значење од проста причина што преку неа за своите активности Русија доби подршка од Кина. Можеби другите држави немаат некоја сигнификантност во светските работи, но Кина е друга приказна. Било каков блок на Русија и Кина може лесно да ги фрли во вода сите притисоци, закани или што сметам за нерационално – санкции.

Полека се открива дека всушност конфликтот во Грузија, демонстрацијата на воена моќ, како и признавањето на независноста на двете отцепени републики е дел од една поширока стратегија и план. Со еден релативно мал воен потег Русија ги врати на голема врата сите свои намери да биде признаена како супер сила. Остануваат да се анализираат дополнително и други делови на оваа стратегија, како нпр. енергетската надмоќ, но за тоа во некоја друга прилика.

Во оваа прилика уште да споменам дека и Македонија беше спомената дека и продавала оружје на Грузија. Министерството за одбрана ова веднаш го демантираше и јас немам причина да неверувам во тоа. Сепак, треба да се стави до знаење дека нашата држава треба внимателно да проценува во иднина како ќе се постави кон ваквите прашања. Не би било симпатично да се инволвираме во вакви конфликти со некаква трговија на оружје (сетете се на случајот со Ел Масри). Исто така со интерес очекувам да видам како ќе одговориме на отвореното барање да се признаат Осетија и Абхазија. Такво барање имаме и за признавање на Косово. Деновиве слушнав дека сме требале да си стоиме настрана од сиве овие барања. Некаква пасивност била најдобра за нас. Ништо чудно, секогаш вака сме советувани. Да чекаме. Во ред. Можеби е тоа добро

размислување. Ако е возможно секогаш да стоиме настрана од се – но ако не е можно. Притисокот на блоковите за признавањата ќе расне. Редно е да се направи стратегија да се добие некаков бенефит од евентуалните признавања. Така постојано прават нашите комшии. Малку таму, малку ваму, со сите добри, а во интерес на сопствената држава.

Се сеќавате ли на 9 јули?[73]

И оваа недела беше, за жал, исполнета со активности на нашата држава и нашите претставници, кои се тешки за анализирање и прифаќање. Велам, тешки, барем за оние кои се љубители на вистината и слободата. Во најмала рака, збунувачки. Инаку лесно можеме да се конформираме и да се кажеме - секое чудо за три дена. Веројатно оние кои што се платени за да прават анализа и профил на колективното свесно и несвесно токму тоа го заклучуваат кога е во прашање нашето јавно мислење. Верувам дека нивните заклучоци лесно можат да се парафразираат како препорака за правење на се што си наумил, бидејќи извесно е нереагирање на јавното мислење, со реално очекување дека се ќе биде заборавено за некој ден. Ми се чини дека кај нас се минува. Буквално се.

Кај мене останува горчливиот вкус на реалноста дека мојата генерација ќе се изначека да се види во Европа како рамноправен член

Овој текст, како и сите претходни нема за цел да се пресметува на некаква политичка основа со неистомисленици. Ниту пак има за цел да определува било каква идеолошка разлика, односно да ја објаснува, слика реалноста низ призма на политичко убадување. Верувајте дека долго размислувам како да ги соопштам, објавам ставовите, за да не создавам поделба или лошотилук. Поминати, и ако сакате, апсолвирани се фазите на компетиција и докажување, убадување, самодокажување, надмудрување. Едноставно, доаѓа време во животот, кога тие

[73] **Број 2781 сабота, 06 септември 2008**

категории стануваат небитни кога е во прашање повисока цел или иднина на цела една нација... Кога се пледира на така битен темел, се е небитно, освен вистината или борбата за да се дојде до неа.

Поради сево погоре кажано, со намера, го побарав мислењето кое го објавив на 26 април годинава. Насловот беше „Патриоти и предавници“. Морав внимателно даго препрочитам поради неколку причини. Самиот наслов кажува многу. Уште во тоа време се чувствуваше во нашето општество сериозен притисок врз слободната мисла, односно се одвиваше еден процес на опресирање врз секој неистомисленик. Посебно силно и изразено се притискаше на сите кои имаа било каков поинаков пристап кон проблемот со името и Грција. Во тоа време (кое не е така одамна), да потсетам, за нас некаков последен датум за фаќање на возот за приклучување кон НАТО беше 9 јули. Интересно е што само 4 месеци подоцна никој веќе во нашето општество не го споменува овој датум во никаков контекст! Навистина, и низ парадигматичниот пример на 9 јули можеме да се самоанализираме како нација која кратко памети. До тој датум требаше, барем така беше од нас побарано, да се приклучиме на Јадранската група за влез во НАТО. Но, тој датум дојде и помина, а ние ниту се приклучивме на групата за интегрирање во алијансата, ниту пак нешто конкретно произлезе како одговор или платформа на нашата држава. Колку што знам, наша униформирана и неподелена намера е да влеземе во евро-атланските интеграции.

Процесот и целата атмосфера беше вешто (можеби и намерно!) пренасочена кон расправање во македонското општество кој е во случајот предавник, а кој е патриот. Така си ги губевме без потреба деновите, кои за разлика од сваќањето на меѓународната политика на некои практиканти, се и тоа како значајни за иднината на нашата држава. Посебно од аспект на привршувањето на вториот мандат на досега реално најсилниот сојузник на нашата татковина, по прашањето на спорот со името.

Па сепак, процесот и целата атмосфера беше вешто (можеби и намерно!) пренасочена кон расправање во македонското општество кој е во случајот предавник, а кој е патриот. Така си ги губевме без потреба деновите, кои за разлика од сваќањето на меѓународната политика на некои практиканти, се и тоа како значајни за иднината на нашата држава. Посебно од аспект на привршувањето на вториот мандат на досега реално најсилниот сојузник на нашата татковина, по прашањето на спорот со името. Да, погодувате, Буш беше навистина наш најголем сојузник по ова прашање. Уште еднаш, по којзнае кој пат ќе потсетам на неговата избршна одлука, прва во вториот мандат, со која ја призна Македонија според нејзиното уставно име. Велам беше затоа што тоа време, тој период според сите индикатори е зад нас. А што не очекува во иднина, кога станува збор за нашиот најсилен сојузник во меѓународните работи е во најмала рака нејасно.

Дозволете мала информативна дигресија. Деновиве читав една симпатична изјава од наш млад и амбициозен политичар. Тој по прошетката и присуството на партиските конвенции во САД смело изјавува дека добрите односи помеѓу Македонија и САД ќе продолжат по американските избори без разлика на победникот. Се сека да се каже дека нема разлика дали претседател ќе биде Обама или Меккејн. Тоа звучи како добра вест за нас. Тоа дава надеж. Но, дали е навистина таква состојбата е тешко во овој момент да се заклучи. Информациите кои досега ги добиваме се сосема спротивни. Имено, за Обама и грчкото влијание врз него знаеме поодамна. Тој беше јасен и доста отворен по нашето прашање, да не речам втор Саркози. Се досега нашите надежи се потпираа на ветеранот Меккејн. Сметавме дека е логично тој да направи некаков континуитет на политиката на Буш. Од истата партија и со иста идеологија со Буш е. Затоа некако логично е да навиваме за него и да се надеваме дека правдата ќе победи. Ама во меѓународната политика зборот правда многу ретко се употребува. Уште поретко тој го има значењето на кое сме навикнати. За разлика од тоа многу почесто се употребува зборот – ИНТЕРЕС. Преведено на македонски, а земено предвид дека Македонија не се споменува во надворешно – политичката програма на Меккејн

само можам да кажам дека се надевам дека нема да се случи драматичен пресврт во третирањето на Македонија во 2009. Моите стравувања се дека со промената на американската администрација, без разлика на победникот, на Македонија и претстои турбулентен период. Ајде да претпоставиме дека грешам. Па сепак, моја обврска е да предупредам, да ги покажам сигналите, белезите. Немора секогаш таа улога да се симпатична. Напротив, може да е погодна за обвинувања за некакво предавство. Прифаќам. Се нека сум погрешил, само нека биде добра нашата иднина и брзи интеграциите.

Токму кога говориме за сигналите кои до нас стигнуваат нема простор за оптимизам. Напротив, ме обзема едно чувство на незадоволство, безперспективност, и одвоеност. Наместо да размислувам за здружувањето со Европа и целиот цивилизиран свет, на едно еднакво и слободно ниво, јас треперам. Целиот процес за нас стана една траума од која што до крајот на нашите животи нема да се ослободиме, долго откако ќе станеме дел од организациите кон кои стремиме.

Токму кога говориме за сигналите кои до нас стигнуваат нема простор за оптимизам. Напротив, ме обзема едно чувство на незадоволство, безперспективност, и одвоеност. Наместо да размислувам за здружувањето со Европа и целиот цивилизиран свет, на едно еднакво и слободно ниво, јас треперам. Целиот процес за нас стана една траума од која што до крајот на нашите животи нема да се ослободиме, долго откако ќе станеме дел од организациите кон кои стремиме. Да приближам. Со неверица и целосно затечен останав по објавувањето на плановите на министерот за надворешни, кои тој и ги соопшти на соодветната комисија на Собранието. Отворено и без никаква задршка, од негова страна, ни беше кажано дека нашата интеграција во наредните 4 години ќе почека. Притоа, немајќи поиздржан концепт или пак објаснување, се зафати со свртување на вниманието кон мултиетничкиот модел на општеството, економскиот развој и евентуалната политичката стабилност. Елементи надвор од неговиот ресор, и концепција која е сосема нереална.

Меѓутоа, кога ќе се земе предвид дека станува збор за функционер кој што е силно инволвиран во процесите и со големо влијание, како и (претпоставувам) информираност, навистина сум загрижен. Очекував дека некој конечно ќе ми каже дека интеграцијата ќе заврши, дека еднаш веќе ќе сме дел од НАТО и ЕУ. Не се надевав дека пред мене се нови долготрајни, целоживотни предизвици. Ровови од кои нема излез... Не е јасно, како се очекува соработка со стратешките сојузници, по оваа изјава дека немаме сериозна намера да ги решаваме проблемите кои се пред нас. Дури и ако беше изјавата дадена за внатрешно политички потреби треба да се има предвид дека тукашните странски претставници сериозно ги анализираат нашите најави и намери.

Кај мене останува горчлив вкус на реалноста дека мојата генерација ке се изначека додека да не види Европа како рамноправен член. И на крај да додадам, од ваква перспектива, кога полека пред нас се црта нов хоризонт на одвоеност и застој, се релативизираат стигмите за предавници и патриоти. Да не ги преврти улогите историјата наскоро, по за нејзе строго утврдените норми за оценување!

Матрица[74]

Ќе го започнам ова мислење со неколку редови за експериментот што пред некој ден се случи во Швајцарија. Навистина намерата на експериментот, дебатите за и против, како и можноста од Армагедон, крај на се, ме замисли. И бидејќи многумина го нарекуваат најголем експеримент во историјата на човештвото решив да го исцртам моето внатрешно доживување од моментите кога, според противниците на овој експеримент бевме на праг на самоуништување. На моја среќа, дента, половина сат пред отпочнувањето на експериментот, добив линк од интернет телевизија

Тргни на работа, помини низ истите улици, види ги истите луѓе, истите домашни миленичиња, на истото место, во исто време... Нели е тоа матрица?

[74] **Број 2786 сабота, 13 септември 2008**

која го пренесуваше во живо случувањето. Така можев директно да следам што навистина се случува, и ако навистина дошол крајот, барем да го видам тоа во живо. Оценката на стручната јавност е дека ваков експеримент се случува еднаш во 100 години. Потрагата по божјите елементи, односно по честичката од која што се настанало е навистина „светиот грал“ на научниците. Амбициозно е да се трага по модел кој може да го изимитира постанувањето на светот во лабораторија. Фантастично е да се открие каков бил почетокот на се. Но, скептиците најавуваа дека таа потрага може за сите нас да биде трагична, односно дека може по пат да се создаде „црна дупка“ која ќе го проголта светот што го знаеме. Најавуваа дека всушност со експериментот можеме да претераме и да ја поминеме границата од која нема враќање. Еден од противниците на овој експеримент прен неколку години напишал, замислете овие вештачки создадени мали црни дупки да избегаат и попат да го изедат Чикаго? Колкава мора да е заинтересираноста и смелоста на човекот да го прави овој експеримент? Што ли е тоа што така силно не гони да истражуваме?

Ги гледав преку мониторот многуте човечиња (научниците) растрчани таму ваму низ подземниот ходник каде што се одвиваше експериментот. Си помислив за момент, што ако е навистина крај? Замислете дека пред вас се последните половина сат од постоењето на се. Раздразнува мислата. Носи голема нелагодност, во најмала рака трепет. А вие сте во можност тоа да го проследите во директен тв пренос.

Ги гледав преку мониторот многуте човечиња (научниците) растрчани таму ваму низ подземниот ходник каде што се одвиваше експериментот. Си помислив за момент, што ако е навистина крај? Замислете дека пред вас се последните половина сат од постоењето на се. Раздразнува мислата. Носи голема нелагодност, во најмала рака трепет. А вие сте во можност тоа да го проследите во директен тв пренос. При разговори со некои мои пријатели заинтересирани за експериментот со создавање на „божјите честички“ се потсетивме на создавањето на атомската бомба. Управувањето со проектот наречен „Менхетент“ го раководел Опенхајмер. Но, пред да се употреби бомбата требало да се изврши тестирање.

Секако за да се дознае, како и во случајот на денешниов експеримент дали се валидни и реални математичките равенки, односно да се докаже корисноста на нуклеарната енергија. Тестирањето е извршено во Ново Мексико. Упростено, пред творецот на атомската бомба биле три можности што ке се случи со тестот на атомската бомба. Сите три биле возможни подеднакво. Првата можност, да не се случи ништо, да не експлодира бомбата. Втората, да експлодира бомбата, но со неа да се уништи и целата атмосфера во една континуирана верижна реакција. И третата, да може да се контролира експлозијата, така како што се случи во Хирошима и Нагасаки. Можете ли да замислите колкава била тежината на одлуката што ја носел Опенхајмер и стравот ако се случи второто сценарио. Историјата вели дека му било наложено да го направи експериментот и покрај можните погубни последици...

Колку вреди се околу нас, со се нашите животи, сите наши надежи и очекувања? Интересно е што секојдневните обврски и оваа приземна живеачка во многу не одвојува од суштината на животот, воопшто од било какво запрашување која е нашата цел и колку тоа чини. Плаќаме голем цех за одвоеноста од нашата филозофска суштина. Зомбификацијата која е на дело од голем дел од човештвото прави само статистичка бројка, која се додека е бројка тоа го плаќа со мака и страдање. Често се прашувам колку и самиот сум зомби, односно само една бројка.

Присетете се само на идејата на филмот Матрикс, според кој сите ние навистина сме бројка, односно извор на енергија за тие што не цицаат, во филмот претставени како роботи и вештачка интелигенција. Колку и да е далечен или фантастичен овој концепт, мала метафизичка промисла, со отворени мисловни порти укажува на реалната можност сепак се да е така. Колку пати сте си кажале немам енергија денеска. Исцпрен сум. Можеби реализацијата на одземањето на животната енергија не е така сурова и не сме затворени и одвоени во некакви мембрани. Но кој вели и со што може да потврди, дека навистина не е така. Истовремено на размисла ја нудам и песната на Пинк Флојд – Добредојдовте во

машината. Случајно ли пееле тие титани на рок музиката за машината која ти кажува дури и што ќе сонуваш? Машината која што ти го програмира животот и твоите потреби. Провокацијата оди дотаму што противењето на ликот и неговата свесност, ги слика како дополнителен дел на машината, односно на нејзините можности за создавање илузија и контрола. Ме инспирираше оваа песна во моментов, затоа подзастанав. Размислувам. Го отворив текстот на песнава. Интернетот е чудесна работа (ако не е некаков глобален колектор на енергија!). Се ми е при рака. Решив да направам пост. При рака ми е и мојот блог. За момент се префрлувам на блогот и правам пост со текстот и видео записот на „Добредојдовте во машината“. Нема полесна работа од тоа.

Можеби ви е полесно да си ја замислите машината, наместо како приказот на Матрикс, како секојдневната живеачка. Задолженоста на банковните катрички која секојдневно расне и која е товар од кој неможете да се ослободите. Неможносто да ги решите егзистенцијалните проблеми ве тера да ја продавате слободата за малку пари. Додека се повеќе работите, некој друг се повеќе се богати. Во меѓувреме минуваат години, аргатското темпо ви го уништува здравјето. Затоа се повеќе сте принудени парите да ги враќате низ индустријата за лекови на истите газди кои всушност ве разболеле. Колку повеќе се лечите, толку повеќе се разболувате. Децата тргнале во школо, нова чешма низ која истекуваат скапо платените, со здравјето, пари. Колку повеќе расната, толку повеќе чинат. Школите сега се ценат според начинот на рекламирање, а не според знаењето кое го нудат. Како последица на тоа се јавува медиокритетство. А тоа неговите жртви по вас, откако ќе ве смеле машината, ги става во истиот бесконечен ред за трошење. Мислите дека трошите, а всушност ве трошат. Кога најмногу ви е потребно дознавате дека сте добиле некакво наследство. Меѓутоа додека да го поделите со роднините минуваат дополнителни десет, дваесет години. Сумата што дотогаш сте ја потрошиле по адвокати многукратно ја надминува вредноста на тоа што треба да го добиете. Имате чувство дека се вртите во круг, дека некој ве гледа низ огледалото, дека нешто не е во ред, а неможете да преземете ништо. Тргни на работа, мини низ истите улици, види ги

истите луѓе, истите домашни миленичиња, на истото место, во исто време... Нели е тоа матрица? Само не е толку холивудски филмувана. И е спуштена на ниво на секојдневната живеачка.

Всушност сакав да пишувам за последните измени во законот за надворешни работи. Има таму доста интерсни новели податливи за коментирање. Ама бев пресретнат од овие слободни одгласи по повод експериментот кој можеше брутално да ни стави крај. Затоа барем во текстот си ја дозволив слободата, макар за кратко да излезам од матрицата, пред да изврти до крај.

Експериметот во ЦЕРН, мечките и дивите свињи[75]

Пак ке се навратам на интернетот и неговото огромно значење и влијание (барем врз мене) кога се работи за моето разбирање на било какво објавување на колумни. Иако добивам повратни информации и преку конверзација со соговорници, сепак многу е посилно кога вака, пред започнување на новото мислење ќе го отворам мојот блог и ќе прочитам навистина плоден и инспиративен коментар. Прва работа што ми доаѓа на памет е дека сакам во оваа колумна да пренесам делови од коментарите, за да ги запаметам, за да остане трага во хрониките, но и за да започнеме еден сосема нов однос кон пишаните зборови. Според мене, се појавува една нова култура на пишаниот збор, едно ослободување, кога многумина можат да остават без никаква стега свое мислење. Не се потребни скоро никакви ресурси, и никој неможе да цензурира.

Умот, свесноста, а и потребите на нацијата за слобода и широчина многу ни се атрофирани

Откако го напишав минато неделното мислење, за експериметот во ЦЕРН, прочитав дека некоја девојка во Индија (ако не се лажам), од страв од експериметот се самоубила. Ова го додавам како илустрација на екстремно

[75] Број 2792 сабота, 20 септември 2008

различните перцепции за една иста работа. Чудна сорта сме ние луѓето. Некој ми остави ваков коментар: „веќе се знае дека човечкиот мозок е еден вид холограм а штом е холограм - ние сме програмирани. Значи решението е во авто-ре-програмирање. Она што го восприемаме како реалност е само грубо платно кое нѐ чека да нацртаме на него каква слика сакаме. Сѐ е можно, од виткање лажици со силата на умот до фантастичните настани кои ги опишува Кастанеда на неговите средби со Јаки Индијанецот - врачот дон Хуан, затоа што магијата ја поседуваме од раѓање, ни помалку ни повеќе од нашата способност да раководиме со нашите соништа... “. Се чини дека кај неа немало можност од репрограмирање, пред самоуништувањето. Жално.

Еве што ми напишал еден од коментаторите на претходното мислење за матрицата: „Не можам а да не се вклучам и јас во муабетов. Темава е одлична ! Не сум некој физичар, но од она што го чув на ТВ, а и прочитав овде, разбрав дека, ако се открие таа „божја“ честичка, наводно ќе се преиспитувала целата физика која до сега сме ја учеле. Пред да се случи настанов во ЦЕРН, со едно другарче што живее во Канада го правевеме истиов муабет. И двајцата, можеби на шега, но секако дојде спонтано, се запрашавме, Еј човече, а што ако работава со акцелераторот во ЦЕРН отвори нова димензија? Идејава ни дојде од една игрица што ја игравме како онлајн, Half Life (Пола Живот). Таму научниците преку ист ваков експеримент отвориле друга димензија преку која чудни инсектоидни суштества се напикале во нашава Планета. Рака на срце, тоа

Радикално делува тврдењето дека сме програмирани, или пак дека можеме самите да се репрограмираме. Но, кога ќе се погледне структурата на целата вселена наидуваме на скоро незаобиколива слика на целосна програмираност. Четири фундаментални сили се во игра како во пространството на космосот, така и во бесконечното ситнење на атомските структури: гравитацијата, електромагнетната сила, јаката нуклеарна сила (која ги слепува протоните и неутроните во јадрото на атомот) и слаба нуклеарна сила (го контролира радиоактивното распаѓање и влијае на термонуклеарната активност на нашето Сонце).

не се случи. Нејсе.... Ме заинтригира ова со холограмиве, имаше одамна на Он-нет еден текст за таа тема и толку. Интересен став, си се прашувам, што ако баш таа честица е причина за таквите физички и прихички процеси во човекот? Во секој случај, ме трогна „Добредојдовте во Машината“ како огромен љубител на Пинк Флојд. И верувам дека, покрај примарната улога на овој акцелератор, која е секогаш занемарена (човековата добродетел и користа за сите), секогаш некако надвладеала онаа секундарната, профитот и деструктивноста. Исто така и верувам дека експериментов со акцелераторот во ЦЕРН е веќ одамна направен, само сега, постепено ни кажуваат за сето тоа. Само за пример, русиве неодамна извадија „Вакуум бомба“, нема радијација, no side effects, али twice the excitement, and twice the BOOM ! ПоздраФ до сВите !“ Намерно не ги лекторирав или пак исправав зборивите напишани во коментарот. Токму тие се одраз на културата која што веќе на интернет ја создадоа македонците. Култура на еден нов израз, кој може да е граматички спорен, но е литературно автентичен и како таков сметам дека не смее да се отфрли априори. Но, тоа е дискусија за друг пат.

Радикално делува тврдењето дека сме програмирани, или пак дека можеме самите да се репрограмираме. Но, кога ќе се погледне структурата на целата вселена наидуваме на скоро незаобиколива слика на целосна програмираност. Четири фундаментални сили се во игра како во пространството на космосот, така и во бесконечното ситнење на атомските структури: гравитацијата, електромагнетната сила, јаката нуклеарна сила (која ги слепува протоните и неутроните во јадрото на атомот) и слаба нуклеарна сила (го контролира радиоактивното распаѓање и влијае на термонуклеарната активност на нашето Сонце). Постои зачудувачки степен на ускладување на овие четири фундаментални сили, со што се овозможило и функционирањето на нашето Сонце, нашата прекрасна планета со нејзината вода која го одржува животот, нашата атмосфера која е од витално значење за животот и една пространа низа скапоцени хемиски елементи на Земјата. Кога Земјата би била малку поголема, гравитацијата би била посилна и водородот како лесен гас би се насобрал и атмосферата би била негостољубива за живот. Идеалното растојание на Земјата

од Сонцето е витален фактор за животот на Земјата. Совршеноста на периодниот систем на елементи (наредени според структурата на нивните атоми) - Менделеев, покажува зачудувачко совршенство. И да се открие нов елемент, ќе си најде место во табелата. Тимската работа на ДНК и РНК која се одвива во клетките на живите суштества е совршенство на кое допрва ќе се воодушевуваме. А фотосинтезата, најголемиот процес-фабрика, за произвотство на био маса, е чудо сама за себе. Природата е совршенство кое постоело и ќе постои независно од нашето спознание за неа. Вселената е совршенство. Има податоци дека постојано се проширува. Совршенство е човечкиот мозок кој го користиме во мал процент. Ние и нашата планета сме совршенство и помислата дека сме створени на интелигентен начин од некоја повисока интелегенција или Бог можеби, не плаши. А створивме ли клетка од ништо? – НЕ! и заблуда е дека со помош на акцелератор, со судир на протони претходно забрзани во електромагнетно поле, ќе ја открие божјата честичка. Само непријатното чувство ќе остане во спомените. Можеби сето ова е позитивно, почнавме да размислуваме за смислата на нашето постоење, а тоа не е мала работа...

Знам дека ова мислење можеби и излегува надвор од рамките на вообичаените редови кои се објавуваат во нашите весници. Нема многу политика. На тој начин ризикувам да биде неатрактивно. Но, сметам дека повремено треба да се осврнеме и на некои работи надвор од нашето тесно опкружување, кое натежнува на слободната мисла, и воопшто на слободата. Умот, свесноста, а и потребите на нацијата за слобода, широчина ни се атрофирани во многу. Се претворивме во конзумирачи на тв вести, на кои ударна вест во средата беше дека мечка убила диви свињи таму некаде во битолско!? Па потоа следуваше вест за некојси педофил (зе педофилите веќе секој ден не информираат на ангро). Сакаат ли можеби потсвесно и намерно да ни протнат порака дека е добро што тоа не ни се случило дома или во комшилакот. Дека сеуште не заиграла мечката на нашата врата. Да си молчиме, може и ќе не одмине. Истовремено во Америка паѓаше берзата, повлекувајки добар дел од светот со себе (руската се затвори во

четвртокот). А ние за мечките и дивите свињи... Одбивам да ми го перат мозокот. Преочигледно е. Доста ми е.

Благодарам за коментарите и идеите на виолетова, антидневник, горди, писмејкер_мк и на луд патор. Супер сте. Продолжуваме.

Еднооки[76]

Да ја промениме динамиката, ако се сложувате, и да се доближиме до некои теми кои го тангираат, допираат обичниот ваш и мој живот, во ова мислење. Сепак, филозофирањето, во позитивната смисла на зборот, мора да произлезе како финале на средена околина и живеачка. Всушност, за да промислуваме, јасно е дека мора да се средени сите други аспекти на животот, и тоа да ни надоаѓа како надградба. Инаку, се е изнасилено и нереално... Тоа ме носи до маката за оваа недела. Морам да кажам, колку и да ви звучи чудно – се смрзнавме.

Овој галиматијас од државниот врв се заканува да им го одземе приматот на „Еднооки“, реалноста почнува да ги имитира еднооките

Да, да со вчудоневидување ги проследив изјавите на одговорните од таа фирма дека имале, наводно, некој правилник кој не им дозволувал да не загреат затоа што не било октомври и немало 3 дена по ред под 12 степени целзиусови?! Да не ти се верува. И сето тоа спакувано со еден смирен тон, како да не сме од тука. А во меѓувреме, амбулантите преполни со настинати граѓани... На работа, вработените бараат спас, како да се загреат, а некој таму филозофира. Само да потсетам, истите, без трошка срам, пред само неколку месеци задоволно триеа раце при зголемувањето на цените за 60 проценти. Се додека нема реакција од граѓаните, се додека нема сериозен отпор, работите ке си останат исти. Секој кој што ќе начека „село без кучиња“ би се однесувал исто. Време е граѓаните да

[76] Број 2798 сабота, 27 септември 2008

сватат дека треба да направат акција, дека треба и може да изнесат мислење. Всушност, како што ми се чини, тоа е неопходно за било што да се придвижи. Додека не се изрази јавно, јасно и гласно несогласување не вредат сите напишани зборови, и притоа не мислам на групи од 100 – 200 граѓани. Си велам, ако на другите не им студи, може ние сме зимурливи. Може е надвор лагодно времето, само што ние не знаеме. Него добро ке беше да имавме само со топлификација проблем. Да е еден проблем кој што треба да се реши, лесно е. Ние сме нација која е тренирана, вежбана, дресирана да се задоволува со малку, или пак со најава, проглас дека ке биде подобро... Така што да е само ладно, ние можеме со секојдневна утринска фискултура, која би била најавена како облигаторна (инаку казнени санкции следуваат) да се загрееме.

Но, моето срце го изладува дополнително (покрај вистинскиот студ) кавгата на државниот врв. Ова серозно го велам, затоа што преку овој галиматијас што го гледам секојдневно на тв вестите, неможам ништо друго да заклучам освен дека во се почнавме да претеруваме. Имено, не поминува ден а да не ни се наметне, или подобро кажано, сервира на сила спорот помеѓу Бранко Црвенковски и Груевски. Веке овие два лика се секојдневие на нашите трпези. Без нив човек неможе ниту да јаде, ниту дасе одмори пристојно. Те едниов другиов го персира како граѓанин (со намера секако да го навреди), те другиов на овој му враќа дека е незрел, несериозен. Незнам, застанувам да подразмислам, каде сум го гледал овој филм? Како да ми емитуваат нешто веќе видено. Ах, да, ми текнува, филмот се вика :!„Транзиција на македонски начин“, со поднаслов – „бесконечно траење“, а наднаслов „сите други се виновни за се“... И така натака, наслови можат да се наредат бесконечно.

Навистина, неможам да разберам што е намерата со продуцирањето и препотенцирањето на разликите помеѓу таканареченият државен врв? Од друга страна ја гледам Дора Бакојани како си се шета по Њујоршките авении со нејзините гавази, смирени, уедначени, скоро војнички расчекорени. Одат на средба со Нимиц. И веднаш да се оградам, оти оградите кај нас со вообичаени,

препотребни, значајни, јас со грците немам муабет. Ниту пак нешто многу ги мирисам. Напротив, како што досега многупати сум пишувал (одговорно секако) нивните постапки ги сметам за расистички, понижувачки и нецивилизирани. Но, како што рекол Аристотел – „драг ми е Платон, ама подрага ми е вистината“.

Тоа за мене значи дека неможам, несакам и нема да замижам пред она што го гледам. Нема да ги воспевам нашиве ако гледам дека забегале. И двајцата. Затоа што ке се создаде сосема спротивен ефект. Имено, со зборовите „браво шефе, убаво му кажа, убаво го извреѓа“ се хипнотизира лидерот. Тој лесно може да си помисли и дека навистина нешто вредно кажал. Сто пати повторена лага станува вистина. Гебелс, ако не се лажам. И ако се зашеметил, негов проблем, нека си биде така, се додека не почнува таа зашеметеност да станува државен стил, односно се додека сето тоа не се пресели насилно во сите наши домови. Тогаш веќе станува збор за инвазија на приватноста, со работи кои не ни се потребни. Овој галиматијас на државниот врв се заканува да им го одземе приматот на „еднооки“ и наместо еднооки да ја хуморизираат реалната слика, да се превртат работите. Како што стојат сега работите, реалноста започнува да ги имитира еднооките.

Навистина, неможам да разберам што е намерата со продуцирањето и препотенцирањето на разликите помеѓу таканаречениот државен врв? Од друга страна ја гледам Дора Бакојани како си се шета по Њујоршките авении со нејзините гавази, смирени, уедначени, скоро војнички расчекорени. Одат на средба со Нимиц. И веднаш да се оградам, оти оградите кај нас со вообичаени, препотребни, значајни, јас со грците немам муабет. Ниту пак нешто многу ги мирисам. Напротив, како што досега многупати сум пишувал (одговорно секако) нивните постапки ги сметам за расистички, понижувачки и нецивилизирани.

Па така дознавме дека Бранко го избркал Антонијо. А овој се натажил и растревожил толку многу што мораше да го вклучат директно во вестите на една телевизија резервирана за пласирање на ексклузивни вести. Само што не се расплакав слушајки го. Навистина звучеше како жртва. Којзнае колку гледачи

навистина и се расплакале. Сирот министер, Бранко (вршителот на функцијата претседател) го избркал. А овој толку многу сакал да си ја заврши работата. Коментаторот на вестите ова го презентираше како невидена сензација. Парче го направи Б.Ц. Нешто подоцна, пак Бранко се јави од некој нешто повеќе близок медиум до него. Не било така, туку министерот бил некултурен па сам си се канел на средби каде што првиот бил домаќин. Тоа не и личело ниту на функцијата, ниту секако на домашното воспитување. Ако го имал. Неможело тоа така, морало да се има ред. Се на се прав циркус.

За оние помалку упатените, на кои што искрено им завидувам, ова се слики од Њујорк, од Обединетите нации и од 63 заседавање на Генералното собрание. Значи додека ние зашеметено пратиме кој на кого што му кажал од нашиот државен врв, таму се одвива средба на претставници на сите држави. Се дискутира за глобалните проблеми и идните насоки на човештвото. Ништо, ама баш ништо поради овие ликови неможевме да слушнеме. Толку се силни нивните караници што се друго станува ирелевантно. Можеби најкомичната слика за тоа како се разбираат овие „стратешки движења“ на нашиот „државен врв“ доаѓаат токму од грчка страна. Неможејќи никако да не разберат или пак изанализираат, тие веќе започнаа да изјавуваат дека се ова е можеби една поширока македонска стратегија за купување на време, во однос на преговорите за името.

Гледам и се чудам. Каде ли ке биде крајот. Неможе човек да направи реална согледба или коментар. Се ми оди на смеа работава (а сериозно и ладно е времево), се некако ми летаат сликите на еднооки, па по нив од к-15, па потоа Монти Пајтон, за да кулминира со државниот врв...

„Ринија“ - отруена еднаквост[77]

Одвреме навреме преку медиумите слушаме за некакви труења со неисправна храна. Притоа секогаш редовно сме известувани за бројот на

[77] **Број 2803 сабота, 04 октомври 2008**

затруени и тежината на труењето. Каков и да е случајот, по правило, за некој ден е зад нас и ние си продолжуваме со редовната живеачка, како ништо да не било, затоа што ваквите појави, за волја на вистината кај нас се чести. До некој нов, нареден случај на труење. И јас самиот најмалку два пати се имам затруено од готова храна купена по градов. Нејсе, оваа недела бевме информирани за пример на труење кој далеку ги надминува сите можни сеќавања и информации од таков тип во моето сеќавање.

Имено, еден ден пред прославувањето на празникот Бајрам, дознавме дека во скопската чаршија е затворена слаткарницата Ринија, која продавала неисправни слатки. Првичната бројка на затруени беше околу 70. До тука овој случај не се издвојуваше многу од сите претходни труења. Да не се разбереме погрешно, ниту едно труење не е оправдано, ниту може да биде толерирано. Се поставува прашање, што тоа ние всушност јадеме, каква е храната и има ли во нашето општество некакви стандарди кое треба да се следат?

Парадигматичен е овој пример на непочитување на институциите и многу излегува надвор од рамките на едно труење

Сепак случајот Ринија продолжи, на општо чудење. Дента кога се појавија првите случаи на труење, од кои некои беа и потешки, слаткарницата ја затвори надлежниот инспекторат. Ама профитно и претприемачки ориентираниот сопственик се досетил сам да ја отвори слаткарницата еден ден пред Бајрам, за да си ги распродаде залихите од затруени слатки и торти. Парадигматичен е овој пример на непочитување на институциите и во многу излегува надвор од рамките на само едно труење, односно од рамката на нечие изолирано непочитување на законот. Повторно отворената слаткарница работеше со полна пареа. На вести можевме да видиме како редици граѓани, задоволни, излегуваат и се упатуваат кон своите домови. Од одговорните во слаткарницата никој мува не го лазеше што надвор стојат телевизиските камери кои го регистрираат отворањето на објектот кој само ден претходно бил затворен од надлежна инспекција. Што ви кажува тоа

за односот кон државата? Што ви кажува тоа за односот на државата кон своите надлежности, кога е во прашање одредена заедница?

Како последица на ова слободно натпреварување на отворениот пазар, со добар маркетиншки трик (ефтини торти за само 100 - 150 денари) сопственикот на слаткарницата успеа да ги распродаде своите слатки, до последно. Нема што, оваа логика делува пазарно, нема бележење на губитоци, дури и во ситуација кога тие се полни со бактерии и отрови. Меѓутоа веќе на ден Бајрам бројката на затруени кои побараа лекарска помош достигна 150. Беше тоа во средата. За во четвртокот бројката веќе да достигне околу 260. Имајќи го сопственото дамнешно искуство на труење од храна, кога сам се лекував, непријавувајќи се во медицинска установа, можам само да претпоставам колкава е навистина бројката на затруени. Најмалку помножено со два. Да не беше овој случај со Ринија немаше да дознаеме дека инспекторатот, односно Дирекцијата за храна била без прв човек. Тоа е само уште еден сериозен аспект на проблемот. Оставањето на овие институции подолго време неекипирани, може често да доведува до катастрофални последици на теренот. Претпоставувам се сеќавате на случајот со слаткарницата Дервен, која пред само еден месец исто така затру повеќе од 100 луѓе. Притоа тој случај повторно влегува во временската рамка кога оваа дирекција е без прв човек. Да потсетам дека и при овој случај слушнавме обвинувања и префрлање на одговорноста од една институција на друга. Наводно и МВР не си ја завршило задачата затоа што не варделе дали повторно е отворен објектот. Не сум сигурен дека тоа министерство требало да варди, но едно е сигурно, не смее да се дозволи разводнување кога се во прашање вакви случаеви

Како последица на ова слободно натпреварување на отворениот пазар, со добар маркетиншки трик (ефтини торти за само 100 - 150 денари) сопственикот на слаткарницата успеа да ги распродаде своите слатки, до последно. Нема што, оваа логика делува пазарно, нема бележење на губитоци, дури и во ситуација кога тие се полни со бактерии и отрови.

за да не се повторат. Бидејки благата, млака реакција може само да стимулира и во иднина вакво однесување.

Има уште еден аспект кој сметам за потребно да го истакнам. Не е популарен и многумина се склони да го заобиколат, само за да не си создаваат главоболки или пак да бидат обвинувани за национализам. Ќе потсетам на случајот од познатата пластичарска улица во Скопје од пред околу една година. Во акција на УЈП повеќе објекти во таа улица беа затворени поради прекршување на законски прописи. Но, веќе утредента сите објекти беа повторно отворени, самоволно од страна на сопствениците. Иако се работи за сериозно прекршување на законот, сепак објектите беа отворени. Сето тоа можевме да го проследиме во нашите домови, на вестите на сите станици. Од тука натака, не слушнавме за кривични пријави, ниту пак било какво известување за понатамошни реакции на државните органи. Немаше санкции. Немаше ништо што истите тие сопственици би ги принудило да го почитуваат законот. Штом е така, значи дека така треба да се делува, така може да се помине низ иглени уши и нема да боли. Повеќе пати сум пазарел на таа улица, која патем е многу блиску до слаткарницата Ринија. Никогаш не станало збор за фискална сметка. Таму фискалните апарати служат за декорација... Ама, тоа е приказна за друг пат.

Поентата е дека кога сопственикот на слаткарницата увидел дека така се работи, односно може секој сам да си ја реотвори продавницата, независно од забраната на некоја си инспекција, тогаш тоа и го направил. Овој случај во ништо не се разликува од случајот на пластичарската улица. Тие си отворија сами, слаткарницата Ринија си отвори сама. Претходно немаше последици, тогаш реално е да заклучи сопственикот на слаткарницата дека и во овој случај ке биде така.

Почитувани, потребно е да се истакне дека законот мора да важи за сите еднакво. Правата кои секој од нас ги има исто така. Ова не се некои празни пароли. Отворено ќе кажам дека граѓаните македонци често кажуваат дека законот не важи еднакво, исто кога се во прашање граѓаните албанци. Често што

е казна за бизнисот на граѓанинот македонец, е небитна, споредна работа за граѓанинот албанец. Не сум чул за некој да се дрзнал да си отвори сам, по интервенција на надлежна служба, да речеме во источна Македонија. А од друга страна сум чул од инспектори дека имаат скрупули кога треба да контролираат во делови на градови каде што мнозинство се граѓаните албанци. Нема причина законот да не важи за сите еднакво. Само тоа барам. И одговорноста да ја споделиме. Судбината ни е заедничка. Па затоа секој сам нека си ја плаќа струјата, даноците и нека биде еднаков пред законот.

Сосема на крај, што велите за фирмата „Ринија“, дали треба да биде напишана и на кирилица и македонски? Или е законски само на албански?

Каде е Хисен?[78]

Деновиве повторно случувањата кај нас и околу нас се со голем интензитет. Интересно е како се одвиваше завршната фаза за признавање на Косово (што се случи во четвртокот навечер). Бидејќи нас не интересира диензијата на хроничност, ќе се обидеме да разгледаме неколку настани, кои се поврзани со признавањето на Косово од наша страна. Имено, веќе 3 недели наназад се подготвував да пишувам за четирите хашки случаи на воени злосторства кои што трибуналот и ги брати на нашата држава. За жал од некои други настани, и поради малиот број на редови тоа неможев да го сторам.

Речиси се' што се случува на политичката сцена во Македонија е фарса и замачкување на очите на јавноста

Да потсетам дека во истовреме со ова се случи и масовното труење во слаткарницата Ринија кое на парадигнатичен начин ги отслика некои тенденции на работите внатре државата. Паралелно со ова се случуваат и нашите преговори во ООН, околу кои се изнагледавме и изнаслушавме караници и префрлување на

[78] Број 2809 сабота, 11 октомври 2008

одоговорност колку што сакаме и несакаме. Како епилог добивме разединет став на државниот врв и една слика која укажува на тоа дека во Њујорк можеби преговараат три или повеќе страни, а не две. Раскараноста до крајни граници на сите актери и обвинувањето (од сите страни) за предавање на интересите на државата веќе станаа толку дегутантни што верувам ретко кој е во можност без нервоза да ги следи новинските извештаи на тема...

Поради ова, навистина неможев, објективно, да се зафатам со пишување на темата за хашките случаи. Клопчето почна прво да се одмотува од случајот на малтретирањето на градежните работници од „Маврово“. Но, животот често знае со сите нас да се поигрува. Па така, во меѓувреме еден од изживувачите, главен актер, станал пратеник во македонското собрание. Можеби на некој начин е добро што не пишував на оваа тема три недели, и наместо тоа ја проследував внимателно. На овој начин можев да видам, и да се убедам дека скоро се што Македонија на политичката сцена се случува е фарса и замачкување на очите на јавноста. Актерот Хисен Џемаили, во почетниот период на притисок, јавно се изјасни дека нема да побегне, дека редовно ќе се одзива на судските покани и дека доброволно се откажува од својот пратенички имунитет. Ова звучеше прилично убедливо и благопријатно за јавноста. Сите камери беа тука, сите известувачи ја раширија веста. За момент некои од нас останаа со едно чувство дека работите во државава добиваат некој нормален тек и дека тоа што треба да се решава, пресудува навистина и ќе се случи. Бидејќи драгиот Хисен требало да знае, дека гравирањето на иницијалите на УЧК на грбовите на кутрите работници, како и сексуално злоставување не е стекнување на сопствени права, освен ако не живееме во џунгла. Кога тогаш правдината мора да дојде. Затоа за момент делуваше дека и тој самиот сака да се справи со сопствените демони и (ако е возможно) да ги остави зад себе, со своето доброволно соочување со правдата.

Намерите сепак не биле толку многу искрени. Веќе пред почетокот на октомври истиот исчезна. Откако слободно се шеташе низ македонското собрание, во центарот на Скопје, тој одеднаш стана недостапен за државните органи. Не е приведен. Нема сцени, слики со лисици во ударните вести...

Сето тоа покажа дека Хисен немал во ниеден момент намера да се посвети сериозно на случајот, туку дека цело време, преку неговата партија се обидувал да се пазари. Односно неговиот случај и другите три да се подведат под законот за амнестија. Парадата пред камерите само требало да обезбеди некој ден повеќе додека да се најде, подобро кажано измисли некаква можност случаите да се протнат низ иглените уши на амнестијата. Развојот на настаните покажа дека сепак не ќе биде толку лесно да се убедиме дека случувањата биле дел од борбата за „човечки правдини“. Јавноста сеуште јасно и со горчина се сеќава на случаите. Одозгора трибуналот со враќањето даде јасна назнака дека по случаите треба да се постапува.

Откако слободно се шеташе низ македонското собрание, во центарот на Скопје, тој одеднаш стана недостапен за државните органи. Не е приведен. Нема сцени, слики со лисици во ударните вести... Сето тоа покажа дека Хисен немал во ниеден момент намера да се посвети сериозно на случајот, туку дека цело време, преку неговата партија се обидувал да се пазари. Односно неговиот случај и другите три да се подведат под законот за амнестија. Парадата пред камерите само требало да обезбеди некој ден повеќе додека да се најде, подобро кажано измисли некаква можност случаите да се протнат низ иглените уши на амнестијата.

Кај што има сила нема правда. Владеачката ДУИ, политички трансформираната УЧК, знае дека силата може да компензира многу елементи кои можеби моменто недостасуваат во мозаикот. Токму затоа три недели фокусот на нивното делување беше да се докаже по секоја цена дека овие случаи се само вообичаен дел од военото миље и нешто сосема нормално. Намерата е да се спакуваат сите случаи во законот за амнестија и со тоа да се ослободат сите од товарот. Се добраа до власта и сега

сакаат да уживаат во неа. Зошто сега некој да им пречи? Морам да кажам дека е провидно п.р. пакувањето што го сервира невиното лице на нивната портпаролка. Побогу зошто мислат дека се може да помине само ако се изрецитира милозвучно? Толку ли не сметаат за плитки? Ни се смеат ли зад sидовите на партиските простории?

Откако дел од македонската јавност не успеа целосно да се хипнотизира, црвените дугмиња се запалија. Мора да се побара некој друг излез од оваа мачна ситуација на судење на воени злосторници кои направиле само „мало“ злосторство против човештвото. Следната фаза беше тнр. меѓународна експертиза. Демек нашите експерти не се доволно експерти, па затоа треба меѓународни да ни кажат како да се справиме со овие случаи. Во игра се врати и прочуениот Питер Фејт. Али Ахмети од него побарал меѓународна правна експертиза за случаите.

Откако дел од македонската јавност не успеа целосно да се хипнотизира, црвените дугмиња се запалија. Мора да се побара некој друг излез од оваа мачна ситуација на судење на воени злосторници кои направиле само „мало“ злосторство против човештвото. Следната фаза беше тнр. меѓународна експертиза. Демек нашите експерти не се доволно експерти, па затоа треба меѓународни да ни кажат како да се справиме со овие случаи.

И така додека секојдневно сме бомбардирани од се некои нови елементи на барањето излез за злосторниците против човештвото, некако без многу глас си помина, замина информацијата дека најмалку еден од малтретираните работници починал. Неговите познаници, секако плашејќи се отворено пред камери да говорат, истакнувале дека малтретирањето на УЧК му го уништило животот на овој човек. Никогаш потоа не се повратил. Неговата сопруга ќе нагласи дека човекот несакал да гледа вести затоа што го разочарувале информациите поврзани со неговиот случај. Меѓународната експертиза која сега Ахмети ја бара треба оваа трагедија да ја покрие со пепел и сите ние да се правиме дека ова

била само една воена епизода во 2001. Можете ли да преминете преку ова, без да очекувате правда?

Редовите летаат. Повторно останувам пократок за простор да опфатам уште некои елементи од овој галиматијас наречен „наша живеачка“. Не успеав да ги спојам елементите на рушењето на камењата од границата кон Косово. Настаните повторно ме претркаа. Веќе во наредното пишување рушењето ќе треба да го гледам и низ призма на признавањето на таа држава, односно како притисок, кој како што гледам се ислатеше.

Очекуван потег во лошо време[79]

Како и што си мислев, помина и уште една недела а од Хисен Џемаили ни трага. Но, слушнавме глас. Поточно слушнавме негова закана дека ќе дојдел идната недела на судското рочиште, ама судот прво требал да расправа за симнување на неговата мерка притвор. Затоа што тој така смета дека е право. Прво најавуваше дека нема да се повикува на имунитетот, јавно потпишување на некакви ливчиња хартија дека ќе биде присутен цело време, а сега најавува дека ќе дојде на судското рочиште сигурно. Целиот случај се претвори во циркус. Најави, одјави, лаги, закани. Се си имаме. Вистинска драма за да се забавува народот. Баш ме интересира какво ќе биде рочиштето идната недела. Да видиме дали навистина Хисен ќе се појави во суд. Или нешто друго се случува зад параванот. Многу ме интересира како ќе реагира судот на отворено изречените закани, дали ќе го задржи своето достоинство и независност и ќе се зафати со расчистување на овие криминални и sверски случаи кои што ниту во сон неможат да бидат амнестирани.

Косово беше инсталирано од големи играчи во меѓународната политика и што може ние да направиме тука поразлично од западниот

[79] Број 2815 сабота, 18 октомври 2008

Во меѓувреме го признавме Косово. Веднаш да кажам дека е тоа легитимна одлука на нашата држава. Како што стојат работите во државава, но и околу нас, целото балканско опкружување немавме друга можност. Косово беше инсталирано од големи играчи во меѓународната политика и едноставно постои. Што можеме ние тука поразлично од западниот свет да направиме? Особено ако се земе предвид дека имаме големо малцинство кое има свои роднински и секакви други релации со Косово. Одозгора на тоа, навистина и македонската економија има свои силни аргументи за соработка со таа држава. Ако не се лажам со Косово имаме суфицит, што е навистина редок пример. Значи секој што и бегло се занимава со анализирање на состојбите знаеше дека до признавање ќе дојде. Само бидејќи се одолговлече, повеќето започнаа да се прашуваат која е таа наша тактика? Што е всушност нашата сокриена намера и како тоа низ дипломатските лавиринти ќе го изведеме?! Нашите првенци долго време изјавуваа дека ќе го заокружат процесот во најдобар можен интерес на Македонија. Потсетувам дека од денот на објавувањето на својата независност нашата држава имаше отворен притисок од страна на западните сојузници да го следи нивниот пример и да го стори истото. За да не се залажуваме, овој притисок се нема случено само со нас. Подолго време беше подготвувана независност на Косово, и неа неможеа да ја видат само оние што несакаа да ја видат. Заокружувањето на овој процес, односно што ќе се случи се насетуваше уште во 1999 година, по интервенцијата на НАТО во Југославија. Од тогаш единствено требаше само да се најдат вистинските магистрали по кои целата работа ќе се турка. Затоа велам дека моравме да видиме што ќе се случува и сосема

Подолго време беше подготвувана независност на Косово, и неа неможеа да ја видат само оние што несакаа да ја видат. Заокружувањето на овој процес, односно што ќе се случи се насетуваше уште во 1999 година, по интервенцијата на НАТО во Југославија. Од тогаш единствено требаше само да се најдат вистинските магистрали по кои целата работа ќе се турка. Затоа велам дека моравме да видиме што ќе се случува и сосема легитимно да се подготвиме како ќе реагираме како држава.

легитимно да се подготвиме како ќе реагираме како држава. Нормално е да сакаме да ги заштитиме сопствените интереси, својата економија, но и да излеземе во пресрет на дел од сопствените граѓани кои жестоко притискаа тоа признавање и да се случи. Македонија е сосед со Косово, а не со Уганда!

Сепак да преиспитаме дали минатонеделното признавање и спакуваната аргумнентација беа најдобри. Да промислиме дали начинот на кој го признавме Косово беше најсоодветниот, односно дали го погодивме моментот. Особено што одолговлекувањето кое се покриваше со некакви анализи, за кои досега не слушнавме ниту збор преку средствата за масовно информирање, како и низ било каква стручна расправа, доведе до некаква консолидација од српска страна. Србите го издржаа првиот удар од признавањето и во на нив својствен манир, тврдоглаво не се откажуваат од притисок. Дури и за мене неочекувано, успеаја да го успорат признавањето на Косово во многу. Се чини дека динамиката која во февруари беше проетирана не се исполни. Помпезно најавуваното признавање од голем број на држави се забави малку. Во меѓувреме, како што реков, во својата силна настојчивост, и за разлика од нас користејќи дипломатски алатки, србите смислија уште еден начин како да ја одолговлекуваат работата. Поднесоа резолуција на гласање пред Генералното собрание на ООН. Галамата што ја подигнаа, секако добро промислено, даде резултат. ГС гласаше во нивна полза, усвојувајќи го предлогот по прашањето на легалноста на едностарно прогласената независност на Косово да се изјасни меѓународниот суд на правдата. Македонија во овој случај гласаше воздржано. Образложението беше

Во моменти кога Србија славеше, ликуваше, само еден ден по гласањето на резолуцијата, ние го признавме Косово. Сето тоа го дознав преку кабелската програма на Грна Гора, која уште додека нашето Собрание наводно расправаше како да се постапи, јави дека нашите две држави веќе се договориле да настапат координирано во признавањето. Ке се сложите ова беше мала измама на јавното мислење.

дека ние не сме сакале да се мешаме во тие работи. За веќе утредента да го признаеме Косово.

Да не се разбереме погрешно. Како што стојат работите во светов, усвојувањето на резолуцијата неможе да промени работите многу. Тоа и србите го знаат. Мислењето на судот е само советодавно. Па сепак тие се определија да го тестираат меѓународниот поредок, неговата функционалност, и секако да им ги искомплицираат плановите на американците. Се на се, работата навистина е комплицирана. Усвојувањето на резолуцијата е голема новела за овие простори, но само во временска рамка по распаѓањето на некогашна Југославија. Поранешната југословенска дипломатија беше многу вешта во користењето на алатките кои можеа да и донесат корист во ООН. Постојат томови на пишани документи за применувањето на сите можни тактики како да се стекне дипломатска предност, кога е во прашање дури еден СССР во времето на информбирото. Ама со време сето сеќавање поврзано со таа дипломатска практика, како што гледам избледело. Ништо од тоа не се обидуваме да инкорпорираме во нашето делување во ООН, како и нашата меѓународната комуникација.

Во моменти кога Србија славеше, ликуваше, само еден ден по гласањето на резолуцијата, ние го признавме Косово. Сето тоа го дознав преку кабелската програма на Грна Гора, која уште додека нашето Собрание наводно расправаше како да се постапи, јави дека нашите две држави веќе се договориле да настапат координирано во признавањето. Ке се сложите ова беше мала измама на јавното мислење. Нејсе. Веројатно се сметаше дека на тој начин бесот на Србија ќе биде поделен и со помалку притисок ќе продолжи дипломатската комуникација. Веќе утредента Србија, опиена од своите дипломатски успеси ги протера двајцата амбасадори, на Македонија и Грна Гора...

Како ќе се одвиваат работите во иднина останува да видиме. Според мене кога веќе беше јасно дека неможеме да го издржиме притисокот и дека мораме да го признаеме Косово тоа да се направеше во истиот круг со Бугарија, Хрватска и

Унгарија во март годинава. Повеќе од сигурен сум дека тогаш реакцијата на Србија немаше ниту одблиску да биде ваква каква што беше сега. Сигурно немаше да ја двојат Македонија и само нашиот амбасадор да го протеруваат. Плус сеуште ја немаа резолуцијата.

Најпознатата држава во светот[80]

Како по обичај и оваа недела весниците донесоа огромен број на политички настани. Во македонското собрание се одвива расправа за уставни измени, што е само по себе настан со голем политички интензитет. Особено ако се сложувате со моето стојалиште дека на Уставот и било каква негова промена треба да се пристапува што поретко и при голема нужност. Ова го кажав и во 2001 година кога Македонија го смени Уставот под притисок на УЧК и меѓународната заедница...

Доколку се продолжи со овој курс на водење на надворешната политика, допрва ќе следуваат катастрофални последици

Оваа недела дознавме и, според тврдењета на еден колумнист дека тој има сознанија кои се нови во врска со атентатот на Глигоров. Бидејќи случајот тапка во место цели 13 години ова е и тоа како значаен момент. Се надевам дека не станува збор за потреба од медиумска сензација, туку дека нешто ново навистина ке слушнеме, затоа што како што досега се одвиваа работите атентатот на Глигоров, никогаш нема да дознаеме што навистина се случи таа 2005 година.

Исто така, не помалку значајна е пораката на Оли Рен дека не заслужиме да добиеме датум за преговори оваа година. Тој во својата изјава кажа дека Македонија не е сеуште подготвена за преговори со ЕУ. Уште една загубена година за мојата генерација, но и за сите македонци, кои тонат во балканскиот заборав. На сево ова видепремиерот задолжен за евроинтеграции одговара „забелешките од ЕУ се сосема очекувани и детерминирани“?! Искрено кажано

[80] Број 2820 сабота, 25 октомври 2008

често ги следам неговите изјави со поголемо внимание и концентрација од изјавите на другите „првенци“ на македонската политика. Ова од проста причина затоа што од поодамна забележав дека човекот обожува да се тепа со термини кои верувам и самиот не ги разбира, а секако таму каде што ги пика, не им е местото. Бидејќи на неговите бисери по повод нашиот контроверзен однос со ЕУ треба да се посветат цели текстови, сега само ке кажам дека воопшто не сум воодушевен, ниту пак хипнотизиран (што веројатно се очекува кога се зборува брзо и без врска, со голем број на неологизми и странцизми) кога ке чујам 100 зборови за 10 секунди (од него) кои немаат никаква врска со тоа што тој треба да го работи.

Во осто време се појави и информацијата дека владините функционери се зачлениле во по 3-4 управни одбори. Како по правило станува збор за луѓе од кабинети на влијателните министри. Тие, веројатно за награда за лојалноста и наводната преработеност, оптовареност на своите соработници од доверба им овозможиле да добиваат приходи од повеќе места.

Во осто време се појави и информацијата дека владините функционери се зачлениле во по 3-4 управни одбори. Како по правило станува збор за луѓе од кабинети на влијателните министри. Тие, веројатно за награда за лојалноста и наводната преработеност, оптовареност на своите соработници од доверба им овозможиле да добиваат приходи од повеќе места. Се сеќавам на првото владеење на ВМРО-ДПМНЕ во 1998. И ми се чини дека една од причините за губење на довербата од нашите подржувачи беше токму лакомоста на некои наши функционери. Истата работа како да започнува да се повторува. Само што има една квалитетна работа. Овој пат имињата на луѓето за кои што пишуваат весниците не се многу препознатливи како вмровски функционери. Останува да се заклучи дека ова се луѓе кои се приватно блиски со министрите...

Морам да признам дека мало освежување во целава тензија ми беше информацијата и сликата дека двајца наши пратеници биле на бања во Исланд. Нивната слика ја украси насловната страна на еден наш високо тиражен весник.

Сигурен сум дека оваа нивна необична активност во бакротираната и егзотична земја беше добро интермецо за македонските читатели помеѓу два сериозни политички настани. Барем за мене беше и не додржав да не ја коментирам. Без бањарките оваа недела ке беше многу по тмурна. Ох, има и други настани, но просторот ми е ограничен, па затоа ќе преминам на уште еден случај кој предизвика многу внимание.

Можеби ќе ви делува небитно што државата Конго решила да го смени својот став и одсега да ни се обраќа со референцата. Ќе си кажете, чекај да се сетам каде е Конго! Меѓутоа Конго не е единствената држава која што го промени својот став. Истото го стори неодамна и Мексико, а се спомнува и Панама. Не поминува подолго време од една недела, а грчката страна соопштува дека одредена држава го сменила својот став по повод името на Македонија. Ова покажува дека тие и тоа како работат на терен, а терен е целата карта на светот. Она што ние го земаме како здраво за готово, за нив е предизвик за работење. Логично е да се прашате што работи нашата дипломатија? Каков е нашиот одговор на последните маневрирања на грците по светот? Што е нашата стратегија? После се до каде е Македонија со воспоставувањето, одржувањето на дипломатските контакти? Колку нашата дипломатија има квалитетни информации за тоа што ни се случува на меѓународен план?

Наместо било каков квалитетен одговор на било кое прашање што можете да си го поставите по прашањата од надлежност на македонското министерство за надворешни работи, очекувајте дека секоја активност на Грција ќе биде покривана со соопштенија дека нивните информации не се вистинити, дека Грција само врши пропаганда. Практично, со пропаганда, ќе се обвинуваат други за пропаганда. Ќе одговара ли веќе еднаш некој за неколку годишната импровизација, која кулминира во последниот период со безочно ширење на дезинформации и невистини од официјален државен орган. МНР нема право во никој случај да игра со нас, информирајки не дека Грција лаже и дека Конго и Мексико не се повлекле од своите позиции за признавање на уставното име на

Македонија. Замислете немало официјална информација од тие држави. И затоа што ја нема, или некој можеби ја крие од јавноста, се продолжува со кампања која ја покрива некомпетентноста на министерот и неговото опкружување да се има било каква стратегија и концепција како ќе се води надворешната политика на Македонија.

Но, има уште еден елемент кој предупредува дека импровизацијата и лагата имаат земено голем залет во МНР и се единствен метод за работа. Имено, минатата недела МНР обидувајки се да создаде привид дека нешто сепак работат, лиферуваше невистините информација дека Русија и натаму ќе ја поддржува Македонија во однос на уставното име. Тоа наводно го договорил нашиот министер при средбата со рускиот министер Лавров. Некои весници од ова направија фама, најбитна вест на неделата. И навистина кога губиш здив на сите страни, кога паѓаат држави за кои се вложени години дипломатски активности, секако дека е потребно да се пофалиш пропагандистички дека ете големата Русија сепак останува на својот став дека ќе ни се обраќа со уставното име. Но, дали е сосема така? Да не е и ова пропаганден трик кој треба да покрие некомпетенција? Моите информации кажуваат, што секако може да се провери, дека по изјавата на министерот која во Македонија беше пласирана за внатрешни потреби, веќе утредента портпаролот на руското МНР изјавил дека Русија ќе го почитува заеднички договореното име помеѓу Грција и Македонија. Ммммм... Не е ли ова сосема спротивно од она што ни се сервира? И што е најдобро, може да се провери во руските весници, интернет страници, да речеме во весникот „Известија“.

Доколку се продолжи со овој курс на водење на надворешната политика, допрва ќе следат катастрофални последици, сериозни последици, а истовремено повеќето македонски граѓани ќе мислат дека Македонија е најпознатата држава во светот.

Фала ти Влатко![81]

Ме загрижија информациите за немањето контрола врз вероучителите. Мислев да пишувам за тоа бидејки и тоа како значајно е да се осврнеме на таа тема, пред последиците да станат огромни. Дури по догањето на огромна прашина во медиумите се огласија надлежните кои најавија дека ќе провереле како се одвива наставата... Така тоа кај нас бива, за се имаме рефлексна реакција. Решив сепак, овој случај на ширење на радикални верски учења на најмладите да го оставам за идната недела, за да имам дополнително време да го согледам сите аспекти на проблемот.

За жал неделава се случи еден, според мене, низ лична перспектива настан кој што е потребно да се одбележи во едно мислење, секако за потребите на хроничноста на нашето време. Иако да признам се мислев дали е потребно да ги замарам читателите со ваков текст, сепак се решив да го преземам тој ризик. Сепак ова ќе биде само една коцкичка плус во мозаикот. Мозаик кој секој наш живот го прави. Мозаик кој треба да се гледа низ перспектива на времето.

Секако многу ме интересираше кој научен или мерит модел ќе биде изберен за да се провери мојата апликација, предлог програмата која што ја дадов и оценката на поминатиот едноипол деценски ангажман во партијата. Сакав да видам и кој ќе ме интервјуира. Знаете, секогаш пред интервјуа, испити очекувате да се сретнете со авторитет, со познавач на работите кој е поголем и поискусен од вас, кој ќе може да ве претресе, скенира, изанализира во трен.

Некаде во средина на минатата недела ми се јави на телефон тенок женски глас, идницираше дека е во прашање млада особа, кој ме запраша дали е на телефон Филип Петровски. По потврдата ми кажа дека треба да одам во ВМРО-ДПМНЕ на интервју. Интервјуто ќе се одржело по повод мојата апликација за претседател на комисијата за надворешни работи во далечниот јануари 2007 година. Се извинив дека нема да бидам во можност да одам таа недела и замолив за термин оваа недела. Настрана што бев

[81] Број 2826 сабота, 01 ноември 2008

одповеќе зачуден за целиот случај, но до тоа ќе дојдам подолу. Таа ми рече дека ќе мора да се консултира пред да ми каже дали воопшто може да бидам интервјуиран оваа недела. На тоа остана. Јас заминав на пат. Не ми се прејавија. Мислев дека воопшто и нема да се јават. Тоа се базираше на претходното искуство дека и за оваа најава за интервју чекав безмалку 2 години. Некои мои пријатели се шегуваа дека оваа моја апликација одамна засталера... Но, се прелажав. Во понеделник, повторно истиот женски глас на телефон. Ми закажа термин за во вторник. Со задоволство прифатив. Чекањето од две години кај мене разбуди интерес да видам што тоа се подготвувало во тој период и кој тоа ќе ме интервјуира. Секако многу ме интересираше кој научен или мерит модел ќе биде изберен за да се провери мојата апликација, предлог програмата која што ја дадов и оценката на поминатиот едноипол деценски ангажман во партијата. Сакав да видам и кој ќе ме интервјуира. Знаете, секогаш пред интервјуа, испити очекувате да се сретнете со авторитет, со познавач на работите кој е поголем и поискусен од вас, кој ќе може да ве претресе, скенира, изанализира во трен. Кој без проблем ќе може да донесе заклучок дали вие сте соодветен според знаење за тоа што сте аплицирале...

Логиката била да сум заедно со останатите, бидејќи доаѓале тешки времиња. Го гледам и си мислам, па кој ги предизвика тешките времиња?!

И со таква помисла одам во штабот на ВМРО во центар на Скопје. Со себе понесов нешто од документите кои ги користев кога ја пишував заедно со десетина стручни активисти предлог програмата за реформа на Министерството за надворешни работи, во 2006 година. Си велам може некој ќе ме праша нешто за неа. Подготвен бев да го бранам концептот на таа програма. Особено затоа што сум уварен тогаш и сега дека во тоа министерство е потребна длабока реформа и безкомпромисно применување на мерит системот. Чинам, не треба да ги потсетувам упатените со што се се соочува македонската дипломатија во последните 2-3 години. Предизвиците натежнаа како планина која тешко се искачува. Народски кажано сардисани сме од сите страни. И да не си се

самозалажуваме дека тоа ни се случува само затоа што сите не мразат и дека ние само имаме непријатели. Демек другите немаат. Демек на сите други држави сите проблеми им се решени и тие само чекорат напред. Турција ги нема Курдите, Србија ја нема Војводина, Шпанија ја нема Баскија, Британија ја нема Северна Ирска, Италија, Грузија, двете Кореи... Има денеска илјадници нерешени спорови во светот од секаков тип, национални, територијални, религиски, финансиски... Па токму затоа и постојат вакви значајни министерства за да ги решаваат проблемите, а не да ги констатираат пост-фестум. Било кој заинтересиран читател е способен за ги констатира проблемите или предизвиците. Но, треба да се даде одговор како да се надминат проблемите или разрешат јазлите. Е токму таков програм беше понуден од моја страна на реализација уште во 2006. Не ми беше никогаш одговорено зошто не е прифатен и зошто се отиде со варијанта во МНР да се одржува статус кво без никаква промена на курсот на работите.

Мојот некогашен соработник од младинската на ВМРО сега седеше наспроти мене и требаше да ме интервјуира. Да ме испраша како ќе ја водам надворешната политика на партијата доколку ме изберат (што од поодамна е познато дека нема да се случи) на таа должност. Веднаш ми стана јасно дека се работи за фарса, дека сето ова е всушност само перење на валканиот веш.

Интервјуто во комисијата ми беше добра можност да поразговарам за овие прашања, да дадам мислење како сега да се излезе од ќорсокакот и како евентуално да се почне со реформа на сегменти во надворешната политика. На мое изненадување ме прими на интервју мојот стар познаник Влатко Ѓорчев. Мојот некогашен соработник од младинската на ВМРО сега седеше наспроти мене и требаше да ме интервјуира. Да ме испраша како ќе ја водам надворешната политика на партијата доколку ме изберат (што од поодамна е познато дека нема да се случи) на таа должност. Веднаш ми стана јасно дека се работи за фарса, дека сето ова е всушност само перење на валакниот веш. Еве зошто: Влатко изјави дека му е незгодно да ме интервјуира. Па потоа ја извади од папката мојата пријава која што ги содржеше сите параметри за реформа на надворешната

политика, како и на МНР. Нешто заинтересирано ја врткаше, листаше, видливо за прв пат се запознаваше со мојата 2 години стара апликација. Иако нејасно е зошто истото не го сторил пред да ме повикаат на интервју. Малку е непријатно да се омаловажува трудот на повеќе луѓе и лично мој во кој е вложено сериозно време и интелектуален напор да се третира како обично ливче хартија. Ама, како што реков и пред да знам дека Влатко ќе ме интервјуира знаев каков ќе биде исходот. Затоа решив да отидам до крај со оваа фарса.

Без конкретно образложение ми беше понудено да бидам член на комисијата, наместо како што аплицирав - претседател. Логиката била да е подобро да сум тука заедно со останатите, надоаѓале тешки времиња. Да сме се обединиле. Го гледам и си мислам, па кој ги предизвика тешките времиња?! Многу е тешко на човек да си ги признае сопствените грешки. Но ако собере сила тоа да го стори од тука натака развојот и напредокот се многу полесни. Можев да тактизирам и да прифатам да бидам член на комисијата. Веднењето глава често во оваа наше македонско миље се смета за квалитет. Решив да го зајакнам стресот со тоа што најавив дека останувам на моето оригинално, одамна застарено барање, за претседател на комисијата и дека ако бидам изберен веднаш ќе побарам ревизија на македонската надворешна политика спроведувана од министерот. Да признам дека во себе малку и се смеев. Го знаев исходот.

Се заблагодарив и си заминав. Веќе рано наутро следниот ден повторно ми се јави истиот женски глас по трет пат. Ме извести дека не сум изберен за член на комисијата. Девојката не е виновна за ништо, таа добила наредба која мора да ја спроведе, та затоа само и реков да му се заблагодари на Влатко. Сепак, бидејќи не бев во можност лично да му се заблагодарам за се, еве тоа го правам јавно во ова мислење. Фала ти Влатко. Настрана што требаше на хартија да ме известите за мојата апликација, бидејќи истата на ја побаравте усмено, туку на хартија. Настрана што во известувањето требало да вклучите ОБРАЗЛОЖЕНИЕ. Настрана што требало и да дозволите рок за приговор, сепак се заблагодарувам. А замислете никогаш ниту на разговор да не ме повикавте...

П.С. Незнам зошто кога возев накај дома ми текна на легендарната сцена од Блејд Ранер, кога андрогините се враќаат на планетата Земја да го бараат нивниот креатор. За да го убијат!

Колку ангели има на врвот на иглата?[82]

Како што најавив минатата недела, во овој текст сакам да изнесам мислење за немањето на контрола врз вероучителите. Ова ќе биде сериозен проблем со кој што ќе се соочи македонското општество во иднина. Текстовите кои што се појавија во весниците како да беа со краток здив. Како впрочем и се друго во македонското општество беа со кратко траење, што незначи дека можните последици се отстранети.

Дозволете да направам мал вовед во темата низ лична перспектива. На времето кога јас бев гимназијалец, уште во минатиот систем, осумдесетите години на дваесетиот век, имав можност да учам средно школо во експериментална паралелка. Математичко-информатичка паралелка. Тоа затоа што тогаш се појавуваа компјутерите и преку мојот клас се сакаше да се провери како ќе функционира образованието ако се примени со повеќе од вообичаено часови неделно по математика и информатика. Зошто го кажувам ова? Од проста причина што за да се направи поголем проект прво што треба е да се направи симулација, односно да се провери како ќе функционира поголемиот проект. Зборувам најсериозно за симулација затоа што во прашање се мисловните апарати на цели генерации. Еднаш внесената, да не речам кодираната информација кај најмладите може подоцна за нив самите да биде катастрофална. Но и ако сакате да генерализираме, истото може да биде погубно

Треба да се ревидира намерата на мали деца да им се објаснуваат поими, предвреме, коишто и на постарите најчесто им се нејасни

[82] Број 2832 сабота, 08 ноември 2008

и за цели генерации. Практично моите четири средношколски години беа експеримент преку кој се извлекоа информации, идеи и насоки што да се прави во процесот на образование кога станува збор за тогашните информатички новели. И да ви кажам добро е што го имам тоа искуство, затоа што сега кон темава имам личен однос, како и искуство од внатре. Друго ќе беше да теоретизирам врз основа на нешто што сум го прочитал или (како што прават многумина кај нас) наслушнал .

Оваа година кај нас се воведе вероучението во основното образование. Значи во однос на мојот пример, се експериментира на многу пониско ниво (по години). За разлика од нас, кои бевме средношколци, сега веќе дел од експериментот се основците. Всушност тоа се деца. Иако сигурен сум дека тие сами за себе мислат дека се возрасни и дека се знаат и разбираат. Ах, не сме ли биле сите ние такви. Е на тие деца сега вероучителите им предаваат за поими како се Бог, бесмртност, вера, морал... Повозрасните знаат дека при разговор на овие теми многу е тешко да се даде конечен и валиден одговор што е Бог, животот, смртта. Скоро по правило ваквите разговори завршуваат со разидувања, а тоа преместено во македонски рамки може да значи и конфликт од посериозни димензии. Да потсетам само дека низ историска перспектива недоразбирањата помеѓу верниците доведувале до војни со големи човечки загуби. Сетете се на крстоносните војни, на инквизиторите, на палењата на жените како вештерки поради нивната слободоумност, односно одбивањето да ја прифатат догмата како вистина. Всушност историјата на Европа во многу е историја на верска нетрпеливост, нетолеранција, насилно внесување во верување, наметнување на верување, како и поради догма земањето за право да се измачува друг. И се така до индулгенцијата и можноста да се плати и испере гревот дури и за убиство. Па потоа реформацијата и протестантизмот. За во денешно време да се соочиме со фундаментализмот на исламот (ова не е генерализирање) кој тропа сериозно и на македонската порта.

Само накратко ќе ја насликам сликата на срушените згради во Њујорк во 2001 во име на некои верувања од на Мухамед (морам да признам за мене нејасни). Исто ќе ги споменам и сунитите и шиитите кои во внатрешните рамки на иста вера толку многу се нетрпеливи и агресивни што редовно се информираме за жртви од нивните конфликти.

Низ оваа преспектива и тоа како сум загрижен како ќе се одвива верската настава во Македонија. Да бидеме искрени, има ли верски фанатици во Македонија? Јас мислам дека има. Има ли практичари кои се спремни да ризикуваат и судир со закон, ама да ја пренесат својата радикална порака до нашите деца? Има. Од друга страна до нас дојдоа информациите дека сега засега нема контролори кои ќе надгледуваат како се одвива верската настава. Наводно на предавачите им биле дадени сугестии како треба да го пренесуваат нивниот став за религијата на помладите, но истовремено никој не може да потврди дали тие навистина и се држат на дадените инструкции. Кога например мојата мисија би била да ги радикализирам децата, да им всадам омраза кон другите „неверници“ и да ги подготвам за евентуални екстремни акции во иднина, секако дека на тие што ме контролираат дека нема да им го кажам тоа. Од моите уста ќе тече мед и млеко, се додека не ја остварам целта. Толку ли е тешко да се замисли дека така во моментот прават многумина кои на децата целосно ќе им ја искриват сликата за животот и од нив ќе направат погодно тесто за понатамошни акции.

Само накратко ќе ја насликам сликата на срушените згради во Њујорк во 2001 во име на некои верувања од на Мухамед (морам да признам за мене нејасни). Исто ќе ги споменам и сунитите и шиитите кои во внатрешните рамки на иста вера толку многу се нетрпеливи и агресивни што редовно се информираме за жртви од нивните конфликти.

Извинете што не се придружувам на хорот кој пее хвалоспеви. Неможам да замижам пред ова што го гледам. Можеби некој може да помине бегло преку

информациите за наставници кои се вклучиле во процесот на образование, поради којзнае какви причини, но за мене тоа е сериозен проблем и треба да ѕвони алармот гласно и долго. Мислам на наставници, ако се наставници, заради кои Исламската верска заедница реагираше дека предаваат без и да имаат лиценци за предавање. Сето ова се случува пред нашите очи во општината Чаир. Самата ИВЗ ја фрли картата дека треба да се провери дали станува збор за наставници кои се од, внимавајте, радикалниот ислам. И потоа се создаде една атмосфера во која сите си ја префрлаат одговорноста еден на друг. Така да се каже, никој за ништо не е виновен, затоа што неможе ништо да се лоцира или пак докаже. А во меѓувреме си се одвива фино наставата која што допрва треба да се утврди какви последици ке има за нашите највредни, најмладите, децата.

Просторот ми е ограничен затоа ќе ги оставам овие размисли на увид на секој заинтересиран. Во интерес на прецизноста морам да допрам уште неколку елементи. Сега дали сум јас против веронауката? Дали ако сум против сум неверник? Оти кај нас се е црно и бело. Ако не си со нас - си против нас. На мојот профил на фејсбук ми оставил некој незнаен пријател порака -„оди си со Џабир Дерала“. На мое прашање зошто ми го препорачува Дерала, одговор беше дека и тој бил против веронаука. Па бидејќи сме си биле исти, да сум си одел со него. Ммммм. Ви заличува ли ова на модерна инквизиција? Среќа моја што не е среден век, инаку може и на клада да се заврши.

Сакам да кажам дека мојата верба е моја работа. Не би ја користел за да ја мерам со друг. Мојата вера е моја лична работа. А ете не сум ја учел во школо. Прашање е дали може да се научи во школо воопшто. Можно е таа да извира од внатре, од некои други извори, за разлика од овие пренасочените сегашни. Ризикувајќи да добијам понатамошни препораки, јавно, со кој да се дружам и каде да одам (по ѓаволите!) мислам дека сериозно треба да се ревидира намерата на мали деца да им се објаснуваат поими, пред време, кои што и на постарите најчесто им се нејасни, и секако се извор на проблеми низ вековите за човека, нацијата и државата.

п.с. и да, јас сум верник. Ама за себе, не за другите.

63 значајни години[83]

Големо задоволство ми претставува тоа што можам одвреме навреме да пишувам за библиотеката Браќа Миладиновци. Убавиот повод овој пат е одбележувањето на 63 години од постоење. Она што беше и претходно, во неколку мислења нагласено е дека некои од текстовите ќе и бидат посветени на културата, едуцирањето, библиотеката и модерните информатички трендови. Секако дека во нашата држава редовно постојат и многу посериозни (политички) теми кои го окупираат интересот, секако дека дури и оваа недела имаше прашања кои и тоа како повикуваат да се коментираааат, па сепак се одлучив да му дадам приоритет на роденденот на градската библиотека од Скопје. Ќе има можност наредните недели да компензираме во мислењата, со опфаќање на повеќе теми...

Има неколку клучни елементи на кои се заснова мојата филозофија на водењето на библиотеката. На прво место е стратегијата за набавка на книги. Мое убедување е дека редовното набавување на насловите кои се нови, најавувани, рекламирани од издавачите и секако очекувани од публиката, може да ги врати читателите назад во библиотеките. Она што се чувствува како пулсирање е дека таквите наслови веднаш ги бара читателстката публика. Всушност кога за некоја книга се зборува пред таа да излезе од печат, кога се најавува преку средствата за јавно информирање, интересот станува многу поголем. Единствен проблем е што книгите кај нас се скапи и скоро невозможно им е на љубителите на добрите книги и читањето да ги поседуваат сите наслови во своите лични библиотеки. Затоа е тука нашата библиотека, за да ја надопони таа празнина, за да ги понуди новите наслови веднаш по нивното излегување од печат. Значи

Примената на новите технологии ни овозможува како институција да се пласираме и надвор од нашите објекти

[83] Број 2838 сабота, 15 ноември 2008

основен столб во водењето на библиотеката е набавката на книги. Тоа резултира со стабилизирање на бројот на издадени книги на над 180.000. Ова е бројка која е освоена во годината 2006, одржана во 2007, а нашите очекувања се дека оваа година може да ја завршиме (ако само се повторат истите бројки од месеците ноември и декември 2007) со околу 190.000 позајмени книги. Ќе ви ја понудам како компарација информацијата што оваа недела ја прочитавме дека една од градските библиотеки во нашата држава во последните години се соочила со сериозно намалување на членството. Елементите кои можат да допринесат за ваквите трендови се: прво, недоволната етаблираност во системот на билиотеките, односно недоволната грижа од државата за истите; второ, никаквите, супстандарни услови во кои што се работи, често во целосно руинирани објекти; трето немањето на доволно книги; четврто, недоволниот број на вработени и образувани за нашата област кадри... Има многу алки кои недостасуваат и нашата намера е да укажеме на можните излезни решенија како би се надминала оваа состојба.

Книгите кај нас се скапи и скоро невозможно им е на љубителите на добрите книги и читањето да ги поседуваат сите наслови во своите лични библиотеки. Затоа е тука нашата библиотека, за да ја надопони таа празнина, за да ги понуди новите наслови веднаш по нивното излегување од печат.

Под итно мора да се ревонира или изгради, доизгради мрежата на градските библиотеки во цела Македонија. Таму каде што нема библиотеки, мора да се отвораат. Дури и во најмалите места. Потоа, мора да се довработи кадар кој квалитетно ќе одговори на потребите на читателите. На државниот универзитет треба уште веднаш да се отвори катедра за библиотекарство (ова е проект кој одамна чека на своја реализација, а го има на хартија). Веќе наредната година ќе ги имаме првите магистри по библиотекарство во Македонија. Се работи за група на магистранти од нашите библиотеки кои се образуваат во моментов надвор од државата. Нивното знаење ќе биде драгоцено и незаменливо во иднина за сите наши библиотеки. Затоа ги споменувам, го ценам нивниот напор, труд да се

образуваат себе квалитетно за оваа област, но барам државата да има слух за оваа наша работа и да одговори навремено, со што ќе се овозможи надградување библиотекарството во целост. Исто така, иако децентрализирани, на библиотеките треба да им се дотураат книги, нови наслови постојано. Бидејќи како што видовме погоре, всушност еден од пресудните елементи за враќање и задржување на читателите е понудата. Тоа е секако наше искуство, кое на овој начин го споделуваме со целата заинтересирана јавност.

На второ место во стратегијата за успех на библиотеките и враќање на читателите назад го ставам односот на библиотекарите кон корисниците и во поширок контекст односот на библиотеката кон својата урбана средина. Ако во библиотеките имаме (замислена идеална ситуација) доволно книги, добри услови за работа, како и доволно вработени, тогаш најбитен елемент за успех во нашата работа станува, подобро кажано останува односот на библиотекарите кон корисниците. Секој библиотекар во таа ситуација е најважната алка помеѓу читателот и книгата. Дали ќе се читаат и оживеат зборовите кои таму некој ги оставил тогаш во многу зависи од библиотекарот. Тој ја има улогата на катализатор кој треба да го канализира целиот процес. Библиотекарот често се наоѓа во улога на креатор на вкусот на читателот, на давател на добра услуга. Тоа е одговорна позиција и неможе да ја работи оној што не е заинтересиран за таа работа. Ова го велам, целосно одговорно, имајќи предвид дека книгите ја формираат многу влијателно психата на поединецот и можат да извршат големо позитивно влијание во формирањето на здрав, колоритен и амбициозен животен стил. Сетете се само на Библијата, Куранот, Тората, Книгата на мртвите, Багват Гита... Има книги кои влијаеле на формирањето на цели нации и нивните судбини. Така било некогаш, но така е и сега. Ова уште повеќе ја потенцира улогата на библиотекарот, кој е посредник помеѓу читателот и книгата.

И на трето место е пратењето, усвојувањето и применувањето на новите технологии. Подолго време во светот постои голема дебата за иднината на книгите во класичната хартиена форма. Една фракција смета дека е завршено со

овој облик на книгата и дека во скоро време таа ќе изчезне во ваков облик, за да се породи како дигитална форма. Така ќе може да се чита на интернет, дома на монитор, преку мобилниот телефон или пак на секој тв приемник. Веќе постојат и специјални електронски читачи на книги, создадени само за таа намена. Други пак сметаат дека книгата си е книга и неможе да има друга форма која не е книга! Конзервативците сметаат дека книгата неможе и нема да ја смени својата форма... Ова е дебата која трае и трае. И никој не е подготвен да ги напушти своите позиции. Мое мислење е дека сепак книгата во класична форма, како и дигиталните новели ќе се сретнат некаде на половина пат. Тоа значи дека и денес, но и во иднина ќе имаме два типа на извори за читање. Но, секако новите технологии ќе си го заземат своето место, својот дел од спектрумот. Оној што нема да ги следи ќе има проблем да се информира брзо и квалитетно, ќе биде во незгодна ситуација да се смета за конзервативен, реликвија, некомпетитивен... Градската библиотека затоа прави големи напори да има свои информации во дигитална форма. Имаме свој релевантен сајт. Имаме свој блог. Постираме секојдневно информации за активности, книги во електронски формати, слики, документи. Безмалку дигитализираме се што можеме да дигитализираме.

Примената на овие технологии ни овозможува да се пласираме како институција надвор од рамките на нашите објекти. Секој може да не види, да дојде до нашите материјали, да симне на својот компјутер книга за себе. На тој начин ние исполнуваме едукативна задача, но и патриотска. Лесно можам да замислам македонски пород, трета генерација македонци кои живеат во далечна туѓина, кои никогаш не биле во Македонија и кои немале можност да читаат на македонски. Ете преку нашата интернет страница се опфаќа и таа димензија.

Просторот што го имам на располагање ми дозволува само уште да ја честитам годишнината и неспорната 63 годишна традиција на градската библиотека. Честитката оди и до сите вработени. Уште многу години.

Добро испланиран драматичен заплет[84]

Несомнено настан на неделата, можеби и на годината е тужбата на Македонија пред меѓународниот суд на правдата. Немаше весник кој не ја пренесе со повеке текстови и коментари оваа акција на владата на РМ. Сите други случувања некако паднаа во втор план. Дури и чаршиските муабети целата недела целосно се посветени на оваа тема. Сите дискутираат, дебатираат, мудруваат за значењето на овој потег. Слушнав секакви позиции. И про и контра. И по правило секој си стои на своето мислење, без можност за некакво приближување. Нешто слично на поделеноста и раскараноста која ја има на врвот од државата. Иако вообичаено бегам од темите кои се од врвен политички приоритет, сепак решив на оваа да и посветам едно цело мислење. Да понудам за размисла некои елементи, онака како што во моментов ги гледам јас.

Тужбата против Грција како потег му остава голем простор на Груевски дома да ги изведува своите политички замисли како што сака

Имено, Македонија го поднесе во Хаг на институционално разгледување пред судот прекршувањето на членот 11 од Времената спогодба од 13 септември 1995 година. Ние всушност бараме да се заштитат нашите права според спогодбата, да си обезбедиме делување како независна држава во согласност со меѓународното право, вклучувајки го и правото на членување во меѓународните организации. Од наша страна е наведено дека во согласност со членот 11, параграфот 1, Грција се обврзала дека нема да го попречува зачленувањето на ФИРОМ во интернационални, мултилатерални и регионални организации. А Грција сепак го задржува правото да побара државата да се ословува согласно ставот 2 од резолуцијата 817 на Советот за безбедност. Тоа е резолуцијата која се однесува на приемот на Македонија во Обединетите нации. Ставот два всушност му предлага на Генералното собрание да се прими нашата држава како член на организацијата и таа да се ословува привремено во рамките на

[84] Број 2844 сабота, 22 ноември 2008

организацијата како Поранешна Југословенска Република... се додека да се постигне решение. Се сеќавате на изјавите на Глигоров дека ова име ќе биде во употреба само два месеци... Еден неделник во средината на деведесетите ги броеше месеците и во посебно квадратче во секој свој број потсетуваше на оваа огромна лага, во секој нареден број. Години поминаа, тие се умориа од потсетување, чинам и весникот престана да излегува, но нашето привремено име остана.

Но, да се вратам на нашата тужба. Во неа е наведено дека ние сме ја исполниле обврската да побараме членство во НАТО согласно привремената спогодба и се потенцира дека приемот на никој начин на пречи или делува на преговорите кои се водат за името. Натаму, Македонија бара од судот да и нареди на Грција да го почитува договореното, односно времената спогодба, членот 11 и исто така да престане да го попречува членството на Македонија во НАТО и секоја друга меѓународна организација во која Грција е веќе членка. Како основа за обраќање на судот од наша страна е наведен членот 21, парафрафот 2 од Времената спогодба, која предвидува дека секој спор кој што страните може да го имаат во врска со неговото интерпретирање може да се поднесе (од било која од страните) пред Меѓународниот суд на правдата.

Внимателно ги разгледав сите достапни текстови и мислења во врска со тужбата. Како што кажав тие зафаќаат широка лепеза, од целосна подршка до силна критика. Нашите политички првенци ја искористија и оваа прилика, како една добра пригода да се закачат, караат и секако префрлаат одговорноста за се и сешто. И овојпат лесно се покажа со прст на патриотите и предавниците. Таборите ја искористија можноста уште повеќе да се вкопаат во сопствените ровови. Се чини дека се што можеше да се ангажира како потенцијал во оваа офанзива на секој против секој внатре во нашето општество, се ангажираше!

Ова се податоци кои се јавни и достапни за заинтересираната јавност на интернет. И не кажувам којзнае какви новели. Меѓутоа ми беа потребни за да ја

утврдам рамката која што сакам да ја коментирам. Исто така сум свесен дека многу брзо забораваме, па затоа не е лошо и повеќе пати да се повторат некои податоци, отколку да ги нема воопшто. Си спомнувам дека често ме прашувале заинтересирани каде може да го набават, видат, прочитаат Рамковниот договор од 2001. Многумина ми кажале дека ниту го виделе, ниту можеле да го најдат. Па затоа се создаде за мошне кратко време мистерија и една урбана легенда дека тој ниту не постои. Дека ни бил наметнат само за една употреба, дека потоа морал да исчезне. Сакам да кажам дека е потребно да се формираат поефикасни бази на податоци од оваа сфера, јавно да се објави како може да се најдат, користат и секако дека постојат, дека не се тајна. Истото за брзо време би можело и со тужбата да се случи и од неа да се прават митови и легенди.

Внимателно ги разгледав сите достапни текстови и мислења во врска со тужбата. Како што кажав тие зафаќаат широка лепеза, од целосна подршка до силна критика. Нашите политички првенци ја искористија и оваа прилика, како една добра пригода да се закачат, караат и секако префрлаат одговорноста за се и сешто. И овојпат лесно се покажа со прст на патриотите и предавниците. Таборите ја искористија можноста уште повеќе да се вкопаат во сопствените ровови. Се чини дека се што можеше да се ангажира како потенцијал во оваа офанзива на секој против секој внатре во нашето општество, се ангажираше! Затоа многу размислував како да се произнесам. Се разбира дека можев да пишувам за некоја друга тема и едноставно да се изоставам од било какво инволвирање.

Ова е дефинитивно раскрсница од која што се избира пат кој не знае докрај низ какви предели ќе не однесе. Изборот да се оди на суд, секако ќе ги заостри дополнително односите помеѓу двете држави (кои и онака не се богзнае какви), што може да има последици по економијата и некои други општествени сегменти. Според мои сознанија овој потег бил подолго време планиран и сериозно обмислуван.

Прво мора да кажам дека за ваков потег е потребна храброст. Ова е дефинитивно раскрсница од која што се избира пат кој не знае докрај низ какви предели ќе не однесе. Изборот да се оди на суд, секако ќе ги заостри дополнително односите помеѓу двете држави (кои и онака не се богзнае какви), што може да има последици по економијата и некои други општествени сегменти. Според мои сознанија овој потег бил подолго време планиран и сериозно обмислуван. Самата шокираност на сите, надвор и внатре во државата покажува дека конспиративноста била и повеќе од успешна. Зачувувањето во тајност на целата операција и дава дополнителна тежина, во смисол дека можело добро да се осмисли, да се планира и да се предвиди што можеме да очекуваме како против удар од страна на Грција. Знаејќи како делува Груевски, сигурен сум дека му биле предочени сите можни притисоци, проблеми, закани. Бесот на Грција може лесно да се насети, и тој може да биде голем. Се сеќаваме и на нејзиното ембарго (за кое што слушам гласови дека исто така треба да ја тужиме). Па, сепак, како што кажав, донесена е одлука да се оди со тужба. Аферим. Неможам да кажам дека не е храбра оваа одлука. Како ќе се одвиваат работите неможам да предвидам. Останува да се види како ќе реагира судот, дали ќе ја прифати надлежноста, како ќе суди и евентуално како ќе се натера Грција да ја прифати пресудата. Останува да се види и како ќе реагираат останатите играчи во големата игра. Првенствено мислам на САД, ЕУ и Русија. Големо прашање е дали ова може да предизвика некакво помесување во стратешките поврзаности на одредени сојузници. Најверојатно дека не. Затоа што во пракса се покажало дека во меѓународната политика тешко се менуваат веќе трасираните патеки.

Од друга страна пак, на внатрешен план, имајќи ја предвид огромната подршка која ја ужива Груевски ова со сигурност значи дека овој потег му остава бришан простор да ја изведува својата политичка замисла како што сака. Извесната загриженост, застрашеност од надворешниот непријател мора да резултира со збивање на внатрешните редови. Рејтингот на Груевски индицира дека тоа збивање на редови ќе се случи токму зад него, оставајќи ги неговите конкуренти на бришан простор. Конечно, сега веќе можам да забележам дека оваа

консистентност во судирањето со екскомунистичкиот блок, неговите инсталации низ системот, особено тајните служби ќе започне да вродува со плод. Овој притисок нема да можат да го издржат уште долго.

Косово пред раскрсница[85]

Оваа недела зачестија информациите за проблемите на Косово. Како и секогаш, ми се чини дека, прво, не сме доволно информирани и второ, некако како да не сме заинтересирани. Случувањата како да се некаде далеку и неможе да имаат никакви последици врз Македонија.

Да одиме со ред. Пред неколку дена генералниот секретар на ОН претстави план според кој на мисијата на Косово (УНМИК) и е потребно преструктуирање за да може да одговори на новите предизвици. Се констатира дека ситуацијата е во многу променета, што само по себе бара нов пристап. Веќе во средата Советот за безбедност едногласно го одобри планот на Бан Ки Мун, со кој се создаваат услови за распоредување на ЕУЛЕКС во Косово. Во истовреме косовските власти жестоко се спротивставија на овој план. Тие сметаат дека ова ќе го доведе во прашање суверенитетот и интегритетот на државата во прашање. Тие сметаат дека планот може да создаде да создаде два паралелни синџири на власт што би ја оневозможило Приштина да воспостави власт на целата територија на државата. Имено, планот на Мун предвидува дека европската мисија да биде присутна во областите кои се населени претежно со алабанско население, додека во областите каде што доминира српското население ОН да ја задржи контролата врз полицијата. Ова двојство е она што на косовските власти им пречи, создавајки невозможност да се

Во Косово се случуваат состојби и настани на кои Македонија треба да им пристапи со сериозна стратегија

[85] Број 2850 сабота, 29 ноември 2008

воспостават државните институции во северните делови на земјата, каде што е населено претежно српско население.

Интересно е да се нотира дека косовскиот премиер во интервју изјавува дека овој план „отвора можност за постојана нестабилност. Кој има интерес за ова? Само остатоците од „мрачните“ структури од блиското минато.“ Тој смета дека ова гласно противење не е раскинување на партнерството со западните подржувачи и дека тоа и во иднина ќе продолжи. Меѓутоа на протестите кои се одржаа во Приштина пред десетина дена за прв пат не беше видено американското знаме, кое се дотогаш се појавуваше како редовен декор на сите манифестации. Истовремено, да се потсетиме дека ниедна одлука неможе да биде донесена во Советот за безбедност доколку една од петте постојани членки се реши да го искористи своето право на вето. САД се изјаснија за планот на Бан Ки Мун, со што всушност го овозможија неговото усвојување. Дотолку повеќе што САД побараа и Приштина да го подржи овој план. Во процесот се споменува Даниел Фрид (познат на нашата јавност) помошникот државен секретар, кој јасно ставил до знаење дека САД кои безрезервно ја подржуваа независноста на Косово, во овој случај сметаат на нивно порџжување на овој план.

Останува да се проследува како ќе се стави сега во шини Приштина, кога се знае дека се до овој план немаше некои поголеми проблеми на релација Вашингтон - Приштина. Повеќето набљудувачи на состојбите поврзани со конфликтот во Југославија во 1999 и патот на Косово кон своја независност се сложуваа дека Косово се третира како миленичe на САД и дека се му е дозволено. Сеуште стојат отворени многу прашања од патот кон независноста на таа држава, како например масакрот во Рачак, кој се искористи за почеток на воената интервенција врз Југославија (Овој инцидент се случува на 15 јануари 1999. Забележани се 45 жртви од него и тој е значаен затоа што конечно ја канализираинтервенцијата на НАТО во Југославија и Косово) или пак масовната вклученост на медиумите во создавањето на подлога воена интервенција (Клинтон ги споредува настаните на Косово со Холокаустот на евреите во Втората

светска војна, истот го прави и CNN на својата програма. А американскиот State department, како што известува New York Times пишува дека околу 500.000 косовари се исчезнати или мртви - информација која никогаш не е потврдена).

Токму поради овие моменти многумина ја сметаа како неправедна интервенцијата, и потоа подршката за Косово како непринципиелна. Се до овој момент. Се чини дека работите драматично во скоро време ќе се менуваат во Косово. Со самото тоа и во неговото поблиско опкпужување. Едно е јасно, сега веќе се назира нова американска политика кон косовското прашање. Се она што досега можеше да делува како една непринципиелна политика, како навивање за својот сојузник и негово отворено подржување, добива сосема ново светло. Изгледа дека (без разлика на генералната непопуларност на примената на воената сила во разрешувањето на конфликтите од последниот претседател на САД) сепак може да се извлечат некои константи во нивното делување. Една од нив е дека не се фаворизираат одредени држави по секоја цена. Косово се чинеше дека е во повластена ситуација, и дека може да направи што сака, а зад себе ќе ги има САД. Сега ситуацијата драматично се менува. Може да се заклучи дека САД следат принципи во својата надворешна политика, односно над одредени вредности не стават држави. Ако е интересот на овој регион, односно нивниот интерес во регионов да има стабилност, мир, просперитет и етничка толеранција, тогаш веќе може да се распознаат контури на едно ново делување.

Дали е подготвена Приштина да го ризикува своето пријателство со САД, со своето одбивање на планот и уште повеќе енергичното спторивставување, на веќе добро познатиот принцип со протести, декорација со знамиња на западните сојузници и порано многу ефикасното инсистирање на човекови права.

Дали е подготвена Приштина да го ризикува своето пријателство со САД, со своето одбивање на планот и уште повеќе енергичното спторивставување, на веќе добро познатиот принцип со протести, декорација со знамиња на западните сојузници и порано многу ефикасното инсистирање на човекови права. Сега

независноста е освоена и време е за одговорност. Лидерството не е лесна работа. Како ли му е сега на Тачи? Премиер е на Косово. Својата униформа ја замени за лагодна позиција. Но сега е тука одговорноста. Да се наоѓа секогаш модус вивенди во една комплицирана состојба... Сигурно размислува на својата униформа повеќе, отколку на фотељата. Ова го велам затоа што се појавија информации дека тој планира конфликти само за да се задржи на власт. Тие конфликти би можеле да го вовлечат цело Косово за кратко време. И што е уште поопасно, би можеле да се прошират и надвор од границите на таа држава.

Јас останувам неутрален, но сепак не си дозволувам да поминам преку некои од фактите и сам да се цензурирам. Свесен сум дека мислењето што го пишувам може да биде искористено за денунцирање, па сепак слободната мисла мора да биде неприкосновена и истата ставена на увид на заинтересираната јавност. Реално е да бидеме загрижени, но и целосно подготвени да ги пречекаме предизвиците од тоа што може наскоро да се случи. Ќе потсетам на вооруженият напад врз алфите и убиството кој се случи во исто време со развојот на настаните во Косово. Незнам дали е случајност или можеби праќање на порака од истите структури дека имаат сила да ја вовлечат (да се обидат) и Македонија во една поширока дестабилизација на регионот, доколку не им се удоволи и овој пат. Токму ова се моменти на кои треба однапред да се работи со сериозна стратегија. На нашите сојузници треба да им се објасни сериозноста на ситуацијата и во Македонија во однос на настаните кај северниот сосед и да се побара заедничко планирање на можната разврска. Македонија е пример на соживот и стабилност, каков што нема на друго место на овој полуостров. Тука се применети и живеат мерки какви што никогаш нема да има на пример во Косово (помеѓу србите и албанците). Многупати е тоа констатирано од

Свесен сум дека мислењето што го пишувам може да биде искористено за денунцирање, па сепак слободната мисла мора да биде неприкосновена и истата ставена на увид на заинтересираната јавност. Реално е да бидеме загрижени, но и целосно подготвени да ги пречекаме предизвиците од тоа што може наскоро да се случи.

сите релевантни фактори. Затоа во вакви критични моменти треба јасно да им укажеме на нашите сојузници дека бараме јасно да им се укаже на сите што може да го загрозат мирот и просперитетот на нашата држава дека тоа нема да биде прифатливо.

Доаѓа Хилари[86]

Победата на Барак Обама е сама по себе историски настан за САД, но и пошироко погледнато за модерниот демократски и цивилизиран свет. Со овие претседателски избори во Америка се случи коперникански пресврт и во иднина интересно е да се набљудува како ќе одвиваат работите... Многу ќе биде значајно да се види дали сега ќе зајакнат конзервативните политички и општествени сили или пак овој чин ќе биде целосно ослободување на САД од мрачното минато кога афро-американците беа расно малтретирани. Индикациските фактори до сега се измешани и неможе со сигурност да се говори како навистина ќе биде во иднина. Како пример ќе споменам дека кај белото население гласањето, процентуално изразено било во корист на Обама, што индицира напуштање на расните предрасуди и определување за кандидатот и неговата политичка платформа. Додека кај афро-американците забележана е сосема обратна ситуација. Околу 90 проценти од нив гласале за Обама, што само по себе укажува на извесни расни резерви кон Меккејн. Неверувам дека било кој може да има 90 проценти подршка за политичка програма, колку и да е

До пред само неколку месеци лутите и непомирливи противници, сега ќе настапуваат заедно. Назначувањето на Хилари Клинтон за шеф на Стејт Департмент е уште еден елемент за дополнителен интерес кон нашиот стратешки партнер. Според бројот на коментарите кои се појавија во врска со нејзиното ново работно место може да се заклучи дека во иднина треба да се внимава на нејзините чекори, како и по можност да се бара начин за поблиска соработка.

[86] Број 2856 сабота, 06 декември 2008

харизматичен. Затоа велам дека ќе биде интересно да се следи каков развој допрва ја очекува на внатрешен план новата американска администрација.

Можеби уште поинтересно ќе биде да се проследува развојот на настаните на надворешен план. До пред само неколку месеци лутите и непомирливи противници, сега ќе настапуваат заедно. Назначувањето на Хилари Клинтон за шеф на Стејт Департмент е уште еден елемент за дополнителен интерес кон нашиот стратешки партнер. Според бројот на коментарите кои се појавија во врска со нејзиното ново работно место може да се заклучи дека во иднина треба да се внимава на нејзините чекори, како и по можност да се бара начин за поблиска соработка. Предупредувањата се дека Хилари е всушност голем проблем сега, но и во иднина за Обама. Тесната и долготрајна трка, внатре во партијата беше многу тесна и цело време неизвесна. Таа многу го исцрпе Обама, а демократската партија ја доведе на раб на делење. По сојузните држави бројот на гласови, соберен на куп беше поделен на две скоро идентични половинки. Да, Обама победи внатре во партијата (процедура сега за сега незамислива во Македонија), но мораше да смета на Хилари ако сакаше да го победи Меккејн. Убеден сум дека без јасен сигнал, кој Хилари го даде со присуството на митинзите на Обама, резултатот на изборите можеше да биде и поинаков. Значи на некој начин двајцата во интерес на партијата, но и за себе, мораа да направат договор за да победат. Ништо спорно во политиката. Таа многу често може да се сведе на математичка операција во која мора правилно да се соберат елементите. Но, како што може да се види кланот на Клинтонови добро се пазарел. Размената на „добра“ дури сега е видлива за обичниот набљудувач и може помалку да биде и разочарувачка. Извесно е дека ова е некаков сигнал за помирување на силните фракции внатре во демократската партија. Сепак во исто време ова е можност за Хилари да изразува слободно свои ставови во надворешната политика на држава која настојува да биде присутна секаде во светот. Аналитичарите предвидуваат дека

Хилари знае каде е Македонија на картата на светот. Ќе се сети на нас. Останува и ние нешто да одработиме

таа, бидејќи се чувствува како лидер, кој зад себе има завидна бројка на гласачи, како и партиски механизам, дека таа ќе настапува независно и енергично. Дури можеби и нека да ги заборави своите претседателски амбиции за некое идно време. Ова е можност за скорешни проблеми во Белата куќа.

Секако дека Обама е свесен за сиве овие претпоставки. Тој веќе има одговор на оваа тема. Наводно бил инспириран од концепцијата на поранешниот американски претседател Линколн. Популарно овој пристап се нарекува „тим на противници“(според наслов на книга). Велиме тим затоа што во неговиот кабинет ќе остане и Роберт Гејтс, државен секретар за одбрана од тимот на претходниот претседател. Со овој тим се создава впечаток на помирување. Објаснувањето е дека со собирањето на силни личности околу себе Обама ќе биде во можност низ жесток дијалог да доаѓа до поквалитетни решенија (повторно и ова е состојба која нема шанси да биде видена во Македонија).

Обама наводно бил инспириран од концепцијата на поранешниот американски претседател Линколн. Популарно овој пристап се нарекува „тим на противници“(според наслов на книга). Велиме тим затоа што во неговиот кабинет ќе остане и Роберт Гејтс, државен секретар за одбрана од тимот на претходниот претседател. Со овој тим се создава впечаток на помирување.

Да разгледаме сега накратко што сево ова може да значи за Македонија. Оти еден сериозен пристап вклучува токму антицирање на идната рамка, како и обид за одговор како да се позицираме сега како држава. Администрацијата на заминување, преку Кондолиза Рајс веќе се поздрави со нас. Нејзината изјава дека не очекува решение за спорот со името беше тој поздрав, и сега пред нас стои новата состојба, за која во наредниот период треба да имаме одговор. Бидејќи Македонија главно навиваше републикански, се создаде една состојба на страв по победата на Обама. Сите ние бевме за Меккејн, како ретко која држава во светот. Бевме за него оти Обама бил близок до грците. Не дека нешто посебно многу се знаеше за Меккејн тука или пак за Обама, туку едноставно ако грците се едниот,

ние мораме да сме за другиот. Да не се разбереме погрешно. Моите политички убедувања се поблиски до тие на Меккејн. И затоа и си навивав за него, иако многу политички потези на Буш во последниве години не ми се допаѓаа (на интернет може да се најдат еден куп на документарни филмови за практицирањето на моќ на администрацијата во заминување)... Ама тоа е приказна за друг пат. Кога ќе абдицира кралот сите му се нафрлаат како хиени.

Ние сега треба да се подготвиме за нови четири години, за нова администрација. Треба да знаеме што да очекуваме. Досега за жал не сретнав никаде низ нашите медиуми одговор - што ќе се прави! Како да сме затечени. Како да не ни се верува дека Хилари може да биде државен секретар, како сеуште да не веруваме и дека Обама е претседател на САД. Се случија ли таму воопшто избори? Шегата настрана. Перспективите не се толку лоши. Проценувам дека доаѓањето на Хилари, напротив, е добра вест за Македонија. Прво, таа има претходно искуство во меѓународната политика. Во двата мандати на сопругот имаше доволно време да се запознае со жешките прашања од нејзината нова работа. И бидејќи се знае дека САД сакаат да имаат активно учество во одредени области, не се сомневам дека таа има солидно познавање на прашањата, можеби во детали. Тука секако е и помошта на Бил, кој низ неа повторно ќе може да помага, но и да се реализира. Тој никогаш докрај не се помири, односно дистанцира од активност на меѓународната сцена. Второ, уште позначајно за Македонија е што Хилари била тука. Сеуште ми е свежо сеќавањето на доаѓањето во македонскиот парламент, заедно со Бил, за време на кризата со бегалците. Таа знае што Македонија направи за да се спречи хуманитарна катастрофа од огромни размери. Таа знае дека Македонија ја одигра својата улога во планот на Бил за овие простори. Така што за Македонија знам дека има позитивно мислење. Уште повеќе, за нас е позитивно и личното познанство на новиот државен секретар со американскиот амбасадор во Скопје, Рикер.

Значи, Хилари ќе знае на картата на светот каде е Македонија. Ќе се сети на нас. Останува од тука натака и ние нешто да одработиме.

Цената на слободниот интелектуалец

Седумдесет одбрани колумни од јуни 2007 година до декември 2008 година: тоа е квантитативниот биланс на колумнистичката активa што Филип Петровски се решава да ја печати сега за сега, во оваа книга, со оглед на тоа дека читателите на "Утрински весник" се уште ја следат неговата саботна колумна. Од декември 2008 пак до сега има речиси уште една цела година, односно уште педесетина колумни, кои читателите на Петровски сигурно ќе ги очекуваат во евентуален втор том од ова издание. Тие, читателите, се навикнаа на ова сјајно колумнистичко перо многу бргу, посветувајќи му ја саботата нему, како што тој петоците им ги посветува ним (за оние кои не знаат - колумните се предаваат во печат најмалку еден ден пред да бидат објавени). Во тој *занает* (велам *занает* зашто колумната многу често не е сврзана со инспирацијата, туку со брза реакција на новинарското "морам") Петровски се снајде уште од првите текстови, небаре осекогаш бил таму – на таа страница од весникот, со несомнен новинарски ста`, со публицистички дар и со рефлекс за брза, но задлабочена колумнистичка реакција. Во ова тврдење може да се увери читателот, зашто авторот воопшто нема интервенирано во колумните, туку ги печати онака како што биле објавувани во весникот.

Колумнистите се делат на интересни и здодевни. Ниедна друга поделба не е можна: затоа колумната е понемилосрден жанр дури и од додворувањето. Оној кој е здодевен, многу бргу од редакцијата добива "благодарница" и потем на негово место доаѓа - друг. Тоа е така затоа што колумните се најдобар барометар за читаноста; тие се "критични" места во весникот, "јадици" за читателот, па оттаму стануваат и важни фактори на читаноста и тиражот. Според досегашниот стаж на Петровски, неговите колумни се очигледно живописно интересни и високотиражни. Но, за Петровски колумните се и стратешко место за *средба* со читателите – барем врз примерот на неговата колумна тоа станува така, затоа што уште од првите свои колумни тој почна во нив да им дава повластено место и значење на читателските коментари. Со тоа, тој во нашето новинарство меѓу

првите (ако не и прв) почна еден тип на *дијалошка* колумна, во која, како што кажав, едниот глас го имаат читателите (Петровски отвори и свој приватен блог на кој можеа да реагираат читателите, покрај "службениот" портал на "Утрински") а другиот е неговиот глас. Така, неговата колумна стана *контрапункт* со најмалку две мелодиски линии, со два гласа, кои често не се согласуваат, но тоа не е причина за "војна". Оттука, неговата колумна е *култивирано полемична*, *дијалошка* структура, толерантна кон мислењето на Другиот (тоа е често и непотпишан, анонимен читател чија мотивација не мора секогаш да биде добронамерна и конструктивна), но таа колумна знае да биде и немилосрдна по однос на читателските коментари, тогаш кога има да понуди "дебела" аргументација, пред која дури и недобронамерниците (па дури и партиските мешетари и дежурни колум-провокатори) мора да замолчат.

Сопствениот став е, покрај *дијалогичноста*, втората важна особина на колумната на Петровски според која тој драстично се разликува од морето најчесто анемични пишувачи на колумнистички редови во нашиот печат. За колумната мораш да имаш свој стил, за да те запомнат; за да имаш свој стил, треба да имаш "свои зборови" со кои ги кажуваш нештата; за да имаш "свои зборови", треба да имаш свои мисли; конечно, за да имаш свои мисли, треба да имаш своја, а не некаква општопартиска глава. Влегувајќи во колумнистичкиот занает со јавен и нескриен политички багаж (Петровски беше член на партија важна за политичкиот живот на Македонија, како и дипломат истурен на првите бојни редови – во САД), тој ризикуваше да биде препознаен само како гласоговорник, мегафон на партиските идеи или идеите на власта. Меѓутоа, тој не само што не стана тоа, не само што *не беше* тоа ни кога беше активен партиски и политички активист, туку покажа и едно речиси *дисидентско* лице по однос на која и да е догма во политиката. Неговата острица е немилосрдна, без разлика дали е вперена кон "левите" или кон "десните", па веројатно од тие причини честопати е ставан на листата на "неомилените" во потесните партиски и идеолошки лоби-групи.

Но, цената на слободниот интелектуалец е таа: тој е речиси секогаш осамен затоа што hрабрите не одат во стадо, туку како поединци; напротив, стадото служи да се сокриеш во него и да си го спасиш животецот. Петровски, како силна интелектуална фигура која сака слободно да мисли, како интелектуалец кој одбрал дури и кога извршува политички задачи *да мисли со своја глава* (во политиката, таквите кои мислат, не се баш омилени), низ овие години на страниците на "Утрински" прерасна во едно од првите наши пера не само во колумнистичка, туку и во една поширока, научно-публицистичка смисла. Неговите колумни, впрочем, уште од почетокот не беа само новински став од типот *јас мислам*, туку покажуваа завидна склоност кон *убедување на читателот* во сопствениот став, што не би можело да стане без употреба на извесна *аргументација*. Аргументацијата пак не би можела да се роди без ерудиција, која кај Петровски ги заслужува епитетите: раскошна а ненаметлива, екстензивна а интензивна, специјалистички фокусирана а стилски дозирана за општонародно разбирање. Тоа е уметноста на колумната: треба да ја разбере и еден академик, но и земјоделец или занаетчија.

Каква е ерудицијата на Филип Петровски? Таа е, како што се рече - раскошна, детална, темелна. Но, она што ја прави заводлива е начинот на којшто таа се покажува. Иако е тоа знаење кое главно се стекнува со полагање тешки испити по предметите *меѓународно право*, *историја на политиката*, *политокологија*, *современи политички системи* – односно се што е потребно за еден современ политички аналитичар, таа ерудиција при својата презентација нема ама баш ништо стерилно академско во себе. Таа е сликовита, често посегнува по примери од секојдневието (во таа смисла, маестрална е сликата од првата колумна овде – дали земјата може да биде погодена со пикадо на светската карта или не!), и што е најважно, таа е *учителски упорна*. Петровски знае трпеливо, со многу такт да ја развива својата теза, да ги соопштува ставовите на своите опоненти, па ако е потребно и континуирано, во повеќе саботи, во повеќе различни колумни да им објаснува дека грешат, трпеливо да ги подучува, да им го нуди истото и истото мени на аргументи кои тие го отфрлаат

без да го прочитаат (позната е разорната моќ на предрасудите кои почнуваат со нечитање на кафанското мени!), да ги советува, и токму кога тие ќе забораваат на него и ќе помислат дека и тој заборавил на нив – одненадеж, по некој друг повод да им се наврати, да ги потсети на "спорот" и да ги победи. Се препознава во неговите колумни и често адресирање на познати јавни личности со кои Петровски расправа и полемизира отворено, искрено, машки чесно, со аргументација "до сржж", квалитет што во нашата колумнистичка активa речиси и го нема; колумнистите денес ги чуваат нозете како да се доброплатени фудбалери во меч со банана-репрезентација или светски балерини кои излегле да го одиграат "Лебедовото езеро" во некоја планинско-селска пустелија.

Конечно, ја наведувам и последната специфика на колумната на Петровски, која не ја сметам за помалку важна од претходните: неговиот *критички патриотизам*. Ретко кој колумнист толку ја сака својата татковина, и затоа често и "вика" по неа. Стара вистина е дека се грижиме само за она што го сакаме и дека го укоруваме само она за што ни е важно да се поправи, да успее. Она кон што сме индиферентни не го заслужува ни нашето внимание, ни нашите пофалби, а најмалку пак нашиот прекор. Овде, во колумните на Филип Петровски, се среќаваме со силна полемика со она што е предмет на обожување: сопствената татковина, сопствениот народ, мислата на ближниот.

Таа особина ми се чини посебно шармантна во колумнистичкиот феномен наречен Филип Петровски. Се друго може да се научи или одглуми, но qубовта – не. Qубовта боли кога она што е нејзин предмет е болно и треба да оздрави. Во таа битка за здравјето на својата татковина Петровски е немилосрден, без разлика какви етикети ќе му залепат. Живееме во време на масовно етикетирање на се и сешто, од нестандардизирани тегли со производи, до идеолошко жигосување. Во такво време да се има колумната на Филип Петровски - значи да се има цврст и стабилен курс кон највисоките интелектуални европски и глобални вредности, без елиминација на патриотското чувство, за кое многумина кусогледи

сметаат дека е пречка на тој пат. За умните, како и за Петровски, тоа е само уште едно превозно средство на тој наш Пат, што нема своја цена.

Проф. Д-р Венко Андоновски

Брутално разголување на политиката

Она што е карактеристично, како генерална оцена за книгата е современоста и актуелноста на темите кои ги обработува авторот во своите колумни... Во нив може да се забележи висок степен на аналитичност во коментарите за меѓународните сотојби и нивно поврзување на Република Македонија – поточно нудење опции за тоа како Република Македонија да се позиционира кон настаните кои и се случуваат во меѓународното опкружување. За жал, кога говориме за меѓународните односи на Република Македонија, мора да се соочиме со фактот дека немаме изградено или усвоено концептуален модел низ кој меѓународните односи се анализирани. Наметнувајќи си политиколошка агенда, авторот во своите анализи на меѓународниот систем и процесите кои се случуваат во него, а кои ја афектираат Република Македонија многу повеќе е наклонет кон моќта, интересот, силата како детерминанти на трансформираната меѓународна политика после ладната војна, а многу малку внимание им посветува на етиката, правото, моралот и правда во функционирањето на тој систем.

За разлика од другите аналитичари кај нас, кои, имам впечаткок дека звучат безнадежно идеалитички и утописки во контекст на меѓународната политика, и се што ни се случува во однос на спорот за името, авторот е крут реалист, кога очајно се обидува да ја детектира нашата улога во сето тоа. Авторот успева да проникне низ своите анализи подалеку и подлабоко во меѓународните односи, од она што како анализа ни се нуди во Република Македонија. Тој не е само набљудувачи на она што се случува во меѓународниот систем. Авторот нуди решенија и свесен за новите правила на делување на глобалниот свет се обидува

да им наметне на оние кои ја креираат надворешната политика нова перцепција на однесување во рамките на изменетите односи во тој свет.

Исто така, неодминлива тема на неговите колумни се и внатрешно политичките случувања, при што авторот на еден критички и бескомпромисен начин се обидува да ја отслика политичката реалност во Република Македонија. Внесувајќи во своите анализи поголема доза на емотивност, авторот, текстот на своите колумни го оживува и му ја дава онаа нужна димензија на комуникација со јавноста. Петровски е интригантен, храбар во изнесувањето на своите ставови и е провокативен. На тој начин е отворен за комуникација и проверка на своите идеи, изложувајќи и ги на јавноста низ своите колумни. Во своите колумни не врши ретуширање на македонската политичка реалност. Ја дава вистинската слика на таа реалност, дел како непосреден учесник во нејзиното креирање, дел како нејзин набљудувач.

Велат дека плурализмот на идеи е многу важен на полето на слободната мисла. Нема магична формула кога размислувате и го анализирате она што се случува на внатрешно политичката сцена. Во Македонија многу е тешко да следите одредени принципи. Во професијата, во животот. Но, има нешто што е траен принцип кај нас кога ги анализирате ваквите процеси. Тоа е обидот влезете во компромис со политиката. Притоа вашата мисла се гмечи, изобличува, деформира, дегенерира, најчесто низ политиката. Остануваат само симпатични идеи и изневерени очекувања. На оние на кои им се обраќате низ своите колумни. Авторот очигледно го нема тој проблем. На човечките суштества им треба смисол да го овладеаат светот во кој живеат. Ама исто така, им треба цел за да живеат во свет кој е помалку индиферентен кон нив. Тој тоа го решил зафаќајќи се да пишува колумни и да биде многу повеќе од обичен регистратор на времето во кое живее. Вистински го живее времето. Тој е негов креатор низ своите колумни и оваа книга.

Низ своите колумни брутално ја разголува политиката, која предолго ги дразни нашите сетила со лаги и хипокризија. Тој не ги разложува своите идеи,

концепти или зборови на нивните основни компоненти, а потоа ги рекомбинира на начин кој ќе му обезбеди политички бенефит. Или го менува контекстот на кажаните зборови, на начин што лагата кај него ќе прозвучи како вистина. Авторот низ своите колумни манипулира со јавното мислење. Тој е отворен и спремен да се изложи целосно пред таа јавност. Барајќи одобрување за своите идеи и ставови, но не бегајќи од можните критики. Тоа е така кога јавноста инвестира во вас, очекувајќи да бидете присутен на пазарот на идеи. Да се соочите со предизвикот која секоја од нив го носи во третирањето на вистината и да бидете дел од јавната расправа, во која ниедна идеја нема исклучиво да биде прикажана како исправна или грешна.

На Македонија и требаат храбри луѓе. Доволно храбри да го абсорбираат и неутрализираат стравот кој го шири политиката. Доволно храбри да преземат одлуки кои ќе ни го променат животот на подобро. Доволно храбри да се конфронтираат со она што нечини во политиката.

Храброста не се докажува. Се гледа низ она што го работите, пишувате. Книгата колумни на Филип Петровски буди надеж за оптимизам. Дека во Македонија има храбри млади луѓе кои созреваат учејќи од сопствените грешки. Кои знаат да се борат за она во што веруваат и да останат свои во светот што се менува околу нив. Колумните се одговор на потребата на граѓаните на оваа држава за отворена јавна расправа. Зашто тие сакаат да размислуваат околу презентираните идеи (без оглед од кого доаѓаат), сакаат да расправаат за нив. Луѓето сакаат да чувствуваат дека не се осамени со нивните размислувања. Дека може да ги споделат со некого. Петровски низ своите колумни се нуди за медијаторот помеѓу светот на идеите и јавноста. Се обидува да се нурне подлабоко во расправата и, како што велат, да го занишате бродот. Притоа мора да бидете спремен дека може многу лесно да станете жртва, со цел бродот да се врати во рамнотежа. Како што можам да забележам авторот го нема тој проблем.

Проф. Д-р Звонко Јанкулоски